| | | **S. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 120. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 722 | 2.048 | 2.027 |
| 121. | | Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот | 723 | 274 | 277 |
| 122. | | Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот | 724 | 157 | 157 |

Изготвил:
**Бојан Лекиќ**
Раководител на Сектор за сметководство

Одобрил:
**Михајло Борозанов**
Директор на Дирекција за Финансии

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Период | | | | | | | | | | | | Контролор |

| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси |
|---|---|---|
| 1 2 3 | 4 5 6 7 8 9 10 11 | 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 |
| | 0 4 0 5 7 6 4 3 | 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 |

Назив на субјектот: **Макпетрол А.Д. Скопје**

Адреса, седиште и телефон: ул. Св. Кирил и Методиј број 4 Скопје 3146-149

Адреса на е-пошта: normativa@makpetrol.com.mk

Единствен даночен број: 4 0 3 0 9 5 4 2 5 8 0 9 3

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД-РЕКАПИТУЛАР)

во периодот од **01.01.** до **31.12.** **2025** година

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Класа [1] | Назив [2] | |
| 1. | 33.190 | Поправка и одржување на останата опрема | **2.582.549** |
| 2. | 35.120 | Производство на електрична енергија од обновливи извори | **536.030** |
| 3. | 35.230 | Трговија на гас преку дистрибутивните системи | **1.944.047.788** |
| 4. | 43.210 | Електроинсталатерски работи | **121.994** |
| 5. | 46.450 | Трговија на големо со парфимериски и козметички препарати | **8.090.275** |
| 6. | 46.490 | Трговија на големо со друга стока за домаќинство | **3.420.306** |
| 7. | 46.500 | Трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема | **357.126.398** |
| 8. | 46.710 | Трговија на големо со моторни возила | **125.958.237** |
| 9. | 46.720 | Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила | **23.613.073** |
| 10. | 46.810 | Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи | **1.325.127.618** |
| 11. | 46.850 | Трговија на големо со хемиски производи | **2.504.301** |
| 12. | 47.210 | Трговија на мало со овошје и зеленчук | **9.999.206** |

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Класа [1] | Назив [2] | |
| 13. | 47.220 | Трговија на мало со месо и производи од месо | **3.296.390** |
| 14. | 47.240 | Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки | **81.658.278** |
| 15. | 47.250 | Трговија на мало со пијалоци | **399.532.643** |
| 16. | 47.260 | Трговија на мало со производи од тутун | **2.317.942.589** |
| 17. | 47.270 | Трговија на мало со други прехранбени производи | **642.549.528** |
| 18. | 47.300 | Трговија на мало со моторни горива и мазива | **23.292.859.707** |
| 19. | 47.510 | Трговија на мало со текстил | **174.161** |
| 20. | 47.520 | Трговија на мало со метална стока, градежни материјали, бои и стакло | **28.747.853** |
| 21. | 47.540 | Трговија на мало со електрични апарати за домаќинствата | **863.708** |
| 22. | 47.550 | Трговија на мало со мебел,опрема за осветлување, кујнски садови и прибор и други производи за домаќинство | **68.027.944** |
| 23. | 47.620 | Трговија на мало со весници и други периодични списанија и канцелариски материјали | **4.132.529** |
| 24. | 47.750 | Трговија на мало со козметички и тоалетни препарати | **86.200.987** |
| 25. | 47.780 | Трговија на мало со останати нови производи | **222.383.590** |
| 26. | 47.820 | Трговија на мало со делови и прибор за моторни возила | **202.265.722** |
| 27. | 52.250 | Услужни дејности во логистика | **2.094.551** |
| 28. | 52.260 | Други помошни во транспортот | **5.674.124** |
| 29. | 52.310 | Дејности во посредување во товарниот транспорт | **109.098** |
| 30. | 55.100 | Хотелско и слично сместување | **28.707.499** |
| 31. | 62.900 | Останати дејности поврзани со информатичката технологија и компјутери | **2.487.949** |
| 32. | 68.110 | Купување и продажба на сопствен недвижен имот | **9.183.469** |
| 33. | 68.200 | Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг) | **70.087.713** |
| 34. | 71.200 | Техничко испитување и анализа | **4.613.222** |
| 35. | 95.100 | Поправка и одржување компјутери и комуникациска опрема | **4.178.045** |
| 36. | 95.310 | Поправка и одржување и поправка на моторни возила | **14.966.956** |

Изготвил:
**Бојан Лекиќ**
Раководител на Сектор за сметководство

Одобрил:
**Михајло Борозанов**
Директор на Дирекција за Финансии

МАКПЕТРОЛ



2025

# ГОДИШНА СМЕТКА

## ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | **Макпетрол А.Д. Скопје** |
| Адреса | ул. Св. Кирил и Методиј број 4 |
| Седиште | Скопје |
| Телефон | 3146-149 |
| Единствен даночен број | |

# ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

за **2025** година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на друштвото | **Макпетрол А.Д. Скопје** | | |
| Форма на трговско друштво | АД | | |
| Број на регистарска влошка во Трговскиот регистар | 30120110044629 | | |
| Седиште | ул. Св. Кирил и Методиј број 4 | | Скопје |
| Промени во регистарската влошка во Трговскиот регистар до периодот на известување | | | |
| Позначајни дејности кои ги извршува | Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници | | |
| | Трговија на големо со моторни горива и мазива | | |
| Идентификација на поврзани субјекти (назив и процентуално учество) | МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ | | |
| | ТЕЛМА ДООЕЛ | | |
| | ПЕТРОЛМАК А.Д. | | |
| | МАКПЕТРОЛ ДОО | | |
| | ОИЛКО КДА | | |
| Број на вработени према степен на образование | Основно | Средно | Високо |
| | 39 | 1533 | 476 |
| Сопственичка структура | Правни лица - 48,06%<br>Физички лица - 51,94% | | |
| Други релевантни информации за друштвото | | | |

2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

| | |
|---|---|
| Изјава за усогласеност<br>(врз основа на кои стандарди<br>е подготвена годишната сметка) | *Меѓународни стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти-МСФИ за МСС / Меѓународни стандарди за финансиско известување и Меѓународни сметководствени стандарди/, објавени во Правилникот за начинот на водење сметководство* |
| Информација дали годишната сметка<br>е поединечна или консолидирана | Поединечна |
| Валута на презентација | *МКД* |

## 3. Материјални сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие посебни финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 3.1 Основа за подготовка

Овие посебни финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РСМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за начинот на водење на сметководство (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 75/2024) („Правилник за смерководство“), каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со примена од 01 јануари 2025. Овој Правилник за сметководство ги вклучува Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ“) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните стандарди за сметководство („МСС“) - МСС 1 до МСС 41, толкувања од Меѓународниот комитет за толкување на финансиското известување („МКТФИ“) - МКТФИ 1 до МКТФИ 23 и толкувања од Постојан комитет за толкувања („ПКТ“) - толкувања составени од ПКТ 7 до ПКТ 32. Погоре наведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, МКТФИ и ПКТ) се ефективни во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, со исклучок на МСФИ 17 кој ќе биде ефективен од 1 јануари 2028 година. Со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024“), МСФИ 9 станува ефективен (во Република Северна Македонија) од 1 јануари 2028 година и согласно насоките дадени од Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија од 25 декември 2025 година, МСС 39 објавен во Службен весник бр.159/2009 останува ефективен сметководствен стандард за финансиски инструменти до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник број 75/2024 и број 274/2024. Бидејќи, МСФИ 9 и МСФИ 17 не се ефективни за периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените прописи применливи во Република Северна Македонија, како што се објавени во Правилникот за сметководство и објаснето погоре. Следствено, МСФИ 1 не е применлив, и Друштвото ги примени специфичните транзициски одредби за сите ефективни сметководствени стандарди, како што е понатаму објаснето во текстот.

Посебните финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти). доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие посебни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата

во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Значајните сметководствени проценки.

Овие посебни финансиски извештаи претставуваат посебни финансиски извештаи на Матичното Друштво и не ги вклучуваат финансиските извештаи на неговите подружници. Вложувањето на Матичното Друштво во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност.

Посебните финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година.

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите посебни финансиски извештаи во локална валута, односно во Македонски Денар (МКД), што претставува функционална и презентациска валута на Друштвото. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие посебни финансиски извештаи се изразени во денари, освен доколку не е поинаку наведено.

### 3.2 Нови или ревидирани, стандарди и толкувања

*а) Нови стандарди и толкувања усвоени на 01 јануари 2025*

Во Службен весник на РСМ бр. 75/2024 беше објавен Правилникот за начинот на водење на сметководство и во Службен весник на РСМ бр. 274/2024 беше објавена измена на Правилникот, каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со првична примена од 01 јануари 2025, со исклучок на МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти кои стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Овие стандарди немаат ефекти и влијание врз посебните финансиски извештаи на Друштвото, освен МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи и МСФИ 16 – Лизинг од 1 јануари 2025. Друштвото ја оцени и примената на новите стандарди МСС 27 Поединечни финансиски извештаи, МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати, МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи и МСФИ 12-Обелоденување на учества во други субјекти и оцени дека нема да резултираат со промена во посебните финансиски извештаи.

*МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи*, го заменува стандардот МСС 18 – Приходи и МСС 11 – Договори за изградба како и толкувањата поврзани со нив.

Основниот принцип на новиот стандард е признавање на приходите со цел да се отслика преносот на стоките или услугите на купувачите во износ кој што го рефлектира надоместокот (односно, плаќањето), на кој Друштвото очекува дека има право во замена за тие стоки или услуги.

Новиот стандард бара зголемено обелоденување во однос на приходите и обезбедува насоки за трансакциите коишто претходно не биле целосно опфатени (на пример, приходите од услуги и измени и дополнувања на договорите) и нови насоки за аранжмани коишто опфаќаат повеќекратни елементи.

Друштвото ја искористи опцијата за модифицирана ретроактивна примена, при првична примена на МСФИ 15, односно, договорите коишто не беа завршени до 1 јануари 2025

година беа евидентирани како да биле признаени во согласност со МФСИ 15 од самиот почеток. Кумулативниот ефект којшто произлегува од првична примена е признаен како корекција на почетното салдо на задржана добивка на финансиските извештаи кои го вклучуваат датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. Споредбените аспекти од претходните години не се коригирани; сепак, обезбедено е образложение за причините за промените во ставките во извештаите за финансиската состојба и во извештајот за сеопфатна добивка за тековниот период, како резултат од првичната примена на МСФИ 15.

Усвојувањето на МСФИ 15 не резултираше со значителни измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

*МСФИ 16 - Лизинг*, го заменува стандардот МСС 17 Лизинг и поврзаните толкувања.

Друштвото како корисник на лизинг

Примената на новиот стандард МСФИ 16, резултираше со признавање на средства по основ на право на користење и соодветни обврски по основ на лизинг за сите претходно класифицирани договори за оперативен лизинг, со исклучок на договорите кои се класифицирани како договори за лизинг на средства со ниска вредност или кои имаат преостанат рок на траење пократок од 12 месеци на датумот на првична примена.

За договорите кои постоеја на датумот на првична примена, Друштвото одбра да ја примени дефиницијата за лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4 и не го примени МСФИ 16 на договори кои претходно не беа идентификувани како лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4.

При првичната примена на МСФИ 16, Друштвото ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување – како на 1 јануари 2025 година не постоеја неповолни договори;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци на 1 јануари 2025 година како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight") при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот

Друштвото го примени стандардот користејќи го модифицираниот ретроспективен пристап, при што кумулативниот ефект од усвојувањето на МСФИ 16 е признаен како корекција на почетното салдо на задржаната добивка на датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. На овој датум, Друштвото одлучи да ги мери средствата со правото на користење по износ еднаков на обврската по договорот за лизинг. Претходните пресметковни периоди не се преработени, во согласност со дозволените одредби на стандардот.

Друштвото изнајмува деловни простории на неопределено време. Понатаму, изнајмува делови од товарни возила односно - цистерни, вагони и приколки кои договори се

обновуваат на годишно ниво и при пресметката на сегашната вредност на идните плаќања процени период од 3 години.

Основните средства предмет на лизниг не се со мала вредност. Друштвото оцени дека договорите за лизинг се со разумно слични карактериситики и обврски за лизинг се вреднувани според сегашната вредност на преостанатите плаќања за наем, со примена на единствена инкрементална каматна стапка за позајмување која на 01 јануари 2025 изнесуваше 4.39%.

Со примената на МСФИ 16, Друштворо прикажа обврски од лизинг кои претходно беа класифицирани како оперативен наем според принципите од МСС 17 Лизинг.

За годината која завршува на 31 декември 2025, Друштвото нема промени во сметководствените оценки и корекција на грешки.

*МСС 27 – Поединечни финансиски заедно со МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи,* го заменуваат стандардот МСС 27 – Консолидирани и поединечни финансиски извештаи како и толкувањата поврзани со нив.

Друштвото согласно локалната регулатива има обврска да презентира поединечни финансиски извештаи и МСС 27 се применува за евидентирање во инвестиции во подружници, заеднички потфати и придружни субјекти во поединечните финансиски извештаи.

Друштвото согласно локалната регулатива има обврска да презентира консолидирани финансиски извештаи и МСФИ денес ги поставува принципите за изготвување и презентација на консолидирани финансиски извештаи.

Усвојувањето на МСС 27 и МСФИ 10 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

*МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати,* го заменува стандардот МСС 28 – Вложувања во придружени друштва.

Овој стандард се применува за евидентирање во инвестиции во придружни субјекти и ги определува барањата за примена на методот на капитал.

Усвојувањето на МСС 28 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

*МСФИ 12 – Обелоденување на учества во други субјекти* бара во консолидираните финансиски извештаи, да се обелоденат информации што ќе им помогнат на корисниците на финансиските извештаи да ги оценат природата и ризиците поврзани со учествата во друштва и ефектите од тие учества врз неговата финансиска состојба, финансиска успешност и парични текови.

Усвојувањето на МСФИ 12 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

*б) Стандарди, измени и толкувања кои се објавени и сеуште не се применети и не се прифатени порано од Страна на Друштвото*

Со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024"), МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Раководството предвидува дека сите релевантни објави ќе бидат усвоени за првиот период кој започнува на или по датумот на стапување во сила на објавата. Новите стандарди, измени и толкувања кои не се усвоени во тековната година, не се очекува да имаат материјално влијание врз посебните финансиски извештаи на Друштвото.

### 3.3 Ефекти и рекласификации од примена на МСФИ 15 и МСФИ 16

Друштвото ги примени МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи и МСФИ 16-Лизинги од 1 јануари 2025, како значајна промена во споредба со 2024 година.

Ефектите и рекласификациите од промените поради примената на МСФИ 15 и МСФИ 16 се однесуваат на извештајот за финансиската состојба за 2025 година и извештајот за сеопфатна добивка, за годината која завршува на 31 декември 2025 година. Ефектот во извештајот за промени во главнината е прикажан одделно во самиот извештајот. Бидејќи овие промени не влијаат на извештајот на парични текови, исто така не се прикажани тука.

Усвојувањето на МСФИ 15 не резултираше со значителни измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

Ефектите од првична примена на МСФИ 16 на 01 јануари 2025 година, резултираа со признавање на Средства со право на користење во износ од 147.559 илјади денари и Обврски за лизинг во износ од 147.559 илјади денари.

### 3.4 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("Денари") по средниот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување.

### 3.5 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна односно претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот Завод за Статистика.

Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок во периодот на настанување.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога трошокот на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Извештајот за сеопфатната добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува амортизација на земјиштето и инвестициите во тек.

Амортизацијата на останатите ставки на недвижностите, постројките и опремата се пресметува правопропорционално, по стапки дадени во номенклатурата на средства за амортизација објавени во Уредбата за начинот на пресметка на амортизацијата во Сл. Весник 64/2002, со цел да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 40 години |
| Погонска опрема | 10 години |
| Останата опрема и моторни возила | 4-5 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат, и доколку е потребно се коригираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Приходите или расходите поврзани со отуѓување се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

### 3.6 Нематеријални средства

Нематеријални средства стекнати од страна на Друштвото се состојат од права и лиценци со дефиниран век на употреба. Тие се измерени според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација. Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Овие средства се амортизираат користејќи правопропорционална метода во текот на период од две до пет години.

### 3.7 Вложувања во недвижности

Недвижностите, сопственост на Друштвото, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на снабдување со стоки и услуги, за административни потреби или за нивна продажба, се признаени како вложувања во недвижности.

Овие вложувања се евидентирани според нивната набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста. Моделот на објективна вредност не е прифатен поради неможноста за нејзино веродостојно утврдување. Имено, споредливите пазарни трансакции за овие ставки на недвижности се ретки и при тоа, не постојат ниту алтернативни проценки, засновани на проекциите за дисконтирани парични текови.

Амортизацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално, по стапки дадени во номенклатурата на средства за амортизација објавени во Уредбата за начинот на пресметка на амортизацијата во Сл. Весник 64/2002, со цел да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба.

### 3.8 Оштетување на нефинансиски средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба, недвижностите за изнајмување и нетековните средства чувани за продажба, се проверуваат за постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на услови укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

### 3.9 Вложување во подружници и придружени друштва

Подружници

Подружница е Друштво кое е контолирано од друго друштво. Друштвото оцени дека поседува контрола, затоа што е изложено или има право на варијабилни приноси по основ нанеговата инволвираност во Друштвото во кое е инвестирано, има способност да влијае на тие приноси преку моќта што ја има врз Друштвото во кое е инвестирано и има сособност да ја користи моќта за да влијае на износот на приносите.

Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или преземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вложувањето на Друштвото во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност.

Придружени друштва

Придружени друштва се субјекти врз кои Друштвото има значително влијание. Значително влијание е моќта да се учествува во одлуките на финансиските и оперативните политики на Друштвото во кое е инвестирано, но не преставува контрола или заедничка контрола врз тие политики. Доколку Друштвото поседува 20% или повеќе проценти се смета дека има значително влијание.

Раководството на Друштвото утврди постоењето на значително влијание, но не и контрола, преку следното: учество повеќе од 20%, застапеност во одборот на директори, учество во процесот на креирање политики и донесување на одлуки за дивиденди и други распределби, материјални трансакции, меѓусебна размена на раководен персонал и обезбедување на суштински технички информации.

Вложувањата во придружените друштва се евидентирани според набавна вредност.

## 3.10 Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположливи за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2025 финансиските средства кои се чуваат до доспевање се состојат од вложување во државни обврзници.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба.

Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи, финансиски побарувања и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување.

Признавање и мерење на финансиски средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка.

Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивки / загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во останата сеопфатна добивка се вклучува како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност во периодот на кој се однесуваат. Каматите од средствата расположливи за продажба пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во добивки/загуби како финансиски приходи. Приходи од дивиденди од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Депризнавање на финансиските средства

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

Оштетувањето на финансиските средства

а. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност
На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може да се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Друштвото може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба се намалува преку тековните добивки или загуби.

б. Финансиски средства расположливи за продажба
На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во потточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, акумулираната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во Извештајот за финансиската состојба, се отстранува од сеопфатната добивка и се признава како добивка или загуба за периодот.
Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на

евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби.

### 3.11 Пребивање на финансиските средства и обврски

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

### 3.12 Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за завршување, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба. Трошокот на производите и производството во тек вклучува и соодветен дел на општи трошоци врз основа на нормалниот оперативен капацитет.

### 3.13 Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања. Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на плаќања.

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби со признавање на резервирање поради оштетување. со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки/загуби. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка.

### 3.14 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања со оригинален рок на доспевање до три месеци.

### 3.15 Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции. Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани како намалување (нето од данокот) на приливите од емисијата.

(б) Сопствени акции

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

(в) Резерви

Резервите, кои се состојат од законски и други статутарни резерви, се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Друштвото. Согласно со законската регулатива резервите може да се користат за покривање на загубите, за купување на сопствени акции и исплата на дивиденди.

(г) Акумулирана добивка

Акумулираните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

### 3.16 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на Друштвото на датумите на известување се класифицирани во категоријата останати финансиски обврски евидентирани по нивната амортизирана набавна вредност. Тие се состојат од примени позајмици, обврски кон добавувачи и останати обврски.

Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски. Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност, разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии. надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот.

Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

Деспризнавање на финансиски обврски

Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

### 3.17 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба. Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

### 3.18 Лизинг

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Друштвото како корисник на лизинг

*Првично признавање:*

При примена на МСФИ 16, Друштвото ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight“) при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот

Средствата со право на користење почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за лизинг, зголемена за плаќањата за лизинг направени пред или на денот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг и какви било директно зависни трошоци на договорот за лизинг. Последователно, средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација со и оштетување и се приспособуваат за одредени усогласувања на обврската за наем.

Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на наемот и од корисниот век на употреба на средството и амортизацијата се признава како трошок во Извештајот за сеопфатна добивка.

Обврската за лизинг се признава на датумот на започнувањето на лизингот, во износ на сегашната вредност на плаќањата за лизингот, дисконтирани со користење на инкрементална стапка којашто се определува врз основа на просечна каматната стапка за задолжување на корпоративниот сектор објавена од народна Банка на Република Северна Македонија  Последователно, обврската за лизинг се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за каматата на лизингот, се намалува за извршените исплати на обврската за лизинг и се приспособува при повторна процена на износот за кој се очекува дека ќе се плати или при промена на идните плаќања на лизингот.
Расходот за камата на обврската за лизинг се распределува и се признава во Извештајот за сеопфатна добивка за периодот на времетраење на лизингот.

На датумот на финансиска состојба, средствата со право на користење се вклучени во недвижности, постројки и опрема и обврските за лизинг се одделно прикажани во Обврски спрема добавувачи и останати обврски.

Друштвото како давател на лизинг
Лизингот каде Друштвото како давател суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен лизинг. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен лизинг во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на лизинг периодот на иста основа како приход од договори за лизинг. Непредвидените надомести за лизинг се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените надомести за лизинг се признаваат како одложен приход.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*
Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

Друштвото како закупец

Финансиски наем  е тековен закуп на средство кој на Друштвото суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените

средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност или ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните наем плаќања. Плаќањата по основ на наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на наем обврските со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот. Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот. Со состојба на 31 декември 2024 година Друштвото нема класифицирани средства во оваа категорија. Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

Друштвото како закуподавач
Наемот каде Друштвото како закуподавач суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

### 3.19 Тековен и одложен данок на добивка

Трошокот за данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

Тековен данок на добивка

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка. коригирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.
Согласно преодните одредби од измени на Законот за данок на добивка, почнувајќи од 2024 година, Друштвото треба да го подготви Извештајот за трансферни цени, без обврска да го доставува до даночните власти. Поднесувањето ќе биде потребно само доколку тоа го побараат даночните власти. Најрано даночните власти би можеле да побараат документација за трансферни цени за 2025 година на 15 април 2026 година, а Друштвото ќе има обврска да ја достави во рок од 15 дена од барањето.

Одложен данок на добивка

Одложениот данок на добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок на добивка се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот данок на добивка се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот или останатата сеопфатна добивка, во кој случај одложениот данок се

евидентира исто така во капиталот или во останатата сеопфатна добивка соодветно. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

### 3.20 Надомести за вработените

Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие, Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

Обврски при пензионирање на вработените

Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото пресмета и евидентира резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 3.21 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместлив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и
- Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

### 3.22 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна процена. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

### 3.23 Признавање на приходите и расходите

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Приходите се признаваат кога контролата врз стоките или услугите се пренесува на клиентот, во износ кој ја одразува противвредноста на која Друштвото очекува да има право во замена за тие стоки или услуги. Друштвото го применува петстепениот модел согласно МСФИ 15, за сите категории приходи, како што следи:

1. Идентификување на договор со купувач;
2. Идентификување на обврски за извршување;
3. Утврдување на цената на трансакцијата;
4. Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5. Признавање на приходи кога обрските за извршување се задоволени.

При идентификување на обврската за извршување, Друштвото треба да ги процени добрата и услугите кои се ветени во договорот со купувачот и треба да го го идентификува секое ветување кое ќе му биде пренесено на купувачот: а) добро или услуга (или збир од добра и услуги) кои се различни; или б) серија од различни добра или улсуги кои се суштински исти и кои имаат ист образец на пренос до купувачот.

Приходот се признава кога или како што обврските за извршување ќе се исполнат преку пренесување на контролата на ветените стоки или услуга на купувачот. Контролата или се префла со текот на времето или во одреден момент од времето, што влијае на тоа кога ќе се евидентира приходот.

Како практично решение, Друштвото го применува упатството на група на договори со слични карактеристики наместо на еден договор со купувач. Пристапот на портфолио е прифатлив ако Друштвото разумно очекува дека ефектот од примената на пристапот на портфолио на група договори или група на обврски за извршување материјално не би се разликувал од тоа ако секој договор или обврска за извршување се земат предвид посебно. Тоа значи дека портфолио на договор со слични карактеристики не мора да има хомогени производи вклучени во овие договори.

Договорно средство – Право на Друштвото на надомест во замена за добра или услуги кои субјектот му ги пренел на купувачот кога тоа право е условено со нешто друго освен со одминување на времето (на пример, идно извршување од страна на субјектот).

Договорна обврска – Облигација на Друштвото да му пренесе добра или услуги на купувач за кои субјектот добил надомест (или плаќањето ќе доспее дополнително) од купувачот.

Износот на признатиот приход претставува надоместот што Друштвото очекува да го прими во замена за обезбедувањето на тие стоки или услуги. Приходите ја вклучуваат фер вредноста на продажбата на стоки и обезбедувањето услуги, намалени за данок на додадена вредност (ДДВ), царински давачки, попусти и рефундации.

Друштвото е водечки дистрибутер на нафтени деривати во РСМ со сопствена продажна мрежа (бензински станици),
Приходите главно произлегуваат од продажба на нафта и нафтени деривати на мало и на големо.

**Приходи од продажба**

Продажба на големо – нафтени деривати
Приходот од продажба на стоки на големо се признаваат кога контролата се пренесува, најчесто при испорака во складиштата на клиентот или согласно договорените услови за испорака. Променливи компоненти на цената се вклучуваат само кога е високо веројатно дека нема да дојде до нивно извршување. Попусти или бонуси ја намалуваат трансакциската цена и се проценуваат врз основа на историски податоци за потрошувачка.

Условите за плаќање обично варираат во зависност од видот на продажбата и првенствено зависат од природата на производите или услугите, дистрибутивните канали и карактеристиките на секој поединечен купувач.

Продажба на мало – гориво на бензиските станици
Приходите од продажба на бензин, дизел, ТНГ и други деривати во малопродажба се признаваат во моментот на точење, кога:

- горивото е испорачано во резервоарот на возилото,
- клиентот платил или има обврска да плати.

Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

Продажба на мало – трговска стока во бензиските станици
Приходите од продажба на трговска стока во бензинските станици се признаваат во моментот на продажбата, кога производите се предадени на купувачот на каса. Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

**Програми за лојалност**

Преку картичката „Верна лојалност“, Друштвото спроведува програми за лојалност преку кои клиентите собираат поени што можат да се заменат за стоки.

Согласно МСФИ 15:

- поените претставуваат посебна обврска за извршување,
- дел од трансакциската цена се распределува на поените, и
- приходот поврзан со поените се признава при искористување или истек.

Приходите од корпоративните картички „Верна+припејд“ се признаваат кога горивото е испорачано, исто како и кај стандардната продажба на гориво.

За претплатени кодови или ваучери, приходот се одложува и се признава при искористување или по истек, врз основа на историски модели на користење.

Стапката на неискористени поени (breakage) се проценува врз основа на историски податоци.

Друштвото користи професионална проценка при:

- проценување на breakage на поени од лојалност,
- утврдување дали дејствува како **главен** или **агент** за одредени негоривни производи,
- проценка на променливи надоместоци од рабати и мотивациски шеми.

**Приходи од обезбедување на услуги**

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

**Приходи од лизинг**

Приходи од лизинг на средства под оперативен лизинг се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на лизинг периодот. Непредвидениот лизинг, доколку го има, се признава како интегрален дел од вкупните приходи од лизинг во текот на лизинг периодот.

**Приходи од дивиденди**

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

**Договорни средства и договорни обврски**

Доколку Друштвото ја исполни обврската за извршување пред да го прими надоместот, Друштвото признава договорно средство за побарувања од платежни картички за нафта и нафтени деривати, во зависност од тоа дали за доспевање на надоместот е потребно нешто друго освен поминувањето на времето. Договорни средства се незначителни бидејќи повеќето продажби се платени веднаш или имаат кратки рокови за наплата.

Друштвото признава договорни обврски за примени надоместоци во однос на неисполнети обврски за извршување и овие износи ги прикажува како договорни обврски по примени аванси. Договорни обврски се појавуваат при претплатени услуги, претплатени картички или неискористени поени.

**Финансиски приходи и расходи**

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

**Расходи од деловното работење**

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

**Пребивање на приходите и расходите**

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат

приходи, Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*
Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместок што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Друштвото, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Друштвото.

**Приходи од продажба**

Продажба на големо
Приходот од продажба на стоки на големо се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

Продажба на мало
Приходот од продажба на стоки на мало се признава во моментот на продажба на корисникот. Приходите од продажба на мало вообичаено се во готовина или со кредитна картичка. Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

**Приходи од обезбедување на услуги**

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

**Приходи од наемнини**

Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

**Финансиски приходи и трошоци**

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

**Приходи од дивиденди**

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

**Расходи од деловното работење**

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

**Пребивање на приходите и расходите**

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи, Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

## 3.24 Распределба на дивиденда

Распределбата на дивиденди на акционерите на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Друштвото.

## 3.25 Преземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна процена на износот на загубата.

## 3.26 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

## 3.27 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на Извештајот за финансиската состојба (настани за кои може да се врши коригирање) се рефлектирани во посебните финансиски извештаи.

# 4. Користени проценки

**Значајни сметководствени проценки**

При примената на сметководствените политики на Друштвото, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани

доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

**Несигурност во проценките**

**Оштетување кај нефинансиски средства**

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

**Оштетување кај финансиски средства**

**Оштетување на побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања**

Друштвото пресметува оштетување за побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања врз основа на проценка на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При проценка на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи, дадените позајмици и останатите побарувања, проценката се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

**Употребен век на средствата што се амортизираат**

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Фактички резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност, посебно во делот на ИТ опремата и софтверите.

**Залихи**

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При проценката на нето реализационата вредност ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

**Објективна вредност на финансиски средства**

Доколку пазарот на финансиски инструмент не е активен, Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за проценка. Во примената на техниките за проценка, Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоците не се видливи, Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

## 5. Промена на сметководствени политики и корекција на грешки

Сметководствените политики се применуваат од период до период на конзистентна основа. Смековводствената политика се менува доколку тоа е условено со измена или донесување на МСФИ.

По исклучок , промена на сметководсвените политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметковдствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Друштвото.

При ретроспективна промена во сметководствената политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога е тоа изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во смековводствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности за средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетно салдо на секоја засегната компонента на главнината за тој период.

Согласно МСФИ, колку што е тоа изводливо, Друштвото ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски извештај одобрен за објавување , откако истата била откриена , така што

а) повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила, или

б) доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот претходно презентиран период.

Кога е непрактично да се одредат ефектите на грешката за специфичен период врз компаративните информации за еден или повеќе претходно презентирани периоди, ентитетот повторно ги прикажува почетните салда на средствата , обврските и главнината за најраниот период за кој е изводливо ретроспективно повторно прикажување ( што може да биде и тековниот период) .

## 6. Управување со ризик

### 6.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи ризик од кредитирање и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот Одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од

каматни стапки, ризикот од кредитирање, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 6.2 Ризик од кредитирање

Друштвото нема значителна концентрација на ризик од кредитирање. Друштвото има политики со цел да обезбеди дека продажбата на производи и услуги се врши на клиенти со соодветна кредитна историја. Друштвото има политики кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датата на извештајот на финансиската состојба.

### 6.3 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

### 6.4 Пазарни ризици

**Ризик од курсни разлики**

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на странските валути за +/- 10%.

**Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност**

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и готовински текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на

своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### 6.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход за акционерите и бенфиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот за намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

**Показател на задолженост**

Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците , пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, останати резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

7. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 24.891.838 | 0 | 16.242.290 | 71.385.889 | 0 | **112.520.017** |
| Зголемување | 6.865.543 | | 34.884 | 838.157 | 7.738.584 | **15.477.168** |
| Намалување | 7.890.207 | | 126.287 | 2.850.000 | 7.738.584 | **18.605.078** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 23.867.174 | 0 | 16.150.887 | 69.374.046 | 0 | **109.392.107** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 24.556.657 | 0 | 12.499.581 | 68.927.057 | 0 | **105.983.295** |
| Амортизација | 1.460.802 | | 1.008.751 | 908.490 | | **3.378.043** |
| Намалување | 7.890.207 | | 126.287 | 2.850.000 | | **10.866.494** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 18.127.252 | 0 | 13.382.045 | 66.985.547 | 0 | **98.494.844** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 година (тековна година)** | **5.739.922** | **0** | **2.768.842** | **2.388.499** | **0** | **10.897.263** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **335.181** | **0** | **3.742.709** | **2.458.832** | **0** | **6.536.722** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 24.891.838 | | 12.223.338 | 69.093.469 | | **106.208.645** |
| Зголемување | | | 4.045.480 | 2.292.420 | 6.337.900 | **12.675.800** |
| Намалување | | | 26.528 | | 6.337.900 | **6.364.428** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 24.891.838 | 0 | 16.242.290 | 71.385.889 | 0 | **112.520.017** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 24.439.535 | | 11.583.877 | 66.396.217 | | **102.419.629** |
| Амортизација | 117.122 | | 942.232 | 2.530.840 | | **3.590.194** |
| Намалување | | | 26.528 | | | **26.528** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 24.556.657 | 0 | 12.499.581 | 68.927.057 | 0 | **105.983.295** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **335.181** | **0** | **3.742.709** | **2.458.832** | **0** | **6.536.722** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | **452.303** | **0** | **639.461** | **2.697.252** | **0** | **3.789.016** |

8. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 1.068.713.183 | 5.281.032.711 | 3.091.966.731 | 316.838.385 | **9.758.551.010** |
| Зголемување | 530.405 | 222.480.502 | 180.178.588 | 357.307.614 | **760.497.109** |
| Намалување | 8.738.101 | 22.511.062 | 27.314.642 | 333.567.164 | **392.130.969** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 1.060.505.487 | 5.481.002.151 | 3.244.830.677 | 340.578.835 | **10.126.917.150** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | 2.723.543.412 | 2.453.076.532 | | **5.176.619.944** |
| Амортизација | | 122.131.634 | 146.891.565 | | **269.023.199** |
| Намалување | | 22.380.883 | 26.505.391 | | **48.886.274** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 2.823.294.163 | 2.573.462.706 | 0 | 5.396.756.869 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 (тековна година)** | **1.060.505.487** | **2.657.707.988** | **671.367.971** | **340.578.835** | **4.730.160.281** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **1.068.713.183** | **2.557.489.299** | **638.890.199** | **316.838.385** | **4.581.931.066** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 960.938.605 | 5.049.342.655 | 3.039.960.226 | 263.409.552 | **9.313.651.038** |
| Зголемување | 111.961.428 | 237.253.965 | 106.883.179 | 641.203.954 | **1.097.302.526** |
| Намалување | 4.186.850 | 5.563.909 | 54.876.674 | 587.775.121 | **652.402.554** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 1.068.713.183 | 5.281.032.711 | 3.091.966.731 | 316.838.385 | **9.758.551.010** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | 2.610.327.279 | 2.353.300.038 | | **4.963.627.317** |
| Амортизација | | 118.412.396 | 154.109.945 | | **272.522.341** |
| Намалување | | 5.196.263 | 54.333.451 | | **59.529.714** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | **0** | **2.723.543.412** | **2.453.076.532** | **0** | **5.176.619.944** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **1.068.713.183** | **2.557.489.299** | **638.890.199** | **316.838.385** | **4.581.931.066** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | **960.938.605** | **2.439.015.376** | **686.660.188** | **263.409.552** | **4.350.023.721** |

8-а. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА СО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЗИНГ

| О П И С | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | 62.070.110 | 85.488.977 | | **147.559.087** |
| Зголемување | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 62.070.110 | 85.488.977 | 0 | **147.559.087** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | | | | **0** |
| Амортизација / Депрецијација | | 12.645.588 | 27.915.420 | | **40.561.008** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 12.645.588 | 27.915.420 | 0 | 40.561.008 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 (тековна година)** | **0** | **49.424.522** | **57.573.557** | **0** | **106.998.079** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **0** | **62.070.110** | **85.488.977** | **0** | **147.559.087** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | **0** |
| Зголемување | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | **0** |
| Амортизација / Депрецијација | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | | | | | **0** |

9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

| 2025 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Обртно стадо | Повеќегодиш-ни насади | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | **0** |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | **0** |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | **0** |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Состојба на 31 Декември 2025 (тековна година) | | | | | | **0** |
| Нетековни средства | | | | | | **0** |
| Тековни средства | | | | | | **0** |
| **Вкупно биолошки средства** | | | | | | **0** |
| **2024** | | | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | | **0** |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | **0** |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | **0** |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | **0** |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Состојба на 31 Декември 2024 (претходна година) | | | | | | **0** |
| Нетековни средства | | | | | | **0** |
| Тековни средства | | | | | | **0** |
| **Вкупно биолошки средства** | | | | | | **0** |

10. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Вложување во конвертибилни обврзници | | |
| Вкупно: | | |

Број на конвертибилни обврзници:

Права кои ги носат конвертибилните обврзници:

11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 525.613.508 | 374.251.927 |
| Побарувања од купувачи во странство | 26.228.429 | 29.800.551 |
| Застарени, сомнителни и спорни побарувања | 716.676.303 | 723.675.430 |
| Ведносно усогласување на побарувања | 740.365.849 | 740.650.511 |
| Вкупно: | **528.152.391** | **387.077.397** |

12. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 184.118.977 | 194.332.152 |
| Парични средства во денарска благајна | 15.589.646 | 3.583.787 |
| Девизна сметка | 187.717 | 6.359.472 |
| Девизна благајна | 12.310 | 99.949 |
| Вкупно: | **199.908.650** | **204.375.360** |

## 13. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

| Родови на акции | Во сопственост на | 01.01.2025 | % | Состојба | | 31.12.2025 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 (тековна година) | | | | зголем. | намал. | | |
| Обични акции | Физички лица | 1.903.400.000 | 54,64% | | 93.775.000 | 1.809.625.000 | 51,94% |
| | Правни лица | 1.232.064.000 | 35,37% | 93.775.000 | | 1.325.839.000 | 38,06% |
| | Откупени сопствени акции | 348.378.000 | 10,00% | | | 348.378.000 | 10,00% |
| Приоритетни акции | ФПИО | 0 | | | | 0 | |
| Вкупно: | | 3.483.842.000 | 100,00% | 93.775.000 | 93.775.000 | 3.483.842.000 | 100,00% |
| | | | | | | | |
| 2024 (претходна година) | | 01.01.2024 | % | Состојба | | 31.12.2024 | % |
| | | | | зголем. | намал. | | |
| Обични акции | Физички лица | 2.064.941.000 | 59,27% | | 161.541.000 | 1.903.400.000 | 54,64% |
| | Правни лица | 1.070.523.000 | 30,73% | 161.541.000 | | 1.232.064.000 | 35,37% |
| | Откупени сопствени акции | 348.378.000 | 10,00% | | | 348.378.000 | 10,00% |
| Приоритетни акции | ФПИО | | | | | 0 | |
| Вкупно: | | 3.483.842.000 | 100,00% | 161.541.000 | 161.541.000 | 3.483.842.000 | 100,00% |

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

| Обврски со рок на достасување над 5 години: | | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Вид на обврска: | Вид на обезбедување: | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски кон добавувачи | | | |
| Обврски спрема поврзани друштва по основ на заеми и кредити | | | |
| Обврски по основ на кредити | | | |
| Обврски по основ на заеми | | | |
| Останати долгорочни обврски | | | |
| Долгорочни обврски од право на користење на средства земени на лизинг | | | |
| Вкупно: | | 0 | 0 |

15. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 432.097.222 | 446.181.601 |
| Добавувачи во странство | 109.313.490 | 310.001.136 |
| Добавувачи за нефактурирани стоки | | |
| Вкупно: | **541.410.712** | **756.182.737** |

16. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Краткорочни обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | |
| Краткорочни кредити во земјата | 153.063.324 | 41.525 |
| Краткорочни кредити во странство | | |
| Краткорочни обврски по основ на право на користење на средства земени на лизинг | 40.867.316 | |
| Вкупно: | **193.930.640** | **41.525** |

17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од продажба во земјата | 30.186.290.909 | 30.070.891.443 |
| Приходи од продажба во странство | 480.952.390 | 409.534.468 |
| Вкупно: | **30.667.243.299** | **30.480.425.911** |

18. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 127.315.321 | 123.803.874 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 2.554.718 | 20.640.281 |
| Приходи од државни поддршки | | |
| Вкупно: | **129.870.039** | **144.444.155** |

19. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 474.923.244 | 450.681.993 |
| Трошоци за саеми | | 85.170 |
| Наемнина | 202.774 | 39.125.562 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 13.777.951 | 16.219.571 |
| Трошоци за членови на органот на управување, надзорниот одбор и за членовите на останатите органи | 9.480.960 | 8.989.394 |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама | 68.712.965 | 72.517.730 |
| Премии за осигурување | 84.266.186 | 81.426.805 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 83.360.016 | 78.549.308 |
| Трошоци за ревизија | 1.764.577 | 1.949.823 |
| Трошоци за останати интелектуални услуги | 16.496.984 | 16.641.295 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 12.952.595 | 4.370.848 |
| Загуби од отуѓување на нетековни средства | | |
| Останати расходи | 742.463.535 | 664.686.679 |
| Вкупно останати оперативни расходи | **1.508.401.787** | **1.435.244.178** |

20. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на купопродажни односи | 18.637.984 | 13.760.454 |
| Обврски по основ на купопродажни односи | 87.191.746 | 106.139.635 |
| Приходи од продажба на готови производи | 707.708 | 972.163 |
| Приходи од продажба на стоки | 928.601.471 | 883.241.179 |

Изготвил:
**Бојан Лекиќ**
Раководител на Сектор за сметководство

Одобрил:
**Михајло Борозанов**
Директор на Дирекција за Финансии

Grant Thornton

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
СКОПЈЕ 8
Примено: 24-03-2026
Орг. един. | Бр. ој | Прилог: | Вредност:
0504-1393/1

# Посебни финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

Макпетрол АД Скопје

31 декември 2025 година

# Содржина

| | |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Посебен извештај за финансиската состојба | 7 |
| Посебен извештај за сеопфатната добивка | 8 |
| Посебен извештај за промените во капиталот | 9 |
| Посебен извештај за паричните текови | 10 |
| Белешки кон посебните финансиски извештаи | 11 - 45 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Посебна годишна сметка | |
| Прилог 2 – Посебен годишен извештај | |

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**T** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До: Акционерите на
Макпетрол АД Скопје

## Извештај за посебните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на посебните финансиски извештаи на Макпетрол АД Скопје („Друштвото"), коишто го вклучуваат посебниот извештај за финансиската состојба на 31 декември 2025 година, како и посебниот извештај за сеопфатна добивка, посебниот извештај за промените во капиталот и посебниот извештај за паричните текови за годината која што завршува тогаш, и белешки кон посебните финансиските извештаи, вклучително и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните посебни финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствени стандарди во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[1]. Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на посебните финансиски извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на посебните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Клучни ревизорски прашања*

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионалното расудување, имале најголема значајност за нашата ревизија на посебните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година. Овие прашања беа опфатени во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина, и во формирањето на нашето ревизорско мислење и ние не даваме посебно мислење во однос на овие прашања.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Grant Thornton

| *Клучни ревизорски прашања* | *Ревизорски пристап* |
|---|---|
| *Признавање на приходи* | |
| Како што е обелоденето во Белешка 19 кон придружните финансиски извештаи, за годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото има признаено приходи од продажба во износ од 30.794.558 илјади денари. Дополнителни информации во однос на сметководствените политики за признавање на приходите се обелоденети во Белешка 2 – Материјални сметководствени политики, кон финансиските извештаи.<br><br>Приходите на Друштвото главно произлегуваат од продажба на нафтени деривати, природен гас и трговска стока, кои се реализираат преку малопродажната мрежа на бензински станици, како и преку продажба на големо на домашниот и странскиот пазар. Значителен дел од трансакциите се обработуваат преку автоматизирани информатички системи и системи за продажба на бензинските станици и преку програмата за лојалност на купувачите.<br><br>Со оглед на големиот обем на трансакции, комплексноста на информатичките системи преку кои се евидентираат продажбите и потребата приходите да бидат признаени во соодветниот пресметковен период, постои ризик приходите да не бидат целосно или точно евидентирани.<br><br>Дополнително, според ревизорските стандарди, признавањето на приходите се смета за област со инхерентен ризик од материјално погрешно прикажување поради измама.<br><br>Поради значајноста на приходите во финансиските извештаи, големиот број трансакции и зависноста од автоматизирани системи за обработка на продажбите, настанувањето, точноста и временското разграничување на приходите ги сметавме за клучно ревизорско прашање.<br><br>. | Врз основа на процената на ризикот, нашите ревизорски процедури во оваа област, вклучуваа, меѓу другото:<br><br>- Со цел да ги процениме ризиците од материјално погрешно прикажување, најпрво стекнавме разбирање за текот на процесите и интерните контроли поврзани со признавањето на приходите, земајќи го предвид корпоративното опкружување и барањата на сметководствените стандарди во примена во Република Северна Македонија.<br><br>- Врз основа на идентификуваните ризици од материјално погрешно прикажување во рамките на овие ревизорски постапки, селектиравме рачни и автоматизирани контроли, како и поврзани општи ИТ контроли, од контролите релевантни за ревизијата во однос на признавањето на приходите. Потоа, овие контроли ги тестиравме за оперативна ефективност со цел да се оцени нивната функционалност во текот на извештајната година. Во овој контекст, вклучивме и ИТ специјалист.<br><br>Покрај тестирањето на оперативната ефективност на воспоставените контроли, ги спроведовме следните суштински постапки како одговор на идентификуваните ризици од материјално погрешно прикажување:<br><br>- Ја оценивме конзистентноста во примената на политиката за признавање на приходи преку повторно разгледување на сметководствените политики за различните извори на приходи на Друштвото.<br><br>- Извршивме тестирање на контроли поврзани со евидентирањето на приходите од готовинска продажба преку малопродажната мрежа на бензински станици, како и контролите поврзани со фактурната малопродажба и продажбата на големо.<br><br>- Користејќи листа на трансакции евидентирани во текот на периодот, селектиравме примерок од трансакции и ги проверивме придружните документи, како што се продажни фактури, испратници и извештаи од бензинските станици, со цел да утврдиме дали приходите се признаени во соодветен износ.<br><br>- Извршивме тестирање на одобрените рабати и попусти на примерок од трансакции преку проверка на договорите со купувачите, одобренијата од Раководството и пресметките на рабатите, со цел да оцениме дали тие се соодветно пресметани, одобрени и евидентирани во финансиските извештаи.<br><br>- Извршивме тестирање на продажните цени на примерок од трансакции со цел да утврдиме дали применетите цени се усогласени со одлуките за цени на нафтените деривати утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика. |

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

| | |
|---|---|
| | - Извршивме интервјуа со вработени вклучени во активности во области во кои е идентификуван ризик од измама, со цел да добиеме нивни согледувања за ризикот и начинот на кој контролите го адресираат истиот.<br><br>- Спроведовме аналитички постапки преку анализа на приходите по месеци, по типови на продажба (малопродажба и продажба на големо) и по главни категории на производи. Дополнително, извршивме анализа на продадените количини и применетите продажни цени по месеци и ги споредивме со соодветните податоци од претходниот период со цел да идентификуваме евентуални невообичаени трендови или отстапувања.<br><br>- Ги тестиравме трансакциите што се случиле непосредно пред и по крајот на годината, прибавувајќи докази за соодветно временско признавање на приходите, врз основа на условите утврдени во договорите и документите за испорака.<br><br>- Ја тестиравме соодветноста на книжењата во главната книга преку разговори со лица вклучени во процесот на финансиско известување во однос на несоодветни и невообичаени активности, како и преку тестирање на ставови за сметководствено евидентирање. Разгледавме дали постои доказ за пристрасност на Раководството во значајните сметководствени проценки и расудувања релевантни за признавањето на приходите. Исто така, го оценивме целокупното контролно опкружување на Друштвото и извршивме интервјуа со повисокото раководство.<br><br>Од извршените ревизорски постапки не беа идентификувани отстапувања ниту материјални погрешни прикажувања. |
| *Претпоставки користени при вреднување на залихите* | |
| Врз основа на ревизорските стандарди во примена во Република Северна Македонија и нашата ревизорска методологија, сметководствените проценки претставуваат области што вклучуваат значајни расудувања на Раководството и бараат зголемено внимание од страна на ревизорот.<br><br>Раководството ја проценува нето-реализационата вредност на залихите на секој датум на известување, земајќи ги предвид најрелевантните и најверодостојните докази достапни во моментот на проценката. Друштвото применува конзистентна методологија за обезвреднување на залихите, во согласност со сметководствениот принцип залихите да се искажат по пониска вредност помеѓу набавната вредност и нето реализационата вредност. Проценката се врши врз основа на старосна анализа на залихите по групи на артикли, при што се земаат предвид видот на артиклите, нивната наменска и пазарна употребливост, динамиката на обртот и можноста за нивна идна реализација. | Врз основа на процената на ризикот, нашите ревизорски процедури во оваа област, вклучуваа, меѓу другото:<br>- Проверка дали залихите се вреднувани по пониската вредност помеѓу набавната вредност и нето-реализациона вредност, преку тестирање на начинот на кој Раководството ја извршило сметководствената проценка и претпоставките кои се користени.<br><br>- При присуство на пописот на залихите, ја проверивме состојбата и карактеристиките на залихите (на пример: оштетени залихи, застарени или нефункционални залихи, или отпишани залихи) и утврдивме кои ставки, доколку ги има, се предмет на исправка на вредност. Исто така, извршивме разговори со магацинскиот и друг оперативен персонал во врска со залихи што можеби се бавно-обртни, оштетени или застарени.<br><br>- Извршивме анализа на старосната структура на залихите. |

| | |
|---|---|
| Со оглед дека залихите претставуваат значајна ставка во финансиските извештаи и дека нивното вреднување вклучува значајни проценки и професионално расудување од страна на Раководството, оваа област ја сметавме за клучно ревизорско прашање.<br><br>Поврзаните сметководствени политики, расудувања и проценки се обелоденети во Белешките 2.11, 4 и 13 кон финансиските извештаи. | Од извршените ревизорски постапки не беа идентификувани отстапувања ниту материјални погрешни прикажувања. |

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата на Друштвото и посебната годишна сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат посебните финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за посебните финансиски извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на посебни финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со посебните финансиски извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку произлегува дека се материјално погрешни. Доколку врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека има материјално погрешно прикажување во овие останати информации, од нас се бара да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

*Одговорност на раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на посебни финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на посебните финансиски извештаи, Раководството е одговорно за процена на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако Раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиското известување на Друштвото.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на посебните финансиски извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали посебните финансиски извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумното уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со ревизорските стандарди во примена во Република Северна Македонија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие посебни финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[2], применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Grant Thornton

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во посебните финансиски извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените процени и поврзаните обелоденувања направени од страна на Раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на Раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во посебните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на посебните финансиски извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали посебните финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето, ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на посебните финансиски извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога, во екстремно ретки ситуации, сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативните последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 384/240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишна сметка и ревидираните ресобни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2024, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија[3], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

[3] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во посебната годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на Макпетрол АД Скопје со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Партнер на ревизорскиот ангажман од кој произлегува извештајот на независниот ревизор е Маја Атанасовска.

Маја Атанасовска
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Скопје, 24 март 2026 година

Маја Атанасовска
Овластен ревизор

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# Посебен извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 2025<br>000 мкд | На 31 декември<br>2024<br>000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 4.689.599 | 4.581.931 |
| Нематеријални средства | 6 | 10.897 | 6.537 |
| Вложувања во недвижности | 7 | 24.118 | 24.849 |
| Вложувања во подружници | 9 | 310.240 | 310.240 |
| Вложувања во придружени друштва | 9 | 536.118 | 536.118 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 10 | 1.834.910 | 1.867.910 |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 11 | 1.228.200 | 1.035.116 |
| | | **8.634.082** | **8.362.701** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 12 | 140 | 290 |
| Залихи | 13 | 1.256.638 | 1.208.645 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 14 | 1.408.239 | 811.118 |
| Парични средства и еквиваленти | 15 | 272.579 | 484.803 |
| | | **2.937.596** | **2.504.856** |
| **Вкупно средства** | | **11.571.678** | **10.867.557** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 16 | 3.135.464 | 3.135.464 |
| Резерви | 16 | 3.864.247 | 3.444.156 |
| Акумулирани добивки | | 2.788.349 | 2.665.839 |
| | | **9.788.060** | **9.245.459** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за финансиски наем | 18 | 68.297 | - |
| | | **68.297** | **-** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици | 17 | 153.063 | 41 |
| Обврски за данок од добивка | | 34.474 | 15.611 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 18 | 1.527.784 | 1.606.446 |
| | | **1.715.321** | **1.622.098** |
| **Вкупно обврски** | | **1.783.618** | **1.622.098** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **11.571.678** | **10.867.557** |

Овие посебни финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Друштвото на ден 26 февруари 2026 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Андреја Јосифовски
Претседател на Управен Одбор

Г-дин Михајло Борозанов
Директор на Дирекција за финансии

# Посебен извештај за сеопфатната добивка

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 19 | 30.794.558 | 30.604.229 |
| Останати деловни приходи | 20 | 416.504 | 430.391 |
| Потрошени материјали | 21 | (267.610) | (258.413) |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (26.120.459) | (26.318.505) |
| Трошоци за користи на вработените | 22 | (1.962.095) | (1.837.229) |
| Амортизација и депрецијација | 5,6,7 | (313.693) | (266.187) |
| Останати деловни трошоци | 23 | (1.292.441) | (1.233.385) |
| Промени во залихите | | (8.878) | (9.344) |
| **Добивка од работење** | | **1.245.886** | **1.111.557** |
| Финансиски приходи | 24 | 84.804 | 48.701 |
| Финансиски расходи | 24 | (20.654) | (5.064) |
| Финансиски приходи / (расходи), нето | | 64.150 | 43.637 |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.310.036** | **1.155.194** |
| Данок на добивка | 25 | (119.382) | (93.380) |
| **Добивка за годината** | | **1.190.654** | **1.061.814** |
| ***Останата сеопфатна добивка за годината:*** | | | |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | 10,16 | (33.000) | 930.666 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **1.157.654** | **1.992.480** |
| Добивка расположлива за сопствениците | | (33.000) | 930.666 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за сопствениците** | | **1.157.654** | **1.992.480** |
| **Заработувачка по акција (денари по акција)** | | | |
| **- Основна и разводнета** | 26 | **11.772** | **10.498** |

Придружните белешки на страна од 11 до 45 се составен дел на овие посебни финансиски извештаи

Макпетрол АД Скопје
Посебни финансиски извештаи
31 декември 2025 година

# Посебен извештај за промените во капиталот

| | Акционерски капитал | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Регистриран капитал | Сопствени акции | Резерви | Акумулирани. добивки | Вкупно |
| | 000 мкд | 000 мкд | 000 мкд | 000 мкд | 000 мкд |
| **На 01 јануари 2025 година** | **3.483.842** | **(348.378)** | **3.444.156** | **2.665.839** | **9.245.459** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки (Бел. 16) | - | - | 453.091 | (453.091) | - |
| Распоред за дивиденди и награди (Бел. 16) | - | - | - | (615.053) | (615.053) |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | - | - | **453.091** | **(1.068.144)** | **(615.053)** |
| Добивка за годината | - | - | - | 1.190.654 | **1.190.654** |
| Останата сеопфатна добивка (Бел. 10 и 15) | - | - | (33.000) | - | **(33.000)** |
| *Вкупна сеопфатна добивка* | - | - | **(33.000)** | **1,190,654** | **1,157,654** |
| **На 31 декември 2025 година** | **3.483.842** | **(348.378)** | **3.864.247** | **2,788,349** | **9,788,060** |
| **На 01 јануари 2024 година** | **3.483.842** | **(348.378)** | **2.204.917** | **2.446.606** | **7.786.987** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки (Бел. 16) | - | - | 308.573 | (308.573) | - |
| Распоред за дивиденди и награди (Бел. 16) | - | - | - | (534.007) | (534.007) |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | - | - | **308.573** | **(842.580)** | **(534.007)** |
| Добивка за годината | - | - | - | 1.061.814 | 1.061.814 |
| Останата сеопфатна добивка (Бел. 10 и 15) | - | - | 930.666 | - | 930.666 |
| *Вкупна сеопфатна добивка* | - | - | **930.666** | **1.061.814** | **1.992.480** |
| **На 31 декември 2024 година** | **3.483.842** | **(348.378)** | **3.444.156** | **2.665.839** | **9.245.459** |

Придружните белешки на страна од 11 до 45 се составен дел на овие посебни финансиски извештаи

# Посебен извештај за паричните текови

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Деловни активности** | | | |
| Приливи од купувачи | | 30.401.635 | 31.013.038 |
| Исплати на добавувачи и вработени | | (29.864.198) | (29.614.103) |
| | | **537.437** | **1.398.935** |
| Платена камата | | (6.946) | (1.860) |
| Платен данок од добивка | | (100.518) | (20.981) |
| | | **429.973** | **1.376.094** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| (Одлив) за набавка на недвижности, постројки и опрема | 5 | (279.371) | (498.483) |
| (Одлив) за набавка на нематеријални средства | 6 | (7.739) | (6.339) |
| Приливи од продажба на недвижности, постројки и опрема | 5 | 9.183 | 23.822 |
| Одливи за вложување во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 11 | (193.084) | (1.035.116) |
| Приливи од финансиски позајмици, нето | 12 | 150 | 235 |
| Приливи од камати | | 71.222 | 47.581 |
| Приливи од дивиденди | 9 | 216.705 | 170.950 |
| | | **(182.934)** | **(1.297.350)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Платени дивиденди | | (612.285) | (532.240) |
| (Отплата) на кредити | | (3.421.465) | (2.562.744) |
| Приливи од кредити | | 3.574.487 | 2.562.628 |
| | | **(459.263)** | **(532.356)** |
| **Нето промена на парични средства и еквиваленти** | | **(212.224)** | **(453.612)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 484.803 | 938.415 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | **14** | **272.579** | **484.803** |

Придружните белешки на страна од 11 до 45 се составен дел на овие посебни финансиски извештаи

# Белешки кон посебните финансиски извештаи

## 1 Општи информации
Макпетрол а.д. Скопје (“Друштвото”) е Акционерско Друштво основано во Република Северна Македонија. Адресата на неговото регистрирано седиште е: Ул. “Св. Кирил и Методиј”, бр.4. 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Друштвото е најголем специјализиран дистрибутер со нафтени деривати и гас во Република Северна Македонија. Деловните активности на Друштвото исто така вклучуваат и производство и продажба на биодизел, како и продажба на големо и мало на трговски стоки, како и ексклузивно застапништво и дистрибуција за неколку глобални трговски марки. како што се: Honda, Goodyear и Dell. Друштвото има деловни активности и на меѓународните пазари.

Друштвото поседува лиценци издадени од релевантни регулаторни тела за извршување на следниве дејности: трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива, трговија со природен гас и производство на електрична енергија.

Со состојба на датумот на овој извештај Друштвото вработува 2.048 лица (2024: 2.027 лица). Од 2002, акциите на Друштвото котираат на официјалниот пазар на Берзата на Долгорочни Хартии од Вредност на Република Северна Македонија и учествуваат во формирањето на Македонскиот Берзански Индекс.

Друштвото е Матично Друштво на Групата Макпетрол а.д. Скопје и подружници. Деталите на вложувањата на Друштвото во подружниците за објавените финансиски периоди се објавени во Белешката 9.

## 2 Материјални сметководствени политики
Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие посебни финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1 Основа за подготовка
Овие посебни финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РСМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за начинот на водење на сметководство (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 75/2024) („Правилник за сметководство“), каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со примена од 01 јануари 2025. Овој Правилник за сметководство ги вклучува Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ“) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните стандарди за сметководство („МСС“) - МСС 1 до МСС 41, толкувања од Меѓународниот комитет за толкување на финансиското известување („МКТФИ“) - МКТФИ 1 до МКТФИ 23 и толкувања од Постојан комитет за толкувања („ПКТ“) - толкувања составени од ПКТ 7 до ПКТ 32. Погоре наведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, МКТФИ и ПКТ) се ефективни во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, со исклучок на МСФИ 17 кој ќе биде ефективен од 1 јануари 2028 година. Со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024“), МСФИ 9 станува ефективен (во Република Северна Македонија) од 1 јануари 2028 година и согласно насоките дадени од Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија од 25 декември 2025 година, МСС 39 објавен во Службен весник бр.159/2009 останува ефективен сметководствен стандард за финансиски инструменти до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник број 75/2024 и број 274/2024. Бидејќи, МСФИ 9 и МСФИ 17 не се ефективни за периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените прописи применливи во Република Северна Македонија, како што се објавени во Правилникот за сметководство и објаснето погоре. Следствено, МСФИ 1 не е применлив, и Друштвото ги примени специфичните транзициски одредби за сите ефективни сметководствени стандарди, како што е понатаму објаснето во текстот.

Посебните финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти) доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Основа за подготовка (продолжува)
Подготовката на овие посебни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Овие посебни финансиски извештаи претставуваат посебни финансиски извештаи на Матичното Друштво и не ги вклучуваат финансиските извештаи на неговите подружници. Вложувањето на Матичното Друштво во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност (види Бел.9).

Посебните финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година.

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите посебни финансиски извештаи во локална валута, односно во Македонски Денар (МКД), што претставува функционална и презентациска валута на Друштвото. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие посебни финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

## 2.2 Нови или ревидирани, стандарди и толкувања

*а) Нови стандарди и толкувања усвоени на 01 јануари 2025*

Како што е наведено во Белешка 2.1, во Службен весник на РСМ бр. 75/2024 беше објавен Правилникот за начинот на водење на сметководство и во Службен весник на РСМ бр. 274/2024 беше објавена измена на Правилникот, каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со првична примена од 01 јануари 2025, со исклучок на МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти кои стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Овие стандарди немаат ефекти и влијание врз посебните финансиски извештаи на Друштвото, освен МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи и МСФИ 16 – Лизинг од 1 јануари 2025. Друштвото ја оцени и примената на новите стандарди МСС 27 Поединечни финансиски извештаи, МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати, МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи и МСФИ 12-Обелоденување на учества во други субјекти и оцени дека нема да резултираат со промена во посебните финансиски извештаи.

*МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи*, го заменува стандардот МСС 18 – Приходи и МСС 11 – Договори за изградба како и толкувањата поврзани со нив.

Основниот принцип на новиот стандард е признавање на приходите со цел да се отслика преносот на стоките или услугите на купувачите во износ кој што го рефлектира надоместокот (односно, плаќањето), на кој Друштвото очекува дека има право во замена за тие стоки или услуги.

Новиот стандард бара зголемено обелоденување во однос на приходите и обезбедува насоки за трансакциите коишто претходно не биле целосно опфатени (на пример, приходите од услуги и измени и дополнувања на договорите) и нови насоки за аранжмани коишто опфаќаат повеќекратни елементи.

Друштвото ја искористи опцијата за модифицирана ретроактивна примена, при првична примена на МСФИ 15, односно, договорите коишто не беа завршени до 1 јануари 2025 година беа евидентирани како да биле признаени во согласност со МФСИ 15 од самиот почеток. Кумулативниот ефект којшто произлегува од првична примена е признаен како корекција на почетното салдо на задржана добивка на финансиските извештаи кои го вклучуваат датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. Споредбените аспекти од претходните години не се коригирани; сепак, обезбедено е образложение за причините за промените во ставките во извештаите за финансиската состојба и во извештајот за сеопфатна добивка за тековниот период, како резултат од првичната примена на МСФИ 15.

Усвојувањето на МСФИ 15 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото.

**Нови или ревидирани, стандарди и толкувања (продолжува)**
*МСФИ 16 - Лизинг,* го заменува стандардот МСС 17 Лизинг и поврзаните толкувања.

Друштвото како корисник на лизинг

Примената на новиот стандард МСФИ 16, резултираше со признавање на средства по основ на право на користење и соодветни обврски по основ на лизинг за сите претходно класифицирани договори за оперативен лизинг, со исклучок на договорите кои се класифицирани како договори за лизинг на средства со ниска вредност или кои имаат преостанат рок на траење пократок од 12 месеци на датумот на првична примена.

За договорите кои постоеја на датумот на првична примена, Друштвото одбра да ја примени дефиницијата за лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4 и не го примени МСФИ 16 на договори кои претходно не беа идентификувани како лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4.

При првичната примена на МСФИ 16, Друштвото ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување – како на 1 јануари 2025 година не постоеја неповолни договори;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци на 1 јануари 2025 година како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight“) при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот

Друштвото го примени стандардот користејќи го модифицираниот ретроспективен пристап, при што кумулативниот ефект од усвојувањето на МСФИ 16 е признаен како корекција на почетното салдо на задржаната добивка на датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. На овој датум, Друштвото одлучи да ги мери средствата со правото на користење по износ еднаков на обврската по договорот за лизинг во износ од 147.240 илјади денари. Претходните пресметковни периоди не се преработени, во согласност со дозволените одредби на стандардот.

Друштвото изнајмува деловни простории на неопределено време. Понатаму, изнајмува делови од товарни возила односно - цистерни, вагони и приколки кои договори се обновуваат на годишно ниво и при пресметката на сегашната вредност на идните плаќања процени период од 3 години.

Основните средства предмет на лизинг не се со мала вредност. Друштвото оцени дека договорите за лизинг се со разумно слични карактеристики и обврски за лизинг се вреднувани според сегашната вредност на преостанатите плаќања за наем, со примена на единствена инкрементална каматна стапка за позајмување која на 01 јануари 2025 изнесуваше 4.51%.

Со примената на МСФИ 16, Друштвото прикажа обврски од лизинг кои претходно беа класифицирани како оперативен наем според принципите од МСС 17 Лизинг.

За годината која завршува на 31 декември 2025, Друштвото нема промени во сметководствените оценки и корекција на грешки.

*МСС 27 – Поединечни финансиски заедно со МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи,* го заменуваат стандардот МСС 27 – Консолидирани и поединечни финансиски извештаи како и толкувањата поврзани со нив.

Друштвото согласно локалната регулатива има обврска да презентира поединечни финансиски извештаи и МСС 27 се применува за евидентирање во инвестиции во подружници, заеднички потфати и придружни субјекти во поединечните финансиски извештаи.
Друштвото согласно локалната регулатива има обврска да презентира консолидирани финансиски извештаи и МСФИ денес ги поставува принципите за изготвување и презентација на консолидирани финансиски извештаи.

Нови или ревидирани, стандарди и толкувања (продолжува)

Усвојувањето на МСС 27 и МСФИ 10 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото, (Белешка 2.9).

*МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати,* го заменува стандардот МСС 28 – Вложувања во придружени друштва.

Овој стандард се применува за евидентирање во инвестиции во придружни субјекти и ги определува барањата за примена на методот на капитал.

Усвојувањето на МСС 28 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото, (Белешка 2.9).

*МСФИ 12 – Обелоденување на учества во други субјекти* бара во консолидираните финансиски извештаи, да се обелоденат информации што ќе им помогнат на корисниците на финансиските извештаи да ги оценат природата и ризиците поврзани со учествата во друштва и ефектите од тие учества врз неговата финансиска состојба, финансиска успешност и парични текови.

Усвојувањето на МСФИ 12 не резултираше со измени во посебните финансиските извештаи на Друштвото (Белешка 2.9).

*б) Стандарди, измени и толкувања кои се објавени и сеуште не се применети и не се прифатени порано од Страна на Друштвото*

Како што е наведено во Белешка 2.1, со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024“), МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Раководството предвидува дека сите релевантни објави ќе бидат усвоени за првиот период кој започнува на или по датумот на стапување во сила на објавата. Новите стандарди, измени и толкувања кои не се усвоени во тековната година, не се очекува да имаат материјално влијание врз посебните финансиски извештаи на Друштвото.

## 2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари (“Денари”) по средниот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 52,3050 денари | 58,8807 денари |
| 1 ЕУР | 61,4950 денари | 61,4950 денари |
| 1 ЦХФ | 66,1735 денари | 65,1775 денари |
| 1 ГБП | 90,5865 денари | 74,1350 денари |
| 1 ЦАД | 38,1862 денари | 40,9012 денари |
| 1 АУД | 35,0536 денари | 36,7003 денари |
| 1 ЈПУ | 0,3352 денари | 0,3737 денари |

## 2.4 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна односно претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот Завод за Статистика.

Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок во периодот на настанување.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога трошокот на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Извештајот за сеопфатната добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек.

Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите, постројките и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 40 години |
| Погонска опрема | 10 години |
| Останата опрема и моторни возила | 4-5 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат, и доколку е потребно се коригираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Приходите или расходите поврзани со отуѓување се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

## 2.5 Нематеријални средства

Нематеријални средства стекнати од страна на Друштвото се состојат од права и лиценци со дефиниран век на употреба. Тие се измерени според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација. Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Овие средства се амортизираат користејќи правопропорционална метода во текот на период од две до пет години.

## 2.6 Вложувања во недвижности

Недвижностите, сопственост на Друштвото, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на снабдување со стоки и услуги, за административни потреби или за нивна продажба, се признаени како вложувања во недвижности.

Овие вложувања се евидентирани според нивната набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста. Моделот на објективна вредност не е прифатен поради неможноста за нејзино веродостојно утврдување. Имено, споредливите пазарни трансакции за овие ставки на недвижности се ретки и при тоа, не постојат ниту алтернативни проценки, засновани на проекциите за дисконтирани парични текови.

Депрецијацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба. Корисниот век на средствата кои се изнајмуваат е ист како во Белешка 2.4.

### 2.7 Оштетување на нефинансиски средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба, недвижностите за изнајмување и нетековните средства чувани за продажба, се проверуваат за постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на услови укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

### 2.8 Вложување во подружници и придружени друштва

#### Подружници

Подружница е Друштво кое е контролирано од друго друштво. Друштвото оцени дека поседува контрола, затоа што е изложено или има право на варијабилни приноси по основ на неговата инволвираност во Друштвото во кое е инвестирано, има способност да влијае на тие приноси преку моќта што ја има врз Друштвото во кое е инвестирано и има способност да ја користи моќта за да влијае на износот на приносите.

Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или преземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вложувањето на Друштвото во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност.

#### Придружени друштва

Придружени друштва се субјекти врз кои Друштвото има значително влијание. Значително влијание е моќта да се учествува во одлуките на финансиските и оперативните политики на Друштвото во кое е инвестирано, но не преставува контрола или заедничка контрола врз тие политики. Доколку Друштвото поседува 20% или повеќе проценти се смета дека има значително влијание.

Раководството на Друштвото утврди постоењето на значително влијание, но не и контрола, преку следното: учество повеќе од 20%, застапеност во одборот на директори, учество во процесот на креирање политики и донесување на одлуки за дивиденди и други распределби, материјални трансакции, меѓусебна размена на раководен персонал и обезбедување на суштински технички информации.

Вложувањата во придружените друштва се евидентирани според набавна вредност.

## 2.9 Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположливи за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

### Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

### Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2025 финансиските средства кои се чуваат до доспевање се состојат од вложување во државни обврзници.

### Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба.

Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи, финансиски побарувања и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

### Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување.

### Признавање и мерење на финансиски средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка.

Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивки / загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во останата сеопфатна добивка се вклучува како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност во периодот на кој се однесуваат. Каматите од средствата расположливи за продажба пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во добивки/загуби како финансиски приходи. Приходи од дивиденди од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Финансиски средства (продолжува)

Депризнавање на финансиските средства

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

Оштетувањето на финансиските средства

а. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може да се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Друштвото може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба се намалува преку тековните добивки или загуби.

б. Финансиски средства расположливи за продажба

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во потточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, акумулираната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во Извештајот за финансиската состојба, се отстранува од сеопфатната добивка и се признава како добивка или загуба за периодот.
Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби.

## 2.10 Пребивање на финансиските средства и обврски

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

## 2.11 Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за завршување, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба. Трошокот на производите и производството во тек вклучува и соодветен дел на општи трошоци врз основа на нормалниот оперативен капацитет.

Залихи (продолжува)

Друштвото применува конзистентна методологија за обезвреднување на залихите, во согласност со сметководствениот принцип залихите да се искажат по пониска вредност помеѓу набавната вредност и нето реализационата вредност. Проценката се врши врз основа на старосна анализа на залихите по групи на артикли, при што се земаат предвид видот на артиклите, нивната наменска и пазарна употребливост, динамиката на обртот и можноста за нивна идна реализација. За секоја група на артикли се применуваат проценти на обезвреднување по старосни интервали, прикажани во соодветната пресметковна табела. Овие проценти се дефинирани од стручните служби на Друштвото, зависно од типот на артикл, неговите специфики и проценетиот ризик од намалена наплатливост, застареност или технолошка надминатост.

Износот на обезвреднувањето се утврдува со примена на соодветниот процент врз вредноста на залихите во секој старосен интервал и по секоја група на артикли, при што вкупниот износ се признава на товар на расходите, со соодветна исправка на вредност на залихите.

## 2.12 Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања.

Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на плаќања.

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби со признавање на резервирање поради оштетување. со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки/загуби. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка.

## 2.13 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања со оригинален рок на доспевање до три месеци.

## 2.14 Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

### (а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции. Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето на деловна активност се презентирани како намалување (нето од данокот) на приливите од емисијата.

### (б) Сопствени акции

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

### (в) Резерви

Резервите, кои се состојат од законски и други статутарни резерви, се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на раководството и акционерите на Друштвото. Согласно со законската регулатива резервите може да се користат за покривање на загубите, за купување на сопствени акции и исплата на дивиденди.

### (г) Акумулирана добивка

Акумулираните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

## 2.15 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на Друштвото на датумите на известување се класифицирани во категоријата останати финансиски обврски евидентирани по нивната амортизирана набавна вредност. Тие се состојат од примени позајмици, обврски кон добавувачи и останати обврски.

### Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски. Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка

### Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност, разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.
Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии. надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот.

Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### Депризнавање на финансиски обврски

Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

## 2.16 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба. Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

## 2.17 Лизинг

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

### Друштвото како корисник на лизинг

*Првично признавање:*

При примена на МСФИ 16, Друштвото ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight“) при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот.

Средствата со право на користење почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за лизинг, зголемена за плаќањата за лизинг направени пред или на денот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг и какви било директно зависни трошоци на договорот за лизинг. Последователно, средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација со и оштетување и се приспособуваат за одредени усогласувања на обврската за наем.

**Макпетрол АД, Скопје**
**Белешки кон посебните финансиски извештаи (продолжува)**
**Сметководствени политики (продолжува)**

**Лизинг (продолжува)**
Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на наемот и од корисниот век на употреба на средството и амортизацијата се признава како трошок во Извештајот за сеопфатна добивка.

Обврската за лизинг се признава на датумот на започнувањето на лизингот, во износ на сегашната вредност на плаќањата за лизингот, дисконтирани со користење на инкрементална стапка којашто се определува врз основа на просечна каматната стапка за задолжување на корпоративниот сектор објавена од народна Банка на Република Северна Македонија Последователно, обврската за лизинг се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за каматата на лизингот, се намалува за извршените исплати на обврската за лизинг и се приспособува при повторна процена на износот за кој се очекува дека ќе се плати или при промена на идните плаќања на лизингот.
Расходот за камата на обврската за лизинг се распределува и се признава во Извештајот за сеопфатна добивка за периодот на времетраење на лизингот.

На датумот на финансиска состојба, средствата со право на користење се вклучени во недвижности, постројки и опрема и обврските за лизинг се одделно прикажани во Обврски спрема добавувачи и останати обврски.

Друштвото како давател на лизинг
Лизингот каде Друштвото како давател суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен лизинг. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен лизинг во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на лизинг периодот на иста основа како приход од договори за лизинг. Непредвидените надомести за лизинг се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените надомести за лизинг се признаваат како одложен приход.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*
Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

Друштвото како закупец

Финансиски наем е тековен закуп на средство кој на Друштвото суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност или ако е пониска. тогаш по сегашната вредност на минималните наем плаќања. Плаќањата по основ на наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на наем обврските со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот. Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот. Со состојба на 31 декември 2024 година Друштвото нема класифицирани средства во оваа категорија. Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

Друштвото како закуподавач
Наемот каде Друштвото како закуподавач суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

## 2.18 Тековен и одложен данок на добивка

Трошокот за данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

### Тековен данок на добивка

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка. коригирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

Согласно преодните одредби од измени на Законот за данок на добивка, почнувајќи од 2025 година, Друштвото треба да го подготви Извештајот за трансферни цени, без обврска да го доставува до даночните власти. Поднесувањето ќе биде потребно само доколку тоа го побараат даночните власти. Најрано даночните власти би можеле да побараат документација за трансферни цени за 2025 година на 15 април 2026 година, а Друштвото ќе има обврска да ја достави во рок од 15 дена од барањето.

### Одложен данок на добивка

Одложениот данок на добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок на добивка се користат тековните важечки даночни стапки.

Одложениот данок на добивка се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот или останатата сеопфатна добивка, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот или во останатата сеопфатна добивка соодветно. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024, Друштвото нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

## 2.19 Надомести за вработените

### Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите. врз основа на платите. се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

### Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие, Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

### Обврски при пензионирање на вработените

Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото пресмета и евидентира резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

## 2.20 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместлив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и

- Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

## 2.21 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна процена. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

## 2.22 Признавање на приходите и расходите

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Приходите се признаваат кога контролата врз стоките или услугите се пренесува на клиентот, во износ кој ја одразува противвредноста на која Друштвото очекува да има право во замена за тие стоки или услуги. Друштвото го применува петстепениот модел согласно МСФИ 15, за сите категории приходи, како што следи:

1. Идентификување на договор со купувач;
2. Идентификување на обврски за извршување;
3.Утврдување на цената на трансакцијата;
4. Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5. Признавање на приходи кога обврските за извршување се задоволени.

При идентификување на обврската за извршување, Друштвото треба да ги процени добрата и услугите кои се ветени во договорот со купувачот и треба да го го идентификува секое ветување кое ќе му биде пренесено на купувачот: а) добро или услуга (или збир од добра и услуги) кои се различни; или б) серија од различни добра или услуги кои се суштински исти и кои имаат ист образец на пренос до купувачот.

Приходот се признава кога или како што обврските за извршување ќе се исполнат преку пренесување на контролата на ветените стоки или услуга на купувачот. Контролата или се префрла со текот на времето или во одреден момент од времето, што влијае на тоа кога ќе се евидентира приходот.

Како практично решение, Друштвото го применува упатството на група на договори со слични карактеристики наместо на еден договор со купувач. Пристапот на портфолио е прифатлив ако Друштвото разумно очекува дека ефектот од примената на пристапот на портфолио на група договори или група на обврски за извршување материјално не би се разликувал од тоа ако секој договор или обврска за извршување се земат предвид посебно. Тоа значи дека портфолио на договор со слични карактеристики не мора да има хомогени производи вклучени во овие договори.

Договорно средство – Право на Друштвото на надомест во замена за добра или услуги кои субјектот му ги пренел на купувачот кога тоа право е условено со нешто друго освен со одминување на времето (на пример, идно извршување од страна на субјектот).

Договорна обврска – Облигација на Друштвото да му пренесе добра или услуги на купувач за кои субјектот добил надомест (или плаќањето ќе доспее дополнително) од купувачот.

Износот на признатиот приход претставува надоместот што Друштвото очекува да го прими во замена за обезбедувањето на тие стоки или услуги. Приходите ја вклучуваат фер вредноста на продажбата на стоки и обезбедувањето услуги, намалени за данок на додадена вредност (ДДВ), царински давачки, попусти и рефундации.

Друштвото е водечки дистрибутер на нафтени деривати во РСМ со сопствена продажна мрежа (бензински станици), Приходите главно произлегуваат од продажба на нафта и нафтени деривати на мало и на големо.

## Приходи од продажба

### Продажба на големо – нафтени деривати

Приходот од продажба на стоки на големо се признаваат кога контролата се пренесува, најчесто при испорака во складиштата на клиентот или согласно договорените услови за испорака. Променливи компоненти на цената се вклучуваат само кога е високо веројатно дека нема да дојде до нивно извршување. Попусти или бонуси ја намалуваат трансакциската цена и се проценуваат врз основа на историски податоци за потрошувачка.

Условите за плаќање обично варираат во зависност од видот на продажбата и првенствено зависат од природата на производите или услугите, дистрибутивните канали и карактеристиките на секој поединечен купувач и вообичаено се од 15 до 30 денови.

### Продажба на мало – гориво на бензинските станици

Приходите од продажба на бензин, дизел, ТНГ и други деривати во малопродажба се признаваат во моментот на точење, кога:

- горивото е испорачано во резервоарот на возилото,
- клиентот платил или има обврска да плати.

Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

### Продажба на мало – трговска стока во бензинските станици

Приходите од продажба на трговска стока во бензинските станици се признаваат во моментот на продажбата, кога производите се предадени на купувачот на каса. Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

## Програми за лојалност

Преку картичката „Верна лојалност“, Друштвото спроведува програми за лојалност преку кои клиентите собираат поени што можат да се заменат за стоки.

Согласно МСФИ 15:

- поените претставуваат посебна обврска за извршување,
- дел од трансакциската цена се распределува на поените, и
- приходот поврзан со поените се признава при искористување или истек.

Приходите од корпоративните картички „Верна+припејд“ се признаваат кога горивото е испорачано, исто како и кај стандардната продажба на гориво.

За претплатени кодови или ваучери, приходот се одложува и се признава при искористување или по истек, врз основа на историски модели на користење.

Стапката на неискористени поени (breakage) се проценува врз основа на историски податоци.

Друштвото користи професионална проценка при:

- проценување на breakage на поени од лојалност,
- утврдување дали дејствува како главен или агент за одредени негоривни производи,
- проценка на променливи надоместоци од рабати и мотивациски шеми.

## Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Макпетрол АД, Скопје
Белешки кон посебните финансиски извештаи (продолжува)
Сметководствени политики (продолжува)

Признавање на приходи и расходи (продолжува)

### Приходи од лизинг

Приходи од лизинг на средства под оперативен лизинг се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на лизинг периодот. Непредвидените договори за лизинг, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од договори за лизинг во текот на лизинг периодот.

### Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

### Договорни средства и договорни обврски

Доколку Друштвото ја исполни обврската за извршување пред да го прими надоместот, Друштвото признава договорно средство, во зависност од тоа дали за доспевање на надоместот е потребно нешто друго освен поминувањето на времето.

Друштвото признава договорни обврски за примени надоместоци во однос на неисполнети обврски за извршување, доколку има.

### Финансиски приходи и расходи

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

### Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

### Пребивање на приходите и расходите

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи, Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*
Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместок што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Друштвото, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Друштвото.

### Приходи од продажба

Продажба на големо
Приходот од продажба на стоки на големо се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

Продажба на мало
Приходот од продажба на стоки на мало се признава во моментот на продажба на корисникот. Приходите од продажба на мало вообичаено се во готовина или со кредитна картичка. Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

### Приходи од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Признавање на приходи и расходи (продолжува)

### Приходи од наемнини

Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

### Финансиски приходи и трошоци

Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

### Приходи од дивиденди

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

### Расходи од деловното работење

Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

### Пребивање на приходите и расходите

Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи, Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

## 2.23 Распределба на дивиденда

Распределбата на дивиденди на акционерите на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Друштвото.

## 2.24 Преземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна процена на износот на загубата.

## 2.25 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

## 2.26 Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на Извештајот за финансиската состојба (настани за кои може да се врши коригирање) се рефлектирани во посебните финансиски извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 3 Управување со финансиски ризици

### 3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик, ликвидносен ризик и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот Одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитен ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 3.2 Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финансискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски, Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој клиент е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана. Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датумот на Извештајот на финансиската состојба, кои се прикажани во следната табела (во 000 мкд):

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Класи на финанс.средства - евидентирана вредност** | | |
| **Финансиски средства расположливи за продажба** | | |
| Удели во капиталот во домашни котирани и некотирани друштва | 1.834.910 | 1.867.910 |
| **Финансиски инструменти кои се чуваат до доспевање** | | |
| Обврзници издадени од државата | 1.228.200 | 1.035.116 |
| **Кредити и побарувања** | | |
| Финансиски побарувања | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | 287.499 | 192.277 |
| Побарувања по камати на купувачите, нето | 8.023 | 5.590 |
| Побарувања од продажба на платежни картички | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | 5.615 | 7.361 |
| Побарувања по камати од обврзници | 29.588 | 26.193 |
| Парични средства и еквиваленти | 272.579 | 484.803 |
| | **3.928.377** | **3.828.400** |

### 3.3 Ликвидносен ризик

Претпазливо управување со ликвидносниот ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Друштвото.

Макпетрол АД, Скопје
Белешки кон посебните финансиски извештаи (продолжува)
Управување со финансиски ризици (продолжува)

Ликвидносен ризик (продолжува)
Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски (000 мкд).

| | 31 декември 2025 | | 31 декември 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековни До 1 год. | Нетековни | Тековни До 1 год. | Нетековни |
| Обврски од добавувачи | 656.663 | - | 884.829 | - |
| Обврски за финансиски наем | 40.930 | 68.297 | - | - |
| Обврски за дивиденди | 11.490 | - | 8.722 | - |
| Позајмици | 153.063 | - | 41 | - |
| Обврски спрема вработените | 96.170 | - | 91.302 | - |
| | **958.316** | **68.297** | **984.894** | **-** |

## 3.4 Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијание на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

### Ризик од курсни разлики

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути. Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следи (000 мкд):

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| ЕУР | 12.040 | 13.895 |
| УСД | 15.011 | 22.828 |
| | **27.051** | **36.723** |
| **Обврски** | | |
| ЕУР | | 283.217 |
| УСД | 17.955 | 28.587 |
| | **112.464** | **311.804** |

### Анализа на сензитивноста

| | Промени во 2025 | Промени во 2024 | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | | Добивка или загуба (000 мкд) | |
| ЕУР | (82.469) | 1% | (825) | (2.693) |
| УСД | (2.944) | 5% | (147) | 288 |

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината. при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот за 1% во однос на ЕУР и други валути и 5% во однос на УСД. Негативен износ погоре означува намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај ако Денарот ја зголеми својата вредност во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР и други валути и 5% во однос на УСД. При намалување на вредноста на Денарот во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР и други валути и 5% во однос на УСД, ефектот врз добивката или останатиот капитал е еднаков, но со обратен предзнак, како што е прикажано во табелата погоре (во илјади денари).

### Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност.

Макпетрол АД Скопје
Белешки кон посебните финансиски извештаи (продолжува)
Управување со финансиски ризици (продолжува)

Пазарни ризици (продолжува)

| | 2025 (000 мкд) | 2024 (000 мкд) |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Фин. средства расположливи за продажба | 1.834.910 | 1.867.910 |
| Финансиски побарувања | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | 287.499 | 192.277 |
| Побарувања по камати на купувачите, нето | 8.023 | 5.590 |
| Побарувања од продажба на картички | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | 5.615 | 7.361 |
| Побарувања по камати од обврзници | 29.588 | 26.193 |
| Парични средства и еквиваленти | 225.496 | 217.530 |
| | **2.653.094** | **2.526.011** |
| *Со фиксна каматна стапка* | | |
| Финансиски инструменти кои се чуваат до доспевање | 1.228.200 | 1.035.116 |
| Парични средства и еквиваленти | 47.083 | 267.273 |
| | **1.275.283** | **1.302.389** |
| | **3.928.377** | **3.828.400** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни* | | |
| Обврски од добавувачи | 656.663 | 884.829 |
| Обврски за дивиденди | 11.490 | 8.722 |
| Обврски спрема вработени | 96.170 | 91.302 |
| | **764.323** | **984.853** |
| *Со фиксна каматна стапка* | | |
| Обврски за финансиски наем | 109.227 | - |
| Позајмици | 153.063 | 41 |
| | **262.290** | **984,894** |

## 3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот. Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

### Показател на задолженост

Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците обелоденети во Белешка 16, пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти. Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

| | 2025 (000 мкд) | 2024 (000 мкд) |
|---|---|---|
| Позајмици | 153.063 | 41 |
| Парични средства и парични еквиваленти | (272.579) | (484.803) |
| Нето обврски | (119.516) | (484.762) |
| Капитал – вкупно | 9.788.060 | 9.245.459 |
| | - | - |

## 3.6 Проценка на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството зависно од видот на средството или обврската.

### 3.6.1 Финансиски средства и обврски евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некоригирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци покрај котираните цени вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во Извештајот за финансиската состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи (во илјади денари):

| **31 декември 2025** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *Фин.средства расположливи за продажба* | | | | |
| Харт.од вред. кај котирани домашни друштва | 1,834,866 | - | 44 | 1,834,910 |

| **31 декември 2024** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *Фин.средства расположливи за продажба* | | | | |
| Харт.од вред. кај котирани домашни друштва | 1.867.866 | - | 44 | 1.867.910 |

Усогласувањето на салдата на овие средства помеѓу двата датуми на известување е објавено во Белешката 10.

### 3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Сметководствената и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

| | Евидентирана вр. | | Објективна вр. | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| **Средства** | | | | |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 1.228.200 | 1.035.116 | 1.228.200 | 1.035.116 |
| Финансиски побарувања | 140 | 290 | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | 287.499 | 192.277 | 287.499 | 192.277 |
| Побарувања од пресметани камати на купувачите, нето | 8.023 | 5.590 | 8.023 | 5.590 |
| Побарувања од продажба на платежни картички | 261.823 | 208.860 | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | 5.615 | 7.361 | 5.615 | 7.361 |
| Побарувања по камати од обврзници | 29.588 | 26.193 | 29.588 | 26.193 |
| Парични средства и еквиваленти | 272.579 | 484.803 | 272.579 | 484.803 |
| **Вкупни средства** | **2.093.467** | **1.960.490** | **2.093.467** | **1.960.490** |
| **Обврски** | | | | |
| Позајмици со камата | 153.063 | 41 | 153.063 | 41 |
| Обврски за финансиски наем | 109.227 | - | 109.227 | - |
| Обврски од добавувачи | 656.663 | 884.829 | 656.663 | 884.829 |
| Обврски за дивиденди | 11.490 | 8.722 | 11.490 | 8.722 |
| Обврски спрема вработени | 96.170 | 91.302 | 96.170 | 91.302 |
| **Вкупни обврски** | **1.026.613** | **984.894** | **1.026.613** | **984.894** |

#### Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност.

Макпетрол АД Скопје
Белешки кон посебните финансиски извештаи (продолжува)
Управување со финансиски ризици (продолжува)

Проценка на објективна вредност (продолжува)

### Останати финансиски средства

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

### Обврски спрема доверителите и обврски по кредити

Сметководствената вредност на обврските спрема доверителите и обврските по кредити соодветствува на нивната објективна вредност, поради нивното краткорочно доспевање.

## 4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 кон овие посебни финансиски извештаи, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засноваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да отстапуваат од таквите проценки.
Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

*Несигурност во проценките*

### Оштетување кај нефинансиски средства

При проценка на исправката на вредноста, Раководството го проценува надоместливиот износ на секое средство или групи кои генерираат готовина врз основа на очекуваните идни парични текови и примена на каматна стапка за нивно дисконтирање. Овие претпоставки, Друштвото ги проверува на годишно ниво. Несигурноста за проценка се однесува на претпоставки за идните резултати од работењето и утврдување на соодветна стапка за дисконтирање. Раководството на Компанијата го зеде во предвид целокупното влијание на глобална политичка – економска и енергетска криза при проценка на исправката на вредноста и смета дека нема ефект врз исправката на вредноста на средствата.

### Употребен век на средствата што се амортизираат

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2025 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5, 6 и 7. Фактичките резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност, посебно во делот на ИТ опремата и софтверите.

### Оштетување на побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Друштвото пресметува оштетување за побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања врз основа на процена на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При процена на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи, дадените позајмици и останатите побарувања, процената се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното и може да го надминат нивото на загубите поради оштетувања кои се досега признати. Во текот на 2025 година не се направени промени во претходно користените претпоставки.

### Залихи

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При процената на нето реализационата вредност, клучни претпоставки кои ги користи Друштвото се проценетите трошоци за продажба и очекуваната продажна цена. Овие претпоставки, Друштвото ги проверува на годишно ниво. Друштвото ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

### Објективна вредност на финансиски средства

Доколку пазарот на финансиски инструменти не е активен, Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за процена. Во примената на техниките за процена. Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоците не се видливи. Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

### Резервирања

Резервирањата се проверуваат на секој датум на Извештајот за финансиската состојба и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската. Во текот на 2025 година не се направени промени во претходно користените претпоставки.

## 5 Недвижности, постројки и опрема

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и останати средства | Аванси за. инвест.во тек | Средства со право на користење | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2024 година** | | | | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 960,938 | 5.040.515 | 3.026.682 | 263.452 | - | 9.291.587 |
При ретроспективна промена во сметководствената политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога е тоа изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во смеководствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности за средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетно салдо на секоја засегната компонента на главнината за тој период.

Согласно МСФИ, колку што е тоа изводливо, Друштвото ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски извештај одобрен за објавување , откако истата била откриена , така што

а) повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила, или

б) доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот претходно презентиран период.

Кога е непрактично да се одредат ефектите на грешката за специфичен период врз компаративните информации за еден или повеќе претходно презентирани периоди, ентитетот повторно ги прикажува почетните салда на средствата , обврските и главнината за најраниот период за кој е изводливо ретроспективно повторно прикажување ( што може да биде и тековниот период) .

## 6. Управување со ризик

### 6.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи ризик од кредитирање и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот Одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, ризикот од кредитирање, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 6.2 Ризик од кредитирање

Друштвото нема значителна концентрација на ризик од кредитирање. Друштвото има политики со цел да обезбеди дека продажбата на производи и услуги се врши на клиенти со соодветна кредитна историја. Друштвото има политики кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датата на извештајот на финансиската состојба.

### 6.3 Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии.

## 6.4 Пазарни ризици

**Ризик од курсни разлики**

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на странските валути за +/- 10%.

**Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност**

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и готовински текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

## 6.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход за акционерите и бенфиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот за намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

**Показател на задолженост**

Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците , пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, останати резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

7. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 28.828.638 | 0 | 27.852.968 | 71.385.889 | 0 | **128.067.495** |
| Зголемување | 6.865.543 | | 303.087 | 838.157 | 7.738.584 | **15.745.371** |
| Намалување | 7.890.207 | | 126.287 | 2.850.000 | 7.738.584 | **18.605.078** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 27.803.974 | 0 | 28.029.768 | 69.374.046 | 0 | **125.207.788** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 28.493.457 | 0 | 23.974.834 | 68.927.057 | 0 | **121.395.348** |
| Амортизација | 1.460.802 | | 1.281.449 | 908.490 | | **3.650.741** |
| Намалување | 7.890.207 | | 126.287 | 2.850.000 | | **10.866.494** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 22.064.052 | 0 | 25.129.996 | 66.985.547 | 0 | **114.179.595** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 година (тековна година)** | **5.739.922** | **0** | **2.899.772** | **2.388.499** | **0** | **11.028.193** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **335.181** | **0** | **3.878.134** | **2.458.832** | **0** | **6.672.147** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 28.828.638 | | 23.559.536 | 69.093.469 | | **121.481.643** |
| Зголемување | | | 4.319.960 | 2.292.420 | 6.337.900 | **12.950.280** |
| Намалување | | | 26.528 | | 6.337.900 | **6.364.428** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 28.828.638 | 0 | 27.852.968 | 71.385.889 | 0 | **128.067.495** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 28.376.335 | | 22.791.528 | 66.396.217 | | **117.564.080** |
| Амортизација | 117.122 | | 1.209.834 | 2.530.840 | | **3.857.796** |
| Намалување | | | 26.528 | | | **26.528** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 28.493.457 | 0 | 23.974.834 | 68.927.057 | 0 | **121.395.348** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **335.181** | **0** | **3.878.134** | **2.458.832** | **0** | **6.672.147** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | **452.303** | **0** | **768.008** | **2.697.252** | **0** | **3.917.563** |

## 8. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 1.068.713.183 | 5.294.095.022 | 3.334.288.204 | 316.838.385 | **10.013.934.794** |
| Зголемување | 530.405 | 222.841.268 | 194.670.289 | 357.307.614 | **775.349.576** |
| Намалување | 8.738.101 | 22.511.062 | 22.192.855 | 333.567.164 | **387.009.182** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 1.060.505.487 | 5.494.425.228 | 3.506.765.638 | 340.578.835 | **10.402.275.188** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | 2.727.042.101 | 2.679.612.265 | | **5.406.654.366** |
| Амортизација | | 122.249.609 | 194.888.996 | | **317.138.605** |
| Намалување | | 22.370.096 | 22.314.937 | | **44.685.033** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 2.826.921.614 | 2.852.186.324 | 0 | 5.679.107.938 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 (тековна година)** | **1.060.505.487** | **2.667.503.614** | **654.579.314** | **340.578.835** | **4.723.167.250** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **1.068.713.183** | **2.567.052.921** | **654.675.939** | **316.838.385** | **4.607.280.428** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | 960.938.605 | 5.062.392.364 | 3.280.003.237 | 263.409.552 | **9.566.743.758** |
| Зголемување | 111.961.428 | 237.266.567 | 109.161.641 | 641.203.954 | **1.099.593.590** |
| Намалување | 4.186.850 | 5.563.909 | 54.876.674 | 587.775.121 | **652.402.554** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 1.068.713.183 | 5.294.095.022 | 3.334.288.204 | 316.838.385 | **10.013.934.794** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | 2.613.702.470 | 2.569.104.135 | | **5.182.806.605** |
| Амортизација | | 118.535.894 | 164.841.581 | | **283.377.475** |
| Намалување | | 5.196.263 | 54.333.451 | | **59.529.714** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | **0** | **2.727.042.101** | **2.679.612.265** | **0** | **5.406.654.366** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **1.068.713.183** | **2.567.052.921** | **654.675.939** | **316.838.385** | **4.607.280.428** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | **960.938.605** | **2.448.689.894** | **710.899.102** | **263.409.552** | **4.383.937.153** |

## 8-а. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА СО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЗИНГ

| О П И С | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | 72.236.238 | 85.488.977 | | **157.725.215** |
| Зголемување | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 72.236.238 | 85.488.977 | 0 | **157.725.215** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2025 (тековна година) | | | | | **0** |
| Амортизација / Депрецијација | | 15.155.328 | 27.915.420 | | **43.070.748** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2025 (тековна година) | 0 | 15.155.328 | 27.915.420 | 0 | 43.070.748 |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025 (тековна година)** | **0** | **57.080.910** | **57.573.557** | **0** | **114.654.467** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025 (тековна година)** | **0** | **72.236.238** | **85.488.977** | **0** | **157.725.215** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | **0** |
| Зголемување | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | **0** |
| Амортизација / Депрецијација | | | | | **0** |
| Намалување | | | | | **0** |
| Салдо на 31 Декември 2024 (претходна година) | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024 (претходна година)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024 (претходна година)** | | | | | **0** |

9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

| 2025 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Обртно стадо | Повеќегодиш-ни насади | Средства во подготовка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2025 (тековна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | **0** |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | **0** |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | **0** |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Состојба на 31 Декември 2025 (тековна година) | | | | | | **0** |
| Нетековни средства | | | | | | **0** |
| Тековни средства | | | | | | **0** |
| **Вкупно биолошки средства** | | | | | | **0** |
| **2024** | | | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2024 (претходна година) | | | | | | **0** |
| Зголемување како резултат на набавки | | | | | | **0** |
| Намалување како резултат на продажби | | | | | | **0** |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | | | | | | **0** |
| Промена на вредноста на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | | | | **0** |
| Состојба на 31 Декември 2024 (претходна година) | | | | | | **0** |
| Нетековни средства | | | | | | **0** |
| Тековни средства | | | | | | **0** |
| **Вкупно биолошки средства** | | | | | | **0** |

## 10. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Вложување во конвертибилни обврзници | | |
| Вкупно: | | |

Број на конвертибилни обврзници:

Права кои ги носат конвертибилните обврзници:

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 610.444.102 | 492.816.126 |
| Побарувања од купувачи во странство | 27.051.102 | 30.623.224 |
| Застарени, сомнителни и спорни побарувања | 716.676.303 | 723.675.430 |
| Ведносно усогласување на побарувања | 740.365.849 | 740.650.511 |
| Вкупно: | **613.805.658** | **506.464.269** |

## 12. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 196.666.131 | 256.905.982 |
| Парични средства во денарска благајна | 61.544.905 | 3.599.052 |
| Девизна сметка | 207.687 | 6.379.442 |
| Девизна благајна | 12.310 | 99.949 |
| Вкупно: | **258.431.033** | **266.984.425** |

## 13. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

| Родови на акции | Во сопственост на | 01.01.2025 | % | Состојба | | 31.12.2025 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 (тековна година) | | | | зголем. | намал. | | |
| Обични акции | Физички лица | 1.903.400.000 | 54,64% | | 93.775.000 | 1.809.625.000 | 51,94% |
| | Правни лица | 1.232.064.000 | 35,37% | 93.775.000 | | 1.325.839.000 | 38,06% |
| | Откупени сопствени акции | 348.378.000 | 10,00% | | | 348.378.000 | 10,00% |
| Приоритетни акции | ФПИО | 0 | | | | 0 | |
| Вкупно: | | 3.483.842.000 | 100,00% | 93.775.000 | 93.775.000 | 3.483.842.000 | 100,00% |

| 2024 (претходна година) | | 01.01.2024 | % | Состојба | | 31.12.2024 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | зголем. | намал. | | |
| Обични акции | Физички лица | 2.064.941.000 | 59,27% | | 161.541.000 | 1.903.400.000 | 54,64% |
| | Правни лица | 1.070.523.000 | 30,73% | 161.541.000 | | 1.232.064.000 | 35,36% |
| | Откупени сопствени акции | 348.378.000 | 10,00% | | | 348.378.000 | 10,00% |
| Приоритетни акции | ФПИО | | | | | 0 | |
| Вкупно: | | 3.483.842.000 | 100,00% | 161.541.000 | 161.541.000 | 3.483.842.000 | 100,00% |

## 14. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

| Обврски со рок на достасување над 5 години: | | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|
| Вид на обврска: | Вид на обезбедување: | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски кон добавувачи | | | |
| Обврски спрема поврзани друштва по основ на заеми и кредити | | | |
| Обврски по основ на кредити | | | |
| Обврски по основ на заеми | | | |
| Останати долгорочни обврски | | | |
| Долгорочни обврски од право на користење на средства земени на лизинг | | | |
| Вкупно: | | 0 | 0 |

15. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 454.909.176 | 464.095.179 |
| Добавувачи во странство | 110.266.758 | 310.739.056 |
| Добавувачи за нефактурирани стоки | | |
| Вкупно: | **565.175.934** | **774.834.235** |

16. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Краткорочни обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | |
| Краткорочни кредити во земјата | 153.063.324 | 41.525 |
| Краткорочни кредити во странство | | |
| Краткорочни обврски по основ на право на користење на средства земени на лизинг | | |
| Вкупно: | **153.063.324** | **41.525** |

17. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од продажба во земјата | 30.351.402.910 | 30.251.080.568 |
| Приходи од продажба во странство | 492.532.555 | 420.116.479 |
| Вкупно: | **30.843.935.465** | **30.671.197.047** |

## 18. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 124.470.600 | 120.962.513 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 2.554.718 | 20.640.281 |
| Приходи од државни поддршки | 5.599.832 | |
| Вкупно: | **132.625.150** | **141.602.794** |

## 19. ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 429.750.269 | 417.034.657 |
| Трошоци за саеми | | 85.170 |
| Наемнина | | 39.180.576 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 14.390.694 | 16.924.488 |
| Трошоци за членови на органот на управување, надзорниот одбор и за членовите на останатите органи | 9.480.960 | 8.989.394 |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама | 19.964.361 | 29.427.889 |
| Премии за осигурување | 87.269.269 | 83.507.970 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 83.566.483 | 78.806.964 |
| Трошоци за ревизија | 2.134.345 | 2.257.699 |
| Трошоци за останати интелектуални услуги | 19.804.440 | 18.614.337 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 12.952.595 | 5.329.525 |
| Загуби од отуѓување на нетековни средства | | |
| Останати расходи | 705.378.681 | 671.833.975 |
| Вкупно останати оперативни расходи | **1.384.692.097** | **1.371.992.644** |

## 20. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА

| О П И С | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на купопродажни односи | 2.981.634 | 13.637.140 |
| Обврски по основ на купопродажни односи | 16.415.374 | 31.110.934 |
| Приходи од продажба на готови производи | 707.708 | 972.163 |
| Приходи од продажба на стоки | 102.008.490 | 39.946.273 |

Изготвил:
**Бојан Лекиќ**
Раководител на Сектор за сметководство

Одобрил:
**Михајло Борозанов**
Директор на Дирекција за Финансии

Grant Thornton

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
СКОПЈЕ 10
Примено: 31-03-2026
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
0504-1519/1

# Консолидирани финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

Макпетрол АД Скопје и подружници

31 декември 2025 година

**Макпетрол а.д., Скопје и подружници**

# Содржина

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Консолидиран Извештај за финансиската состојба | 7 |
| Консолидиран Извештај за сеопфатната добивка | 8 |
| Консолидиран Извештај за промените во капиталот | 9 |
| Консолидиран Извештај за паричните текови | 10 |
| Белешки кон Консолидираните финансиски извештаи | 11 |
| Прилози | |

# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**T** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До Акционерите на

Матичното Друштво - Макпетрол АД, Скопје

## Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Макпетрол АД Скопје („Групата“), коишто го вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба на 31 декември 2025 година, како и консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промените во капиталот и консолидираниот извештај за паричните текови за годината која што завршува тогаш, и белешки кон консолидираните финансиските извештаи, вклучително и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните консолидирани финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Групата на 31 декември 2025 година, како и нејзината консолидирана финансиска успешност и нејзините консолидирани парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствени стандарди во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[1]. Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Групата во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Клучни ревизорски прашања*

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионалното расудување, имале најголема значајност за нашата ревизија на консолидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година. Овие прашања беа опфатени во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина, и во формирањето на нашето ревизорско мислење и ние не даваме посебно мислење во однос на овие прашања.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР”) преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

grantthornton.mk

Grant Thornton

| *Клучни ревизорски прашања* | *Ревизорски пристап* |
|---|---|
| *Признавање на приходи* | |
| Како што е обелоденето во Белешка 5 кон придружните консолидирани финансиски извештаи, за годината што завршува на 31 декември 2025 година, во сегмент трговија вклучени се приходи од продажба во износ од 30.968.375 илјади денари. Дополнителни информации во однос на сметководствените политики за признавање на приходите се обелоденети во Белешка 2 – Материјални сметководствени политики, кон консолидираните финансиски извештаи.<br><br>Приходите главно произлегуваат од продажба на нафтени деривати, природен гас и трговска стока, кои се реализираат преку малопродажната мрежа на бензински станици, како и преку продажба на големо на домашниот и странскиот пазар од страна на Матичното Друштво. Значителен дел од трансакциите се обработуваат преку автоматизирани информатички системи и системи за продажба на бензинските станици и преку програмата за лојалност на купувачите.<br><br>Со оглед на големиот обем на трансакции, комплексноста на информатичките системи преку кои се евидентираат продажбите и потребата приходите да бидат признаени во соодветниот пресметковен период, постои ризик приходите да не бидат целосно или точно евидентирани.<br><br>Дополнително, според ревизорските стандарди, признавањето на приходите се смета за област со инхерентен ризик од материјално погрешно прикажување поради измама.<br><br>Поради значајноста на приходите во консолидираните финансиските извештаи, големиот број трансакции и зависноста од автоматизирани системи за обработка на продажбите, настанувањето, точноста и временското разграничување на приходите признаени кај Матичното Друштво, ги сметавме за клучно ревизорско прашање. | Врз основа на проценета на ризикот, нашите ревизорски процедури во областа на признавање на приходите кај Матичното Друштво, вклучуваа, меѓу другото:<br><br>- Со цел да ги процениме ризиците од материјално погрешно прикажување, најпрво стекнавме разбирање за текот на процесите и интерните контроли поврзани со признавањето на приходите, земајќи го предвид корпоративното опкружување и барањата на сметководствените стандарди во примена во Република Северна Македонија.<br><br>- Врз основа на идентификуваните ризици од материјално погрешно прикажување во рамките на овие ревизорски постапки, селектиравме рачни и автоматизирани контроли, како и поврзани општи ИТ контроли, од контролите релевантни за ревизијата во однос на признавањето на приходите. Потоа, овие контроли ги тестиравме за оперативна ефективност со цел да се оцени нивната функционалност во текот на извештајната година. Во овој контекст, вклучивме и ИТ специјалист.<br><br>Покрај тестирањето на оперативната ефективност на воспоставените контроли, ги спроведовме следните суштински постапки како одговор на идентификуваните ризици од материјално погрешно прикажување:<br><br>- Ја оценивме конзистентноста во примената на политиката за признавање на приходи преку повторно разгледување на сметководствените политики за различните извори на приходи на Матичното друштвото.<br><br>- Извршивме тестирање на контроли поврзани со евидентирањето на приходите од готовинска продажба преку малопродажната мрежа на бензински станици, како и контролите поврзани со фактурната малопродажба и продажбата на големо.<br><br>- Користејќи листа на трансакции евидентирани во текот на периодот, селектиравме примерок од трансакции и ги проверивме придружните документи, како што се продажни фактури, испратници и извештаи од бензинските станици, со цел да утврдиме дали приходите се признаени во соодветен износ.<br><br>- Извршивме тестирање на одобрените рабати и попусти на примерок од трансакции преку проверка на договорите со купувачите, одобренијата од Раководството и пресметките на рабатите, со цел да оцениме дали тие се соодветно пресметани, одобрени и евидентирани во финансиските извештаи.<br><br>- Извршивме тестирање на продажните цени на примерок од трансакции со цел да утврдиме дали применетите цени се усогласени со одлуките за цени на нафтените деривати утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика. |

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

| | |
|---|---|
| | - Извршивме интервјуа со вработени вклучени во активности во области во кои е идентификуван ризик од измама, со цел да добиеме нивни согледувања за ризикот и начинот на кој контролите го адресираат истиот.<br><br>- Спроведовме аналитички постапки преку анализа на приходите по месеци, по типови на продажба (малопродажба и продажба на големо) и по главни категории на производи. Дополнително, извршивме анализа на продадените количини и применетите продажни цени по месеци и ги споредивме со соодветните податоци од претходниот период со цел да идентификуваме евентуални невообичаени трендови или отстапувања.<br><br>- Ги тестиравме трансакциите што се случиле непосредно пред и по крајот на годината, прибавувајќи докази за соодветно временско признавање на приходите, врз основа на условите утврдени во договорите и документите за испорака.<br><br>- Ја тестиравме соодветноста на книжењата во главната книга преку разговори со лица вклучени во процесот на финансиско известување во однос на несоодветни и невообичаени активности, како и преку тестирање на ставови за сметководствено евидентирање. Разгледавме дали постои доказ за пристрасност на Раководството во значајните сметководствени проценки и расудувања релевантни за признавањето на приходите. Исто така, го оценивме целокупното контролно опкружување на Друштвото и извршивме интервјуа со повисокото раководство.<br><br>Од извршените ревизорски постапки не беа идентификувани отстапувања ниту материјални погрешни прикажувања. |
| *Претпоставки користени при вреднување на залихите* | |
| Врз основа на ревизорските стандарди во примена во Република Северна Македонија и нашата ревизорска методологија, сметководствените проценки претставуваат области што вклучуваат значајни расудувања на Раководството и бараат зголемено внимание од страна на ревизорот.<br><br>Раководството ја проценува нето-реализационата вредност на залихите на секој датум на известување, земајќи ги предвид најрелевантните и најверодостојните докази достапни во моментот на проценката. Матичното Друштво применува конзистентна методологија за обезвреднување на залихите, во согласност со сметководствениот принцип залихите да се искажат по пониска вредност помеѓу набавната вредност и нето реализационата вредност. Проценката се врши врз основа на старосна анализа на залихите по групи на артикли, при што се земаат предвид видот на артиклите, нивната наменска и пазарна употребливост, динамиката на обртот и можноста за нивна идна реализација. | Врз основа на процената на ризикот, нашите ревизорски процедури во оваа област, вклучуваа, меѓу другото:<br>- Проверка дали залихите се вреднувани по пониската вредност помеѓу набавната вредност и нето-реализациона вредност, преку тестирање на начинот на кој Раководството ја извршило сметководствената проценка и претпоставките кои се користени.<br><br>- При присуство на пописот на залихите, ја проверивме состојбата и карактеристиките на залихите (на пример: оштетени залихи, застарени или нефункционални залихи, или отпишани залихи) и утврдивме кои ставки, доколку ги има, се предмет на исправка на вредност. Исто така, извршивме разговори со магацинскиот и друг оперативен персонал во врска со залихи што можеби се бавно-обртни, оштетени или застарени.<br><br>- Извршивме анализа на старосната структура на залихите. |

| | |
|---|---|
| Со оглед дека залихите претставуваат значајна ставка во финансиските извештаи и дека нивното вреднување вклучува значајни проценки и професионално расудување од страна на Раководството, оваа област ја сметавме за клучно ревизорско прашање.<br><br>Поврзаните сметководствени политики, расудувања и проценки се обелоденети во Белешките 2.13, 4 и 15 кон финансиските извештаи. | Од извршените ревизорски постапки не беа идентификувани отстапувања ниту материјални погрешни прикажувања. |

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за консолидираните финансиски извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на консолидирани финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со консолидираните финансиски извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку произлегува дека се материјално погрешни. Доколку врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека има материјално погрешно прикажување во овие останати информации, од нас се бара да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

*Одговорност на Раководството за консолидираните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи подготвување на консолидирани финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на консолидирани финансиски извештаи, Раководството е одговорно за процена на способноста на Групата да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако Раководството или има намера да го ликвидира Групата или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиското известување на Групата.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување е високо ниво на уверување, но не и гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие консолидираните финансиски извештаи.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[2], применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доставтни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Групата.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените процени и поврзаните обелоденувања направени од страна на Раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на Раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Групата да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во консолидираните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Групата да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на консолидираните финансиски извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали консолидираните финансиски извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето, ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на консолидираните финансиски извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога, во екстремно ретки ситуации, сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативните последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со член 384/240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2024, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија[3], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР”) преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Grant Thornton

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во консолидираниот годишен извештај за работењето на Групата Макпетрол АД, Скопје со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групата со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025.

Партнер на ревизорскиот ангажман од кој произлегува извештајот на независниот ревизор е Маја Атанасовска.

Маја Атанасовска
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Маја Атанасовска
Овластен ревизор

Скопје, 31 март 2026 година

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# Консолидиран Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 4.723.167 | 4.607.280 |
| Нематеријални средства | 7 | 11.028 | 6.672 |
| Вложувања во недвижности | 8 | 24.118 | 24.849 |
| Вложувања во придружени друштва | 10 | 743.012 | 717.093 |
| Финансиски средства распол. за продажба | 12 | 1.834.910 | 1.867.910 |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 13 | 1.228.200 | 1.035.116 |
| Останати долгорочни побарувања | 16 | 2.531 | - |
| Финансиски побарувања | 14 | - | 290 |
| | | **8.566.966** | **8.259.210** |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски побарувања | 14 | 140 | - |
| Залихи | 15 | 1.257.847 | 1.209.886 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 16 | 1.515.637 | 967.142 |
| Парични средства и еквиваленти | 17 | 324.857 | 547.413 |
| | | **3.098.481** | **2.724.441** |
| **Вкупно средства** | | **11.665.447** | **10.983.651** |
| | | | |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | 18 | | |
| Акционерски капитал | | 3.483.842 | 3.483.842 |
| Сопствени акции | | (348.378) | (348.378) |
| Резерви | | 3.839.890 | 3.430.862 |
| Акумулирани добивки | | 2.911.158 | 2.769.436 |
| | | **9.886.512** | **9.335.762** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Обврски за финансиски наем | 20 | 73.662 | - |
| | | **73.662** | **-** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици со камата | 19 | 153.063 | 41 |
| Обврски за данок на добивка | | 35.687 | 18.925 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 20 | 1.516.523 | 1.628.923 |
| | | **1.705.273** | **1.647.889** |
| **Вкупно обврски** | | **1.778.935** | **1.647.889** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **11.665.447** | **10.983.651** |

Овие Консолидирани финансиски извештаи се одобрени од Управниот Одбор на Матичното Друштво на ден 26 март 2026 година и се потпишани во негово име од:

Г-дин Андреја Јосифовски
Претседател на Управен Одбор

Г-дин Михајло Борозанов
Директор на Дирекција за финансии

# Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 30.968.375 | 30.792.038 |
| Приходи од реализирани државни поддршки | 21 | - | 3.364 |
| Останати деловни приходи | 22 | 350.375 | 375.860 |
| | | | |
| Потрошени материјали | 23 | (258.339) | (259.407) |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (26.178.500) | (26.361.694) |
| Трошоци за вработени | 24 | (2.074.432) | (1.942.287) |
| Депрецијација и амортизација | 6,7,8 | (317.140) | (277.310) |
| Останати деловни трошоци | 25 | (1.228.832) | (1.174.532) |
| Промени во залихи | | (8.878) | (9.342) |
| **Добивка од работењето** | | **1.252.629** | **1.146.690** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 26 | 85.113 | 49.584 |
| Финансиски (расходи) | 26 | (21.430) | (5.365) |
| Нето финансиски приходи | | **63.683** | **44.219** |
| | | | |
| Удел во добивките на придружени друштва | 11 | 25.919 | 16.628 |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.342.231** | **1.207.537** |
| | | | |
| Данок на добивка | 27 | (130.462) | (102.841) |
| **Добивка за годината по оданочување** | | **1.211.769** | **1.104.696** |
| | | | |
| **Останата сеопфатна добивка за годината** | | | |
| Промена на обј. вред. на фин. с-ва распол. за прод. | 12.18 | (33.000) | 930.666 |
| Преведување на странски валути | 18 | *(11.060)* | (58) |
| | | **(44.060)** | **930.608** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **1.167.709** | **2.035.304** |
| | | | |
| Добивка за сопствениците | | 1.211.769 | 1.104.696 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за сопствениците** | | **1.167.709** | **2.035.304** |
| | | | |
| **Заработувачка по акција** | 28 | | |
| - Основна и разводнета (Денари по акција) | | 11.981 | 10.922 |

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Консолидирани финансиски извештаи
31 декември 2025 година

# Консолидиран Извештај за промените во капиталот

| | Акционерски капитал 000 мкд | Резерви 000 мкд | Акумулирани добивки 000 мкд | Вкупно 000 мкд |
|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2025 година** | **3.135.464** | **3.430.859** | **2.769.439** | **9.335.762** |
| **Трансакции со сопственицините** | | | | |
| Распоред во резерви (Б.18) | - | 453.091 | (453.091) | - |
| Распоред за дивиденди (Б.18) | - | - | (616.959) | (616.959) |
| | **-** | **453.091** | **(1.070.050)** | **(616.959)** |
| ***Сеопфатна добивка*** | | | | |
| Добивка за годината | - | - | 1.211.769 | 1.211.769 |
| Останата сеопфатна добивка | - | (44.060) | - | (44.060) |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | (44.060) | 1.211.769 | **1.167.709** |
| **На 31 декември 2025 година** | **3.135.464** | **3.839.890** | **2.911.158** | **9.886.512** |
| | | | | |
| **На 01 јануари 2024 година** | **3.135.464** | **2.191.678** | **2.508.761** | **7.835.903** |
| ***Трансакции со сопственицините*** | | | | |
| Распоред во резерви (Б.18) | - | 308.573 | (308.573) | - |
| Распоред за дивиденди (Б.18) | - | - | (535.445) | (535.445) |
| | **-** | **308.573** | **(844.018)** | **(535.445)** |
| ***Сеопфатна добивка*** | | | | |
| Добивка за годината | - | - | 1.104.696 | 1.104.696 |
| Останата сеопфатна добивка | - | 930.608 | - | 930.608 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **930.608** | **1.104.696** | **2.035.304** |
| **На 31 декември 2024 година** | **3.135.464** | **3.430.859** | **2.769.439** | **9.335.762** |

# Консолидиран Извештај за паричните текови

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2025 000 мкд | 31 декември 2024 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Приливи од купувачи | | 30.622.470 | 31.181.174 |
| Исплати на добавувачи и вработени | | (29.984.133) | (29.710.414) |
| | | 638.337 | 1.470.760 |
| (Платена) камата | | (1.728) | (1.953) |
| (Платен) данок од добивка | | (113.700) | (28.443) |
| | | **522.909** | **1.440.364** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Прилив од продадени недвиж. постројки и опрема | | 9.183 | 23.822 |
| (Плаќања) за набавка на недвиж. постројки и опрема | | (289.434) | (500.129) |
| (Плаќања) за набавка на нематеријални средства | | (8.007) | (6.339) |
| Одливи за вложување во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | (193.084) | (1.035.116) |
| Вложувања во хартии од вредност | | 367 | - |
| Прилив од наплата на фин. Побарувања | | 150 | 513 |
| Наплатени камати | | 71.477 | 47.923 |
| Приливи од дивиденди | | 136.112 | 113.672 |
| | | **(273.236)** | **(1.355.654)** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Платени дивиденди | | (614.191) | (533.679) |
| (Отплата) на кредити | | (3.421.465) | (2.562.744) |
| Приливи од кредити | | 3.574.487 | 2.562.628 |
| | | **(461.169)** | **(533.795)** |
| **Нето промена на парич.средства и еквиваленти** | | **(211.496)** | **(449.085)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 547.413 | 996.556 |
| Преведување на странски валути | | (11.060) | (58) |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | **16** | **324.857** | **547.413** |

# Белешки кон консолидираните финансиски извештаи

## 1 Општи информации

Макпетрол а.д.. Скопје (“Матичното Друштво”) е Акционерско Друштво основано во Република Северна Македонија. Адресата на неговото регистрирано седиште е следната: Ул. “Св. Кирил и Методиј”. бр.4. 1000 Скопје. Република Северна Македонија.
Матичното Друштво е основано во 1947 година и е најголем специјализиран дистрибутер на нафтени деривати и гас во Република Северна Македонија. Групата има деловни активности и на меѓународните пазари. Со состојба на 31 декември 2025 година Групата вработува 2.027 лица (2024: 2.027 лица).

Од 2002, акциите на Матичното Друштво котираат на официјалниот пазар на Македонска берза на хартии од вредност и со состојба на датумот на овој консолидиран Извештај. Матичното Друштво е рангирано меѓу првите 10 најликвидни правни субјекти кои котираат на Берзата и учествуваат во формирањето на Македонскиот Берзански Индекс.
Тековните активности на Матичното Друштво исто така вклучуваат и продажба на големо и мало на различни видови стока како и ексклузивно застапништво и дистрибуција за неколку марки како што се: Хонда, Валволине, Goodyear и DELL.

Консолидираните финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на Матичното Друштво и подружниците (во продолжение “Групата”) кои се целосно под нејзина контрола. Контролата се остварува преку можноста на Матичното Друштво да управува со финансиските и деловните политики на подружниците, како и да ги користи придобивките од нивните активности.

Следната табела ги прикажува консолидираните подружници и учеството на Матичното Друштво во нивниот капитал.

| | | | | | 31 декември 2025 | | 31 декември 2024 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % од учест. | Земја на основање | Дејност | Валута | Износ во вал. | (000 МКД) | Износ во вал. | (000 МКД) |
| ТРД Телевизија Макпетрол Телма дооел Скопје | 100,00 | Македонија | Телевизиска програма и емитување | МКД | - | 225.309 | - | 225.309 |
| Пром-гас дооел Скопје | 100,00 | Македонија | Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива | МКД | - | 10.000 | - | 10.000 |
| Пром-гас дооел Скопје Макпетрол доо Белград | 100,00 | Србија | Трговија | УСД | 452.500 | 25.075 | 452.500 | 25.075 |
| Петролмак Солун | 100,00 | Грција | Трговија | ЕУР | 810.005 | 49.856 | 810.005 | 49.856 |
| | | | | | | **310.240** | | **310.240** |

## 2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години. освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1 Основи за подготовка

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” бр. 28/2004 ... 191/2025) и Правилникот за начинот на водење на сметководство (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 75/2024) („Правилник за сметководство“), каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со примена од 01 јануари 2025. Овој Правилник за сметководство ги вклучува Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ“) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните стандарди за сметководство („МСС“) - МСС 1 до МСС 41, толкувања од Меѓународниот комитет за толкување на финансиското известување („МКТФИ“) - МКТФИ 1 до МКТФИ 23 и толкувања од Постојан комитет за толкувања („ПКТ“) - толкувања составени од ПКТ 7 до ПКТ 32. Погоре наведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, МКТФИ и ПКТ) се ефективни во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, со исклучок на МСФИ 17 кој ќе биде ефективен од 1 јануари 2028 година. Со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024“), МСФИ 9 станува ефективен (во Република Северна Македонија) од 1 јануари 2028 година и согласно насоките дадени од Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија од 25 декември 2025 година, МСС 39 објавен во Службен весник бр.159/2009 останува ефективен сметководствен стандард за финансиски инструменти до тој датум.

Групата ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник број 75/2024 и број 274/2024. Бидејќи, МСФИ 9 и МСФИ 17 не се ефективни за периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Групата се подготвени во согласност со сметководствените прописи применливи во Република Северна Македонија, како што се објавени во Правилникот за сметководство и објаснето погоре. Следствено, МСФИ 1 не е применлив, и Групата ги примени специфичните транзициски одредби за сите ефективни сметководствени стандарди, како што е понатаму објаснето во текстот.

Консолидираните финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти) доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Групата да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки

Овие консолидирани финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024. Известувачка и функционална валута е Македонски Денар (МКД или денар). Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.2 Нови или ревидирани, стандарди и толкувања

*а) Нови стандарди и толкувања усвоени на 01 јануари 2025*

Како што е наведено во Белешка 2.1, во Службен весник на РСМ бр. 75/2024 беше објавен Правилникот за начинот на водење на сметководство и во Службен весник на РСМ бр. 274/2024 беше објавена измена на Правилникот, каде беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ волумен 2023) со првична примена од 01 јануари 2025, со исклучок на МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти кои стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Овие стандарди немаат ефекти и влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Групата, освен МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи и МСФИ 16 – Лизинг од 1 јануари 2025. Групата ја оцени и примената на новите стандарди МСС 27 Поединечни финансиски извештаи, МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати, МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи и МСФИ 12-Обелоденување на учества во други субјекти и оцени дека нема да резултираат со промена во консолидираните финансиски извештаи.

*МСФИ 15 - Приходи од договори со купувачи*, го заменува стандардот МСС 18 – Приходи и МСС 11 – Договори за изградба како и толкувањата поврзани со нив.

Основниот принцип на новиот стандард е признавање на приходите со цел да се отслика преносот на стоките или услугите на купувачите во износ кој што го рефлектира надоместокот (односно, плаќањето), на кој Групата очекува дека има право во замена за тие стоки или услуги.

**Нови или ревидирани, стандарди и толкувања (продолжува)**

Новиот стандард бара зголемено обелоденување во однос на приходите и обезбедува насоки за трансакциите коишто претходно не биле целосно опфатени (на пример, приходите од услуги и измени и дополнувања на договорите) и нови насоки за аранжмани коишто опфаќаат повеќекратни елементи.

Групата ја искористи опцијата за модифицирана ретроактивна примена, при првична примена на МСФИ 15, односно, договорите коишто не беа завршени до 1 јануари 2025 година беа евидентирани како да биле признаени во согласност со МФСИ 15 од самиот почеток. Кумулативниот ефект којшто произлегува од првична примена е признаен како корекција на почетното салдо на задржана добивка на финансиските извештаи кои го вклучуваат датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. Споредбените аспекти од претходните години не се коригирани; сепак, обезбедено е образложение за причините за промените во ставките во извештаите за финансиската состојба и во извештајот за сеопфатна добивка за тековниот период, како резултат од првичната примена на МСФИ 15.

Усвојувањето на МСФИ 15 не резултираше со измени во консолидираните финансиските извештаи на Групата.

*МСФИ 16 - Лизинг*, го заменува стандардот МСС 17 Лизинг и поврзаните толкувања.

*Групата како корисник на лизинг*

Примената на новиот стандард МСФИ 16, резултираше со признавање на средства по основ на право на користење и соодветни обврски по основ на лизинг за сите претходно класифицирани договори за оперативен лизинг, со исклучок на договорите кои се класифицирани како договори за лизинг на средства со ниска вредност или кои имаат преостанат рок на траење пократок од 12 месеци на датумот на првична примена.

За договорите кои постоеја на датумот на првична примена, Групата одбра да ја примени дефиницијата за лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4 и не го примени МСФИ 16 на договори кои претходно не беа идентификувани како лизинг согласно МСС 17 и КТМФИ 4.

При првичната примена на МСФИ 16, Групата ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување – како на 1 јануари 2025 година не постоеја неповолни договори;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци на 1 јануари 2025 година како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight“) при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот

Групата го примени стандардот користејќи го модифицираниот ретроспективен пристап, при што кумулативниот ефект од усвојувањето на МСФИ 16 е признаен како корекција на почетното салдо на задржаната добивка на датумот на првична примена, односно 01 јануари 2025 година. На овој датум, Групата одлучи да ги мери средствата со правото на користење по износ еднаков на обврската по договорот за лизинг во износ од 157.726 илјади денари. Претходните пресметковни периоди не се преработени, во согласност со дозволените одредби на стандардот.

Групата изнајмува деловни простории на неопределено време. Понатаму, изнајмува делови од товарни возила односно - цистерни, вагони и приколки кои договори се обновуваат на годишно ниво и при пресметката на сегашната вредност на идните плаќања процени период од 3 години.

Основните средства предмет на лизинг не се со мала вредност. Групата оцени дека договорите за лизинг се со разумно слични карактеристики и обврски за лизинг се вреднувани според сегашната вредност на преостанатите плаќања за наем, со примена на единствена инкрементална каматна стапка за позајмување која на 01 јануари 2025 изнесуваше 4,39% и 4.51%,

Со примената на МСФИ 16, Групата прикажа обврски од лизинг кои претходно беа класифицирани како оперативен наем според принципите од МСС 17 Лизинг.

За годината која завршува на 31 декември 2025, Групата нема промени во сметководствените оценки и корекција на грешки.

Усвојувањето на новиот стандард резултираше со значителни измени во консолидираните финансиските извештаи на Групата *(Белешка 2.3)* .

*МСС 27 – Поединечни финансиски заедно со МСФИ 10 – Консолидирани финансиски извештаи,* го заменуваат стандардот МСС 27 – Консолидирани и поединечни финансиски извештаи како и толкувањата поврзани со нив.

**Нови или ревидирани, стандарди и толкувања (продолжува)**

Групата согласно локалната регулатива има обврска да презентира поединечни финансиски извештаи и МСС 27 се применува за евидентирање во инвестиции во подружници, заеднички потфати и придружни субјекти во поединечните финансиски извештаи.
Групата согласно локалната регулатива има обврска да презентира консолидирани финансиски извештаи и МСФИ денес ги поставува принципите за изготвување и презентација на консолидирани финансиски извештаи.

Усвојувањето на МСС 27 и МСФИ 10 не резултираше со измени во консолидираните финансиските извештаи на Групата (Белешка 2.9).

*МСС 28 – Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати,* го заменува стандардот МСС 28 – Вложувања во придружени друштва.

Овој стандард се применува за евидентирање во инвестиции во придружни субјекти и ги определува барањата за примена на методот на капитал.

Усвојувањето на МСС 28 не резултираше со измени во консолидираните финансиските извештаи на Групата, (Белешка 2.9).

*МСФИ 12 – Обелоденување на учества во други субјекти* бара во консолидираните финансиски извештаи, да се обелоденат информации што ќе им помогнат на корисниците на финансиските извештаи да ги оценат природата и ризиците поврзани со учествата во друштва и ефектите од тие учества врз неговата финансиска состојба, финансиска успешност и парични текови.

Усвојувањето на МСФИ 12 не резултираше со измени во консолидираните финансиските извештаи на Групата (Белешка 2.9).

*б) Стандарди, измени и толкувања кои се објавени и сеуште не се применети и не се прифатени порано од Страна на Групата*

Како што е наведено во Белешка 2.1, со измената на Правилникот за сметководство („Службен весник на РСМ бр. 274/2024“), МСФИ 17 – Договори за осигурување и МСФИ 9 - Финансиски инструменти стануваат ефективни во Република Северна Македонија од 1 јануари 2028 година.

Раководството предвидува дека сите релевантни објави ќе бидат усвоени за првиот период кој започнува на или по датумот на стапување во сила на објавата. Новите стандарди, измени и толкувања кои не се усвоени во тековната година, не се очекува да имаат материјално влијание врз консолидираните финансиски извештаи на Групата.

## 2.3 Консолидација

### Подружници

Финансиските извештаи на подружниците се вклучени во консолидираните финансиски извештаи од датумот на пренесување на контролата до датумот на престанокот на истата. Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или превземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вишокот на трошокот на стекнувањето над неговата објективна вредност претставува гудвил. Интеркомпаниските трансакции, салда и нереализирани добивки од трансакциите помеѓу деловните субјекти се елиминирани. Нереализираните загуби се елиминирани исто така, освен во случај кога трошокот не може да биде надоместен.

### Придружени друштва

Придружени друштва се субјекти врз кои Матичното друштво има значително влијание, но не ги контролира истите. Постоењето на значително влијание се утврдува преку следното: застапеност во Одборот на директори, учество во процесот на креирање политики и донесување на одлуки, материјални трансакции, меѓусебна размена на раководен персонал и обезбедување на суштински технички информации и каде учеството во капиталот се движи помеѓу 20 и 50% од гласачките права. Вложувањата во придружените друштва се евидентирани според методот на главнина. Нереализираните добивки или загуби од трансакциите помеѓу Групата и придружените друштва се елиминирани согласно обемот на учеството на Групата во овие ентитети. При елиминирање на нереализираните загуби, средствата се тестираат за загуби поради оштетување.

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Сметководствени политики (продолжува)

### 2.4 Известување по сегменти

Деловен сегмент претставува група на средства и деловни активности за обезбедување на производи и услуги кои се подложни на ризици различни од оние кај други деловни сегменти. Географскиот сегмент пак обезбедува производи и услуги во рамки на одредено економско опкружување подложно на ризици различни од оние кај другите географски сегменти.

### 2.5 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден девизен курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари (Денари) по официјалниот среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како финансиски приходи или расходи за пресметковниот период. Средните девизни курсеви применети за прикажување на позициите во консолидираниот Извештај за финансиската состојба деноминирани во странска валута се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 52.3050 денари | 58.8807 денари |
| 1 ЕУР | 61.4950 денари | 61.4950 денари |
| 1 ЦХФ | 66.1735 денари | 65.1775 денари |
| 1 ГБП | 90.5865 денари | 74.1350 денари |
| 1 ЦАД | 38.1862 денари | 40.9012 денари |
| 1 АУД | 35.0536 денари | 36.7003 денари |
| 1 ЈПУ | 0.3352 денари | 0.3737 денари |

Средствата, обврските, приходите, расходите и резултатот од работењето на подружници кои имаат различна валута од валутата на известување, се искажани во валутата на известување како што следи:

- Средствата и обврските се пресметани според средниот курс на датумот на Извештајот на финансиската состојба;
- Приходите и расходите се пресметани со примена на просечниот курс за периодот на известување (освен ако просечниот курс не претставува разумна основа за изразување на кумулативниот ефект на курсевите на денот на трансакцијата, во кој случај е користен курсот на трансакцијата); и
- Курсните разлики произлезени од погоренаведеното се прикажани како посебна ставка во останатата сеопфатна добивка.

### 2.6 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност или по претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдувани од страна на Државниот Завод за Статистика.

Цената на чинење на средствата, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат, за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Групата поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

**Недвижности, постројки и опрема (продолжува)**
Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек. Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 40 години |
| Погонска опрема | 10 години |
| Останата опрема и моторни возила | 4-5 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат, и доколку е потребно се коригираат на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

## 2.7 Нематеријални средства
Нематеријални средства стекнати од страна на Групата, со дефиниран век на употреба, се мерат според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување, доколку постојат. Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Групата поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите останати трошоци се признаваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат. Амортизацијата на нематеријалните средства се пресметува правопропорционално во период до пет години.

## 2.8 Нетековни средства чувани за продажба
Нетековните средства се класифицирани како средства кои се чуваат за продажба кога нивниот евидентиран износ треба да се надомести првенствено преку продажна трансакција, а се смета дека постои голема веројатност за продажбата да се оствари. Тие се евидентирани по понискиот од евидентираниот износ и објективната вредност, намалено за трошоците за продажба, доколку нивниот евидентиран износ се надомести пред се преку продажната трансакција наместо преку нивна континуирана употреба.

## 2.9 Вложувања во недвижности
Недвижностите, сопственост на Групата, кои се чуваат, пред се, со цел остварување приход од нивно изнајмување, наместо за употреба во редовниот тек на снабдување со стоки и услуги, за административни потреби или за нивна продажба, се признаени како вложувања во недвижности.

Овие вложувања се евидентирани според нивната набавна вредност, намалена за соодветната исправка на вредноста. Моделот на објективна вредност не е прифатен поради неможноста за нејзино веродостојно утврдување. Имено, споредливите пазарни трансакции за овие ставки на недвижности се ретки и при тоа, не постојат ниту алтернативни проценки, засновани на проекциите за дисконтирани парични текови.

Депрецијацијата на ставките на овие недвижности се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба. Корисниот век на средствата кои се изнајмуваат е ист како во Белешка 2.6.

## 2.10 Оштетување на нефинансиските средства
Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се поврати. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребната вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

## 2.11 Финансиски средства

Групата ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства кои се чуваат до доспевање, кредити и побарувања и финансиски средства расположливи за продажба. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на нивното првично признавање.

### Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Групата нема класифицирано средства во оваа категорија.

### Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Групата има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Групата има класифицирано средства во оваа категорија – државни обврзници.

### Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на известување. Кредитите и побарувањата на Групата на датумот на известување се состојат од побарувања од купувачи, побарувања за дадени позајмици и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

### Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативни, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако Раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување.

### Признавање и мерење на финансиски средства

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Групата има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Групата ги пренела значително сите ризици и користи од сопственоста.

Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како останати нето добивки/загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди од финансиските средства преку добивки и загуби се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како дел од останатите приходи во моментот кога Групата има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во капиталот се вклучува во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност. Каматите од средствата расположливи за продажба, пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како финансиски приходи. Приходи од дивиденди од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка како дел од останатите приходи во моментот кога Групата има воспоставено право на прилив од дивиденда.

**Финансиски средства (продолжува)**

### Оштетување на финансиски средства

*а. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност*
На секој датум на консолидираниот Извештај за финансиската состојба, Групата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може де се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски потешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува и износот на загубата истовремено се признава во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.
Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка. тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Групата може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекција во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

*б. Финансиски средства расположливи за продажба*
На секој датум на консолидираниот Извештај за финансиска состојба, Групата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Групата ги користи критериумите наведени во потточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во консолидираниот Извештај за финансиската состојба, се отстранува од капиталот и се признава во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

Загубите поради оштетување признаени во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка за вложувањата во инструменти на капиталот не се коригираат преку консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекција во консолидираниот Извештај на сеопфатната добивка.

## 2.12 Пребивање на финансиските средства и обврски
Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Консолидираниот Извештај за финансиската состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

## 2.13 Залихи
Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за завршување. маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба. Трошокот на производите и производството во тек вклучува и соодветен дел на општи трошоци врз основа на нормалниот оперативен капацитет.

## 2.14 Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања.

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се признава кога постои објективен доказ дека Групата нема да може да ги наплати сите доспеани побарувања според нивните оригинални услови на плаќање.

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени, Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство.

Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби преку сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот консолидиран Извештај за сеопфатната добивка. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка.

## 2.15 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања со оригинален рок на доспевање до три месеци.

## 2.16 Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

(а) Акционерски капитал
Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Сопствени акции
Кога Групата откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции се додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

(в) Резерви
Резервите, кои се состојат од ревалоризациони, задолжителни и резерви за сопствени акции се создадени во текот на периодите врз основа на добивки/загуби од ревалоризација на недвижностите, постројките и опремата и финансиските средства расположливи за продажба, во случајот со ревалоризациони резерви како и по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законска регулатива и одлуките на Раководството и акционерите на Групата.

(г) Акумулирани добивки/загуби
Акумулираните добивки/загуби ги вклучуваат задржаните добивки/загуби од тековниот и претходните периоди.

## 2.17 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на Групата на датумите на известување се класифицирани во категоријата финансиски обврски по амортизирана набавна вредност и се состојат од позајмици со камата и обврски спрема добавувачи и останати обврски.

### Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски.

Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

**Финансиски обврски (продолжува)**

Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност, разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето.
Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Групата има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

## 2.18 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивките или загубите во периодот во кој настанале.

## 2.19 Лизинг

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Друштвото како корисник на лизинг

*Првично признавање:*

При примена на МСФИ 16, Друштвото ги искористи следните практични решенија дозволени од стандардот:

- примена на единствена дисконтна стапка за портфолио на договори за лизинг со разумно слични карактеристики;
- потпирање на претходните проценки за тоа дали договорите за лизинг се неповолни, како алтернатива на спроведување тест за обезвреднување;
- сметководствено третирање на оперативните договори за лизинг со преостанат рок пократок од 12 месеци како краткорочни договори за закуп;
- исклучување на почетните директни трошоци од мерењето на средството со право на користење на датумот на првична примена; и
- користење на последователна информација („hindsight“) при утврдување на рокот на договорот за лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување на закупот.

Средствата со право на користење почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за лизинг, зголемена за плаќањата за лизинг направени пред или на денот на започнувањето на важноста на договорот за лизинг и какви било директно зависни трошоци на договорот за лизинг. Последователно, средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација со и оштетување и се приспособуваат за одредени усогласувања на обврската за наем.

Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на наемот и од корисниот век на употреба на средството и амортизацијата се признава како трошок во Извештајот за сеопфатна добивка.

Обврската за лизинг се признава на датумот на започнувањето на лизингот, во износ на сегашната вредност на плаќањата за лизингот, дисконтирани со користење на инкрементална стапка којашто се определува врз основа на просечна каматната стапка за задолжување на корпоративниот сектор објавена од Народна Банка на Република Северна Македонија.

Лизинг (продолжува)
Последователно, обврската за лизинг се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за каматата на лизингот, се намалува за извршените исплати на обврската за лизинг и се приспособува при повторна процена на износот за кој се очекува дека ќе се плати или при промена на идните плаќања на лизингот.
Расходот за камата на обврската за лизинг се распределува и се признава во Извештајот за сеопфатна добивка за периодот на времетраење на лизингот.

На датумот на финансиска состојба, средствата со право на користење се вклучени во недвижности, постројки и опрема и обврските за лизинг се одделно прикажани во Обврски спрема добавувачи и останати обврски.

### Друштвото како давател на лизинг
Лизингот каде Друштвото како давател суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен лизинг. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен лизинг во Извештајот за финансиска состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на лизинг периодот на иста основа како приход од договори за лизинг. Непредвидените надомести за лизинг се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените надомести за лизинг се признаваат како одложен приход.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*
Групата признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

### Групата како закупец

Финансиски наем е тековен закуп на средство кој на Групата суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност или ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните наем плаќања. Наем плаќањата се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на наем обврските со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот. Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Групата ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот. Групата нема класифицирани средства во оваа категорија.

Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

### Групата како закуподавач

Наемот каде Групата како закуподавач суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во консолидираниот Извештај за финансиската состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки/загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кој се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

## 2.20 Тековен и одложен данок на добивка
Трошокот за данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

### Тековен данок на добивка

Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во консолидираниот Извештај за сеопфатна добивка, коригирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

**Тековен и одложен данок на добивка (продолжува)**

### Одложен данок на добивка

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во консолидираниот Извештај за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот или останатата сеопфатна добивка, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот или во останатата сеопфатна добивка соодветно.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024, Групата нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

## 2.21 Надомести за вработените

### Придонеси за пензиско осигурување

Групата има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

### Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие, Групата признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Групата има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

### Обврски при пензионирање на вработените

Групата, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ еднаков на двомесечна просечна плата. Групата пресмета и евидентира резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

## 2.22 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместлив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и

- Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

## 2.23 Резервирања

Резервирање се признава кога Групата има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка, Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

## 2.24 Признавање на приходите и расходите

*Сметководствена политика од 01 јануари 2025*

Приходите се признаваат кога контролата врз стоките или услугите се пренесува на клиентот, во износ кој ја одразува противвредноста на која Групата очекува да има право во замена за тие стоки или услуги, Групата го применува петстепениот модел согласно МСФИ 15, за сите категории приходи, како што следи:

1. Идентификување на договор со купувач;
2. Идентификување на обврски за извршување;
3.Утврдување на цената на трансакцијата;
4. Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5. Признавање на приходи кога обврските за извршување се задоволени.

При идентификување на обврската за извршување, Групата треба да ги процени добрата и услугите кои се ветени во договорот со купувачот и треба да го идентификува секое ветување кое ќе му биде пренесено на купувачот: а) добро или услуга (или збир од добра и услуги) кои се различни; или б) серија од различни добра или услуги кои се суштински исти и кои имаат ист образец на пренос до купувачот.

Приходот се признава кога или како што обврските за извршување ќе се исполнат преку пренесување на контролата на ветените стоки или услуга на купувачот. Контролата или се префрла со текот на времето или во одреден момент од времето, што влијае на тоа кога ќе се евидентира приходот.

Како практично решение, Групата го применува упатството на група на договори со слични карактеристики наместо на еден договор со купувач. Пристапот на портфолио е прифатлив ако Групата разумно очекува дека ефектот од примената на пристапот на портфолио на група договори или група на обврски за извршување материјално не би се разликувал од тоа ако секој договор или обврска за извршување се земат предвид посебно. Тоа значи дека портфолио на договор со слични карактеристики не мора да има хомогени производи вклучени во овие договори.

Договорно средство – Право на Групата на надомест во замена за добра или услуги кои субјектот му ги пренел на купувачот кога тоа право е условено со нешто друго освен со одминување на времето (на пример, идно извршување од страна на субјектот).

Договорна обврска – Облигација на Групата да му пренесе добра или услуги на купувач за кои субјектот добил надомест (или плаќањето ќе доспее дополнително) од купувачот.

Износот на признатиот приход претставува надоместот што Групата очекува да го прими во замена за обезбедувањето на тие стоки или услуги. Приходите ја вклучуваат фер вредноста на продажбата на стоки и обезбедувањето услуги, намалени за данок на додадена вредност (ДДВ), царински давачки, попусти и рефундации.

Друштвото е водечки дистрибутер на нафтени деривати во РСМ со сопствена продажна мрежа (бензински станици), Приходите главно произлегуваат од продажба на нафта и нафтени деривати на мало и на големо.

Приходи од продажба
*Продажба на големо – нафтени деривати*
Приходот од продажба на стоки на големо се признаваат кога контролата се пренесува, најчесто при испорака во складиштата на клиентот или согласно договорените услови за испорака. Променливи компоненти на цената се вклучуваат само кога е високо веројатно дека нема да дојде до нивно извршување. Попусти или бонуси ја намалуваат трансакциската цена и се проценуваат врз основа на историски податоци за потрошувачка.

Условите за плаќање обично варираат во зависност од видот на продажбата и првенствено зависат од природата на производите или услугите, дистрибутивните канали и карактеристиките на секој поединечен купувач и вообичаено се од 15 до 30 денови.

**Признавање на приходи и расходи (продолжува)**

*Продажба на мало – гориво на бензинските станици*
Приходите од продажба на бензин, дизел, ТНГ и други деривати во малопродажба се признаваат во моментот на точење, кога:

- горивото е испорачано во резервоарот на возилото,
- клиентот платил или има обврска да плати.

Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

*Продажба на мало – трговска стока во бензинските станици*
Приходите од продажба на трговска стока во бензинските станици се признаваат во моментот на продажбата, кога производите се предадени на купувачот на каса. Трансакциската цена го вклучува наплатен износ намален за попусти, промоции и користени поени од лојалност. Наплатата е вообичаено со готовина или кредитна картичка.

Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

Програми за лојалност
Преку картичката „Верна лојалност“, Групата спроведува програми за лојалност преку кои клиентите собираат поени што можат да се заменат за стоки.

Согласно МСФИ 15:

- поените претставуваат посебна обврска за извршување,
- дел од трансакциската цена се распределува на поените, и
- приходот поврзан со поените се признава при искористување или истек.

Приходите од корпоративните картички „Верна+припејд“ се признаваат кога горивото е испорачано, исто како и кај стандардната продажба на гориво.

За претплатени кодови или ваучери, приходот се одложува и се признава при искористување или по истек, врз основа на историски модели на користење.

Стапката на неискористени поени (breakage) се проценува врз основа на историски податоци.

Друштвото користи професионална проценка при:

- проценување на breakage на поени од лојалност,
- утврдување дали дејствува како главен или агент за одредени негоривни производи,
- проценка на променливи надоместоци од рабати и мотивациски шеми.

*Приходи од обезбедување на услуги*
Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

*Приходи од лизинг*
Приходи од лизинг на средства под оперативен лизинг се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на лизинг периодот. Непредвидените договори за лизинг, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од договори за лизинг во текот на лизинг периодот.

*Приходи од дивиденди*
Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

Договорни средства и договорни обврски
Доколку Групата ја исполни обврската за извршување пред да го прими надоместот, Групата признава договорно средство, во зависност од тоа дали за доспевање на надоместот е потребно нешто друго освен поминувањето на времето.

Групата признава договорни обврски за примени надоместоци во однос на неисполнети обврски за извршување, доколку има.

**Признавање на приходи и расходи (продолжува)**

*Финансиски приходи и расходи*
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

*Расходи од деловното работење*
Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

*Пребивање на приходите и расходите*
Во текот на своето редовно работење, Групата учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи, Групата ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

*Сметководствена политика до 31 декември 2024*

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместокот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Групата, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Групата.

**Приходи од продажба**

*Продажба на големо*
Приходот од продажба на стоки се признава во моментот на испорака до корисникот, кога корисникот ги прифаќа стоките, а наплатливоста на поврзаните побарувања е разумно обезбедена.

**Продажба на мало**
Приходот од продажба на стоки се признава во моментот на продажба на корисникот. Приходите од продажба на мало вообичаено се во готовина или со кредитна картичка. Евидентираниот приход е бруто износот на приходите од продажбата, вклучувајќи ги и обврските по провизии за кредитни картички за трансакцијата. Тие провизии се евидентирани како трошоци за дистрибуција.

**Приходи од обезбедување на услуги**
Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

**Приходи од наемнини**
Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

**Финансиски приходи и расходи**
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата. Финансиските расходи се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

**Приходи од дивиденди**
Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

**Расходи од деловното работење**
Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

**Пребивање на приходите и расходите**
Во текот на своето редовно работење, Групата учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи, Групата ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

### 2.25 Државни поддршки
Државните поддршки се признаваат кога постои разумна сигурност дека истите ќе бидат примени и кога Групата ќе ги исполни условите поврзани со давањето на поддршката. Државните поддршки се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка на систематска основа во истите периоди во кои се признати трошоците за кои се наменети примените поддршки.

### 2.26 Распределба на дивиденди
Распределбата на дивиденди на акционерите на Групата е евидентирана како обврска во консолидираните финансиски извештаи во периодот кога тие се одобрени од акционерите на Групата.

### 2.27 Превземени и неизвесни обврски
Не се евидентирани неизвесни обврски во консолидираните финансиски извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во консолидираните финансиски извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

### 2.28 Трансакции со поврзани субјекти
Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Групата со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

### 2.29 Настани по датумот на известување
Настаните по завршетокот на годината кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши коригирање) се рефлектирани во консолидираните финансиски извештаи. Настаните по завршетокот на годината за кои не може да се врши коригирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

## 3 Управување со финансиски ризици

### 3.1 Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Групата се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризиците поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Групата се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Групата.
Управувањето со ризици на Групата го врши Раководството на Матичното Друштво и подружниците врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја. како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик. употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 3.2 Кредитен ризик

Групата нема значителна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и региони од земјата и странство. Групата има политики со цел да обезбеди дека продажбата на производи и услуги се врши на клиенти со соодветна кредитна историја. Групата има политики кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти.

Максималната изложеност на Групата на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датата на консолидираниот Извештај за финансиската состојба, кои се прикажани во следната табела:

| | 2025 (000 мкд) | 2024 (000 мкд) |
|---|---|---|
| **Класи на фин. средства - евидентирана вредност** | | |
| ***Фин.средства расположливи за продажба*** | | |
| Вложув.во удели и хартии од вредност | 1.834.910 | 1.867.910 |
| | **1.834.910** | **1.867.910** |
| ***Кредити и побарувања*** | | |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 1.228.200 | 1.035.116 |
| Финансиски побарувања | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | 366.769 | 311.294 |
| Побарув.од пресм.камати на купувачи, нето | 8.023 | 5.838 |
| Побарувања од продажба на платежни картички | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | 5.892 | 8.162 |
| Останати побарувања | 8.504 | 3.030 |
| Парични средства и еквиваленти | 324.857 | 547.413 |
| | **2.204.208** | **2.120.003** |
| | **4.039.118** | **3.987.913** |

### 3.3 Ликвидносен ризик

Претпазливо управување со ликвидносен ризик имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Групата. Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Групата.

| | | 2025 | | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | Тековни (до12 мес.) (000 мкд) | Нетековни (000 мкд) | Тековни (до12 мес.) (000 мкд) | Нетековни (000 мкд) |
| Позајмици | 153.063 | - | 41 | - |
| Обврски за финансиски наем | 43.382 | 73.662 | | |
| Обврски спрема добавувачи | 620.121 | - | 828.452 | - |
| Обврски по дивиденди | 11.490 | - | 8.722 | - |
| Обврски спрема вработени | 102.209 | - | 109.320 | - |
| | **930.265** | **73.662** | **946.535** | **-** |

### 3.4 Пазарни ризици

*Ризик од курсни разлики*

Групата има деловни активности на меѓународните пазари, и е изложена на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Групата не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Групата е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Групата деноминирани во странски валути е како што следи:

| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | **Средства** | | **Обврски** | |
| | (000 МКД) | (000 МКД) | (000 МКД) | (000 МКД) |
| ЕУР | 516.834 | 57.207 | 97.871 | 284.137 |
| РСД | 3.561 | 5.639 | 4.125 | 600 |
| УСД | 15.878 | 22.828 | 33.161 | 28.587 |
| ГБП | 64 | - | - | - |
| | **536.337** | **85.674** | **135.157** | **313.324** |

*Анализа на сензитивноста на странски валути*

| | Промени во 2025 | Промени во 2024 | 2025 | 2024<br>Добивка или загуба<br>Во илјади денари |
|---|---|---|---|---|
| ЕУР | | 1% | | (2.269) |
| РСД | | 5% | | 252 |
| УСД | | 5% | | (288) |

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 1% или 5% соодветно. Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на странските валути за +/- 1% или +/- 5%.

*Ризик од каматни стапки врз готовинските текови и објективната вредност*

Групата е изложена на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и готовински текови. Раководството на Групата е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност.

Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Групата. Во исто време, Групата нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

| | 31 декември 2025 | | | 31 декември 2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Без | Каматоносни | | Без | Каматоносни | |
| | камата | Фиксна | Варијаб. | камата | Фиксна | Варијаб. |
| **Средства** | | | | | | |
| Вложув.во удели и ХВ | 1.834.910 | - | - | 1.867.910 | - | - |
| Обврзници издадени од државата | 1.228.200 | - | - | 1.035.116 | - | - |
| Финан. Побарувања | 140 | - | - | 290 | - | - |
| Побарув.од купувачи | 366.769 | - | - | 311.294 | - | - |
| Поб.по кам.на куп., нето | 8.023 | - | - | 5.838 | - | - |
| Поб.од прод.на пласт.карт. | 261.823 | - | - | 208.860 | - | - |
| Побарувања од вработени | 5.892 | - | - | 8.162 | - | - |
| Останати побарувања | 8.504 | - | - | 3.030 | - | - |
| Парич.с-ва и еквиваленти | 277.774 | 47.083 | - | 280.140 | 267.273 | - |
| | **3.992.035** | **47.083** | **-** | **3.720.640** | **267.273** | **-** |
| **Обврски** | | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 620.121 | - | - | 828.452 | - | - |
| Обврски за финансиски наем | - | 117.044 | - | - | - | - |
| -Обврски по дивиденди | 11.490 | | - | 8.722 | - | - |
| Позајмици | 102.209 | | - | - | 41 | - |
| Обврски спрема вработени | | 153.063 | - | 109.320 | - | - |
| | **733.820** | **270.107** | - | **946.494** | **41** | **-** |
| **Нето изложеност** | **3.258.215** | **(223.024)** | - | **2.773.946** | **267.232** | **-** |

### 3.5 Ризик при управување со капитал

Целите на Групата при управување со капиталот се овозможување на Групата да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица. како и да одржи оптимална структура на капиталот за намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот. Групата може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

*Показател на задолженост*
Структурата на изворите на финансирање на Групата се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмици обелоденети во Белешка 18, пари и парични еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, останати резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по позајмици се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Позајмици | 153.063 | 41 |
| Парични средства и еквиваленти | (324.857) | (547.413) |
| Нето обврски | (171.794) | (547.372) |
| Капитал | 9.886.512 | 9.335.762 |
| | - | - |

### 3.6 Проценка на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на Раководството, зависно од видот на средството или обврската.

#### 3.6.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во консолидираниот Извештај за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства и тоа:

- Ниво 1: котирани цени (некоригирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во консолидираниот Извештај за финансиската состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност како што следи (во илјади Денари):

| **31 декември 2025** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *Фин.средства расположливи за продажба* | | | | |
| Харт.од вред. кај котирани домашни друштва | 1.834.910 | - | - | 1.834.910 |

| **31 декември 2024** | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *Фин.средства расположливи за продажба* | - | - | - | - |
| Харт.од вред. кај котирани домашни друштва | 1.867.910 | - | - | 1.867.910 |

Усогласувањата на салдата помеѓу двата датуми на известување е обелоденето во Белешка 12.

### 3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Разликата помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во консолидираниот Извештај за финансиската состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

| | Евидентирана вр. | | Објективна вр. | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| **Средства** | | | | |
| Финансиски средства кои се чуваат до доспевање | 1.228.200 | 1.035.116 | 1.228.200 | 1.035.116 |
| Финансиски побарувања | 140 | 290 | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | 366.769 | 311.294 | 366.769 | 311.294 |
| Побарувања од пресм.камати на купувачи, нето | 8.023 | 5.838 | 8.023 | 5.838 |
| Побарувања од продажба на платежни картички | 261.823 | 208.860 | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | 5.892 | 8.162 | 5.892 | 8.162 |
| Останати побарувања | 8.504 | 3.030 | 8.504 | 3.030 |
| Парични средства и еквиваленти | 324.857 | 547.413 | 324.857 | 547.413 |
| **Вкупни средства** | **2.204.208** | **2.120.003** | **2.204.208** | **2.120.003** |
| **Обврски** | | | | |
| Позајмици | 153.063 | 41 | 153.063 | 41 |
| Обврски за финансиски наем | 117.044 | - | 117.044 | - |
| Обврски спрема добавувачи | 620.121 | 828.452 | 620.121 | 828.452 |
| Обврски по дивиденди | 11.490 | 8.722 | 11.490 | 8.722 |
| Обврски спрема вработените | 102.209 | 109.320 | 102.209 | 109.320 |
| **Вкупни обврски** | **1.003.927** | **946.535** | **1.003.927** | **946.535** |

*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност, поради краткорочната доспеаност.

*Останати финансиски средства*

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

*Обврски спрема доверителите и обврски по кредити*

Сметководствената вредност на обврските спрема доверителите и обврските по кредити соодветствува на нивната објективна вредност, поради нивната краткорочна доспеаност.

## 4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Групата, опишани во Белешка 2 кон овие консолидирани финансиски извештаи, од Раководството на Групата се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да отстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди. доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

*Несигурност во проценките*

*Оштетување кај нефинансиски средства*

При проценка на исправката на вредноста. Раководството го проценува надоместливиот износ на секое средство или групи кои генерираат готовина врз основа на очекуваните идни парични текови и примена на каматна стапка за нивно дисконтирање. Овие претпоставки, Групата ги проверува на годишно ниво. Несигурноста за проценка се однесува на претпоставки за идните резултати од работењето и утврдување на соодветна стапка за дисконтирање. Раководството на Групата го зеде во предвид целокупното влијание на глобална политичка – економска и енергетска криза при проценка на исправката на вредноста и смета дека нема ефект врз исправката на вредноста на средствата.

*Обезвреднување кај финансиски средства*

*Обезвреднување на побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања*

Групата пресметува обезвреднување за побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања врз основа на проценка на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При проценка на соодветноста на загубата поради обезвреднување за побарувањата од купувачи, дадените позајмици и останатите побарувања, проценката се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетувања кои се досега признати.

*Употребен век на средствата што се амортизираат*

Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2025 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 6. 7. и 8. Фактичките резултати, сепак, може да се разликуваат поради технолошка застареност, посебно во делот на ИТ опремата и софтверите.

*Залихи*

Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При процената на нето реализационата вредност, клучни претпоставки кои ги користи Групата се проценетите трошоци за продажба и очекуваната продажна цена. Овие претпоставки, Групата ги проверува на годишно ниво. Групата ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

*Објективна вредност на финансиски средства*

Доколку пазарот на финансиски инструменти не е активен. Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за проценка. Во примената на техниките за проценка. Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоци не се видливи. Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

*Резервирања*

Резервирањата се проверуваат на секој датум на консолидираниот извештај за финансиската состојба и се коригираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на временската вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската. Во текот на 2025 година не се направени промени во претходно користената претпоставка.

## 5 Известување по сегменти

На 31 декември 2025 и 2024 година. Групата е организирана во следниве деловни сегменти:

- Трговска мрежа;
- Радиодифузија.

Резултатите од работењето по сегменти за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 се како што следат:

| | Трговија | Радиодифузија | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Година што завршува на 31 декември 2025** | | | |
| Продажба | 31.790.189 | 137.891 | 31.928.080 |
| Интер-сегментна продажба | (869.268) | (90.437) | (959.705) |
| **Нето продажба** | **30.920.921** | **47.454** | **30.968.375** |
| Добивка од делов.активности | | | 1.252.629 |
| Финансиски резултат. Нето | | | 63.683 |
| Удел во добивката на придруж.друштва | | | 25.919 |
| **Добивка пред оданочување** | | | **1.342.231** |
| Данок на добивка | | | (130.462) |
| **Добивка за годината** | | | **1.211.769** |
| **Година што завршува на 31 декември 2024** | | | |
| Продажба | 31.551.332 | 145.744 | 31.697.076 |
| Интер-сегментна продажба | (819.162) | (85.876) | (905.038) |
| **Нето продажба** | **30.732.170** | **59.868** | **30.792.038** |
| Добивка од делов. Активности | | | 1.146.690 |
| Финансиски резултат. нето | | | 44.220 |
| Удел во добивката на придруж.друштва | | | 16.627 |
| **Добивка пред оданочување** | | | **1.207.537** |
| Данок на добивка | | | (102.841) |
| **Добивка за годината** | | | **1.104.696** |

Сегментните средства обврски и капитални трошоци се како што следи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2025 година** | | | |
| Средства | 11.607.835 | 57.612 | 11.665.447 |
| Обврски | 1.762.074 | 16.861 | 1.778.935 |
| Капитални трошоци | 297.441 | - | 297.441 |
| **2024 година** | | | |
| Средства | 10.911.822 | 71.829 | 10.983.651 |
| Обврски | 1.625.257 | 22.623 | 1.647.880 |
| Капитални трошоци | 506.469 | - | 506.469 |

Продажбата по категории е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трговски стоки | 30.736.408 | 30.561.262 |
| Наем | 65.514 | 61.061 |
| Радиодифузија | 47.454 | 59.868 |
| Надомест за задолжителни стокови резерви | 57.800 | 57.796 |
| Угостителство | 28.378 | 27.211 |
| Услуги | 30.994 | 23.305 |
| Готови производи | 1.827 | 1.535 |
| | **30.968.375** | **30.792.038** |
| Од кои: | | |
| - На домашен пазар | 30.479.467 | 30.372.823 |
| - На странски пазари | 488.908 | 419.215 |
| | **30.968.375** | **30.792.038** |

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025
(Сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено)

## 6 Недвижности. постројки и опрема

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и останати средства | Аванси за. и инвестиции во тек | Средства со право на користење | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2024 година** | | | | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 960.963 | 5.051.231 | 3.266.731 | 259.038 | - | 9.537.963 |
| Исправка на вредноста | - | (2.600.047) | (2.551.338) | - | - | (5.151.385) |
| Преведување на странски валути | - | (2.452) | (189) | - | - | (2.641) |
| **Нето книговодствена вредност** | **960.963** | **2.448.732** | **715.204** | **259.038** | **-** | **4.383.937** |
| **Промени во текот на 2024 година** | | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | **960.963** | **2.448.865** | **715.071** | **259.038** | **-** | **4.383.937** |
| Набавки. нето од пренос од инв. во тек | 111.961 | 236.302 | 101.118 | 50.748 | - | 500.129 |
| Трансфер во трошоци | - | - | - | (274) | - | (274) |
| (Продажби и расходи) по набав.вред. | (4.186) | (4.611) | (47.465) | - | - | (56.262) |
| (Продажби и расходи) по исправ. на вред. | - | 4.611 | 46.940 | - | - | 51.551 |
| (Депрецијација) за годината | - | (117.952) | (154.558) | - | - | (272.510) |
| Преведување на странски валути | - | | 709 | - | - | 709 |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | **1.068.738** | **2.567.215** | **661.815** | **309.512** | **-** | **4.607.280** |
| **На 31 декември 2024 година** | | | | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 1.068.738 | 5.283.055 | 3.320.251 | 309.512 | - | 9.981.556 |
| Исправка на вредноста | - | (2.713.388) | (2.658.956) | - | - | (5.372.344) |
| Преведување на странски валути | - | (2.452) | 520 | - | - | (1.932) |
| **Нето сегашна вредност** | **1.068.738** | **2.567.215** | **661.815** | **309.512** | **-** | **4.607.280** |
| **Промени во текот на 2025 година** | | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | **1.068.738** | **2.567.215** | **661.815** | **309.512** | **157.726** | **4.765.006** |
| Набавки. нето од пренос од инв. во тек | 505 | 160.436 | 104.754 | 23.740 | - | 289.435 |
| (Продажби и расходи) по набав.вред. | (8.738) | (22.511) | (27.316) | - | - | (58.565) |
| (Продажби и расходи) по исправ. на вред. | - | 22.381 | 26.505 | - | - | 48.886 |
| (Депрецијација) за годината | - | (122.132) | (147.556) | - | (43.069) | (312.757) |
| Преведување на странски валути | - | (67) | (13.459) | 4.688 | - | (8.838) |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | **1.060.505** | **2.605.322** | **604.743** | **337.940** | **114.657** | **4.723.167** |
| **На 31 декември 2025 година** | | | | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 1.060.505 | 5.420.980 | 3.397.689 | 333.252 | 157.726 | 10.370.152 |
| Исправка на вредноста | - | (2.813.139) | (2.780.007) | - | (43.069) | (5.636.215) |
| Преведување на странски валути | - | (2.519) | (12.939) | 4.688 | - | (10.770) |
| **Нето сегашна вредност** | **1.060.505** | **2.605.322** | **604.743** | **337.940** | **114.657** | **4.723.167** |

*Продажби и расходувања*
Во текот на 2025 година, Групата продаде и расходува дел од своите објекти и опрема со нето евидентирана вредност од 9.679 илјади денари (2024: 3.495 илјади денари) (Белешка 25). Продажната вредност на делот кој се однесува на продадените средства изнесува 9.183 илјади денари (2024: 23.822 илјади денари) (Белешка 22).

**Недвижнсти. постројки и опрема (продолжува)**

*Инвестиции во тек*

На 31 декември 2025 и 2024 година, авансите за и инвестициите во тек се состојат од:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Вложувања во бензински станици и инсталации за деривати | 122.781 | 193.482 |
| Аванси на добавувачи | 25.475 | 15.600 |
| Вложувања во административна зграда | 115.530 | 44.440 |
| Вложувања во Полнилница Миладиновци | 30.690 | 14.091 |
| Вложувања во хотел – Струга | 699 | 103 |
| Останати вложувања | 27.798 | 36.640 |
| | **337.940** | **309.512** |

*Залог врз недвижности, постројки и опрема*

На 31 декември 2025 и 2024,. Групата нема залог врз своите недвижности, постројки и опрема. Средствата на Групата се користат за извршување на деловните активности опишани во Белешка 1.

## 7 Нематеријални средства

| | Права и лиценци | Останато | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2024 година** | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 96.488 | 12.930 | 109.418 |
| Исправка на вредноста | (93.366) | (12.516) | (105.882) |
| Преведување на странски валути | 382 | - | 382 |
| **Нето евидентирана вредност** | **3.504** | **414** | **3.918** |
| **Промени во текот на 2024 година** | | | |
| Почетна нето евидентирана вредност | **3.504** | **414** | **3.918** |
| Набавки во текот на годината | 2.294 | 4.045 | 6.339 |
| Продажби и расходувања – набавна вредност | - | (27) | (27) |
| Продажби и расходувања – исправка на вредноста | - | 27 | 27 |
| (Амортизација) за годината | (2.649) | (942) | (3.591) |
| Преведување на странски валути | 6 | - | 6 |
| **Крајна нето евидентирана вредност** | **3.155** | **3.517** | **6.672** |
| Почетна нето евидентирана вредност | **3.504** | **414** | **3.918** |
| **На 31 декември 2024 година / 01 Јануари 2025** | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 98.782 | 16.975 | 115.757 |
| Исправка на вредноста | (96.225) | (13.248) | (109.473) |
| Преведување на странски валути | 388 | - | 388 |
| **Нето евидентирана вредност** | **2.945** | **3.727** | **6.672** |
| **Промени во текот на 2025 година** | | | |
| Почетна нето евидентирана вредност | **2.945** | **3.727** | **6.672** |
| Набавки во текот на годината | 7.972 | 35 | 8.007 |
| (Амортизација) за годината | (2.643) | (1.009) | (3.652) |
| Преведување на странски валути | 1 | - | 1 |
| **Крајна нето евидентирана вредност** | **8.275** | **2.753** | **11.027** |
| **На 31 декември 2025 година** | | | |
| Набавна или ревалоризирана вредност | 106.754 | 17.010 | 123.764 |
| Исправка на вредноста | (98.868) | (14.257) | (113.125) |
| Преведување на странски валути | 389 | 0 | 389 |
| **Нето евидентирана вредност** | **8.275** | **2.753** | **11.028** |

## 8 Вложувања во недвижности

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Производна хала | 22.689 | 22.689 |
| Административни згради | 2.160 | 2.160 |
| | **24.849** | **24.849** |

Вложувањата во недвижности се евидентирани по нивната набавна вредност на датумот на стекнувањето на средствата. Последователно, овие средства се признаени по нивната набавна вредност, намалена за акумулираната депрецијација. Промените во евидентираната вредност на овие вложувања за разгледуваните периоди е како што следи:

| | Вложувања во објект |
|---|---|
| **На 01 јануари 2024 година** | **25.579** |
| (Депрецијација) за годината | (730) |
| **На 31 декември 2024 / 01 јануари 2025 година** | **24.849** |
| (Депрецијација) за годината | (731) |
| **На 31 декември 2025 година** | **24.118** |

## 9 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Групата признаени на датумот на известувањето за објавените периоди можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

| | Бел. | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Финансиски средства распол.за прод.** | | | |
| Вложувања во удели во капиталот и харт.од вр. | | 1.834.910 | 1.867.910 |
| | | **1.834.910** | **1.867.910** |
| **Финансиски инструменти кои се чуваат до доспевање** | | | |
| Обврзници издадени од државата | | 1.228.200 | 1.035.116 |
| | | **1.228.200** | **1.035.116** |
| **Кредити и побарувања** | | | |
| Финансиски побарувања | | 140 | 290 |
| Побарувања од купувачи, нето | | 366.769 | 311.294 |
| Побарув.од пресм. камати на купувачи, нето | | 8.023 | 5.838 |
| Побарув.од продажба на платежни картички | | 261.823 | 208.860 |
| Побарувања од вработени | | 5.892 | 8.162 |
| Останати побарувања | | 8.504 | 3.030 |
| Парични средства и еквиваленти | | 324.857 | 547.413 |
| | | **976.008** | **1,084,887** |
| | | **4.039.118** | **3.987.913** |
| **Обврски** | | | |
| **Останати финансиски обврски по аморт.наб.вред.** | | | |
| Позајмици | | 153.063 | 41 |
| Обврски за финансиски наем | | 117.044 | - |
| Обврски спрема добавувачи | | 620.121 | 828.452 |
| Обврски по дивиденди | | 11.490 | 8.722 |
| Обврски спрема вработените | | 102.209 | 109.320 |
| | | **1.003.927** | **946.535** |

## 10 Вложувања во придружени друштва

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| ***Оилко КДА, Скопје, РСМ (35.61% удел)*** | | |
| На 1 јануари | 717.093 | 700.466 |
| Удел во тековните добивки | 25.919 | 16.627 |
| **На 31 декември** | **743.012** | **717.093** |

Во текот на 2025 година, Групата оствари приход од дивиденди од вложувањето во придруженото друштво во износ од 53.612 илјади денари (2024: 53.612 илјади денари).

## 11 Удел во добивките на придружени друштва

Збирните финансиски информации на придруженото друштво се како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Вкупни средства | 2.355.061 | 2.090.988 |
| Вкупни обврски | (268.518) | (77.231) |
| **Нето средства** | **2.086.543** | **2.013.757** |
| Вкупни приходи | 849.211 | 845.332 |
| Вкупни расходи | (602.162) | (629.638) |
| Добивка пред оданочување | **247.049** | **215.694** |
| Данок од добивката | (15.961) | (12.926) |
| **Добивка за годината** | **231.088** | **202.768** |

Усогласувањето со евидентираната вредност на вложувањето е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Вкупни нето средства | 2.086.543 | 2.013.757 |
| Учество на Групата во капиталот на придруженото друштво | 35,61% | 35,61% |
| **Евидентирана вредност (Бел.10)** | **743.012** | **717.093** |

## 12 Финансиски средства расположливи за продажба

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| *Вложувања во хартии од вредност во домашни финансиски институции (котирачки)* | | |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 1.834.866 | 1.867.866 |
| *Вложувања во удели во капиталот на домашни правни субјекти (некотирачки)* | | |
| Останати вложувања | 44 | 44 |
| | **1.834.910** | **1.867.910** |

Движењето на сметката на вложувања за разгледуваните периоди е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 01 јануари | 1.867.910 | 937.244 |
| Промена на објективна вредност - признаено во останата сеопфатна добивка (ревалоризациони резерви) (Бел.18) | (33.000) | 930.666 |
| **На 31 декември** | **1.834.910** | **1.867.910** |

## 13 Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| *Должнички хартии од вредност (некотирани)* | | |
| Обврзници издадени од државата со доспевање 2026-2027 | 1.228.200 | 1.035.116 |
| | **1.228.200** | **1.035.116** |

## 14 Финансиски побарувања

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Финансиски позајмици на правни субјекти | 140 | 290 |
| | **140** | **290** |
| Намалено за: резервирање поради оштетување | - | - |
| | **140** | **290** |
| Од кои: | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | - | - |
| Долгорочни финансиски побарувања | 140 | 290 |
| | **140** | **290** |

Во текот на 2025 година, Групата оствари прилив од наплата во износ од 150 илјади денари (2024: 235 илјади денари).

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025
(Сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено)

Финансиски побарувања (продолжува)

*Старосна структура и квалитет на кредитното портфолио*
Салдото на финансиските побарувања на датумот на известување може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

| | Недоспеани | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2025** | | | | |
| Набавна вредност | 140 | - | 34.725 | 34.865 |
| Исправка на вредност | - | - | (34.725) | (34.725) |
| **Нето евидентирана вредност** | **140** | **-** | **-** | **140** |
| | | | | |
| **31 декември 2024** | | | | |
| Набавна вредност | 290 | - | 34.725 | 35.015 |
| Исправка на вредност | - | - | (34.725) | (34.725) |
| **Нето евидентирана вредност** | **290** | **-** | **-** | **290** |

*Резервирање поради оштетување и отписи поради ненаплатливост*
Движењето на сметката на резервирањата поради оштетување на финансиските побарувања во текот на 2025 и 2024 година е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 01 јануари | 34.725 | 34.725 |
| **На 31 декември** | **34.725** | **34.725** |

## 15 Залихи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трговски стоки | 963.803 | 940.127 |
| Ситен инвентар и резервни делови | 202.511 | 175.133 |
| Недовршено производство и готови производи | 60.096 | 68.974 |
| Стоки на пат | 31.438 | 25.652 |
| | **1.257.848** | **1.209.886** |

Движењето на сметката на исправката на вредноста на залихите на деривати и трговски стоки во текот на 2025 и 2024 година е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 01 јануари | 40.932 | 36.602 |
| Расход од обезвреднување на залихи (Бел. 25) | 3.569 | 4.330 |
| Приходи од исправка на вредноста на залихите (Бел. 22) | (7.117) | - |
| **На 31 декември** | **37.384** | **40.932** |

## 16 Побарувања од купувачи и останати побарувања

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | |
| Побарувања за солидарен данок | 2.531 | - |
| | **2.531** | **-** |
| **Тековни средства** | | |
| **Побарувања од купувачи** | | |
| Домашни купувачи | 596.105 | 538.802 |
| Странски купувачи | 33.618 | 35.179 |
| | 629.723 | 573.981 |
| Намалено за: резервирања за оштетувања | (262.954) | (262.687) |
| | **366.769** | **311.294** |
| **Побарувања за пресметани камати** | | |
| Побарувања од пресметани камати на купувачите | 474.888 | 477.920 |
| Намалено за: резервирање поради оштетување по камати | (466.865) | (472.082) |
| | **8.023** | **5.838** |
| **Останати тековни побарувања** | | |
| Поб. од продажба на платежни картички за полнење нафтени деривати | 261.823 | 208.860 |
| Аванси на добавувачи | 633.462 | 173.198 |
| Побарувања за припејд картички за гориво | 114.492 | 103.142 |
| Побарувања од вработени | 94.989 | 133.313 |
| Однапред платени трошоци | 29.588 | 26.193 |
| Побарувања по основ на акцизи | 5.892 | 8.162 |
| Побарување за данок на солидарност | 2.645 | - |
| Останати побарувања | 8.508 | 3.030 |
| | 1.151.399 | 655.898 |
| Намалено за: резервирања за оштетувања на останати побарувања | (10.554) | (5.888) |
| | **1.140.845** | **650.010** |
| | **1.515.637** | **967.142** |

*Старосна структура и квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачи и побарувањата за пресметани камати*

| **31 декември 2025** | Недоспеани | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 290.086 | 84.706 | 729.819 | 1.104.611 |
| Исправка на вредност | - | - | (729.819) | (729.819) |
| **Нето евидентирана вредност** | **290.086** | **84.706** | **-** | **374.792** |

| **31 декември 2024** | Недоспеани | Доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 190.185 | 126.947 | 734.769 | 1.051.901 |
| Исправка на вредност | - | - | (734.769) | (734.769) |
| **Нето евидентирана вредност** | **190.185** | **126.947** | **-** | **317.132** |

Старосната структура на доспеаните неоштетени побарувања од купувачите и побарувањата за пресметани камати е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Од 1 - 3 месеци | 39.334 | 12.259 |
| Од 3 - 6 месеци | 19.361 | 6.174 |
| Од 6 - 12 месеци | 8.975 | 6.541 |
| Над 1 година | 17.036 | 101.973 |
| | **84.706** | **126.947** |

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025
(Сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено)

Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжува)

*Резервирање поради оштетување и отписи поради ненаплатливост*

| | Купувачи | | Камати и останати побарувања | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| На 01 јануари | **262.687** | **262.032** | **477.870** | **495.916** | **740.557** | **757.948** |
| Тековни оштетувања (бел.24) | 3.277 | 1.732 | 8.496 | 2.275 | 11.773 | 4.007 |
| Отпис на резервации | (2.485) | - | (7.002) | (657) | (9.487) | (657) |
| Ослобод.на резервации (бел.19) | (525) | (1.077) | (12.499) | (19.664) | (13.024) | (20.641) |
| **На 31 декември** | **262,954** | **262.687** | **466.865** | **477.870** | **729.819** | **740.657** |

Во текот на 2025 година, Групата изврши директен отпис на целосно ненаплатливи побарувањата од купувачи и останати побарувања во износ од 13.227 илјади денари (види Белешка 25).

Со состојба на 31 декември 2025 година, Групата има побарување за данок на солидарност доставено од Министерство за финансии на 08 јануари 2025 година во вкупен износ од 5.176 илјади денари (белешка 22). Исплатата ќе се изврши на две рати, во 2026 во износ од 2.645 илјади денари и 2027 во износ од 2.531 илјади денари.

## 17 Парични средства и еквиваленти

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Депозити во домашни банки (доспеваат помалку од три месеци) | 47.083 | 267.273 |
| Денарски и девизни сметки кај домашни банки | 64.267 | 212.175 |
| Готовина во благајна | 25.587 | 3.683 |
| Парични еквиваленти – вредносни картички | 132.678 | 13.155 |
| Останати парични средства | 55.242 | 51.127 |
| | **324.857** | **547.413** |

## 18 Капитал

**Акционерски капитал**

| | **Број на акции** | | | **Износ (000) МКД** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во оптек | Сопствени | Вкупно | Во оптек | Сопствени | Вкупно |
| **01 јан.2024** | **101.144** | **11.238** | **112.382** | **3.135.464** | **348.378** | **3.483.842** |
| **31 дек. 2024** | **101.144** | **11.238** | **112.382** | **3.135.464** | **348.378** | **3.483.842** |
| **01 јан.2025** | **101.144** | **11.238** | **112.382** | **3.135.464** | **348.378** | **3.483.842** |
| **31 дек. 2025** | **101.144** | **11.238** | **112.382** | **3.135.464** | **348.378** | **3.483.842** |

Номинална вредност по акција – 511.29 Евра

Структурата на акционерскиот капитал на датумите на известување е како што следи:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Домашни правни лица | 47.83% | 40.20% |
| Домашни физички лица | 50.90% | 58.17% |
| Странски правни лица | 0.23% | 0.52% |
| Странски физички лица | 1.04% | 1.11% |
| | **100.00%** | **100.00%** |

Капитал (продолжува)

**Резерви**

Движењето на сметките на резервите е како што следи:

| | Ревал. Резерви | Законски резерви | Статут. резерви | Рез.од прев.на стр.вал. | Реинвестира на добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **01 јануари 2024** | **689.074** | **268.481** | **648.377** | **(14.257)** | **600.000** | **2.191.675** |
| Распоред на акумул.добивка | - | 38.536 | - | - | 270.037 | 308.573 |
| Ефект од промена на објект.вред.на вложувањата (бел.12) | 930.666 | - | - | - | - | 930.666 |
| Преведување на странски валути | - | - | - | (55) | - | (55) |
| **31 декември 2024** | **1.619.740** | **307.017** | **648.377** | **(14.312)** | **870.037** | **3.430.859** |
| **01 јануари 2025** | **1.619.740** | **307.017** | **648.377** | **(14.312)** | **870.037** | **3.430.859** |
| Распоред на акумул.добивка | - | 53.091 | - | - | 400.000 | 453.091 |
| Ефект од промена на објект.вред.на вложувањата (бел.12) | (33.000) | - | - | - | - | (33.000) |
| Преведување на странски валути | | - | - | (11.060) | - | (11.060) |
| **31 декември 2025** | **1.586.740** | **360.108** | **648.377** | **(25.372)** | **1.270.037** | **3.839.890** |

**Дивиденди**

Во текот на 2025 Матичното Друштво распредели дел од акумулираните добивки за дивиденди и награди во вкупен износ од 616,959 илјади денари (2024: 535.445 илјади денари).

## 19 Позајмици

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Краткорочни позајмици со камата од домашни банки** | | |
| Краткорочни кредити од домашни банки со фиксна каматна стапка | 153.063 | 41 |
| | **153.063** | **41** |

Во текот на 2025 година, Друштвото позајми краткорочни средства од домашни банки во вкупен износ од 3.574.487 илјади денари (2024: 2.562.744 илјади денари) и во целост ги отплати.

Со состојба на 31 декември 2025 година, Групата има склучено Договори за рамковни револвинг кредити со домашни банки со доспевање од 2025 до 2029 во вкупен износ од 917.500.000 илјади денари.

## 20 Обврски кон добавувачи и останати обврски

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Нетековни обврски** | | |
| Обврски за финансиски наем | 73.662 | - |
| | **73.662** | **-** |
| **Тековни обврски** | | |
| **Добавувачи** | | |
| Домашни добавувачи | 500.144 | 517.714 |
| Странски добавувачи | 119.977 | 310.738 |
| | **620.121** | **828.452** |
| **Останати тековни обврски** | | |
| Аванси од купувачи | 166.450 | 218.148 |
| Обврски од продаж. на платежни картички за полнење на нафтени деривати | 169.816 | 146.040 |
| Обврски кон вработени за плати | 102.209 | 109.320 |
| Обврски по ДДВ | 105.489 | 96.162 |
| Обврски за издадени припејд картички за горива | 92.006 | 82.391 |
| Обврски персонален данок и придонеси од плата | 51.631 | 49.078 |
| Обврски за акцизи | 101.844 | 43.972 |
| Пресметани трошоци | 45.695 | 24.033 |
| Обврски кон државата | - | 17.798 |
| Обврски по дивиденди | 11.490 | 8.722 |
| Резервирања за отпремнини | 3.828 | 3.578 |
| Останати обврски | 2.562 | 1.229 |
| | **970.064** | **800.471** |
| | **1.590.185** | **1.628.923** |

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025
(Сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено)

## 21 Одложени приходи од државни поддршки

Во текот на 2024 година, подружницата ТРД Телевизија Макпетрол Телма Дооел. прими државни поддршки во вкупен износ 3.364 илјади денари како што следи:

- во 2024 година, финансиска подршка во вкупен износ од 3.364 илјади денари од ГИЗ за поддршка на слободата на медиумите и плурализам во западниот дел.

Признаените приходи од реализирани државни поддршки се како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Индиректна државна поддршка во форма на ослободување на плаќање на обврски | - | 3.364 |
| Државни поддршки добиени во парични средства | - | - |
| Ослободување на разграничени државни поддршки | - | - |
| | **-** | **3.364** |

## 22 Останати деловни приходи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приход од отпис на обврски и вишоци по пописи | 105.741 | 122.118 |
| Приходи од дивиденди | 136.112 | 113.672 |
| Приходи од добиени рабати | 55.746 | 74.365 |
| Приход од продажба на недвиж. постројки и опрема | 9.183 | 23.822 |
| Приход од данок на солидарност (Бел. 16) | 5.176 | - |
| Приход од ослобод.на резерв. на побарувања | 2.555 | 23.264 |
| Приход од продажба на хаартии од вредност | 367 | - |
| Останати приходи | 35.495 | 18.619 |
| | **350.375** | **379.224** |

## 23 Потрошени материјали

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трошоци за енергија | 131.396 | 132.449 |
| Трошоци за материјали | 109.938 | 110.032 |
| Гориво. плин и мазут | 12.759 | 14.346 |
| Останато | 4.246 | 2.657 |
| | **258.339** | **259.484** |

## 24 Трошоци на вработени

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 1.850.052 | 1.732.979 |
| Останати со закон утврдени надоместоци | 220.802 | 205.730 |
| Отпремнини за пензионирање | 3.578 | 3.578 |
| | **2.074.432** | **1.942.287** |

Останатите задолжителни надоместоци спрема вработените се однесуваат главно на надоместоците за исхрана на вработените, превоз до и од работа, регреси за годишен одмор, разни видови помош и сл.

Макпетрол а.д., Скопје и подружници
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи (продолжува)
Со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025
(Сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено)

## 25 Останати деловни трошоци

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трошоци за транспорт и комуникации | 449.369 | 442.675 |
| Услуги од надворешни субјекти | 157.499 | 138.850 |
| Одржување | 159.218 | 126.872 |
| Банкарски трошоци | 83.530 | 78.771 |
| Трошоци за осигурување | 80.626 | 76.668 |
| Маркетинг и промоции (вклуч. и донации) | 64.230 | 69.428 |
| Трошоци за ТВ емитувања и продукција (вкл.автор.дог) | 70.460 | 59.896 |
| Кусоци | 53.608 | 43.983 |
| Закупнини | 753 | 40.751 |
| Членарина и слични трошоци | 36.433 | 39.158 |
| Загуби од оштетување на побарувањата од купувачи и останати побарувања (бел.16) | 13.227 | 5.330 |
| Вредносно усогласување на залихи (Бел.15) | 3.569 | 4.330 |
| НСВ на прод НПО и кусоци на НПО (Бел.5) | 8.859 | 3.495 |
| Нето сегашна вредност на прод.нетековни средства | 820 | 297 |
| Останато | 46.631 | 44.028 |
| | **1.228.832** | **1.174.532** |

## 26 Финансиски приходи и расходи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати | 71.477 | 47.923 |
| Позитивни курсни разлики | 13.636 | 1.661 |
| | **85.113** | **49.584** |
| **Расходи** | | |
| Расходи по камати | (1.728) | (1.953) |
| Расходи по камати од финансиски наем | (5.794) | - |
| Негативни курсни разлики | (13.908) | (3.412) |
| | **(21.430)** | **(5.365)** |
| **Финансиски приходи, нето** | **63.683** | **44.219** |

## 27 Данок на добивка

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | 1.342.231 | 1.207.537 |
| *Усогласување за:* | | |
| Неодбитни трошоци за даночни цели | 284.920 | 254.132 |
| Даночен кредит за наплатени побарувања | (3.382) | (2.587) |
| Износ на извршени вложувања од добивката | (179.501) | (300.000) |
| Даночен кредит за вратен дел од заем | (196) | (214) |
| Даночен кредит за дивиденди | (216.705) | (170.950) |
| **Основа за оданочување** | 1.227.367 | 987.918 |
| Даночна стапка | 10% | 10% |
| **Тековен даночен трошок** | **122.737** | **98.792** |
| Намалување на пресметаниот данок на добивка | | - |
| Ефект од консолидациски усогласувања | 7.725 | 4.049 |
| **Данок на добивка** | **130.462** | **102.841** |
| *Ефективна даночна стапка* | *9.72%* | *8.52%* |

## 28 Заработувачка по акција

Заработувачката по акција (основна и разводнета) е пресметана по пат на делење на добивката која припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по оданочување за имателите на приоритетни акции). со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Добивка за сопствениците на обични акции | 1.211.769 | 1.104.696 |
| Пондериран просечен број на обични акции во оптек | 101.144 | 101.144 |
| **Заработувачка по акција – осн. и развод. (денари по акција)** | **11.981** | **10.922** |

## 29 Неизвесни и превземени обврски

**Судски спорови**

Со состојба на 31 декември 2025 судските постапки покренати против Групата изнесуваат 32.596 илјади денари (2024: 32.376 илјади денари илјади денари).

На датумот на овие консолидирани финансиски извештаи, не се евидентирани резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Групата, редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековните судски спорови. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди. Раководството на Групата верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

**Долгорочни и краткорочни гаранции**

Со состојба на 31 декември 2025 година, Групата има превземени обврски по долгорочни и краткорочни денарски и девизни гаранции издадени од страна на неколку домашни банки во вкупен износ од 287.273 илјади денари (2024: 225.496 илјади денари).

**Даночни обврски**

Консолидираните финансиски извештаи и сметководствената евиденција на Групата подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот од 5 години и по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година можат да произлезат дополнителни даноци и трошоци. Врз основа на проценката на Раководството на денот на овие консолидирани финансиски извештаи не постојат услови за дополнителни потенцијални обврски по тој основ.

Согласно измените во законот за данок на добивка во 2019 година и Правилникот за формата и содржината на извештајот за трансферни цени (Службен весник на РСМ бр. 59/2019) Матичното Друштво има обврска да изготви извештај за трансферни цени за 2025 година. Согласно преодните одредби од измени на Законот за данок на добивка. Друштвото треба да го подготви Извештајот за трансферни цени, без обврска да го доставува до даночните власти. Поднесувањето ќе биде потребно само доколку тоа го побараат даночните власти. Најрано даночните власти би можеле да побараат документација за трансферни цени за 2025 година на 15 април 2026 година, а Друштвото ќе има обврска да ја достави во рок од 15 дена од барањето. До датумот на овој извештај. Матичното Друштво нема изготвено извештај за трансферни цени. Друштвото спроведува редовна проценка на потенцијалните даночни ефекти што се очекува да произлезат од новите барања за трансферни цени. Раководството на Друштвото оценува дека таквите износи што можат да се појават нема да имаат никаков материјален ефект врз финансиските извештаи и пријавените даноци.

**Капитални обврски**

Не се евидентирани капитални обврски на денот на известување кои не се веќе признати во консолидираните финансиски извештаи.

## 30 Трансакции со поврзани субјекти

Групата има трансакции со своите подружници и придружени друштва во текот на своите редовни деловни активности. Овие трансакции се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година.

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Расходи |
|---|---|---|---|---|
| **2025** | | | | |
| ***Придружени друштва*** | | | | |
| Оилко КДА Скопје | 13.451 | 26.814 | 131.730 | 710.073 |
| ***Клучен раководен кадар*** | | | | |
| Краткорочни користи | | | | 108.004 |
| **2024** | | | | |
| ***Придружени друштва*** | | | | |
| Оилко КДА Скопје | 550.333 | 31.040 | 190.190 | 633.199 |
| ***Клучен раководен кадар*** | | | | |
| Побарувања | - | - | - | 107.752 |

## 31 Настани по периодот на известување

По 31 декември 2025 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие консолидирани финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на консолидирани финансиски извештаи. Следниот настан е материјално значаен за објавување во овие консолидирани финансиски извештаи:

Воениот конфликт на Блискиот Исток се интензивираше по датумот на известување, нарушувајќи ги клучните поморски правци, вклучително и теснецот Хормуз, и зголемувајќи ја неизвесноста во глобалните енергетски синџири на снабдување и цените на нафта и нафтените деривати. Овие случувања го зголемуваат ризикот од прекини во снабдувањето и зголемувањето на цените на горивата релевантни за работењето на Матичното Друштво.

Во согласност со МСФИ 10 – Настани по датумот на известување, Раководството оцени и утврди дека ескалацијата не е поврзана со услови што постоеле на датумот на известување, затоа овој настан е неприлагодувачки настан по датумот на известување. Не се направени измени на износите признаени во овие консолидирани финансиски извештаи.

Раководството продолжува да ги следи можните влијанија врз идните периоди, вклучително: пазарните промени што може да влијаат врз маржите и ценовните политики; оперативни и ризици за средствата, вклучувајќи можни индикатори за обезвреднување; кредитен ризик на клиентите како резултат на финансиски притисоци врз транспортните оператори и повисоките цени на горивата.

Поради тековната неизвесност околу траењето и интензитетот на конфликтот, финансиското влијание сè уште не може со сигурност да се процени. Раководството не идентификува настани што би ја загрозиле способноста на Групацијата да продолжи со работење на основа на претпоставка за непрекинато работење.

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- /1-2**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е** **ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото и подружниците за периодот од 1.1.2025 до 31.12.2025 година и Извештајот на независниот ревизор**

**Член 1**

Се усвојуваат Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото и подружниците за периодот од 1.1.2025 до 31.12.2025 година и Извештајот на независниот ревизор со следниве резултати:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Вкупен приход | 31.403.862.311 денари |
| **2.** | Удел во добивка на Придружното Друштво ОИЛКО КДА Скопје | 25.918.662 денари |
| **3.** | Се вкупен приход | 31.429.780.973 денари |
| **4.** | Вкупен расход | 30.087.550.049 денари |
| **5.** | Добивка пред оданочување | 1.342.230.924 денари |
| **6.** | Данок на добивка | 130.462.039 денари |
| **7.** | Добивка по оданочување | 1.211.768.885 денари |

Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи и Извештајот на независниот ревизор од ставот 1 на овој член, се составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

МАКПЕТРОЛ

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0102-943/1
26 FEB 2026 20__ год.
СКОПЈЕ 1




2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВЕН ОДБОР

## СОДРЖИНА


| | | страна |
|---|---|---|
| I. | Главни фактори и околности коишто влијаеле врз работењето, промени во опкружувањето во чиишто рамки дејствува „Макпетрол“ АД Скопје, одговор на тие промени и нивно влијание | 3 |
| II. | Показатели за постигнатиот финансиски резултат на „Макпетрол“ АД Скопје во 2025 година | 4 |
| III. | Политика на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста на работењето на „Макпетрол“ АД Скопје | 11 |
| IV. | Политика на дивиденди | 12 |
| V. | Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и Политика на управувањето со ризикот и други индикатори на работењето | 13 |
| VI. | Комуникација со засегнати лица | 17 |
| VII. | Животна средина и општествен интерес | 27 |
| VIII. | Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 35 |
| IX. | Изгледи за идниот развој на „Макпетрол“ АД Скопје и неговиот деловен потфат и активностите во сферата на истражувањето и развојот | 36 |
| X. | Информации во врска со стекнување сопствени акции | 36 |
| XI. | Примања на членовите на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на „Макпетрол“ АД Скопје остварени во 2025 година | 36 |
| XII. | Податоци за членување во други органи на управување и надзор на членовите на Управниот одбор | 37 |
| XIII. | Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување | 39 |

# I. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ШТО ИЗВРШИЈА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО, ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИ РАМКИ ДЕЈСТВУВА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ, ОДГОВОР НА ТИЕ ПРОМЕНИ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ

Геополитичката нестабилност на глобално ниво е главна карактеристика за 2025 година. Војната помеѓу Русија и Украина продолжи и во 2025 година. Иран беше нападнат од САД и од Израел, а тензиите помеѓу Кина и САД по прашањето за Тајван се присутни и понатаму. САД и ЕУ ги заостија економските санкции кон Русија со нагласен удар врз енергетскиот сектор.

Европската комисија донесе мерки за забрана на увоз на природен гас од Русија во ЕУ почнувајќи од октомври 2027 година, што предизвика незадоволство кај поедини земји членки на ЕУ – Унгарија, Словачка и Бугарија, чија зависност од рускиот гас сè уште е многу голема.

Сите овие настани имаа силно влијание врз светската економија во 2025 година.

Инфлацијата и каматните стапки продолжија да се намалуваат, но сè уште се далеку од нивото пред 2022 година. Цените на металите бележат значителен раст, особено цените на златото, среброто и бакарот, додека цените на храната и на енергенсите останаа релативно стабилни. Цената на суровата нафта во 2025 година се задржа на ниво помеѓу 60 и 65 американски долари за барел, а цената на природниот гас се намали до 30 евра за мегават-час.

Во Република Северна Македонија во 2025 година се одржаа локалните избори на кои убедливо победи владејачката коалиција на власт, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, но нема напредок во преговорите за членство на земјата во ЕУ поради неисполнетиот услов за измена на Уставот на државата – вметнување на Бугарите во Уставот. На економски план земјата не бележи позначајни резултати. Цените на храната се покачија, инфлацијата сè зголеми и изнесува 4,1% на годишно ниво, а растот на БДП останува низок со 3,5%.

Сивата економија, криминалот, корупцијата, трговскиот дефицит во размената со странство и задолженоста на земјата се на многу високо ниво.

Владата на Република Северна Македонија договори кредит од Унгарија во висина од 2 милијарди евра, а со Владата на Велика Британија е договорен аранжман за финансиска поддршка во висина од 6,5 милијарди евра.

Правилникот за квалитет на течни горива и Законот за биогорива не беа донесени ниту во 2025 година.

Во 2025 година продолжи програмата за лојалност на Друштвото – ВЕРНА ЛОЈАЛНОСТ, но продолжија и нападите и вооружените грабежи на бензинските станици на Друштвото.

И покрај големите предизвици со кои се соочи Друштвото во текот на годината, може слободно да се каже дека благодарение на големиот ангажман на менаџментот, како и на вработените, се постигнаа успешни резултати во работењето.

## II. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОСТИГНАТИОТ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ ВО 2025 ГОДИНА

### ➢ Анализа на движењата во Билансот на успех

Во табелата подолу се прикажани издвоени финансиски информации, како и нивната промена во споредба со претходниот период:

**Информации од Билансот на успех во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 31.295.866 | 31.083.322 | 212.544 | 0,68% |
| Оперативни приходи | 30.994.357 | 30.863.671 | 130.686 | 0,42% |
| Приходи од продажба | 30.794.559 | 30.604.229 | 190.330 | 0,62% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,36% | 99,16% | | |
| | | | | |
| Вкупни расходи | 29.985.830 | 29.928.128 | 57.702 | 0,19% |
| Оперативни расходи | 29.956.297 | 29.913.720 | 42.577 | 0,14% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 26.120.459 | 26.318.505 | -198.046 | -0,75% |
| *- % во оперативни расходи* | 87,20% | 87,98% | | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 20.654 | 5.064 | 15.590 | 307,86% |
| | | | | |
| ***Добивка од редовно работење*** | ***1.310.036*** | ***1.155.194*** | ***154.842*** | ***13,40%*** |

Опкружувањето во кое работеше Друштвото во текот на 2025 година сè уште беше нарушено, но и покрај сите предизвици „Макпетрол“ АД оствари позитивни резултати.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 31,3 милијарди денари, кој е поголем од минатогодишниот за 212,54 милиони денари, односно остварен е раст од 0,68%.

На квартално ниво, вкупните приходи во 2025 година како што се прикажани подолу бележат раст во споредба со минатата година.




| | K1/2023 | K2/2023 | K3/2023 | K4/2023 | K1/2024 | K2/2024 | K3/2024 | K4/2024 | K1/2025 | K2/2025 | K3/2025 | K4/2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 6.955.439 | 6.914.297 | 8.955.819 | 7.577.936 | 6.757.492 | 7.626.193 | 8.997.986 | 7.701.651 | 7.104.390 | 7.379.058 | 8.884.353 | 7.928.065 |
| Вк. Расходи | 6.828.858 | 6.702.174 | 8.550.388 | 7.490.037 | 6.578.567 | 7.321.759 | 8.592.454 | 7.435.348 | 6.919.600 | 7.056.537 | 8.382.808 | 7.626.885 |
| Добивка пред одан. | 126.581 | 212.123 | 405.431 | 87.899 | 178.925 | 304.434 | 405.532 | 266.303 | 184.790 | 322.521 | 501.545 | 301.180 |

Во структурата на приходите, најголем удел имаат приходите од продажба со 98,4%, од кои 96,86% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 1,54% се остварени преку продажба на странски пазар. Продажбата на странски пазар во текот на 2025 година бележи раст поради зголемената продажба на млазно гориво.




Приходите од продажба, како на домашниот така и на странскиот пазар, во најголем дел се остваруваат преку двете најзначајни функции, малопродажба и големопродажба.

Во графиконот подолу може да се види соодветната поделба.




Во текот на 2025 година, при неповолни економски услови, Друштвото, како потврден лидер на македонскиот енергетски пазар, оствари раст на приходите споредено со минатата година, кој во најголем дел се должи на **зголемените приходи од големопродажба за 10,59%** како резултат на зголемувањето на извозот на млазно гориво за 24,36% и на зголемената продажба на природен гас за 20,99%.

Од аспект на малопродажбата во 2025 година, Друштвото, како потврден лидер на малопродажниот пазар на деривати, го **зголеми количествениот промет за 2,97%.** Дополнително, во согласност со стратегијата и со цел задоволување на потребите на потрошувачите кои секогаш се во фокусот, Друштвото го прошири **малопродажниот асортиман што се нуди на бензинските станици**, а прометот со истиот се **зголеми** за **9,73%.**

Но и покрај зголемувањето на количествениот промет, приходите од малопродажба бележат пад од 0,6% како резултат на намалувањето на цените на нафтените деривати на светските берзи, кои како набавни цени зафаќаат најголем дел од малопродажната цена на дериватите.

Подолу е прикажана вкупната продажба на нафтените деривати и на другите горива во тони, во текот на изминатите три години, со одделно прикажани количини за малопродажба и големопродажба.




На следниов дијаграм е прикажана структурата на продажба на нафтените деривати и на другите горива во текот на 2025 година.



**Вкупните расходи** остварени во 2025 година се во висина од 29,99 милијарди денари, што претставува зголемување во однос на минатата година за 57,7 милиони денари или за 0,19%.

Зголемувањето во најголем дел се должи на зголемените трошоци за вработени за 6,89% и на зголемените трошоци за амортизација за 17,85% поради промените во сметководствените политики.

Најзначаен расход е набавната вредност со 26,12 милијарди денари и истата го следи трендот на приходите од продажба, што е неминовно со оглед дека е дел од приходите од продажба, односно зафаќа околу 84,82% од приходите.

Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Друштвото има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[1] на најголемиот дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена не е регулирана, како што е примерот со природниот гас, таа зависи од глобални фактори и движења, како што се цените на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот подолу се прикажани движењата на расходите во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.




[1] Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве нафтени деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на годината Друштвото оствари позитивен финансиски резултат искажан преку добивка пред оданочување во износ од 1,31 милијарди денари, што е значително зголемување во однос на остварената добивка минатата година, кога изнесуваше 1,16 милијарди денари.

На графиконот подолу е прикажана добивката пред оданочување за 2025 година, како и споредбата на позициите од билансот на успех со минатата година. Во овој графикон позитивните движења што ја зголемуваат добивката се прикажани со зелена боја, а негативните движења што ја намалуваат добивката се прикажани со црвена боја.




Врз основа на графиконот погоре, може да забележиме дека главните причини за промените се следниве:

- зголемување на бруто-маржата поради зголемениот количествен промет во сегментот малопродажба и поради зголемената продажба на млазно гориво и природен гас;
- зголемувањето на платите на вработените во текот на 2025 година;
- зголемување на трошокот за амортизација поради промени во сметководствените политики; и
- позитивен нето-ефект од финансиските приходи и расходи на Друштвото поради значајното зголемување на приходите од дивиденди и на приносот од вложувањата во долгорочните хартии од вредност.

## ➢ Анализа на движењата во Билансот на состојба

Во табелата подолу се прикажани издвоени финансиски информации, како и нивната промена споредено со претходниот период:

**Информации од Билансот на состојба во 000 МКД**

| | Тековен период 31.12.2025 | Претходен период 31.12.2024 | Промена | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| Постојани средства | 8.634.221 | 8.362.990 | 271.231 | 3,24% |
| Долгорочни фин. средства | 3.909.607 | 3.749.673 | 159.934 | 4,27% |
| Тековни средства | 2.937.457 | 2.504.567 | 432.890 | 17,28% |
| Залихи | 1.256.638 | 1.208.645 | 47.993 | 3,97% |
| Побарувања од купувачи | 528.152 | 387.077 | 141.075 | 36,45% |
| Останати побарувања | 687.264 | 219.061 | 468.203 | 213,73% |
| Пари и парични еквиваленти | 272.579 | 484.803 | -212.224 | -43,78% |
| Вкупно средства | 11.571.678 | 10.867.557 | 704.121 | 6,48% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 9.788.060 | 9.245.459 | 542.601 | 5,87% |
| Вкупно обврски | 1.783.618 | 1.622.098 | 161.520 | 9,96% |
| Долгорочни обврски | 113.055 | 3.578 | 109.477 | |
| Тековни обврски | 1.670.563 | 1.618.520 | 52.043 | 3,22% |
| Обврски по кредити | 153.063 | 41 | 153.022 | |
| Обврски спрема добавувачи | 569.470 | 778.692 | -209.222 | -26,87% |



Врз база на информациите за активата, презентирани во табелата и во графиконот погоре, може да се заклучи дека се забележуваат следниве промени:

- Зголемување на средствата на Друштвото за 6,48%, при што постојаните средства се зголемуваат за 3,24%, а тековните средства се зголемуваат за 17,28%;
- Растот на тековните средства примарно произлегува од зголемените побарувања по основ на платени аванси на добавувачи за набавка на трговски стоки. Овој пораст е делумно неутрализиран со намалување на паричните средства, како резултат на нивно вложување во долгорочни финансиски вложувања со атрактивен принос;
- зголемувањето кај постојаните средства е резултат на вложувањата во долгорочни финансиски средства, на инвестициите во обнова и во реконструкција на малопродажни и големопродажни објекти, како и резултат на промената на сметководствените политики и евидентирање на средства со право на користење.




| | 31.12.2023 | 31.12.2024 | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| Капитал | 7.786.987 | 9.245.459 | 9.788.060 |
| Обврски | 1.422.689 | 1.622.098 | 1.783.618 |

Во однос на пасивата, односно изворите на средства, најзначајните движења заклучно со 31.12.2025 година се следниве:

- Структурата на пасивата во последните три години е стабилна, односно капиталот учествува со 85%, а обврските само со 15% во истата;
- Зголемување на капиталот на Друштвото за 5,87% како резултат на остварениот позитивен оперативен резултат;
- Зголемување на вкупните обврски за 9,96%, во најголем дел како резултат на зголемувањето на обврските за искористени краткорочни кредити и на обврските за лизинг, предизвикано од промената во сметководствените политики.

Со оглед на главните движења презентирани погоре, може да се заклучи дека Друштвото работи рентабилно и управува оптимално со расположливите ресурси.

Вработените, кои се основната сила на „Макпетрол“ АД, со својата посветеност се заслужни за континуираниот успех и за задржувањето на лидерската позиција на Друштвото. Друштвото постојано инвестира во развојот на своите вработени, како и во обезбедувањето безбедни и здрави услови за работа.

Во 2025 година, врз основа на Одлуката бр.0201-31/4 од 20.5.2025 година за определување на ревизори на финансиските извештаи на Друштвото, донесена на XXIX-тото Собрание на акционери на „Макпетрол“ АД Скопје, ревизијата ја спроведе ревизорската куќа „Гранд Торнтон“ ДОО од Скопје, која не дава други услуги на „Макпетрол“ АД Скопје.

## III. ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗА ПОДДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ го продолжи силниот инвестициски циклус и вложи преку 294,83 милиони денари, како во реконструкција така и во изградба на нови малопродажни и на големопродажни објекти.

Позначајни реализирани вложувања во текот на 2025 година се следниве:

| | |
|---|---|
| **I ВЛОЖУВАЊА ВО ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ** | **194.865** |
| **1. ВЛОЖУВАЊА ВО МАЛОПРОДАЖБА** | **161.114** |
| **а) Вложувања во постојните бензински станици** | **100.275** |
| БС 007 Синѓелиќ | 39.454 |
| БС 010 Тетово I | 8.750 |
| БС 086 Влае I | 7.621 |
| БС 026 Прилеп II | 4.787 |
| БС 138 Делчево II | 4.083 |
| БС 144 Транспортен центар Скопје | 4.043 |
| БС 017 Битола II | 3.795 |
| БС 053 Лисиче | 3.717 |
| БС 013 Куманово I | 3.654 |
| БС 050 Струмица | 2.869 |
| Останати | 17.502 |
| **б) Целосна реконструкција на бензински станици** | **50.259** |
| БС 068 Кисела Вода | 34.510 |
| БС 089 Гостивар | 15.749 |
| **в) Останати вложувања** | **10.580** |
| Камери на БС | 5.922 |
| Опрема за само-наплата на пумпни автомати | 1.543 |
| Електронски ѕидни ценовници | 1.198 |
| Останати | 1.917 |
| **2. ВЛОЖУВАЊА ВО ГОЛЕМОПРОДАЖБА** | **33.751** |
| Склад Илинден | 18.622 |
| Склад Градско | 5.822 |
| Полнилница Миладиновци ТНГ | 2.670 |
| Склад Гостивар ТНГ | 2.665 |
| Работна Единица Кавадарци | 2.095 |
| Останати | 1.877 |
| **II ДРУГИ ВЛОЖУВАЊА** | **99.968** |
| Деловна зграда - седиште на друштвото | 86.161 |
| Дирекција за одржување/Дирекција за развој и инвестиции | 8.159 |
| Дирекција за стандардизација, квалитет и екологија | 2.060 |
| Хотел Струга | 1.695 |
| Дирекција за информатички технологии | 1.259 |
| Други вложувања | 634 |
| **ВКУПНО ВЛОЖУВАЊА ВО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **294.833** |

# IV. ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Друштвото води резидуална политика на исплата на дивиденди. Друштвото најпрво ги планира средствата наменети за инвестирање, потоа ги оценува своите можности за финансирање, вклучувајќи ја и можноста за задолжување.

Дивидендата што ќе биде дистрибуирана ќе биде еднаква на разликата меѓу можностите за финансирање и плановите за инвестирање.

Согласно со Одлуката бр. 0201-31/2-3 за плаќање на дивиденда според Годишната сметка на Друштвото за 2024 година, донесена на XXIX-тото Собрание на акционерите одржано на 20.5.2025 година, Друштвото изврши исплата на дивиденда на 26.8.2025 година.
Дивидендата е исплатена во бруто-износ од 424.804.800 денари, односно 4.200 денари бруто-износ по акција.

Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните четири години.

| | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос**[2] | 3,83% | 4,90% | 5,75% | 4,53% |

[2] Дивиденден принос = Објавена дивиденда / Последна пазарна цена на крај на периодот

# V. ПОЛИТИКА НА ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИКОТ И ДРУГИ ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

## ➢ Долгорочен долг спрема основна главнина

Структурата на изворите на средства на Друштвото се состои од главнината и од обврските, каде што се вклучени долгорочни обврски, краткорочните обврски и обврски по кредити. Главнината се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството периодично ја анализира структурата на изворите на средства, со цел обезбедување на нивната оптимална структура.

Обврските по кредити и можностите за финансирање преку нив, како еден од изворите на средства, внимателно се следат и разгледуваат, со цел обезбедување на флексибилни извори на средства што може да се приспособат на потребите на Друштвото.

Раководството на Друштвото континуирано се фокусира на обезбедување на кредитни линии кои имаат најповолни услови, преку склучување договори за кредитни рамки со комерцијалните банки.

Во своето работење, Друштвото најчесто користи краткорочни кредити што се користат во оперативните активности на Друштвото, за управување со работниот капитал и за оптимизација на краткорочната ликвидност.

Наспроти нив, долгорочните кредити се користат кога средствата од нив се употребуваат за финансирање на капитални инвестиции и на проекти, со што се усогласува рочната структура на средствата и изворите на средства.

Заклучно со крајот на 2025 година, Друштвото користи краткорочни револвинг кредити со цел управување со оперативниот капитал и финансирање на оперативните активности. Повеќе детали се прикажани во табелата подолу:

| | **во 000 МКД** | | |
|---|---|---|---|
| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** |
| Вкупно обврски | 1.783.618 | 1.622.098 | 9,96% |
| Обврски по кредити | 153.063 | 41 | |
| *Краткорочни* | *153.063* | *41* | |
| *Долгорочни* | - | - | |
| Главнина и Резерви | 9.788.060 | 9.245.459 | 5,87% |
| Основна главнина | 3.135.464 | 3.135.464 | 0% |
| **Долгорочен долг/Основна главнина** | **0%** | **0%** | |

## Политика на управување со ризици

Тековното работење на Друштвото е постојано изложено на ризици од најразличен вид, особено од финансиски аспект, вклучувајќи кредитни ризици, ликвидносни ризици, пазарни ризици, како и на ризикот од управување со капиталот.

Друштвото придава особено внимание на непредвидливоста на пазарите при што работи на минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на работењето на Друштвото.

Управувањето со ризици го врши Управниот одбор врз основа на претходно одобрени политики и процедури.

- **Пазарен ризик**

Пазарен ризик е ризик од промените во пазарните цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијание врз приходите на Друштвото или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на повратот на средствата.

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики, кој се јавува поради изложеноста на различни валути, особено поради изложеност во однос на еврото и доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето-позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Друштвото е изложено на ефектите од флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и врз паричните текови. Раководството на Друштвото во најголема мерка е одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето-каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои незначителен износ на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известувањето, кои се користат за управување со работниот капитал и се краткорочни.

Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои се позајмени средствата, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото постави одредени пласмани на своите средства во орочени депозити и во високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

- **Кредитен ризик**

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финансискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува поради побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание на индивидуалните карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно дека Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека кај малопродажбата овој ризик е лимитиран. Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

- **Ликвидносен ризик**

Внимателното управување со ликвидносниот ризик имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи, во рамките на договорените услови.

Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни рамки одобрени од страна на комерцијалните банки.

- **Ризик при управување со капитал**

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет, со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот. Со цел да се одржи или да се приспособи структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## Индикатори за работењето

Во текот на своето оперативно работење, Друштвото постојано ја следи својата профитабилност и ликвидност преку калкулација на одредени индикатори за работењето. Во табелите подолу се презентирани најзначајните индикатори за профитабилноста и за ликвидноста на Друштвото.

**Значајни финансиски показатели на профитабилност**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена процентни поени** |
|---|---|---|---|
| Бруто-маржа (%)[3] | 15,18% | 14,00% | 1,18% |
| Нето-маржа (%)[4] | 4,23% | 3,74% | 0,49% |
| ROA[5] | 10,29% | 9,77% | 0,52% |
| ROE[6] | 12,16% | 11,48% | 0,68% |
| ROCE[7] | 10,39% | 10,17% | 0,22% |

**Значајни показатели на ликвидност и солвентност**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена процентни поени** |
|---|---|---|---|
| Тековни средства /Тековни обврски | 175,84% | 154,74% | 21,1% |
| Вкупни обврски /Вкупни средства | 15,41% | 14,93% | 0,48% |
| Вкупни обврски/Главнина и резерви | 18,22% | 17,54% | 0,68% |
| Главнина и резерви/Вкупни средства | 84,59% | 85,07% | -0,48% |

[3] Бруто-маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност)/Приходи од продажба
[4] Нето-маржа = Добивка пред оданочување/Оперативни приходи
[5] ROA = Нето-добивка по оданочување/Вкупно средства
[6] ROE = Нето-добивка по оданочување/Главнина и резерви
[7] ROCE = Оперативна добивка/(Вкупни средства - Тековни обврски)

Врз база на презентираните индикатори може да заклучиме дека профитабилноста и ликвидноста на Друштвото се стабилни во текот на 2025 година.

Кај финансиските показатели на профитабилност се забележува подобрување споредено со 2024 години, како резултат на зголемената добивка пред оданочување за 13,4%.

Показателите на ликвидност и солвентност се генерално стабилни, а истите се резултат како на позитивните оперативни резултати, така и на посветеноста на Раководството на одржување на оптимална структура на извори на средства, минимизирање на трошокот за финансирање и максимизирање на приносите од вложувања во хартии од вредност.

Заклучно со крајот на годината Друштвото користи само краткорочни револвинг кредити со цел управување со оперативниот капитал и финансирање на оперативните активности. Од аспект на рочност, Друштвото на крајот на периодот како долгорочни обврски ги има евидентирано само обврските за резервации и обврските за лизинг, кои произлегуваат од промената на сметководствениот третман на договорите за користење на средства под наем.

## VI. КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА

„Макпетрол“ АД во комуникацијата со заинтересираните страни доследно ги применува принципите на транспарентност, јасност и достапност. Преку транспарентен пристап, Друштвото обезбедува навремени, точни и релевантни информации за своето работење, услугите и понудите, со што се зајакнува довербата и се гради кредибилен однос со јавноста.

Оваа отвореност претставува цврста основа за долгорочна и континуирана соработка.

Јасната и разбирлива комуникација е еден од клучните приоритети, при што информациите се презентираат на концизен и структуриран начин, приспособен на потребите на различни целни групи. Истовремено, достапноста на услугите и понудите има централно место во маркетинг пристапот на компанијата, со фокус на лесен пристап до информации и навремена поддршка за заинтересираните лица, со цел поттикнување, активно ангажирање и отворена комуникација.

### ➢ Клиенти

Примарната база на крајни корисници на „Макпетрол“ АД се потрошувачите кои ја посетуваат нашата модернизирана малопродажна мрежа на бензински станици ширум државата. Посветеноста на квалитетен развој и фокусирањето на клиентите создаваат додадена вредност, што ја зајакнува деловната соработка и придонесува за препознатливоста на „Макпетрол“ АД на пазарот.

Во креирањето на својата стратегија ориентирана кон клиентите, „Макпетрол“ АД континуирано се фокусира на унапредување на квалитетот на услугите и на градење долгорочни, стабилни односи со своите клиенти.

Токму поради тоа, продолжуваме да инвестираме во нашите бензински станици бидејќи тие се пример за нашиот бренд. Како резултат на тоа, нашиот малопродажен сегмент на производи од дополнителниот асортиман, бележи финансиски раст секоја година. Денес, нашите малопродажни објекти се многу повеќе од место за снабдување со гориво.

Во обликувањето на својата стратегија насочена кон клиентите, „Макпетрол“ АД дава приоритет на одржување на зголемени стандарди на услуги и на негување на трајни односи со своите клиенти. Главен фокус на овој пристап е постојаното инвестирање во нови и во обновување на постојни капацитети, односно значителни инвестиции насочени кон обезбедување врвна и безбедна услуга и квалитет за верните потрошувачи.

Овие вложувања не се ограничени само на визуелни подобрувања, туку претставуваат дел од пошироката заложба за модернизација на инфраструктурата, зголемување на функционалноста и создавање поудобна и поефикасна средина за клиентите.

Во сегментот на малопродажба, клучен приоритет е да се обезбеди достапност на клучните производи и услуги, вклучувајќи гориво и производи, во секое време и на сите локации. Ова се постигнува преку оптимизиран синџир на снабдување и прецизно управување со залихите, со што се гарантира достапноста на производите за купувачите. Со систематско прибирање на податоци од малопродажбата, го унапредуваме корисничкото искуство низ сите канали и обезбедуваме брза приспособливост кон новите потреби на потрошувачите.

Овие инвестиции се доказ за посветеноста и за фокусот на Друштвото на задоволување на потребите на потрошувачите, сè со цел да се обезбеди уште поголемо задоволство и поудобна средина за нашите клиенти.

Во текот на 2025 година продолживме и со вложувањата во делумна и во целосна реконструкција на дел од нашите објекти, со што придонесуваме за заштита на животната средина и ги намалуваме оперативните трошоци на долг рок.

Имено, извршена е целосна реконструкција на БС 007 Ченто, со промена на машинска инсталација, поставување на нови автомати за преточување гориво, нови хидротехнички и електроинсталации и за санација на сообраќајниците, настрешницата и продажниот објект.

Објектот е реконструиран според највисоките технички и безбедносни стандарди, истиот работи 24 часа, седум дена во неделата. На оваа нова бензинска станица се достапни квалитетните горива ULTRA на „Макпетрол“ АД и има широк избор на производи од дополнителниот асортиман.

Исто така, со почеток од 1.10.2025 година, започнавме активности на целосна реконструкција, односно изградба на целосно нова бензинска станица според најновите светски стандарди, на местото на постојната станица БС 068 Кисела Вода.

Со цел на задоволување на потребите на потрошувачите, продолживме и со вложувањата во делумна адаптација на продажниот простор на неколку бензински станици. Со адаптацијата се интервенираше во рамките на постоејниот габарит, со комплетно задржување на постојниот конструктивен систем, а со цел подобрување на внатрешната функција и содржини. Со новопредвидените решенија на објектите се доби нов функционален распоред на просториите, кои создаваат соодветни услови за функционирање на вработените и посетителите на бензинските станици. Со адаптација на продажен простор беа опфатени: БС 086 Влае, БС 013 Куманово, БС 144 Транспортен центар и БС Прилеп 026.

Во 2025 година, преземени се активности за реконструкција и за модернизација на Склад Илинден Скопје, со поставување на нови мерни уреди за вагон-цистерна, обновување на мерни уреди за авто-цистерна и поставување систем за долно полнење. Извршена е санација на постоен магацин, односно постојниот магацин е комплетно срушен и на негово место е изграден нов објект од 360m$^2$, кој е во согласност со сите потребни конструктивни и противпожарни стандарди.

Со цел унапредување и модернизација на услугите, извршено е поставување на самонаплатни пумпни автомати на неколку бензински станици ширум државата, а истите во моментов се во фаза на тестирање и официјално ќе бидат пуштени за користење во текот на март идната година.

Покрај наведеното, на повеќе бензински станици беше организирано хортикултурно уредување, расчистување градежен отпад и подобрување на надворешниот изглед, со што се подобрува визуелниот изглед и околината на нашите малопродажни објекти.

Со цел да се задоволат потребите на потрошувачите и да се овозможи квалитетно, сигурно и економично снабдување со нафтени деривати, гас, биогорива и со други стоки, на поголемиот број од бензинските станици на потрошувачите им се достапни квалитетни производи и услуги во текот на 24 часа, секој ден од неделата. Исто така, воспоставени се и телефонски броеви за контакт и електронска пошта за рекламации на услугите и на стоките.

Како дел од својата политика за транспарентност, „Макпетрол“ АД редовно ги информира граѓаните за промените на цените на горивата и на гасот преку соопштенија во медиумите и преку објави на социјалните мрежи, овозможувајќи им на клиентите навремено и точно информирање.

Маркетинг-стратегијата на Друштвото е посветена на истакнување на квалитетот на нејзините горива, што ја прави компанијата препознатлива на пазарот. Овој пристап не само што ги нагласува одличните перформанси на горивата, туку и ја зајакнува довербата што потрошувачите ја имаат во брендот и неговата понуда.

Програмата за лојалност „Верна“ претставува јасен израз на клиентски ориентираната филозофија на компанијата. Преку внимателно дизајниран систем на бенефиции, програмата ја наградува лојалноста на клиентите и поттикнува долгорочна заемна соработка. Оваа иницијатива не само што придонесува за задржување на постојната клиентска база, туку и создава повисоко ниво на задоволство и ангажман, што се потврдува преку позитивниот одѕив од корисниците.

## ➢ Добавувачи

Успехот на „Макпетрол“ АД се темели на деловни односи изградени врз заемна доверба, поддршка и заеднички бенефит. Преку доследно почитување на принципите на искреност, одговорност и правичност, се стремиме да ги разбереме и да ги исполниме потребите на нашите купувачи и добавувачи. Препознавајќи ја клучната улога на добавувачите во нашиот синџир на вредности, одржуваме континуирана комуникација за да обезбедиме производи со врвен квалитет. Нашата посветеност на европските и светските стандарди гарантира редовна испорака и долгорочно зацврстување на партнерствата.

Врвното раководство на „Макпетрол“ АД ги дефинира критериумите за оценка на добавувачи, согласно со специфичноста на производот и со лимитираниот број на добавувачи кои можат да ги исполнат критериумите, односно ги обработува сите информации поврзани со добавувачите, од фазата на квалификација, до фазата на склучување договори. Сите нови добавувачи се подложени на оценување врз основа на одредени еколошки и социјални критериуми. Овој систем вклучува проценка на квалитет на производот, понудената цена, предвидениот рок на испорака, финансиската состојба на добавувачот, начинот на финансиска соработка, како и начинот на плаќање, дали поседува квалитети за справување со проблеми во текот на испораката и други значајни карактеристики.

Понатаму, Етичкиот кодекс на Друштвото се однесува на сите деловни партнери на „Макпетрол“ АД, вклучувајќи ги и добавувачите.

Преку постојан дијалог со добавувачите – од дефинирање на комерцијалните услови до реализација на договорите – заеднички ги приспособуваме производите и услугите. На овој начин го олеснуваме нивното работење и истовремено привлекуваме нови купувачи.

Преку континуирана соработка ја зацврстуваме довербата и го продлабочуваме разбирањето за потребите и за предизвиците на нашите добавувачи. За Друштвото, стратешкото управување со овие односи е од суштинско значење за одржлив развој.

## ➢ Вработени

Луѓето се енергијата на „Макпетрол“ АД и со вложениот труд, посветеноста и професионалноста, и заедничкиот придонес во работењето, „Макпетрол“ АД во 2025 година, оствари значајни финансиски резултати.

Несомнено „Макпетрол“ АД и понатаму ќе остане максимално посветен на грижата за своите вработени, бидејќи тие се најголемиот капитал на нашата компанија и се клучни за нејзиниот успех.

Како компанија составена од многу различни сегменти, некои поголеми, некои помали, за нас е пресудно секој од нив да функционира беспрекорно, со примена на исклучително високо ниво на професионалност. Без разлика на улогата и на позицијата во севкупната организација, сите вработени секојдневно ги завршуваат своите задачи со извонредна посветеност. Потврда за тоа се позитивните финансиски резултати што друштвото ги оствари во 2025 година, но уште поголем доказ е тоа што за стотици илјади потрошувачи во Р.С. Македонија, нашите бензински станици и натаму остануваат избор број еден. За ваквиот успех не е заслужно само раководството, туку и секој поединец во компанијата.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД ја распредели годишната добивка за 2024, со што секој вработен доби паричен износ од 100% од просечната плата на вработениот во 2024 година. Исто така, компанијата исплати и регрес за годишен одмор во нето-износ од 48.000 денари, а беше исплатен и новогодишен надомест во нето-износ од 30.000 денари.

Во духот на празниците, компанијата организираше и голема новогодишна забава за вработените, на којашто настапија големи музички ѕвезди, а воедно, традиционално, испраќањето на 2025 година, „Макпетрол“ АД, го одбележа и со уште една предновогодишна забава на која присуствуваа и уживаа најмладите членови на семејствата на вработените во компанијата и на кои им беа доделени новогодишни пакетчиња. Настанот се одржа со цел обединување на семејната радост и добрата забава, потсетувајќи нè дека празниците се време за заедништво, насмевки и незаборавни моменти.

„Макпетрол“ АД е лидер на пазарот со нафта и нафтени деривати во Република Северна Македонија речиси осум децении. Друштвото, притоа, е особено посветено и постојано инвестира во професионалниот развој и во напредокот на своите вработени. За сите членови на големиот тим на Друштвото се креираат можности за стекнување нови и дополнителни знаења. Ова е една од стратешките вредности и цели во кои Друштвото ќе вложува и во иднина.

Човечкиот капитал во „Макпетрол“ АД се заснова на фактот дека нашиот бизнис го водат луѓе. Сите вработени во Друштвото работат заедно за да изградат позитивна корпоративна култура во која се вреднува различноста, се зајакнуваат вештините, а комуникацијата е отворена, така што целата заедница постигнува исклучителни резултати. Благодарение на акумулираното знаење, искуството на пазарот, а најмногу поради напорите на професионалните и мотивирани вработени кои се темел на деловниот успех, „Макпетрол“ АД останува водечка нафтена компанија во Северна Македонија. Воедно, Друштвото и понатаму останува еден од најпосакуваните работодавачи во државава, а во текот на 2025 година, нашиот тим го проширивме за 169 нововработени.

Имајќи ги предвид добро воспоставените односи со вработените, редовно спроведуваме истражувања меѓу нив и имаме „директни комуникациски линии“, особено за прашања поврзани со здравјето и со безбедноста, заштитата на животната средина, човековите права и со еднаквите можности.

„Макпетрол“ АД, ги промовира сите аспекти на благосостојбата на вработените, и важноста на рамнотежата помеѓу работата и животот, како и изградба на подобри меѓусебни односи и зајакнување на тимската кохезија помеѓу вработените, поради што организира разни активности коишто водат кон тоа.

Како и во годините наназад, така и во октомври 2025 година, „Макпетрол“ АД, организираше турнир во мал фудбал „Макпетрол 2025“ за своите вработени, во хотел „Макпетрол Струга“, на кој учествуваа 120 вработени од сите региони во државата, поделени во екипни групи. Напредокот на нашата компанија зависи од напредокот на вработените во целина. Силно посветени да дејствуваме во насока на подобрување, унапредување и на поддршка на вработените, од особено и витално значење се грижата за здравиот начин на живот и активни навики на делување, преку поддршката на спортот. Оттаму, согласно со постигнатите резултати на турнирот, а со цел мотивирање и подигнување на натпреварувачкиот и тимски дух, Друштвото додели финансиски средства за реализација на тим-билдинг – наградно патување во Лисабон, Португалија, за трите најдобро пласирани екипи.

„Макпетрол“ АД се стреми да создаде оптимални работни услови за своите вработени и да обезбеди оперативна ефикасност, а истовремено е посветена на одговорно однесување и на активности поврзани со влијанијата врз здравјето и безбедноста, како составен дел од секојдневното деловно работење. Ние се стремиме кон високи стандарди за заштита на здравјето и безбедноста на нашите вработени, добавувачи и клиенти. Постигнувањето на највисоко ниво на здравствени и безбедносни перформанси бара внимателен избор, обука и распоредување на вработените и обезбедување на соодветни алати, опрема, лична заштита, јасни стандарди за изведба и упатства и процедури за безбедна работа. Вработените се едуцирани и обучени да работат безбедно и можат да ги препознаат опасностите и ризиците на работното место и да применат соодветни заштитни мерки.

Како компанија, „Макпетрол“ АД ги препознава високите безбедносни ризици и нивното потенцијално влијание врз животната средина. Ние сме посветени на одговорно управување со ризици, почитување на човековите права, избегнување на штета на луѓето и животната средина и намалување на ризиците за безбедност и здравје при работа што произлегуваат од нашите активности. Се стремиме да го подобриме управувањето со животната средина и да негуваме активна култура на безбедност и здравје при работа преку сигурна опрема, квалификуван персонал и добри практики.

Со цел поголема заштита на здравјето и на безбедноста на вработените, континуирано се набавува опрема за лична заштита што ги заштитува вработените од ризиците поврзани со здравјето и со безбедноста на работното место. Поради тоа, во текот на годината беше извршен технички преглед на опремата за работа (моторен виљушкар, кран во систем за ППЗ електроенергетски постројки, систем за громобранска заштита за заземјување во складовите на „Макпетрол“ АД Скопје). Во 2025 година спроведени се и нови проценки на ризик со изјава за безбедност на работните места на следниве бензински станици: БС 007 Сингелиќ, БС 086 Влае и БС 138 Делчево.

Во врска со здравствената заштита на вработените, во 2025 година, Друштвото изврши здравствени прегледи на 1848 вработени во рок определен согласно со извршената проценка на ризик и изјава за безбедност на работните места. Обуките за безбедност и здравје при работа континуирано се спроведуваат за вработените со цел безбедно извршување на работните задачи.

Свесни дека посветените, високо професионални и мотивирани вработени се изворот на нашиот континуиран развој, Друштвото се грижи за нив и за создавање услови за професионален развој.

Развојот на човечките ресурси е интегрирана употреба на обука и развој, организациски развој и развој на кариера за подобрување на индивидуалната, групната и организациската ефективност. Тука спаѓаат програмите што се одвиваат во рамките на компанијата, како што се обуки, курсеви и ротирање на работните места, професионални програми и друго. Целта на вложувањето во развојот на вработените е да се стекнат со нови знаења, вештини и способности потребни за успешно извршување на нови и посложени работни задачи.

Во 2025 година беа спроведени обуки за:

- континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители, како и анализа на финансиски извештаи;
- обуки од областа на информатичките технологии;
- обука на возачи за стекнување со АДР – сертификат;
- обуки од областа на човечки ресурси, како и присуство на глобален HR Minds 2025 во Атина, Грција;
- обуки за континуирано професионално усовршување, како и за следење на законските промени во областа на правото и законските измени.

Персоналот за снабдување на воздухопловите со гориво - вработените во Авиосервисите во Скопје и во Охрид присуствуваа на обука за ракување со авиогорива во воздухопловството и за складирање на авионско гориво во FAUDI AVIATION - Германија.

Новите вработени на бензинските станици посетуваа обука за ракување со природен гас, метан CNG.

Вработени од Дирекцијата за развој и инвестиции присуствуваа на Саемот за соларна индустрија „Intersolar Europe“, во Минхен, Германија, каде што имаа можност да се запознаат со новитетите во областа на фотонапонски панели и складирање на електрична енергија.

Вработени од Дирекцијата за контрола на квалитет учествуваа на Тренинг обука од прво и второ ниво од областа на ESG – животна средина, општествени прашања и управување.

Вработените во Хотел „Макпетрол“ Струга присуствуваа на EMITT 2025 во Турција, еден од петте најголеми светски туристички саеми и значајна платформа за туризам и патување.

Четворица од вработените во Дирекцијата за големопродажба, учествуваа на обука за Јавни набавки, а тројца вработени во Дирекцијата учествуваа во обука за Data Analytics in Finance.

Вработените во Дирекцијата за дополнителен асортиман присуствуваа на Самитот FMCG – најголем трговски настан од областа на трговија, дистрибуција и логистика, како и обука за управување со набавки и со залихи на дополнителен асортиман.

Во текот на 2025 година беше спроведена и обука за вработени во Дирекцијата за одржување и тоа:

- Обука за ракување со виљушкар за 5 вработени,
- Обука за ракување со дигалка (платформа) за 8 вработени, и
- Обука за монтер на скеле за15 вработени.

Беше спроведена и обука за прва помош за 317 вработени на бензински станици во сите региони низ државата.

Во 2025 година, Друштвото вложи износ од 2,86 милиони денари во едукација на вработените, за стекнување на нови знаења и вештини.

Како Друштво кое скоро осум децении оправдано се наоѓа на пиедесталот меѓу најдобро рангираните компании и најпосакуваните работодавачи во државата, а чиј императив секогаш било работењето според највисоките светски стандарди, „Макпетрол“ АД го продолжи трендот на обезбедување приватно здравствено осигурување, водејќи постојана грижа за среќата, задоволството и за здравјето на своите вработени.

Приватното здравствено осигурување значително влијае врз задоволството од работата, поттикнувајќи ја лојалноста на вработените зголемувајќи ја нивната продуктивност. Преку покривање на здравствените потреби, компанијата ги минимизира ризиците поврзани со повредите на работното место, намалувајќи ги потенцијалните правни и финансиски последици.

Во оваа насока, на сите вработени кои се осигурени во доброволното приватно здравствено осигурување, повторно им се даде можност, на своја сметка, дополнително да ги осигурат и членовите на своето семејство.

Социјалното влијание на активностите на компанијата континуирано се унапредува преку соработката со Синдикатот при „Макпетрол“ АД. Друштвото остварува координативни средби со претставниците на Синдикатот, со цел да се дадат одговори на конкретни прашања на претставниците на вработените, во врска со работењето и со деловното опкружување.

„Макпетрол“ АД активно ги комуницира своите основни вредности со партнерите и очекува од нив да се придржуваат кон етичките деловни принципи. Сите деловни партнери, вклучувајќи ги добавувачите, давателите на услуги и другите соработници, мора да се придржуваат кон Кодексот на „Макпетрол“ АД, кој е јавно достапен на нашата официјална интернет-страница.

Преку принципите на „Макпетрол“ АД, насочени кон економскиот, еколошкиот и социјалниот развој на локалните заедници и почитувањето на човековите права, се постигнува позитивно влијание, а воедно и елиминирање на негативните влијанија врз заедниците во кои работиме и врз општеството како целина, како и континуирано мерење, оценување и подобрување на нашите перформанси во однос на безбедноста и здравјето при работа и социјалните прашања и отворена комуникација со засегнатите

страни, вклучувајќи ги локалните заедници и претставниците на граѓанското општество кои се засегнати од или кои имаат легитимен интерес во нашето работење.

„Макпетрол“ АД е посветен на одржување на највисоките етички стандарди во сите свои операции. За да ја поддржи имплементацијата на своите принципи и процеси, „Макпетрол“ АД има имплементирано механизми за пријавување предвидени во „Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во „Макпетрол“ АД. Пријавите се третираат доверливо и можат да се поднесат без страв од одмазда и механизмите служат како клучни алатки за поттикнување култура на интегритет, заштита на угледот на „Макпетрол“ АД и заштита на благосостојбата на вработените.

Нашето Друштво применува високи етички стандарди во работната средина и во деловните односи со нашите деловни партнери и се грижи за засилување, изградба и за одржување на позитивен и одговорен корпоративен имиџ, како одраз на нашите вредности, етика и однесување кон општеството, со цел зголемување на довербата кај потрошувачите, коминтентите и општеството во целост.

„Макпетрол“ АД ги почитува правилата за заштита на пазарната конкуренција, ги почитува своите конкуренти и не презема никакви дејствија што се против правилата за заштита на пазарната конкуренција што може да резултираат со штетно влијание врз пазарот, потрошувачите или врз нашите конкуренти. „Макпетрол“ АД ги почитува сите свои клиенти и обезбедува усогласеност со правилата за заштита на потрошувачите во нашите деловни активности кон потрошувачите, а еден од најважните приоритети е спречување на перење пари и финансирање тероризам, што придонесува за глобалната безбедност, интегритетот на финансискиот систем и за одржливиот развој.

Заштитата на приватноста, доверливоста и личните податоци на нашите вработени, клиенти и деловни партнери е една од клучните вредности, за што преземаме безбедносни и други мерки, со цел доследно да се применуваат правилата за заштита на личните податоци и на овој начин да изградиме доверба кон работниците и кон деловните партнери.

- **Локална заедница**

Транспарентноста, довербата и партнерствата со локалните заедници се клучни за да се обезбеди нашиот статус на одговорен партнер, добредојден секаде каде што е присутен. Нашата цел е позитивно да го насочиме влијанието на нашите деловни активности преку одржување на односите со заедницата и инвестирање во локалниот развој. Иницијативите за развој на заедницата секогаш се приспособуваат на локалните потреби и се развиваат во консултација со локалните засегнати страни, а се во согласност со клучните цели и програми за одржлив развој на компанијата. „Макпетрол“ АД е активен член на заедницата во која делува и унапредувањето на општествената одговорност е еден од најважните принципи, вткаен во секој сегмент од деловното работење.

Во текот на своето речиси 80-годишно постоење, „Макпетрол“ АД, на најразлични начини, непрекинато придонесува во општеството и во заедницата.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД реализираше голем број општествено одговорни иницијативи и проекти, од кои многу се само продолжение на долгогодишната практика.

Општествено одговорната кампања на „Макпетрол“ АД, „Крени глас против врсничко насилство“, во 2025 година се закити со бронза на Фестивалот на креативноста „BalCannes“. На регионалниот собир, што се одржа од 15 до 18 мај 2025 година во Ровињ, Хрватска, „Макпетрол“ АД освои признание во категоријата за корпоративни комуникации. Манифестацијата е меѓу најголемите во југоисточна Европа, а годинава беа пријавени рекордни 201 проект. Кампањата се реализира со поддршка од маркетинг-агенцијата „Њу Момент“.

Ова е уште една во низата признанија што „Макпетрол“ АД ги доби за активностите спроведени во рамките на кампањата „Крени глас против врсничко насилство“. На првите Socialize Awards, што се одржаа во „Александар Палас“ во Скопје, на 24 април 2025

година, меѓу 80 пријавени проекти, овој проект на „Макпетрол“ АД беше прогласен за победник во категоријата „Најдобра општествено одговорна кампања“. Во октомври минатата година на фестивалот за дигитална креативност, SoMo Borac, кампањата на „Макпетрол“ АД ја освои регионалната награда во категоријата „дигитален микс“.

„Крени глас против врсничко насилство“ е општествено одговорна кампања што „Макпетрол“ АД ја започна во септември 2023 година, со цел да го зголеми јавниот интерес за проблемот со булингот. Кампањата ја потврди заложбата на Друштвото да придонесува кон решавање на важни општествени прашања и да остварува влијание што ги надминува нејзините основни деловни активности.

За „Макпетрол“ АД општествената одговорност е една од најзначајните стратешки цели. Преку кампањата „Крени глас против врсничко насилство“ Друштвото цели кон зголемен јавен интерес и кон давање придонес во креирањето решенија за проблемот со булингот. Децата, учениците, младите генерации и во иднина ќе бидат дел од општествено одговорните активности на „Макпетрол“ АД.

Со активностите „Макпетрол“ АД исполнува еден од своите стратешки приоритети – општествената одговорност. Проектите со коишто се обезбедува поддршка на заедницата се дел од работата на Друштвото во текот на целото нејзино повеќедецениско постоење.

Изминативе години, Друштвото се јавува како иницијатор или учесник во активности за поддршка на заедницата, а кампањата ќе остане значаен дел од општествено одговорните активности на „Макпетрол“ АД и во иднина.

„Макпетрол“ АД, и во 2025 година, продолжи активно да се вклучува во општествено одговорни иницијативи, разбирајќи го длабокото влијание на таквите напори врз јавноста. За таа цел оствари соработка со разни хуманитарни здруженија, спортски клубови, потоа реализира културно-уметнички проекти, како и проекти чија цел е зачувување на животната средина и оние кои промовираат извонредност во различни сегменти од општеството и кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот во заедницата во која делуваат.

Во секој случај, целта е да се засили и прошири присуството на компанијата на пазарот и да се подобри односот со различните заинтересирани страни, вклучувајќи ги потрошувачите, инвеститорите, државните органи, заедницата во која работиме, и медиумите, а воедно и да се поддржат важните бизнис-активности и да се подобри перцепцијата за брендот, како и да се зголеми општествената одговорност на Друштвото.

Како компанија, посветуваме значително внимание и на општествено одговорното делување, препознавајќи ја важната улога што ваквите активности ја имаат во односот со јавноста, а спонзорствата и донациите, доделени во 2025 година, ја означуваат посветеноста на компанијата како активен учесник во заедницата.

Во текот на изминатата година, „Макпетрол“ АД реализираше низа спонзорства и поддршка на културни, спортски и други иницијативи, со што ја потврди својата заложба да биде активен и одговорен член на заедницата. Токму поради тоа, преку нивна финансиска поддршка, придонесовме кон стимулирање на домашните уметници, со што се грижиме за културниот развој, спортските достигнувања и за социјалната благосостојба, а од друга страна, пошироката публика ќе има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус и притоа уште понагласено ќе се афирмираат улогата и статусот на поединците во македонското општество и во заедницата.

Признанието и соработката со истакнати поединци како што се Игор Стефановски – Иџе, главното спонзорството на Стефан Мелник кој ја претставуваше нашата држава на меѓународни натпревари во шах за деца со попреченост, финансиската поддршка на македонскиот изведувач Христијан Настески-Пајак, поддршката на првиот медицински поткаст на др. Владимир Чадиковски, генералното покровителство на манифестацијата „Глумците пеат“, како и генералното покровителство на првиот Саем за деца, се конкретни примери за усогласување на корпоративните активности со вредностите и со очекувањата на јавноста.

Како општествено одговорна компанија, остануваме посветени на развојот на заедницата и на негувањето на врвните уметнички вредности. Преку поддршката на 65-тото издание на фестивалот „Охридско лето“, директно придонесуваме за зачувување на богатата традиција и за зацврстување на позицијата на Охрид и Северна Македонија како светски културен центар.

„Макпетрол“ АД, како поддржувач на стручни и научно-истражувачки настани кои имаат големо влијание врз целокупниот развој на медицината во земјава и пошироко, годинава достојно ја презеде улогата на поддржувач на Првото издание на Регионалната школа за срцева болест, која се одржа од 25 до 27 септември во Скопје, во организација на Македонското здружение по кардиологија, а во соработка со Европското кардиолошко здружение и со Европската асоцијација за срцева болест. Како платинест спонзор на овој домашен настан од интернационален карактер, ја помогнавме реализацијата на овој проект, каде што европската кардиолошка елита ги сподели своите знаења и добри практики.

„Макпетрол“ АД континуирано финансиски ги помага Друштвото на крводарители „Макпетрол“, Кугларскиот клуб „Макпетрол“ и Карате клубот „Макпетрол“. Заради врвните резултати што ги постигнуваат спортските клубови на „Макпетрол“ АД, како во земјата, така и на меѓународно ниво, тие се вистински промотори на врвниот спорт во државата.

Хрватскиот град Ријека, во текот на 2025 година, беше домаќин на Балканското првенство за кадети, јуниори и постари јуниори (У21) каде што учествуваа 13 држави со 1390 пријавени спортисти, и на кое карате клубот „Макпетрол“ освои два медала - злато и сребро, со што уште еднаш ја потврди доминацијата на клубот на најквалитетните натпреварувања на балканскиот регион.

Успешноста што во континуитет ја постигнува овој спортски колектив изминативе години е доказ дека карате клубот „Макпетрол“ е најтрофеен и најуспешен клуб на Балканските првенства во периодот од 1999 до 2025 година. Балканската карате федерација е составена од 13 држави и на првенствата што ги организира имаат право да учествуваат само првите четири спортисти, во тежинска категорија од секоја земја. Во наведениот период, Карате клубот „Макпетрол“ има освоено вкупно 209 медали, од кои 41 златна, 64 сребрени и 104 бронзени.

Сето ова уште еднаш потврдува дека карате клубот „Макпетрол“ е историски најуспешниот спортски колектив кој константно придонесувал за успешноста и развојот на карате спортот во Македонија.

Во текот на 2025 година, „Макпетрол“ АД, преку спонзорства и донации, обезбеди средства за реализација на разни активности, во вкупен износ од 19,86 милиони денари.

Преку ваквите спонзорства, „Макпетрол“ АД ја материјализира својата посветеност за создавање вредност надвор од рамките на својот бизнис. Со тоа, компанијата ја потврдува својата улога како општествено одговорен партнер, надминувајќи ја дефиницијата на обичен снабдувач на енергенси и еволуирајќи во вистински покровител на заедницата и квалитетот на животот.

Сите овие иницијативи ја позиционираат компанијата како водечки снабдувач на нафта и нафтени деривати, но и како компанија која активно се грижи за своите потрошувачи и генерално за општеството. Со континуирано подобрување на услугите, инвестициите во инфраструктурата, поддршката на значајни настани и развојот на програми за лојалност, „Макпетрол“ АД останува посветен партнер на своите потрошувачи, создавајќи позитивно и трајно влијание во општеството.

На 23.12.2025 година, во Скопје, се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2025 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност, со кои се оддава признание за најдобрите остварувања на домашниот пазар на хартии од вредност.

Петта година по ред, Македонската берза доделува годишни награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на објективни квантитативни критериуми, како што се берзанскиот промет, фреквентноста на тргувањето, цените на акциите, бројот на трансакции, исплатата на дивиденди и сл.

Наградата во Категоријата „Акција со најголем пораст на цената во 2025 година“, ја доби „Макпетрол“ АД, а господинот Александар Спасовски, Претседател на Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД, ја прими наградата.

Порастот на цената на акциите на „Макпетрол“ АД во анализираниот период беше 23,94%.

Нашата компанија има мисија, визија и основни вредности на модерна, општествено одговорна и транспарентна компанија која е во постојан дијалог со својата околина.

Мисијата е фокусираност на одржлив развој и грижа за здравјето и уа безбедноста на своите вработени и заедницата како целина. Како влијателен учесник на пазарот на нафта и нафтени деривати во РСМ, нашето дејствување е насочено кон создавање поголема вредност преку постојано подобрување на работењето и квалитетот на производите и услугите.

Визијата е да бидеме почитуван и посакуван партнер, познат по извонредноста на производите и услугите, чесните и внимателно негувани односи и заштита на интересите на нашите акционери, клиенти, вработени, деловни партнери.

Негуваме вредности што се подеднакво важни за сите засегнати лица, вредности што ни помагаат при донесување одлуки, нè водат во нашата секојдневна работа, ни помагаат да создадеме корпоративна култура каква што сакаме и ни овозможуваат да го подобриме работењето.

## VII. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

Преку општествено одговорните деловни практики, „Макпетрол“ АД се стреми да одржи позитивно влијание врз животната средина, заедницата и врз општеството.

„Макпетрол“ АД континуирано ги интегрира еколошките, социјалните и економските фактори во своето секојдневно работење, со цел да ја зголеми долгорочната вредност и да ги идентификува, спречува и да ги избегнува потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и заедницата во која работи.

Енергетскиот сектор денес се наоѓа пред историска трансформација. Како компанија која е во центарот на овој процес, нашата посветеност кон постепено воведување на барањата на стандардите за ESG, е цврсто втемелена во визијата за енергетска транзиција. Преку инвестиции во обновливи извори и модернизација на инфраструктурата (Environment), јакнење на безбедноста при работа (Social) и етичко донесување одлуки (Governance), ние не само што одговараме на регулаторните барања, туку и активно ја обликуваме одржливата иднина на енергетскиот систем.

Меѓународните стандарди, имплементирани во Интегриран менаџмент систем (ИМС) во Друштвото, обезбедуваат континуитет во деловното работење и придонесуваат за реализација на еколошките цели и на целите за одржлив развој.

Имплементацијата и следењето на сите промени во европските стандарди, како и измените во Регулативата на Северна Македонија, се гаранција за пласман на квалитетни производи на домашниот пазар.

Интегрираниот менаџмент систем (ИМС) се одржува и се ревидира на годишна основа заради негово усогласување. Во Политиката за ИМС, која ја опфаќа и Политиката за управување и заштита на животната средина, дефинирана е заложбата на Друштвото за заштитата на животната средина, додека во Политиката за управување со енергија е дефинирана заложбата на Друштвото за користење на енергијата на ефикасен, економичен и еколошки одговорен начин, односно да се оптимизира употребата на енергијата, преку подобрување на исплатливоста и на продуктивноста, подобрување на работните услови, намалување на стакленичките гасови, зголемување на одржливоста и намалување на отпадот поврзан со користењето на енергијата.

Согласно со законската регулатива на Северна Македонија, сите бензински станици и складови на Друштвото поседуваат Елаборат за заштита на животната средина (EIA), со издадени согласности од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Овие елаборати јасно покажуваат дека објектите на Друштвото се со современи технички и функционални содржини, како и со предвидени мерки за заштита на животната средина.

Согласно со Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (усогласување со VOC Директивата), Друштвото има потврда дека ги исполнува техничките барања, а воедно има и Потврда за упис во Регистарот на инсталации за складирање, инсталации за полнење и за празнење на мобилните контејнери и на бензинските станици од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Со исполнување на барањата од Директивата VOC, воведувањето на најдобрите практики, т.е. техничките решенија, емисиите во воздухот на бензинските станици се со значително намалена емисија на штетни гасови во воздухот.

Складовите за запаливи течности на Друштвото, согласно со законската регулатива на Северна Македонија, се усогласени со одредбите за спречување и за контрола на хавариите со присуство на опасни ситуации (Директивата Seveso), а со цел да се преземат мерки за заштита на луѓето и на животната средина, испланирани се предвидени постапки, во случај на најлошо можно сценарио.

Политиката за Интегриран менаџмент систем (ИМС), ја покажува јавната посветеност на „Макпетрол“ АД за одговорно дејствување во однос на здравствените, безбедносните, еколошките и социјалните влијанија од нашето секојдневно работење.

Оваа посветеност вклучува подобрување на интегритетот на средствата, и одржување на високи стандарди за спречување на инциденти од сите видови. Ние сме посветени на намалување на нашето влијание врз животната средина, заштита на природните ресурси и на поддршка на меѓународните напори за справување со ризиците поврзани со климатските промени.

„Макпетрол“ АД, исто така, се стреми да создаде позитивни влијанија во заедницата во која работи, а воедно да ги елиминира негативните влијанија врз општеството како целина.

„Макпетрол“ АД е компанија која со нејзиниот предмет на работење и делување, е вклучена во сите области на животната средина. Во 2025 година, континуирано се следеше законската регулатива на Северна Македонија од областа на животната средина и деталната следливост на законската регулатива на ИМС е евидентирана во интерниот документ - Процедурата за следење на законска регулатива за аспектите на животната средина, за безбедност и здравје на вработените при работа и за енергетска ефикасност.

Друштвото, согласно со законска регулатива која ја регулира животната средина, во 2025 година ги спроведе програмите за управување со аспектите на животната средина и тоа:

- ✓ Управувањето со отпадот претставува значаен еколошки аспект во работењето на Друштвото и е идентификувано како една од клучните области со потенцијално влијание врз животната средина. Во рамки на ESG пристапот и принципите на одговорно управување, во текот на 2025 година Друштвото континуирано и систематски спроведуваше активности за управување со сите видови отпад што произлегуваат од неговото работење, во согласност со важечката законска регулатива и со добрите практики.

  Во таа насока, беа реализирани следниве активности:
  - Управување со дополнителните текови на отпад преку овластени колективни постапувачи за управување со отпад, со редовно известување преку месечни и квартални извештаи;
  - Редовно чистење и отстранување на отпад од сепараторите на бензинските станици, како и чистење на резервоарите, со цел превенција од загадување на почвата и подземните води, при што се водеше детална евиденција за количините на создаден и предаден опасен отпад;
  - Селекција, класификација и соодветно управување со различни видови отпад што настануваат во текот на редовното работење, вклучително: отпадно железо и алуминиум, отпадни гуми, отпадни тонери, отпад од електронска и електрична опрема, опасен отпад, преку предавање на овластени правни лица со кои Друштвото има склучено договор;
  - Изработка на месечни извештаи и подготовка на годишен консолидиран извештај за управување со отпад, со цел обезбедување транспарентност, следливост и контрола на отпадните текови;
  - Изработка и примена на образец за евиденција на создадени и предадени отпадни масла, во согласност со законските обврски;
  - Подготовка и доставување на годишен извештај за реализација на Програмата за управување со отпад.

- ✓ Во рамки на ESG пристапот и управувањето со еколошките влијанија, Друштвото спроведува континуиран мониторинг и контрола на клучните аспекти поврзани со емисиите во воздух, бучавата, како и влијанијата врз отпадните и подземните води и почвата.

Во текот на 2025 година, со цел навремено идентификување и намалување на потенцијалните негативни влијанија врз животната средина, беа реализирани следните активности:

- Спроведување мониторинг на квалитетот на воздухот од испустите на котларниците на Друштвото, при што беа следени параметри како: брзина и проток на гасови, NOx, CO, $CO_2$, $O_2$, $SO_2$, чаден број и прав, во согласност со законските барања;
- Мониторинг на нивото на бучава во деловната зграда на Друштвото, преку мерење на индикаторите Ld/Aeq (dB) и LAmax (dB), со цел заштита на здравјето и благосостојбата на вработените;
- Контрола и анализа на квалитетот на отпадните и подземните води во Склад Илинден и ТНГ Миладиновци, преку следење на параметри како: pH, суспендирани материи, електроспроводливост, амониумски азот, нитрати, нитрити, хлориди, ХПК ($KMnO_4$), $БПК_5$, како и вкупни масти и масла;
- Снимање, анализа и континуирано следење на квалитетот на почвата на локацијата Авиосервис Петровец, со мерење на параметри како: pH вредност, вкупен азот, фосфор, како и присуство на масти и масла.

Во текот на 2025 година, Дирекцијата за внатрешна контрола и безбедност – Сектор за безбедност ги реализираше следниве активности, во согласност со важечката законска регулатива, интерните акти и Планот и со Програмата за обука, со цел одржување и унапредување на системот за заштита од пожари, експлозии и приватно обезбедување во „Макпетрол“ АД Скопје, и тоа:

- реализирани обуки за работа при складирање и активности поврзани со складирање на запаливи течности и гасови за 140 новопримени работници;
- реализирани обуки за работа при товарење, истовар и други постапки поврзани со ракување со опасни материи за 140 новопримени работници;
- во периодот април–мај 2025 година беа спроведени проверки на знаење и тактичко-показни вежби за гаснење пожари и ракување со противпожарни апарати за 1.322 вработени во сите организациони единици на „Макпетрол“ АД – Скопје;
- реализирани специјализирани обуки и тактичко-показни вежби за 110 вработени, спроведени во складовите за запаливи течности и гасови и на бензинските станици;

Теоретската обука беше реализирана од Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување, додека тактичко-показните вежби беа спроведени врз основа на однапред изготвени сценарија и постапки од страна на Секторот за безбедност.

- на 7.11.2025 година беше реализирана тактичко-показна вежба за пожар, евакуација и за спасување во административно-управната зграда на „Макпетрол“ АД, со цел проверка на функционалноста на системите за автоматско откривање и за јавување на пожари, постапките за евакуација и подготвеноста на вработените.

Тактичко - показната вежба ја следеше претставник од Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување на Северна Македонија, а во активноста учествуваа 35 членови на екипите за евакуација и спасување, 3 пожарникари-обезбедувачи и 252 вработени, кои во моментот беа на работните места, во улога на евакуирани лица;

- на 20 мај 2025 година, по повод Денот на пожарникарите, на БС 142 Крива Паланка, беше реализирана тактичко-показна вежба за пожар на моторно возило, во соработка со ТТПЕ – Крива Паланка, Црвен крст и Министерството за внатрешни работи.

Активноста беше реализирана во рамки на координацијата со надворешни служби за итни интервенции. Со оваа вежба покажавме добар пример како можеме да

постигнеме заедничка координираност на вработените на бензинската станица и ТТПЕ - Крива Паланка, да реагираат брзо и да се справат со ваков инцидент, а сè со цел заштита на вработените, објектот, посетителите на бензинската станица како и на жителите од поширокото подрачје околу бензинската станица;

Во 2025 година беше извршен преглед и беа дадени стручни мислења за 22 планови за заштита од пожари и експлозии при изведување активности од страна на изведувачи на работи, во зоните со зголемена опасност од пожари и експлозии, на бензинските станици и во складовите за запаливи течности и гасови.

Исто така, беа спроведени шест функционални проби (пролетни и есенски) на стабилните системи за гаснење и за ладење во следниве објекти:

- Склад за запаливи течности Илинден
- Полнилница за ТНГ Миладиновци
- Склад за ТНГ Гостивар

Извршена е изработка и ажурирање на планови и упатства, и тоа:

- Изработка и ажурирање во AutoCAD на планови (шеми) за евакуација на бензинските станици;
- Изработка во AutoCAD на планови (шеми) за евакуација за Хотел „Макпетрол“ Струга;
- Ажурирање на упатствата за постапување во случај на пожар и неконтролирано истекување гас на бензинските станици и во складовите;
- Ажурирање на постапката при пожар и евакуација во Управната зграда.

Во октомври 2025 година беше спроведено контролно гаѓање, во Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи – Идризово, за 37 работници за приватно обезбедување кои поседуваат важечки дозволи за носење службено оружје и кои вршат обезбедување со службено огнено оружје во објектите на „Макпетрол“ АД. Контролното гаѓање го организираше Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување.

Во текот на 2025 година, „Макпетрол“ АД доби признанија од релевантни институции – Дирекцијата за заштита и спасување и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, за остварени резултати во областа на заштитата, спасувањето и приватното обезбедување.

Овие признанија претставуваат индикатор за континуирано унапредување и ефективност на воспоставениот систем.

Во рамки на своите обврски за управување со животната средина и во согласност со важечката законска регулатива на Република Северна Македонија, Друштвото редовно изготвува и доставува извештаи до надлежните институции.

Во текот на 2025 година, во согласност со барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола за Фабриката за производство на биодизел (бр. УП 1-11/3 бр. 281/2018 од 21.06.2019 година), издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, Друштвото изготвуваше и доставуваше известувања за годишниот извештај, како и редовни месечни известувања за функционалноста и за работењето на Фабриката. Дополнително, изработени се Дневници на емисии во амбиентниот воздух од сите стационарни извори на „Макпетрол“ АД и истите се доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Сите наведени активности придонесуваат кон намалување на негативните влијанија врз животната средина, подобрување на еколошките перформанси и зајакнување на усогласеноста на Друштвото со ESG принципите.

Горивата кои се нудат во малопродажната мрежа – автоплин, метан и ULTRA Diesel Bio Power – претставуваат значаен сегмент во напорите за намалување на негативното влијание врз животната средина. Овие горива овозможуваат:

- значително намалување на емисиите на штетни гасови и честички,
- подобри експлоатациски карактеристики,
- придонес кон почист воздух и одржлив развој на заедницата.

Биодизел Б100, односно чистиот биодизел, кој учествува во составот на ULTRA Diesel Bio Power горивото, „Макпетрол“ АД го произведува во сопствена фабрика, преку стандардна технологија, односно добивање биодизел - метил естри на масни киселини (FAME) преку процес на трансестерификација на маслото добиено со цедење на семето од маслодајната репка. Произведениот биодизел го исполнува техничкиот европски стандард МКС ЕН 14214 што овозможува негово мешање со фосилното дизел гориво, според стандардот МКС ЕН 590.

„Макпетрол“ АД, како општествено одговорна компанија со визија и мисија на пласирање и одржување на премиум квалитетот на производите – течните горива, маслата, мазивата и останатите течности што се неопходни за нормално функционирање на моторните возила, во 2025 формира нова дирекција - Дирекција за контрола на квалитет, чија основна функција е правовремено и континуирано мониторирање на квалитетот на производите кои се дел од основната дејност на нашата компанија. Со тоа докажуваме дека квалитетот на производите што ги пласираме на пазарот се врвен приоритет за компанијата.

Макпетрол“ АД поседува персонал, средства и техника за теренска проверка на квалитетот на производите, како и најсовремена лабораторија акредитирана согласно со ISO/IEC 17025, кои се насочени кон контрола на производите (нафтените деривати и средствата за нормално функционирање на возилата), а кои се пласираат на нашите малопродажни и големопродажни објекти.

Континуирано се остварува тесна соработка со голем број државни институции, како Институт за стандардизација, Институт за акредитација, Биро за метрологија, Пазарна инспекција и Царинската управа, со цел обезбедување висок квалитет и целосна усогласеност со регулативата.

Преку обука на вработените и континуирано следење на новините во стандардните спецификации за горива, развој, валидација и имплементација на нови методи за тестирање, подобрување на техничките способности и обезбедување континуирана обука на персоналот, се овозможува подобрување на компетентноста, што како доказ се одличните перформанси во шемите за тестирање на компетентност - iis-Spijkenisse (Холандија).

„Макпетрол“ АД, како продавач на авиогориво, работи во согласност со меѓународните стандарди како што се стандардите „IATA“ и „JIG 1&2“ и со тоа во целост го гарантира квалитетот на авиогоривото и услугите што ги нуди. Сите процеси се целосно и континуирано контролирани од страна на официјални инспектори од носечките меѓународни инспекциски тела и трговските здруженија како што е „IATA International Fuel quality pool“ и други.

Во текот на 2025 година, на барање на Министерството за одбрана на Р.С. Македонија, „Макпетрол“ АД овозможи пласирање нов вид на воено воздухопловно гориво JP-8 (Nato code F34) на пазарот, за потребите на Министерството за одбрана и NATO Air Policy, со што ја покажа својата спремност и одговорност за исполнување на највисоките светски стандарди.

Исто така, како компанија перманентно се залагаме за интегрирање на напредни современи технологии на градба на своите објекти, со позитивно влијание врз животната средина и општествениот интерес.

Со употребата на новата генерација канали за одводнување на објектите на „Макпетрол“ АД, поставуваме нови стандарди во областа на проектирањето, изградбата и ефикасноста на системите за одводнување.

„Макпетрол“ АД има долга традиција во користењето на сепараторите за масла и горива, согласно со нормата EN 858-2:2008.

Согласно со Директивата на Европската Унија за заштита на површинските води како и со Законот за водите на Република Северна Македонија, „Макпетрол“ АД, постојано ги следи и применува сите норми за заштита на површинските и на подземните води. Секаде каде што е применливо на своите бензински станици и на другите објекти, ги проектира, вградува и ги пушта во функција пречистителните станици за комунални отпадни води со различни капацитети во зависност од хидрауличното и биолошко оптварување на бензинската станица.

Од аспект на термотехника, една од низата индустриски области преку која директно може да се влијае на средината што нѐ опкружува, одговорните во „Макпетрол“ АД, континуирано работат на унапредување на старите и на примена на нови енергетски ефикасни системи за ладење и греење.

Примената на системите со топлински пумпи за ладење и за греење на своите објекти овозможува намалување на трошоците, што е секогаш интерес на една општествено одговорна компанија, а со тоа го зголемува и влијанието врз општествениот интерес.

Грижата и заштитата за животната средина се меѓу стратешките цели на „Макпетрол“ АД, и во текот на 2025 година, Друштвото презеде активности за постигнување и за остварување на „Зелената агенда“ – еколошки инвестиции на Друштвото, која беше вклучена во Годишниот план за 2025 година, а кои се однесуваат на:

- Проширување на мрежата за автоплин преку инвестирање во малопродажни објекти;
- Инсталирање опрема - полначи за батерии на електрични возила на осум до десет бензински станици;
- Инсталирање на соларни панели за производство на електрична енергија на повеќе објекти во сопственост на Друштвото.

Друштвото е влијателен учесник на енергетскиот пазар во Република Северна Македонија и во регионот и сметаме дека зголемувањето на енергетската ефикасност е најважниот механизам за намалување на потрошувачката на енергија и е еден од основните принципи на енергетската транзиција. Нашата основна заложба во управувањето со енергијата е да постигнеме подобрени енергетски перформанси и мерливи резултати поврзани со енергетската ефикасност, како и со користењето и потрошувачката на енергија. Континуирано го развиваме, одржуваме и го усогласуваме имплементираниот систем за управување со енергија со важечките законски и со другите барања поврзани со енергетскиот систем.

Управувањето со енергијата игра клучна улога во бизнисот и во управувањето со нашите процеси, а со реновирање на бензинските станици и со вградување на современи уреди за греење и за ладење во објектите се зголемува нивната енергетската ефикасност, а значително се зголемува заштедата на електрична енергија.

На малопродажните локации продолживме со активности поврзани со намалување на потрошувачката на енергија. Можностите за намалување ги гледаме во реализација на брзи и едноставни проекти кои веднаш ќе ги прикажат резултатите. Од тие причини се одлучивме за замена на постојното осветлување со ЛЕД-осветлување во некои објекти.

Во текот на 2025 година, извршена е реконструкција на фасадните површини, заедно со замена на сите прозорци во управната зграда на „Макпетрол“ АД, односно темелно обновување кое значително ќе ја намали испорачаната и финалната потрошувачка на енергија во зградата, споредено со нивоата пред реновирањето, што води до повисоки енергетски карактеристики и до намалување на трошоците за греење и за ладење.

Поради природата на својата дејност и бројот на локации, „Макпетрол“ АД е голем потрошувач на енергија, при што потрошувачката на енергија опфаќа значителен дел од

оперативните трошоци. Вкупната просечна потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД изнесува околу 12.140.127 kWh, поради што сме фокусирани на одговорно користење на енергијата и посветени сме на постојано следење и подобрување на енергетските и на еколошките перформанси на сите објекти. Управувањето со енергијата се спроведува со континуиран мониторинг на потрошувачите на енергија во секоја организациона единица, придружен со конкретни инвестициски проекти насочени кон намалување на потрошувачката на енергија.

Применувајќи ја Директивата за енергетска ефикасност на Европската Унија, Друштвото е насочено и кон користење на алтернативни извори на енергија и досега има инвестирано во девет фотонапонски централи (капацитет => 79,3 kW + 63,14 kW + 89,1 kW + 150,15 kW + 120,96 kW + 45,2 kW + 79,1 kW + 170,63 kW+71,4 kW) или со вкупен капацитет од 868,98 kW, од кои во 2025 година, пуштена е во функција една фото-напонска централа и тоа:

- Фотонапонска централа со моќност од 71,4 kW, поставена на БС 010 Тетово;

Фотонапонските централи со вкупно предвидено производство од 846.382 kWh учествуваат со околу 9,6% во вкупната потрошувачка на Друштвото. Во текот на 2025 година, производството од обновливи извори на енергија од околу 590 илјади kWh изнесувало 4,86 % од вкупната потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД.

Во понатамошните програмски активности, планирано е сукцесивно да се постават фотонапонски централи за производство на електрична енергија на уште четиринаесет наши објекти кои се поголеми потрошувачи на електрична енергија, како и на земјиштата што се во сопственост на Друштвото. Оваа енергија е наменета за сопствена потрошувачка, а вишокот од производството ќе се понуди на трети лица на пазарот. На овој начин ќе се постигнат финансиски заштеди, како и намалување на CO2.

„Макпетрол“ АД на различни начини инвестира во заштита на околината. Со поставувањето на брзите полначи на широко распространета мрежа на бензински станици низ државата, успеваме да се приближиме до корисниците, што ќе придонесе во развојот на електромобилноста во земјава и ќе нè приближи до модерните форми на транспорт. Особено е значајно што овој проект во континуитет го реализираме партнерски, заедно со ЕВН Македонија. Ваквите соработки се исклучително значајни, ако не и пресудни, за реализирање на зелената иднина на Северна Македонија.

Па така, покрај поставените брзи полначи за електрични возила на БС 046 Гевгелија, БС 008 Визбегово, БС 013 Куманово и БС 164 Неготино кои може истовремено да опслужуваат две возила, во текот на 2025 година, во употреба беа пуштени брзи полначи за електрични возила на бензинските станици БС 163 Бучила, БС 016 Битола и БС 050 Струмица кои, исто така, можат истовремено да опслужуваат две возила. Овие уреди се први од десетте нови брзи полначи, што, во партнерска соработка со ЕВН Македонија, ќе бидат поставени на фреквентни локации ширум Република Северна Македонија.

Со цел да се интегрираат економските, еколошките и социјалните фактори на балансиран начин, Друштвото во 2025 година продолжи кон континуирана имплементација на нови активности за постигнување на клучните цели и програми за одржлив развој.

Како што покажуваат нашите активности, „Макпетрол“ АД останува целосно посветен на своите традиционални активности сè додека има побарувачка за нафта и нафтени деривати, сметајќи дека е своја должност да обезбеди сигурно снабдување за македонската економија и потрошувачите. Во исто време, како општествено одговорна компанија свесна за глобалните трендови во енергетската транзиција, го диверзифицираме нашето портфолио со обновливи извори на енергија со што дополнително се зголемува отпорноста на компанијата на пазарните предизвици.

Гледајќи напред, правиме напори за зајакнување на стабилноста на „Макпетрол“ АД и за обезбедување успешни деловни резултати. Преку континуирани инвестиции, модернизација и стратешки иновации во објектите каде што се врши дејноста на компанијата, воведуваме најсовремени технологии, зголемувајќи го нивото на дигитализација и на автоматизација на работата.

Како и досега, ние остануваме целосно посветени на почитување на највисоките стандарди за заштита на животната средина при вршењето на нашата дејност и се стремиме да останеме предводник во борбата за примена на горива со ниска емисија на штетни издувни гасови.

Уверени сме дека „Макпетрол“ АД, по скоро 80 години работење, ќе остане стабилен партнер и столб на македонската економија уште многу години, оставајќи им на идните генерации уште посилна и поодржлива компанија отколку што е денес.

## VIII. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

### А. Назив и седиште на правното лице како заинтересирана страна

ОИЛКО КДА - Скопје, ул. „10“ бр. 152 с. Миладиновци, Општина Илинден;

### Б. Начин и постапка во која била одобрена зделката

По исполнување на условите од членот 457 и 460 од Законот за трговските друштва, зделката е одобрена со Одлука бр. 0201-31/5 за одобрување на зделка со заинтересирана страна, донесена на XXIX Седница на Собранието на акционерите на „Макпетрол“ АД Скопје одржана на 20.5.2025 година. Пред донесување на Одлуката, а во целост постапувајќи согласно член 460-а од Законот за трговските друштва, до Собранието беше изготвен и доставен Извештај за ангажман за уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна на ОИЛКО КДА Скопје, изготвен од страна на овластен ревизор, Друштвото БЕНД ревизија и консалтинг ДОО Тетово, заведен под бр. 0302 - 1509/2 од 02.04.2025 година.

**I МАКПЕТРОЛ АД – Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**
**ОИЛКО КДА – Скопје како продавач на стоки и давател на услуги**

во денари без ДДВ

| ПРЕДМЕТ | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2025 година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги, закуп на транспортни средства и други стоки и услуги | 720.000.000 | 594.170.385 |
| **ВКУПНО:** | **720.000.000** | **594.170.385** |

**II МАКПЕТРОЛ АД - Скопје како продавач на стоки и давател на услуги**
**ОИЛКО КДА – Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**

во денари без ДДВ

| ПРЕДМЕТ | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2025 година |
|---|---|---|
| Гориво за возила, резервни делови и потрошен материјал, услуги преку Верна картички и други стоки и услуги | 230.000.000 | 131.726.294 |
| **ВКУПНО:** | **230.000.000** | **131.726.294** |

## IX. ИЗГЛЕДИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И НЕГОВИОТ ДЕЛОВЕН ПОТФАТ И АКТИВНОСТИТЕ ВО СФЕРАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ

Во 2026 година, „Макпетрол“ АД Скопје планира повеќе деловни потфати и активности во сферата на сопствениот развој:

- Продолжување со дигитализација на процесите на работење во компанијата;
- Инвестиции во складишен простор за нафтени деривати;
- Реконструкција на дел од постојните малопродажни објекти, согласно со Планот за работа во 2026 година;
- Зголемување на бројот на брзи полначи за електрични возила на бензинските станици;
- Ширење на мрежата на соларни панели за производство на електрична енергија; и
- Инсталирање на батериски системи за складирање на електрична енергија на повеќе малопродажни објекти на Друштвото.

## X. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО СТЕКНУВАЊЕ СОПСТВЕНИ АКЦИИ

Во текот на 2025 и 2024 година Друштвото не се стекнало со дополнителни сопствени акции.

Во периодот од 25.8.2017 година до 02.10.2020 година, Друштвото се стекна со вкупно 11.238 сопствени акции по просечна цена од 45.205 денари и истите учествуваат со 10% во основната главнина на Друштвото.

## XI. ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ ОСТВАРЕНИ ВО 2025 ГОДИНА

Согласно одредбите од член 384 став 7 од ЗТД, „Макпетрол“ АД Скопје објавува дека:

- Во текот на 2025 година, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје оствариле нето-примања по основ на плата и надоместоци на плата, по основ на други права, дел од учество во добивка, како и по основ на награди во вкупен износ од 66.801.570 денари и
- Во текот на 2025 година, членовите на Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје, по основ на награда, оствариле нето-примања во вкупен износ од 2.880.000 денари.

## XII. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУГИ ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Согласно Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, „Макпетрол“ АД Скопје информира дека Претседателот на Управниот одбор на Друштвото, Андреја Јосифовски е член на Надзорниот одбор на МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје Виена Иншуренс Груп и комплементар во ОИЛКО КДА Скопје.

Членови на Управниот одбор:

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 1

1. Андреја Јосифовски ____________
2. Марија Јосифовска Спасовска ____________
3. Михајло Борозанов ____________
4. Сашко Павловски ____________
5. Сашо Бошковски ____________

Врз основа на член 384-а, став 1 и став 2 од Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД - Скопје, ја даваат следната:

**ИЗЈАВА**

**за примена на Кодексот за корпоративно управување**

Ние, долупотпишаните членови на Управниот одбор на „Макпетрол” АД - Скопје, изјавуваме дека друштвото „Макпетрол” АД - Скопје, во своето работење во 2025 година, го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, објавен на веб-страницата на Берзата www.mse.mk.

„Макпетрол” АД - Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил“, преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците ќе бидат објавени во материјалот за XXX годишно Собрание на акционери на „Макпетрол” АД - Скопје и ќе бидат објавени на СЕИ-НЕТ и на веб-страницата на „Макпетрол” АД – Скопје, во рокот пропишан со членот 40 став 1 од Правилата за котација на Македонската Берза за хартии од вредност, најдоцна до 31.5.2026 година, како и дека одговорите во прашалниците се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и на најдобрите практики на корпоративното управување од страна на „Макпетрол” АД – Скопје, пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 26.2.2026 година

**Изјавиле:**
**Членови на Управен одбор**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 1

1. Андреја Јосифовски
2. Марија Јосифовска Спасовска
3. Михајло Борозанов
4. Сашко Павловски
5. Сашо Бошковски

МАКПЕТРОЛ

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0102 - 1453/1
26-03-2026 20___ год.
СКОПЈЕ 8




2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВЕН ОДБОР ЗА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА МАКПЕТРОЛ АД И ПОДРУЖНИЦИТЕ

## СОДРЖИНА


| | | страна |
|---|---|---|
| I. | Главни фактори и околности коишто извршија влијание врз работењето, промени во опкружувањето во чиишто рамки дејствуваат „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците, одговор на тие промени и нивно влијание | 3 |
| II. | Показатели за постигнатиот финансиски резултат на „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците во 2025 година | 4 |
| III. | Политика на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста на работењето на „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците | 12 |
| IV. | Политика на дивиденди | 13 |
| V. | Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и Политика на управувањето со ризикот и други индикатори на работењето | 14 |
| VI. | Комуникација со засегнати лица | 18 |
| VII. | Животна средина и општествен интерес | 28 |
| VIII. | Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 35 |
| IX. | Изгледи за идниот развој на „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците и нивниот деловен потфат и активностите во сферата на истражувањето и развојот | 36 |
| X. | Информација во врска со стекнување сопствени акции | 36 |
| XI. | Примања на членовите на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на Групата остварени во 2025 година | 36 |
| XII. | Податоци за членување во други органи на управување и надзор на членовите на Управниот одбор на Групата | 37 |
| XIII. | Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување | 39 |

## I. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИШТО ИЗВРШИЈА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО, ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИШТО РАМКИ ДЕЈСТВУВААТ „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И ПОДРУЖНИЦИТЕ, ОДГОВОР НА ТИЕ ПРОМЕНИ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ

Геополитичката нестабилност на глобално ниво е главна карактеристика за 2025 година. Војната помеѓу Русија и Украина продолжи и во 2025 година. Иран беше нападнат од САД и од Израел, а тензиите помеѓу Кина и САД по прашањето за Тајван се присутни и понатаму. САД и ЕУ ги заостија економските санкции кон Русија со нагласен удар врз енергетскиот сектор.

Европската комисија донесе мерки за забрана на увоз на природен гас од Русија во ЕУ почнувајќи од октомври 2027 година, што предизвика незадоволство кај поедини земји членки на ЕУ - Унгарија, Словачка и Бугарија, чија зависност од рускиот гас сè уште е многу голема.

Сите овие настани имаа силно влијание врз светската економија во 2025 година.

Инфлацијата и каматните стапки продолжија да се намалуваат во 2025 година, но сè уште се далеку од нивото пред 2022 година. Цените на металите бележат значителен раст, особено цените на златото, среброто и бакарот, додека цените на храната и на енергенсите останаа релативно стабилни. Цената на суровата нафта во 2025 година се задржа на ниво помеѓу 60 и 65 американски долари за барел, а цената на природниот гас се намали до 30 евра за мегават час.

Но на почетокот на 2026 година, геополитичката криза дополнително ескалираше со отворениот воен конфликт во Иран. Откако САД и Израел извршија масовни воздушни напади врз иранската воена и нуклеарна инфраструктура, Иран одговори со ракетни контранапади и затворање на Ормускиот теснец, кој е клучна транзитна точка за глобалниот транспорт на енергенси. Овие настани предизвикаа нов, силен шок врз светската економија, чии последици ќе се чувствуваат во текот на цела 2026 година.

Во Република Северна Македонија во 2025 година се одржаа локалните избори на кои убедливо победи владејачката коалиција на власт, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, но нема напредок во преговорите за членство на земјата во ЕУ поради неисполнетиот услов за измена на Уставот на државата – вметнување на Бугарите во Уставот. На економски план земјата не бележи позначајни резултати. Цените на храната пораснаа, инфлацијата сè зголеми и изнесува 4,1% на годишно ниво, а растот на БДП останува низок со 3,5%.

Сивата економија, криминалот, корупцијата, трговскиот дефицит во размената со странство и задолженоста на земјата се на многу високо ниво.

Владата на Република Северна Македонија договори кредит од Унгарија во висина од 2 милијарди евра, а со Владата на Велика Британија е договорен аранжман за финансиска поддршка во висина од 6,5 милијарди евра.

Правилникот за квалитет на течни горива и Законот за биогорива не беа донесени ниту во 2025 година.

Во 2025 година продолжи програмата за лојалност на Друштвото – ВЕРНА ЛОЈАЛНОСТ, но продолжија и нападите и вооружените грабежи на бензинските станици на Друштвото.

И покрај големите предизвици со кои се соочи Друштвото во текот на годината, може слободно да се каже дека благодарение на големиот ангажман на менаџментот, како и на вработените се постигнаа успешни резултати во работењето.

## II. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОСТИГНАТИОТ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И ПОДРУЖНИЦИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

### ➢ Анализа на движењата во Консолидираниот биланс на успех

Во табелата подолу се прикажани издвоени консолидирани финансиски информации, како и нивната промена споредбено со претходниот период:

**Информации од Консолидираниот биланс на успех во 000 МКД**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 31.429.781 | 31.237.476 | 192.305 | 0,62% |
| Оперативни приходи | 31.182.637 | 31.057.651 | 124.986 | 0,40% |
| Приходи од продажба | 30.967.221 | 30.791.793 | 175.428 | 0,57% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,31% | 99,14% | | |
| | | | | |
| Вкупни расходи | 30.087.550 | 30.029.939 | 57.611 | 0,19% |
| Оперативни расходи | 30.057.241 | 30.015.232 | 42.009 | 0,14% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 26.178.534 | 26.361.694 | -183.160 | -0,69% |
| *- % во оперативни расходи* | 87,10% | 87,83% | | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 21.430 | 5.363 | 16.067 | 299,59% |
| | | | | |
| ***Добивка од редовно работење*** | ***1.342.231*** | ***1.207.537*** | ***134.694*** | ***11,15%*** |

Опкружувањето во кое работеше Групата во текот на 2025 година сè уште беше нарушено, но и покрај сите предизвици Групата оствари позитивни резултати.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците остварија вкупен консолидиран приход во износ од 31,43 милијарди денари, кој е поголем од минатогодишниот за 192,31 милиони денари, односно остварен е раст од 0,62%.

На квартално ниво, вкупните консолидирани приходи во 2025 година како што се прикажани подолу бележат раст во споредба со минатата година.

**КОНСОЛИДИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ И ДОБИВКА**
**квартално ниво во 000 МКД**




| | К1/2023 | К2/2023 | К3/2023 | К4/2023 | К1/2024 | К2/2024 | К3/2024 | К4/2024 | К1/2025 | К2/2025 | К3/2025 | К4/2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 6.961.859 | 6.944.757 | 9.012.906 | 7.655.839 | 6.724.712 | 7.710.321 | 9.027.064 | 7.775.379 | 7.088.430 | 7.411.945 | 8.925.665 | 8.003.741 |
| Вк. Расходи | 6.867.256 | 6.769.616 | 8.554.933 | 7.530.447 | 6.570.768 | 7.426.881 | 8.617.904 | 7.414.386 | 6.943.575 | 7.112.083 | 8.364.837 | 7.667.055 |
| Добивка пред одан. | 94.603 | 175.141 | 457.973 | 125.392 | 153.944 | 283.440 | 409.160 | 360.993 | 144.855 | 299.862 | 560.828 | 336.686 |

Вк. Приходи　Вк. Расходи　Добивка пред одан.

Во структурата на консолидираните приходи, најголем удел имаат приходите од продажба со 98,53%, од кои 96,96% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 1,56% се остварени преку продажба на странски пазар. Продажбата на странски пазар во текот на 2025 година бележи раст поради зголемената продажба на млазно гориво.




Приходите од продажба, како на домашниот така и на странскиот пазар, во најголем дел се остваруваат преку двете најзначајни функции, малопродажба и големопродажба.

Во графиконот подолу може да се види соодветната поделба.




Во текот на 2025 година, при неповолни економски услови, Групата како потврден лидер на македонскиот енергетски пазар оствари раст на консолидираните приходи, споредбено со минатата година, кој во најголем дел се должи на **зголемените приходи на големо за 9,6%** како резултат на зголемувањето на извозот на млазно гориво за 24,36% и на зголемената продажба на природен гас за 20,99%.

Од аспект на малопродажбата во 2025 година, Групата како потврден лидер на малопродажниот пазар на деривати го **зголеми количествениот промет за 2,97%**. Дополнително во согласност со стратегијата, а со цел задоволување на потребите на потрошувачите кои секогаш се во фокусот, Друштвото го прошири **малопродажниот асортиман кој се нуди на бензинските станици**, а прометот со истиот се **зголеми** за **9,73%.**

Но и покрај зголемувањето на количествениот промет, консолидираните приходи на мало бележат пад од 0,6% како резултат на намалувањето на цените на нафтените деривати на светските берзи, кои како набавни цени зафаќаат најголем дел од малопродажната цена на дериватите.

Подолу е прикажана вкупната продажба на нафтени деривати и останати горива во тони на „Макпетрол“ АД, како матично друштво на Групата, во текот на изминатите три години, со издиференцирани износи на малопродажба и големопродажба.




На следниот дијаграм е прикажана структурата на продажба на нафтените деривати и останатите горива во текот на 2025 година.



**Вкупните консолидирани расходи** остварени во 2025 година се во висина од 30,09 милијарди денари што претставува зголемување во однос на минатата година за 57,61 милиони денари или за 0,19%.

Зголемувањето во најголем дел се должи на зголемените трошоци за вработени за 6,91% и на зголемените трошоци за амортизација за 14,36% поради промените во сметководствените политики.

Најзначаен расход е набавната вредност со 26,18 милијарди денари и истата го следи трендот на приходите од продажба, што е неминовно со оглед дека е дел од приходите од продажба, односно зафаќа околу 84,54% од приходите.

Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Групата има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[1] на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена не е регулирана, како што е примерот со природниот гас, истата зависи од глобални фактори и движења, како што се цените на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот подолу се прикажани движењата на расходите во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.




[1] Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве нафтени деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на годината Групата оствари позитивен финансиски резултат искажан преку консолидирана добивка пред оданочување во износ од 1,34 милијарди денари, која е значително поголема од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 1,21 милијарди денари.

Кон остварувањето на позитивните консолидирани финансиски резултати придонесоа сите Друштва од Групата, со исклучок на Телевизија Макпетрол Телма која оствари загуба. Зголемувањето на консолидираната добивка во најголем дел е резултат на растот на добивката на „Макпетрол“ АД Скопје, како матично друштво на Групата. Деталите се презентирани во табелата подолу:

**во 000 денари**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Макпетрол АД - Скопје | 1.310.035 | 1.155.194 | 154.841 | 13,40% |
| Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ | 95.485 | 91.707 | 3.778 | 4,12% |
| Телевизија Макпетрол Телма ДООЕЛ | -16.453 | 423 | -16.876 | |
| Petrolmak Solun | 4.091 | -467 | 4.558 | |
| Макпетрол ДОО Београд | 3.747 | 1.330 | 2.417 | 181,73% |
| | | | | |
| *Вкупно пред пребивања* | *1.396.905* | *1.248.187* | *148.718* | *11,91%* |
| меѓусебни пребивања | -80.593 | -57.278 | -23.315 | 40,70% |
| ОИЛКО КДА - метод на главнина | 25.919 | 16.628 | 9.291 | 55,88% |
| ***Консолидирана добивка*** | ***1.342.231*** | ***1.207.537*** | ***134.694*** | ***11,15%*** |

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивка пред оданочување за 2025 година, како и споредбата на позициите од консолидираниот биланс на успех со минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движењата кои ја намалуваат добивката.



Врз база на графиконот погоре, може да забележиме дека главни причини за промените се:

- зголемување на консолидираната бруто-маржа поради зголемениот количествен промет во сегментот малопродажба и поради зголемената продажба на млазно гориво и природен гас;
- зголемувањето на трошоците за вработени во текот на 2025 година
- зголемување на трошокот за амортизација поради промени во сметководствени политики и
- позитивен нето-ефект од финансиските приходи и расходи на Групата поради значајното зголемувањето на приходите од дивиденди и приносот од вложувањата во долгорочните хартии од вредност.

## ➢ Анализа на движењата во Консолидираниот биланс на состојба

Во табелата долу се прикажани издвоени консолидирани финансиски информации, како и нивната промена споредбено со претходниот период:

**Информации од Консолидираниот биланс на состојба во 000 МКД**

| | Тековен период 31.12.2025 | Претходен период 31.12.2024 | Промена | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| Постојани средства | 8.567.106 | 8.259.210 | 307.896 | 3,73% |
| Долгорочни фин. средства | 3.806.262 | 3.620.409 | 185.853 | 5,13% |
| Тековни средства | 3.098.341 | 2.724.441 | 373.900 | 13,72% |
| Залихи | 1.257.847 | 1.209.886 | 47.961 | 3,96% |
| Побарувања од купувачи | 615.900 | 507.691 | 108.209 | 21,31% |
| Останати побарувања | 690.255 | 222.995 | 467.260 | 209,54% |
| Пари и парични еквиваленти | 324.857 | 547.413 | -222.556 | -40,66% |
| Вкупно средства | 11.665.447 | 10.983.651 | 681.796 | 6,21% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 9.886.512 | 9.335.762 | 550.750 | 5,90% |
| Вкупно обврски | 1.778.935 | 1.647.889 | 131.046 | 7,95% |
| Долгорочни обврски | 120.874 | 3.578 | 117.296 | |
| Тековни обврски | 1.658.061 | 1.644.311 | 13.750 | 0,84% |
| Обврски по кредити | 153.063 | 42 | 153.021 | |
| Обврски спрема добавувачи | 593.857 | 797.988 | -204.131 | -25,58% |




Врз база на информациите за Консолидираната актива, презентирани во табелата и во графиконот погоре, може да се заклучи дека постои:

- Зголемување на средствата на Групата за 6,21%, односно постојаните средства се зголемуваат за 3,73%, а тековните средства се зголемуваат за 13,72%;
- Растот на тековните средства на Групата примарно произлегува од зголемените побарувања по основ на платени аванси на добавувачи за набавка на трговски стоки. Овој пораст е делумно неутрализиран со намалување на паричните средства, како резултат на нивно вложување во долгорочни финансиски вложувања со атрактивен принос;
- Зголемувањето кај постојаните средства на Групата е резултат на вложувањата во долгорочни финансиски средства, на инвестициите во обнова и во реконструкција на малопродажни и големопродажни објекти, како и резултат на промената на сметководствените политики и евидентирање на средства со право на користење.




| | 31.12.2023 | 31.12.2024 | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| Капитал | 7.835.903 | 9.335.762 | 9.886.512 |
| Обврски | 1.460.682 | 1.647.889 | 1.778.935 |

Во однос на Консолидираната пасива, односно изворите на средства, најзначајните движења заклучно со 31.12.2025 година се следниве:

- Структурата на консолидираната пасива во последните три години е стабилна, односно капиталот учествува со 85%, а обврските само со 15% во истата;
- Зголемување на капиталот на Групата за 5,9% како резултат на остварениот позитивен консолидиран резултат;
- Зголемување на вкупните консолидирани обврски за 7,95%, во најголем дел како резултат на зголемувањето на обврските за искористени краткорочни кредити и на обврските за лизинг поради промената во сметководствените политики.

Со оглед на главните движења презентирани погоре, може да се заклучи дека Групата работи рентабилно и управува оптимално со расположливите ресурси.

Вработените, кои се основната сила на „Макпетрол“ АД и подружниците, со својата посветеност се заслужни за континуираниот успех и за задржувањето на лидерската позиција. Групата постојано инвестира во развојот на своите вработени, како и во обезбедувањето безбедни и здрави услови за работа.

Во 2025 година, врз основа на Одлуката бр.0201-31/4 од 20.5.2025 година за определување на ревизори на финансиските извештаи на Друштвото, донесена на XXIX-тото Собрание на акционери на „Макпетрол“ АД Скопје, ревизијата ја спроведе ревизорската куќа „Гранд Торнтон“ ДОО од Скопје, која не дава други услуги на „Макпетрол“ АД Скопје.

## III. ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗА ПОДДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И ПОДРУЖНИЦИТЕ

Во текот на 2025 година, Групата реализираше значајни вложувања, со цел унапредување на своето работење и одржување на конкурентноста. Во вкупните вложувања на Групата, најзначајни се вложувањата на матичното друштво „Макпетрол“ АД Скопје кое го продолжи силниот инвестициски циклус и вложи преку 294 милиони денари, како во реконструкција така и во изградба на нови малопродажни и големопродажни објекти.

Позначајни реализирани вложувања во текот на 2025 година се следниве:

| | |
|---|---|
| **I ВЛОЖУВАЊА ВО ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ** | **194.865** |
| **1. ВЛОЖУВАЊА ВО МАЛОПРОДАЖБА** | **161.114** |
| **а) Вложувања во постојните бензински станици** | **100.275** |
| БС 007 Синѓелиќ | 39.454 |
| БС 010 Тетово I | 8.750 |
| БС 086 Влае I | 7.621 |
| БС 026 Прилеп II | 4.787 |
| БС 138 Делчево II | 4.083 |
| БС 144 Транспортен центар Скопје | 4.043 |
| БС 017 Битола II | 3.795 |
| БС 053 Лисиче | 3.717 |
| БС 013 Куманово I | 3.654 |
| БС 050 Струмица | 2.869 |
| Останати | 17.502 |
| **б) Целосна реконструкција на бензински станици** | **50.259** |
| БС 068 Кисела Вода | 34.510 |
| БС 089 Гостивар | 15.749 |
| **в) Останати вложувања** | **10.580** |
| Камери на БС | 5.922 |
| Опрема за само-наплата на пумпни автомати | 1.543 |
| Електронски ѕидни ценовници | 1.198 |
| Останати | 1.917 |
| **2. ВЛОЖУВАЊА ВО ГОЛЕМОПРОДАЖБА** | **33.751** |
| Склад Илинден | 18.622 |
| Склад Градско | 5.822 |
| Полнилница Миладиновци ТНГ | 2.670 |
| Склад Гостивар ТНГ | 2.665 |
| Работна Единица Кавадарци | 2.095 |
| Останати | 1.877 |
| **II ОСТАНАТИ ВЛОЖУВАЊА** | **99.968** |
| Деловна зграда - седиште на друштвото | 86.161 |
| Дирекција за одржување/Дирекција за развој и инвестиции | 8.159 |
| Дирекција за стандардизација, квалитет и екологија | 2.060 |
| Хотел Струга | 1.695 |
| Дирекција за информатички технологии | 1.259 |
| Останати | 634 |
| **ВКУПНО ВЛОЖУВАЊА ВО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **294.833** |

## IV. ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Групата води резидуална политика на исплата на дивиденди. Групата најпрво ги планира средствата наменети за инвестирање, потоа ги оценува своите можности за финансирање, вклучувајќи ја и можноста за задолжување.

Дивидендата што ќе биде дистрибуирана ќе биде еднаква на разликата меѓу можностите за финансирање и плановите за инвестирање.

Согласно со Одлуката бр. 0201-31/2-3 за плаќање на дивиденда според Годишната сметка на Друштвото за 2024 година, донесена на XXIX-тото Собрание на акционерите одржана на 20.5.2025 година, Друштвото изврши исплата на дивиденда на 26.8.2025 година.
Дивидендата е исплатена во бруто-износ од 424.804.800 денари, односно 4.200 денари бруто-износ по акција.

Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните четири години.

| | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос**[2] | 3,83% | 4,90% | 5,75% | 4,53% |

[2] Дивиденден принос = Објавена дивиденда / Последна пазарна цена на крај на периодот

# V. ПОЛИТИКА НА ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИКОТ И ДРУГИ ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

## ➢ Долгорочен долг спрема основна главнина

Структурата на изворите на средства на Групата се состои од главнината и од обврските, каде што се вклучени долгорочните и краткорочните обврски, како и обврските по кредити. Главнината се состои од уплатен капитал, ревалоризациони резерви, законски резерви и акумулирана добивка.

Раководството периодично ја анализира структурата на изворите на средства, со цел обезбедување на оптимална структура на истите.

Обврските по кредити и можностите за финансирање преку истите, како еден од изворите на средства, внимателно се следат и се разгледуваат, со цел обезбедување на флексибилни извори на средства кои може да се приспособат на потребите на Групата.

Раководството на Групата континуирано се фокусира на обезбедување на кредитни линии кои имаат најповолни услови, преку склучување договори за кредитни рамки со комерцијалните банки.

Во своето работење, Групата најчесто користи краткорочни кредити, кои се користат во оперативното работење, за управување со работниот капитал и за оптимизација на краткорочната ликвидност.

Наспроти нив, долгорочните кредити се користат кога средствата од истите се употребуваат за финансирање на капитални инвестиции и проекти, со што се усогласува рочната структура на средствата и изворите на средства.

Заклучно со крајот на 2025 година, Групата користи краткорочни револвинг кредити со цел управување со оперативниот капитал и финансирање на оперативните активности. За повеќе детали погледнете ја табелата подолу:

| | **во 000 МКД** | | |
|---|---|---|---|
| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** |
| Вкупно обврски | 1.778.935 | 1.647.889 | 7,95% |
| Обврски по кредити | 153.063 | 42 | |
| *Краткорочни* | *153.063* | *42* | |
| *Долгорочни* | - | - | |
| Главнина и Резерви | 9.886.512 | 9.335.762 | 5,90% |
| Основна главнина | 3.135.464 | 3.135.464 | 0% |
| **Долгорочен долг / Основна главнина** | **0%** | **0%** | |

## ➢ Политика на управување со ризици

Тековното работење на Групата е постојано изложено на ризици од најразличен вид, особено од финансиски аспект, вклучувајќи кредитни ризици, ликвидносни ризици, пазарни ризици, како и на ризикот од управување со капиталот.
Групата придава особено внимание на непредвидливоста на пазарите при што работи на минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на работењето на Групата.

Управувањето со ризици го врши Управниот одбор врз основа на претходно одобрени политики и процедури.

### • Пазарен ризик

Пазарен ризик е ризик од промените во пазарните цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијание врз приходите на Групата или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на повратот на средствата.

Групата има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики, кој се јавува поради изложеноста на различни валути, особено поради изложеност во однос на еврото и доларот. Групата не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Групата е одговорно за одржување на соодветна нето-позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Групата е изложена на ефектите од флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и врз паричните текови. Раководството на Групата во најголема мерка е одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето-каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои незначителен износ на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување, кои се користат за управување со работниот капитал и се краткорочни.

Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат обратен ефект врз успешноста во финансирањето на Групата. Во исто време, Групата постави одредени пласмани на своите средства во орочени депозити и во високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### • Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Групата доколку корисникот или договорната страна на финансискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува поради побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Групата на кредитен ризик е под влијание на индивидуалните карактеристики на секој клиент. Групата има воспоставени политики за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно дека Групата има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека кај малопродажбата овој ризик е лимитиран. Кај Групата не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

- **Ликвидносен ризик**

Претпазливото управување со ликвидносниот ризик имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови.

Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Групата, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни рамки одобрени од страна на комерцијалните банки.

- **Ризик при управување со капитал**

Целите на Групата при управување со капиталот се овозможување на Групата да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет, со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот. Со цел да се одржи или да се прилагоди структурата на капиталот, Групата може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## Индикатори за работењето

Во текот на своето оперативно работење, Групата постојано ја следи својата профитабилност и ликвидност преку калкулација на одредени индикатори за работењето. Во табелите подолу се презентирани најзначајните индикатори за профитабилноста и за ликвидноста на Групата.

**Значајни консолидирани финансиски показатели на профитабилност**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Бруто-маржа (%)[3] | 15,46% | 14,39% | 1,07% |
| Нето-маржа (%)[4] | 4,30% | 3,89% | 0,41% |
| ROA[5] | 10,39% | 10,06% | 0,33% |
| ROE[6] | 12,26% | 11,83% | 0,43% |
| ROCE[7] | 11,16% | 11,06% | 0,10% |

**Значајни консолидирани показатели на ликвидност и солвентност**

| | **Тековен период 31.12.2025** | **Претходен период 31.12.2024** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Тековни средства / Тековни обврски | 186,87% | 165,69% | 21,18% |
| Вкупни обврски / Вкупни средства | 15,25% | 15,00% | 0,25% |
| Вкупни обврски / Главнина и резерви | 17,99% | 17,65% | 0,34% |
| Главнина и резерви / Вкупни средства | 84,75% | 85,00% | -0,25% |

[3] Бруто-маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност) / Приходи од продажба
[4] Нето-маржа = Добивка пред оданочување / Оперативни приходи
[5] ROA = Нето-добивка по оданочување / Вкупно средства
[6] ROE = Нето-добивка по оданочување / Главнина и резерви
[7] ROCE = Оперативна добивка / (Вкупни средства - Тековни обврски)

Врз база на презентираните консолидирани индикатори може да заклучиме дека профитабилноста и ликвидноста на Групата се стабилни во текот на 2025 година.

Кај консолидираните финансиски показатели на профитабилност се забележува подобрување споредбено со 2024 години како резултат на зголемената консолидирана добивка пред оданочување за 11,15%.

Консолидираните показатели на ликвидност и солвентност се генерално стабилни, а истите се резултат како на позитивните оперативни резултати, така и на посветеноста на Раководството на одржување на оптимална структура на извори на средства, минимизирање на трошокот за финансирање и максимизирање на приносите од вложувања во хартии од вредност.

Заклучно со крајот на годината Групата користи само краткорочни револвинг кредити со цел управување со оперативниот капитал и финансирање на оперативните активности. Од аспект на рочност, Групата на крајот на периодот како долгорочни обврски ги има евидентирано само обврските за резервации и обврските за лизинг, кои произлегуваат од промената на сметководствениот третман на договорите за користење на средства под наем.

## VI. КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА

„Макпетрол“ АД во комуникацијата со заинтересираните страни доследно ги применува принципите на транспарентност, јасност и достапност. Преку транспарентен пристап, Групата обезбедува навремени, точни и релевантни информации за своето работење, услугите и понудите, со што се зајакнува довербата и се гради кредибилен однос со јавноста.

Оваа отвореност претставува цврста основа за долгорочна и континуирана соработка.

Јасната и разбирлива комуникација е еден од клучните приоритети, при што информациите се презентираат на концизен и структуриран начин, прилагоден на потребите на различни целни групи. Истовремено, достапноста на услугите и понудите има централно место во маркетинг пристапот на компанијата, со фокус на лесен пристап до информации и навремена поддршка за заинтересираните лица, со цел поттикнување, активно ангажирање и отворена комуникација.

### ➢ Клиенти

Примарната база на крајни корисници на „Макпетрол“ АД се потрошувачите кои ја посетуваат нашата модернизирана малопродажна мрежа на бензински станици ширум државата. Посветеноста кон квалитетен развој и фокусирањето на клиентите создаваат додадена вредност, што ја зајакнува деловната соработка и придонесува за препознатливоста на „Макпетрол“ АД, на пазарот.

Во креирањето на својата стратегија ориентирана кон клиентите, „Макпетрол“ АД континуирано се фокусира на унапредување на квалитетот на услугите и градење долгорочни, стабилни односи со своите клиенти.

Токму поради тоа, продолжуваме да инвестираме во нашите бензински станици бидејќи тие се пример за нашиот бренд. Како резултат на тоа, нашиот малопродажен сегмент на производи од дополнителниот асортиман, бележи финансиски раст секоја година. Денес, нашите малопродажни објекти се многу повеќе од место за снабдување со гориво.

Во обликувањето на својата стратегија насочена кон клиентите, „Макпетрол“ АД дава приоритет на одржување на зголемени стандарди на услуги и на негување на трајни односи со своите клиенти. Главен фокус на овој пристап е постојаното инвестирање во нови и во обновување на постоечки капацитети, односно значителни инвестиции насочени кон обезбедување врвна и безбедна услуга и квалитет за верните потрошувачи.

Овие вложувања не се ограничени само на визуелни подобрувања, туку претставуваат дел од пошироката заложба за модернизација на инфраструктурата, зголемување на функционалноста и создавање поудобна и поефикасна средина за клиентите.

Во сегментот на малопродажба, клучен приоритет е да се обезбеди достапност на клучните производи и услуги, вклучувајќи гориво и производи, во секое време и на сите локации. Ова се постигнува преку оптимизиран синџир на снабдување и прецизно управување со залихите, со што се гарантира достапноста на производите за купувачите. Со систематско прибирање на податоци од малопродажбата, го унапредуваме корисничкото искуство низ сите канали и обезбедуваме брза прилагодливост кон новите потреби на потрошувачите.

Овие инвестиции се доказ за посветеноста и за фокусот на Групата на задоволување на потребите на потрошувачите, сè со цел да се обезбеди уште поголемо задоволство и поудобна средина за нашите клиенти.

Во текот на 2025 година продолживме и со вложувањата во делумна и целосна реконструкција на дел од нашите објекти, со што придонесуваме за заштита на животната средина и ги намалуваме оперативните трошоци на долг рок.

Имено, извршена е целосна реконструкција на БС 007 Ченто, со промена на машинска инсталација, поставување на нови автомати за преточување гориво, нови хидротехнички и електро инсталации и санација на сообраќајниците, настрешницата и продажниот објект.

Објектот е реконструиран според највисоките технички и безбедносни стандарди, истиот работи 24 часа, седум дена во неделата. На оваа нова бензинска станица се достапни квалитетните горива ULTRA на „Макпетрол“ АД и има широк избор на производи од дополнителниот асортиман.

Исто така, со почеток од 1.10.2025 година, започнавме активности за целосна реконструкција, односно со изградба на целосно нова бензинска станица според најновите светски стандарди, на местото на постојната станица БС 068 Кисела Вода.

Со цел на задоволување на потребите на потрошувачите, продолживме и со вложувањата во делумна адаптација на продажниот простор на неколку бензински станици. Со адаптацијата се интервенираше во рамки на постоечкиот габарит со комплетно задржување на постоечкиот конструктивен систем, а со цел подобрување на внатрешната функција и содржини. Со новопредвидените решенија на објектите, се доби нов функционален распоред на просториите кои создаваат соодветни услови за функционирање на вработените и посетителите на бензинските станици. Со адаптација на продажен простор беа опфатени, БС 086 Влае, БС 013 Куманово, БС 144 Транспортен центар и БС Прилеп 026.

Во 2025 година, преземени се активности за реконструкција и модернизација на склад Илинден Скопје, со поставување на нови мерни уреди за вагон-претакалиште, обновување на мерни уреди за авто-претакалиште и поставување на систем за долно полнење. Извршена е санација на постоен магацин, односно постојниот магацин е комплетно срушен и на негово место е изграден нов објект од 360м2, кој е во согласност со сите потребни конструктивни и противпожарни стандарди.

Со цел унапредување и модернизација на услугите, извршено е поставување на самонаплатни пумпни автомати на неколку бензински станици ширум државата, а истите во моментов се во фаза на тестирање и официјално ќе бидат пуштени за користење во текот на месец март идната година.

Покрај наведеното, на повеќе бензински станици беше организирано хортикултурно уредување, расчистување на шут и подобрување на надворешниот изглед, со што се подобрува визуелниот изглед и околината на нашите малопродажни објекти.

Со цел да се задоволат потребите на потрошувачи и да се овозможи квалитетно, сигурно и економично снабдување со нафтени деривати, гас, биогорива и со други стоки, на поголемиот број од бензинските станици на потрошувачите им се достапни квалитетни производи и услуги во текот на 24 часа, секој ден од неделата. Исто така, воспоставени се и телефонски броеви за контакт и електронска пошта за рекламации на услугите и на стоките.

Како дел од својата политика за транспарентност, „Макпетрол“ АД редовно ги информира граѓаните за промените на цените на горивата и гасот преку соопштенија во медиумите и објави на социјалните мрежи, овозможувајќи им на клиентите навремено и точно информирање.

Маркетинг-стратегијата на Групата е посветена на истакнување на квалитетот на нејзините горива, што ја прави компанијата препознатлива на пазарот. Овој пристап не само што ги нагласува одличните перформанси на горивата, туку и ја зајакнува довербата што потрошувачите ја имаат во брендот и неговата понуда.

Програмата за лојалност „Верна“ претставува јасен израз на клиентската ориентирана филозофија на компанијата. Преку внимателно дизајниран систем на бенефиции, програмата ја наградува лојалноста на клиентите и поттикнува долгорочна взаемна соработка. Оваа иницијатива не само што придонесува за задржување на постојната клиентска база, туку и создава повисоко ниво на задоволство и ангажман, што се потврдува преку позитивниот одѕив од корисниците.

## ➢ Добавувачи

Успехот на „Макпетрол“ АД се темели на деловни односи изградени врз заемна доверба, поддршка и заеднички бенефит. Преку доследно почитување на принципите на искреност, одговорност и правичност, се стремиме да ги разбереме и исполниме потребите на нашите купувачи и добавувачи. Препознавајќи ја клучната улога на добавувачите во нашиот синџир на вредности, одржуваме континуирана комуникација за да обезбедиме производи со врвен квалитет. Нашата посветеност на европските и светските стандарди гарантира редовна испорака и долгорочно зацврстување на партнерствата.

Врвното раководство на „Макпетрол“ АД ги дефинира критериумите за оценка на добавувачи, согласно со специфичноста на производот и со лимитираниот број на добавувачи кои можат да ги исполнат критериумите, односно ги обработува сите информации поврзани со добавувачите, од фазата на квалификација, до фазата на склучување договори. Сите нови добавувачи се подложени на оценување врз основа на одредени еколошки и социјални критериуми. Овој систем вклучува проценка на квалитет на производот, понудената цена, предвидениот рок на испорака, финансиската состојба на добавувачот, начинот на финансиска соработка, како и начинот на плаќање, дали поседува квалитети за справување со проблеми во текот на испораката и други значајни карактеристики.

Понатаму, Етичкиот кодекс на Друштвото се однесува на сите деловни партнери на „Макпетрол“ АД, вклучувајќи ги и добавувачите.

Преку постојан дијалог со добавувачите – од дефинирање на комерцијалните услови до реализација на договорите – заеднички ги прилагодуваме производите и услугите. На овој начин го олеснуваме нивното работење и истовремено привлекуваме нови купувачи.

Преку континуирана соработка ја зацврстуваме довербата и го продлабочуваме разбирањето за потребите и предизвиците на нашите добавувачи. За Групата, стратешкото управување со овие односи е од суштинско значење за одржлив развој.

## ➢ Вработени

Луѓето се енергијата на „Макпетрол“ АД и со вложениот труд, посветеноста и професионалноста, и заедничкиот придонес во работењето, „Макпетрол“ АД во 2025 година, оствари значајни финансиски резултати.

Несомнено „Макпетрол“ АД и понатаму ќе остане максимално посветен на грижата за своите вработени, бидејќи тие се најголемиот капитал на нашата компанија и се клучни за успехот на истата.

Како компанија составена од многу различни сегменти, некои поголеми, некои помали, за нас е пресудно секој од нив да функционира беспрекорно, со примена на исклучително високо ниво на професионалност. Без разлика на улогата и на позицијата во севкупната организација, сите вработени секојдневно ги завршуваат своите задачи со извонредна посветеност. Потврда за тоа се позитивните финансиски резултати што Групата ги оствари во 2025 година, но уште поголем доказ е тоа што за десетици илјади потрошувачи во Р.С. Македонија, нашите бензински станици и натаму остануваат избор број еден. За ваквиот успех не е заслужно само раководството, туку и секој поединец во компанијата.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД ја распредели годишната добивка за 2024, со што секој вработен доби паричен износ од 100% од просечната плата на вработениот во 2024 година. Исто така, компанијата исплати и регрес за годишен одмор во нето-износ од 48.000 денари, а беше исплатен и новогодишен надомест во нето-износ од 30.000 денари.

Во духот на празниците, компанијата организираше и голема новогодишна забава за вработените, на којашто настапија големи музички ѕвезди, а воедно, традиционално, испраќањето на 2025 година, „Макпетрол“ АД, го одбележа и со уште една предновогодишна забава на која присуствуваа и уживаа најмладите членови на семејствата на вработените во компанијата и на кои им беа доделени новогодишни пакетчиња. Настанот се одржа со цел обединување на семејната радост и добрата забава, потсетувајќи нѐ дека празниците се време за заедништво, насмевки и незаборавни моменти.

„Макпетрол“ АД речиси осум децении е лидер на пазарот со нафта и нафтени деривати во Република Северна Македонија. Групата, притоа, е особено посветена и постојано инвестира во професионалниот развој и во напредокот на своите вработени. За сите членови на големиот тим на Групата се креираат можности за стекнување нови и дополнителни знаења. Ова е една од стратешките вредности и цели во која што Групата и во иднина ќе вложува.

Човечкиот капитал во „Макпетрол“ АД се заснова на фактот дека нашиот бизнис го водат луѓе. Сите вработени во Групата работат заедно за да изградат позитивна корпоративна култура во која се вреднува различноста, се зајакнуваат вештините, а комуникацијата е отворена, така што целата заедница постигнува исклучителни резултати. Благодарение на акумулираното знаење, искуството на пазарот, а најмногу поради напорите на професионалните и мотивирани вработени кои се темел на деловниот успех, „Макпетрол“ АД останува водечка нафтена компанија во Северна Македонија. Воедно, „Макпетрол“ АД и понатаму останува еден од најпосакуваните работодавачи во државава, а во текот на 2025 година, нашиот тим го проширивме за 169 нововработени.

Имајќи ги предвид добро воспоставените односи со вработените, редовно спроведуваме истражувања меѓу нив и имаме „директни комуникациски линии“, особено за прашања поврзани со здравјето и со безбедноста, заштитата на животната средина, човековите права и еднаквите можности.

„Макпетрол“ АД, ги промовира сите аспекти на благосостојбата на вработените, и важноста на рамнотежата помеѓу работата и животот, како и изградба на подобри меѓусебни односи и зајакнување на тимската кохезија помеѓу вработените, поради што организира разни активности коишто водат кон тоа.

Како и во годините наназад, така и во октомври 2025 година, „Макпетрол“ АД, организираше турнир во мал фудбал „Макпетрол 2025“ за своите вработени, во хотел „Макпетрол Струга“, на кој учествуваа 120 вработени од сите региони во државата, поделени во екипни групи. Напредокот на нашата компанија зависи од напредокот на вработените во целина. Силно посветени да дејствуваме во насока на подобрување, унапредување и на поддршка на вработените, од особено и витално значење се грижата за здравиот начин на живот и активни навики на делување, преку поддршката на спортот. Оттаму, согласно со постигнатите резултати на турнирот, а со цел мотивирање и подигнување на натпреварувачкиот и тимски дух, Групата, додели финансиски средства за реализација на тим билдинг – наградно патување во Лисабон, Португалија, за трите најдобро пласирани екипи.

„Макпетрол“ АД се стреми да создаде оптимални работни услови за своите вработени и да обезбеди оперативна ефикасност, а истовремено е посветена на одговорно однесување и на активности поврзани со влијанијата врз здравјето и безбедноста, како составен дел од секојдневното деловно работење. Ние се стремиме кон високи стандарди за заштита на здравјето и безбедноста на нашите вработени, добавувачи и клиенти. Постигнувањето на највисоко ниво на здравствени и безбедносни перформанси бара внимателен избор, обука и распоредување на вработените и обезбедување на соодветни алати, опрема, лична заштита, јасни стандарди за изведба и упатства и процедури за безбедна работа. Вработените се едуцирани и обучени да работат безбедно и можат да ги препознаат опасностите и ризиците на работното место и да применат соодветни заштитни мерки.

Како компанија, „Макпетрол“ АД ги препознава високите безбедносни ризици и нивното потенцијално влијание врз животната средина. Ние сме посветени на одговорно управување со ризици, почитување на човековите права, избегнување на штета на луѓето и животната средина и намалување на ризиците за безбедност и здравје при работа што произлегуваат од нашите активности. Се стремиме да го подобриме управувањето со животната средина и да негуваме активна култура на безбедност и здравје при работа преку сигурна опрема, квалификуван персонал и добри практики.

Со цел поголема заштита на здравјето и безбедноста на вработените континуирано се набавува опрема за лична заштита што ги заштитува вработените од ризиците поврзани со здравјето и со безбедноста на работното место. Поради тие причини, во текот на годината беше извршен технички преглед на опремата за работа (моторен виљушкар, кран во систем за ППЗ електроенергетски постројки, систем за громобранска заштита за заземјување во складовите на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје). Во 2025 година спроведени се и нови проценки на ризик со изјава за безбедност на работните места на следните бензински станици: БС 007 Синѓелиќ, БС 086 Влае и БС 138 Делчево.

Во врска со здравствената заштита на вработените, во 2025 година, „Макпетрол“ АД изврши здравствени прегледи на 1848 вработени во рок определен согласно со извршената проценка на ризик и изјава за безбедност на работните места. Обуките за безбедност и здравје при работа континуирано се спроведуваат за вработените со цел безбедно извршување на работните задачи.

Свесни дека посветените, високо професионални и мотивирани вработени се изворот на нашиот континуиран развој, Групата се грижи за нив и за создавање услови за професионален развој.

Развојот на човечките ресурси е интегрирана употреба на обука и развој, организациски развој и развој на кариера за подобрување на индивидуалната, групната и организациската ефективност. Тука спаѓаат програмите кои се одвиваат во рамките на компанијата, како што се обуки, курсеви и ротирање на работните места, професионални програми и друго. Целта на вложувањето во развојот на вработените е да се стекнат со нови знаења, вештини и способности потребни за успешно извршување на нови и посложени работни задачи.

Во 2025 година беа спроведени обуки за:

- континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители, како и анализа на финансиски извештаи;
- обуки од областа на информатичките технологии;
- обука на возачи за стекнување со АДР – сертификат;
- обуки од областа на човечки ресурси, како и присуство на глобален HR Minds 2025 во Атина, Грција;
- обуки за континуирано професионално усовршување, како и следење на законските промени во областа на правото и законските измени.

Опслужувачите на воздухопловите со гориво - вработени во Авиосервисите во Скопје и Охрид, присуствуваа на обука за услужување со авиогорива во воздухопловство и складирање на авионско гориво во FAUDI AVIATION - Германија.

Новите вработени на бензинските станици, посетуваа обука за ракување со природен гас, метан CNG.

Вработени во Дирекцијата за развој и инвестиции присуствуваа на Саем за соларна индустрија Intersolar Europe, во Минхен, Германија, каде има можност да се запознаат со новитети во делот на фото-напонски панели и складирање на електричната енергија.

Вработени во Дирекцијата за контрола на квалитет учествуваа на Тренинг обука од прво и второ ниво од областа на ESG – животна средина, општествени прашања и управување.

Вработените во Хотел Макпетрол Струга присуствуваа на EMITT 2025 во Турција, еден од петте најголеми светски туристички саеми и значајна платформа за туризам и патување.

Четворица од вработените во Дирекцијата за големопродажба, учествуваа на обука за Јавни набавки, а тројца вработени во Дирекцијата, учествува во обука за Data Analytics in Finance.

Вработените во Дирекцијата за дополнителен асортиман присуствуваа на FMCG самит - најголем трговски настан од областа на трговија, дистрибуција и логистика, како и обука за управување со набавки и залихи на дополнителен асортиман.

Во текот на 2025 година беше спроведена и обука за вработени во Дирекцијата за одржување и тоа:

- ракување со виљушкар за 5 вработени,
- за ракување со дигалка (платформа) за 8 вработени и
- монтер на скеле за 15 вработени.

Беше спроведена и обука за прва помош за 317 вработени на бензински станици во сите региони низ државата.

Во 2025 година, „Макпетрол“ АД вложи износ од 2,86 милиони денари во едукација на вработените, за стекнување на нови знаења и вештини.

Како компанија која скоро осум децении оправдано се наоѓа на пиедесталот меѓу најдобро рангираните компании и најпосакуваните работодавачи во државата, а чиј императив секогаш било работењето според највисоки светски стандарди, „Макпетрол“ АД го продолжи трендот на обезбедување приватно здравствено осигурување, водејќи постојана грижа за среќата, задоволството и за здравјето на своите вработени.

Приватното здравствено осигурување значително влијае врз задоволството од работата, што резултира со поттикнување на лојалноста на вработените и на зголемување на нивната продуктивност. Преку покривање на здравствените потреби, како компанија, ги минимизираме ризиците поврзани со повредите на работното место, намалувајќи ги потенцијалните правни и финансиски реперкусии.

Во оваа насока, на сите вработени кои се осигурени во доброволното приватно здравствено осигурување, повторно им се даде можност, на своја сметка, дополнително да ги осигурат и члeновите на своето семејство.

Социјалното влијание на активностите на компанијата континуирано се унапредува преку соработката со Синдикатот при „Макпетрол“ АД. Групата остварува координативни средби со претставниците на Синдикатот, со цел да се дадат одговори на конкретни прашања на претставниците на вработените, во врска со работењето и со деловното опкружување.

„Макпетрол“ АД активно ги комуницира своите основни вредности со партнерите и очекува од нив да се придржуваат кон етичките деловни принципи. Етичкиот кодекс на „Макпетрол“ АД важи за сите деловни партнери, вклучувајќи добавувачи, даватели на услуги и деловни партнери, кои мора да се придржуваат до Кодексот, кој е јавно достапен на нашата официјална интернет страница.

Преку принципите на „Макпетрол“ АД, поврзани со економскиот, еколошкиот и социјалниот развој на локалните заедници и почитувањето на човековите права, се постигнува позитивно влијание, а воедно елиминирање на негативните влијанија врз заедниците во кои работиме и врз општеството како целина, како и континуирано мерење, оценување и подобрување на нашите перформанси во однос на безбедноста и здравјето при работа и социјалните прашања и отворена комуникација со засегнатите страни, вклучувајќи ги локалните заедници и претставниците на граѓанското општество кои се засегнати од или имаат легитимен интерес во нашето работење.

„Макпетрол“ АД е посветен на одржување на највисоките етички стандарди во сите свои операции. За да ја поддржи имплементацијата на своите принципи и процеси, „Макпетрол“ АД има имплементирано механизми за пријавување предвидени во „Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во Макпетрол АД“. Пријавите се третираат доверливо и можат да се поднесат без страв од одмазда и механизмите служат како клучни алатки за поттикнување култура на интегритет, заштита на угледот на „Макпетрол“ АД и заштита на благосостојбата на вработените.

Нашето Друштво применува високи етички стандарди во работната средина и во деловните односи со нашите деловни партнери и се грижи за засилување, изградба и одржување на позитивен и одговорен корпоративен имиџ, кој ги одразува нашите вредности, етика и однесување кон општеството, за да ја зголемиме довербата кај потрошувачите, комитентите и општеството во целост.

„Макпетрол“ АД ги почитува правилата за заштита на пазарната конкуренција и ги почитува своите конкуренти и не презема никакви дејствија што се против правилата за заштита на пазарната конкуренција што може да резултираат со штетно влијание врз пазарот, потрошувачите или врз нашите конкуренти. „Макпетрол“ АД ги почитува сите свои клиенти и обезбедува усогласеност со правилата за заштита на потрошувачите во нашите деловни активности кон потрошувачите, а еден од најважните приоритети е спречување на перење пари и финансирање тероризам, што придонесува за глобалната безбедност, интегритетот на финансискиот систем и за одржливиот развој.

Заштитата на приватноста, доверливоста и личните податоци на нашите вработени, клиенти и деловни партнери е една од клучните вредности, за што преземаме безбедносни и други мерки со цел доследно да се применуваат правилата за заштита на личните податоци и на овој начин да изградиме доверба кон работниците и кон деловните партнери.

## ➢ Локална заедница

Транспарентноста, довербата и партнерствата со локалните заедници, се клучни за да се обезбеди нашиот статус на одговорен партнер кој е добредојден секаде каде што е присутен. Нашата цел е позитивно да го насочиме влијанието на нашите деловни активности преку одржување на односите со заедницата и инвестирање во локалниот развој. Иницијативите за развој на заедницата секогаш се приспособуваат на локалните потреби и се развиваат во консултација со локалните засегнати страни, а се во согласност со клучните цели и програми за одржлив развој на компанијата. „Макпетрол“ АД е активен член на заедницата во која делува и унапредувањето на општествената одговорност е еден од најважните принципи, вткаен во секој сегмент од деловното работење.

Во текот на своето речиси 80-годишно постоење, „Макпетрол“ АД, на најразлични начини, непрекинато придонесува во општеството и во заедницата.

Во текот на 2025 година „Макпетрол“ АД реализираше голем број општествено одговорни иницијативи и проекти, од кои многу се само продолжение на долгогодишната практика.

Општествено одговорната кампања на „Макпетрол“ АД, „Крени глас против врсничко насилство“, во текот на 2025 година, се закити со бронза на Фестивалот на креативноста - BalCannes. На регионалниот собир, што се одржа од 15 до 18 мај 2025 година во Ровињ, Словенија, „Макпетрол“ АД, освои признание во категоријата за корпоративни комуникации. Манифестацијата е меѓу најголемите во југоисточна Европа, а годинава беа пријавени рекордни 201 проект. Кампањата се реализира со поддршка од маркетинг-агенцијата „Њу Момент“.

Ова е уште една во низата одличја што „Макпетрол“ АД ги доби за активностите во рамки на кампањата „Крени глас против врсничко насилство“. На првите Socialize Awards, што на 24 април 2025 година, се одржаа во „Александар Палас“ во Скопје, меѓу 80 пријавени проекти, овој проект на „Макпетрол“ АД беше прогласен за победник во категоријата „најдобра општествено одговорна кампања“. Во октомври минатата година,

пак, на фестивалот за дигитална креативност, SoMo Borac, кампањата на „Макпетрол“ АД ја освои регионалната награда во категоријата „дигитален микс“.

„Крени глас против врсничко насилство“ е општествено одговорна кампања што „Макпетрол“ АД ја отпочна во септември 2023 година, со цел да го зголеми јавниот интерес за проблемот со булингот. Кампањата ја потврди заложбата на Групата да придонесува кон решавање на важни општествени прашања и да остварува влијание што ги надминува нејзините основни деловни активности.

За „Макпетрол“ АД општествената одговорност е една од најзначајните стратешки цели. Преку кампањата „Крени глас против врсничко насилство“ Друштвоо цели кон зголемен јавен интерес и давање придонес во креирањето решенија за проблемот со булингот. Децата, учениците, младите генерации и во иднина ќе бидат дел од општествено одговорните активности на „Макпетрол“ АД.

Со активностите „Макпетрол“ АД исполнува еден од своите стратешки приоритети – општествената одговорност. Проектите со коишто се обезбедува поддршка на заедницата се дел од работата на Групата во текот на целото нејзино повеќедецениско постоење.

Изминативе години, Групата се јавува како иницијатор или учесник во активности за поддршка на заедницата, а кампањата во иднина ќе бидат значаен дел од општествено одговорните активности на „Макпетрол“ АД.

„Макпетрол“ АД и во 2025 година продолжи активно да се вклучува во општествено одговорни иницијативи, разбирајќи го длабокото влијание на таквите напори врз јавноста. За таа цел остварува соработка со разни хуманитарни здруженија, спортски клубови, потоа реализира културно-уметнички проекти, како и проекти чија цел е зачувување на животната средина и оние кои промовираат извонредност во различни сегменти од општеството и кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот во заедницата во која делуваат.

Во секој случај, целта е да се засили и прошири присуството на компанијата на пазарот и да се подобри односот со различните заинтересирани страни, вклучувајќи ги потрошувачите, инвеститорите, државни органи, заедницата во која работиме, и медиумите, а воедно и да се поддржат важните бизнис активности и да се подобри перцепцијата за брендот, како и да се зголеми општествена одговорност на Групата.

Како компанија, посветуваме значително внимание и на општествено одговорното делување, препознавајќи ја важната улога што ваквите активности ја имаат во односот со јавноста, а спонзорствата и донациите, доделени во 2025 година, ја означуваат посветеноста на компанијата како активен учесник во заедницата.

Во текот на изминатата година, „Макпетрол“ АД реализираше низа спонзорства и поддршка на културни, спортски и други иницијативи, со што ја потврди својата заложба да биде активен и одговорен член на заедницата. Токму поради тие причини, преку нивна финансиска поддршка, придонесовме кон стимулирање на домашните уметници, со што се грижиме за културниот развој, спортските достигнувања и социјалната благосостојба, а од друга страна пошироката публика ќе има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус и притоа ќе се афирмираат уште понагласено улогата и статусот на поединците во македонското општество и во заедницата.

Признанието и соработката со истакнати поединци како Игор Стефановски – Иџе, главното спонзорството на Стефан Мелник кој ја претставуваше нашата држава на меѓународни натпревари во шах за деца со попреченост, финансиската поддршка на македонскиот изведувач Христијан Настески-Пајак, поддршката на првиот медицински подкаст на Др. Владимир Чадиковски, генералното покровителство на манифестацијата „Глумците пеат“, како и генералното покровителство на првиот Саем за деца, се конкретни примери за усогласување на корпоративните активности со вредностите и очекувањата на јавноста.

Како општествено одговорна компанија, остануваме посветени на развојот на заедницата и негувањето на врвните уметнички вредности. Преку поддршката на 65-тото издание на фестивалот „Охридско лето“, директно придонесуваме за зачувување на богатата традиција и за зацврстување на позицијата на Охрид и Северна Македонија како светски културен центар.

„Макпетрол“ АД, како поддржувач на стручни и научно-истражувачки настани кои имаат големо влијание врз целокупниот развој на медицината во земјава и пошироко, годинава достојно ја презеде улогата на поддржувач на Првото издание на Регионалната школа за срцева болест, која се одржа од 25 до 27 септември во Скопје, во организација на Македонското здружение по кардиологија, а во соработка со Европското кардиолошко здружение и Европската асоцијација за срцева болест. Како платинест спонзор на овој домашен настан од интернационален карактер, ја помогнавме реализацијата на овој проект, каде што европската кардиолошка елита ги сподели своите знаења и добри практики.

„Макпетрол“ АД континуирано финансиски ги помага Друштвото на крводарители „Макпетрол“, Кугларскиот клуб „Макпетрол“ и Карате клубот „Макпетрол“. Заради врвните резултати што ги постигнуваат спортските клубови на „Макпетрол“ АД, како во земјата, така и на меѓународно ниво, тие се вистински промотори на врвниот спорт во државата.

Хрватскиот град Ријека, во текот на 2025 година, беше домаќин на Балканското првенство за кадети, јуниори и постари јуниори (У21) коешто учествуваа 13 држави со 1390 пријавени спортисти, на кое карате клубот „Макпетрол“ освои два медала - злато и сребро, со што уште еднаш ја потврди доминацијата на клубот на најквалитетните натпреварувања на балканскиот регион.

Успешноста што во континуитет ја постигнува овој спортски колектив изминативе години е доказ дека карате клубот „Макпетрол“ е најтрофеен и најуспешен клуб на Балканските првенства во периодот од 1999 до 2025 година. Балканската карате федерација е составена од 13 држави и на првенствата што таа ги организира имаат право да учествуваат само првите четири спортисти во тежинска категорија од секоја земја. Во наведениот период, Карате клубот „Макпетрол“ има освоено вкупно 209 медали, од кои 41 златна, 64 сребрени и 104 бронзени.

Сето ова уште еднаш потврдува дека карате клубот „Макпетрол“ е историски најуспешниот спортски колектив кој константно придонесувал за успешноста и развојот на карате спортот во Македонија.

Во текот на 2025 година, „Макпетрол“ АД, преку спонзорства и донации, обезбеди средства за реализација на разни активности, во вкупен износ од 19,86 милиони денари.

Преку ваквите спонзорства, „Макпетрол“ АД ја материјализира својата посветеност за создавање вредност надвор од рамките на својот бизнис. Со тоа, компанијата ја потврдува својата улога како општествено одговорен партнер, надминувајќи ја дефиницијата на обичен снабдувач на енергенси и еволуирајќи во вистински покровител на заедницата и квалитетот на животот.

Сите овие иницијативи ја позиционираат компанијата како водечки снабдувач на нафта и нафтени деривати, но и како компанија која активно се грижи за своите потрошувачи и генерално за општеството. Со континуирано подобрување на услугите, инвестициите во инфраструктурата, поддршката на значајни настани и развојот на програми за лојалност, „Макпетрол“ АД останува посветен партнер на своите потрошувачи, создавајќи позитивно и трајно влијание во општеството.

На 23.12.2025 година, во Скопје, се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2025 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност, со кои се оддава признание за најдобрите остварувања на домашниот пазар на хартии од вредност.

Петта година по ред, Македонската берза доделува годишни награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на објективни квантитативни критериуми, како што се берзанскиот промет, фреквентноста на тргувањето, цените на акциите, бројот на трансакции, исплатата на дивиденди и сл.

Наградата во Категоријата „Акција со најголем пораст на цената во 2025 година“, ја доби „Макпетрол“ АД, а господинот Александар Спасовски, Претседател на Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД, ја прими наградата.

Порастот на цената на акциите на „Макпетрол“ АД, во анализираниот период беше 23,94%.

Нашата компанија има мисија, визија и основни вредности на модерна, општествено одговорна и транспарентна компанија која е во постојан дијалог со својата околина.

Мисијата е фокусираност на одржлив развој и грижа за здравјето и безбедноста на своите вработени и заедницата како целина. Како влијателен учесник на пазарот на нафта и нафтени деривати во РСМ, нашето дејствување е насочено кон создавање поголема вредност преку постојано подобрување на работењето и квалитетот на производите и услугите.

Визијата е да бидеме почитуван и посакуван партнер, познат по извонредноста на производите и услугите, чесните и внимателно негувани односи и заштитата на интересите на нашите акционери, клиенти, вработени, деловни партнери.

Негуваме вредности кои се подеднакво важни за сите засегнати лица, ни помагаат при донесување одлуки, нè водат во нашата секојдневна работа, ни помагаат да создадеме корпоративна култура каква што сакаме и ни овозможуваат да го подобриме работењето.

## VII. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

Преку општествено одговорните деловни практики, „Макпетрол“ АД се стреми да одржи позитивно влијание врз животната средина, заедницата и врз општеството.

„Макпетрол“ АД континуирано ги интегрира еколошките, социјалните и економските фактори во своето секојдневно работење, со цел да ја зголеми долгорочната вредност и да ги идентификува, спречува и да ги избегнува потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и заедницата во која работи.

Енергетскиот сектор денес се наоѓа пред историска трансформација. Како компанија која е во центарот на овој процес, нашата посветеност кон постепено воведување на барањата на стандардите за ESG, е цврсто втемелена во визијата за енергетска транзиција. Преку инвестиции во обновливи извори и модернизација на инфраструктурата (Environment), јакнење на безбедноста при работа (Social) и етичко донесување одлуки (Governance), ние не само што одговараме на регулаторните барања, туку активно ја обликуваме одржливата иднина на енергетскиот систем.

Меѓународните стандарди, имплементирани во Интегриран менаџмент систем (ИМС) во Групата обезбедуваат континуитет во деловното работење и придонесуваат за реализација на еколошките цели и на целите за одржлив развој.

Имплементацијата и следењето на сите промени во европските стандарди, како и измените во Регулативата на Северна Македонија, се гаранција за пласман на квалитетни производи на домашниот пазар.

Интегрираниот менаџмент систем (ИМС) се одржува и се ревидира на годишна основа заради негово усогласување. Во Политиката за ИМС, која ја опфаќа и Политиката за управување и заштита на животната средина, дефинирана е заложбата на Групата за заштитата на животната средина, додека во Политиката за управување со енергија е дефинирана заложбата на Групата за користење на енергијата на ефикасен, економичен и еколошки одговорен начин, односно да се оптимизира употребата на енергијата, преку подобрување на исплатливоста и на продуктивноста, подобрување на работните услови, намалување на стакленичките гасови, зголемување на одржливоста и намалување на отпадот поврзан со користењето на енергијата.

Согласно со законската регулатива на Северна Македонија, сите бензински станици и складови на Групата поседуваат Елаборат за заштита на животната средина (EIA), со издадени согласности од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Овие елаборати јасно покажуваат дека објектите на Групата се со современи технички и функционални содржини, како и со предвидени мерки за заштита на животната средина.

Согласно со Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини (усогласување со VOC Директивата), Групата има потврда дека ги исполнува техничките барања, а воедно има и Потврда за упис во Регистарот на инсталации за складирање, инсталации за полнење и за празнење на мобилните контејнери и на бензинските станици од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Со исполнување на барањата од VOC Директивата, воведувањето на најдобрите практики, т.е. техничките решенија, емисиите во воздухот на бензинските станици се со значително намалена емисија на штетни гасови во воздухот.

Складовите за запаливи течности на Групата, согласно со законската регулатива на Северна Македонија, се усогласени со одредбите за Спречување и за контрола на хавариите со присуство на опасни ситуации (Seveso Директивата), а со цел да се преземат мерки за заштита на луѓето и животната средина се испланирани предвидени постапки, во случај на најлошо можно сценарио.

Политиката за Интегриран менаџмент систем (ИМС), ја покажува јавната посветеност на „Макпетрол“ АД за одговорно дејствување во однос на здравствените, безбедносните, еколошките и социјалните влијанија од нашето секојдневно работење.

Оваа посветеност вклучува подобрување на интегритетот на средствата, и одржување на високи стандарди за спречување на инциденти од сите видови. Ние сме посветени на намалување на нашето влијание врз животната средина, заштита на природните ресурси и поддршка на меѓународните напори за справување со ризиците поврзани со климатските промени.

„Макпетрол“ АД, исто така, се стреми да создаде позитивни влијанија во заедницата во која работи, а воедно да ги елиминира негативните влијанија врз општеството како целина.

„Макпетрол“ АД е компанија која со нејзиниот предмет на работење и делување, е вклучена во сите области на животната средина. Во 2025 година, континуирано се следеше законската регулатива на Северна Македонија од областа на животната средина и деталната следливост на законската регулатива на ИМС е евидентирана во интерниот документ - Процедурата за следење на законска регулатива за аспектите на животната средина, за безбедност и здравје на вработените при работа и енергетска ефикасност.

Групата, согласно со законска регулатива која ја регулира животната средина, во 2025 година ги спроведе програмите за управување со аспектите на животната средина и тоа:

- ✓ Управувањето со отпадот претставува значаен еколошки аспект во работењето на Групата и е идентификувано како една од клучните области со потенцијално влијание врз животната средина. Во рамки на ESG пристапот и принципите на одговорно управување, во текот на 2025 година Групата континуирано и систематски спроведуваше активности за управување со сите видови отпад што произлегуваат од неговото работење, во согласност со важечката законска регулатива и добрите практики.
  Во таа насока, беа реализирани следните активности:
  - Управување со дополнителните текови на отпад преку овластени Колективни постапувачи за управување со отпад, со редовно известување преку месечни и квартални извештаи;
  - Редовно чистење и отстранување на отпад од сепараторите на бензинските станици, како и чистење на резервоарите, со цел превенција од загадување на почвата и подземните води, при што се водеше детална евиденција за количините на создаден и предаден опасен отпад;
  - Селекција, класификација и соодветно управување со различни видови отпад што настануваат во текот на редовното работење, вклучително: отпадно железо и алуминиум, отпадни гуми, отпадни тонери, отпад од електронска и електрична опрема, опасен отпад, преку предавање на овластени правни лица со кои Групата има склучено договор;
  - Изработка на месечни извештаи и подготовка на годишен консолидиран извештај за управување со отпад, со цел обезбедување транспарентност, следливост и контрола на отпадните текови;
  - Изработка и примена на образец за евиденција на создадени и предадени отпадни масла, во согласност со законските обврски;
  - Подготовка и доставување на годишен извештај за реализација на Програмата за управување со отпад.

- ✓ Во рамки на ESG пристапот и управувањето со еколошките влијанија, Групата спроведува континуиран мониторинг и контрола на клучните аспекти поврзани со емисиите во воздух, бучавата, како и влијанијата врз отпадните и подземните води и почвата.

Во текот на 2025 година, со цел навремено идентификување и намалување на потенцијалните негативни влијанија врз животната средина, беа реализирани следните активности:

- Спроведување мониторинг на квалитетот на воздухот од испустите на котларниците на Групата, при што беа следени параметри како: брзина и проток на гасови, NOx, CO, $CO_2$, $O_2$, $SO_2$, чаден број и прашина, во согласност со законските барања;
- Мониторинг на нивото на бучава во деловната зграда на Групата, преку мерење на индикаторите Ld/Aeq (dB) и LAmax (dB), со цел заштита на здравјето и благосостојбата на вработените;
- Контрола и анализа на квалитетот на отпадните и подземните води во Склад Илинден и ТНГ Миладиновци, преку следење на параметри како: pH, суспендирани материи, електроспроводливост, амониумски азот, нитрати, нитрити, хлориди, ХПК ($KMnO_4$), $БПК_5$, како и вкупни масти и масла;
- Снимање, анализа и континуирано следење на квалитетот на почвата на локацијата Авиосервис Петровец, со мерење на параметри како: pH вредност, вкупен азот, фосфор, како и присуство на масти и масла.

Во текот на 2025 година, Дирекцијата за внатрешна контрола и безбедност – Сектор за безбедност ги реализираше следните активности во согласност со важечката законска регулатива, интерните акти и Планот и Програмата за обука, со цел одржување и унапредување на системот за заштита од пожари, експлозии и приватно обезбедување во „Макпетрол“ АД – Скопје, и тоа:

- реализирани обуки за работа при складирање и дејствата сврзани со складирање на запаливи течности и гасови за 140 новопримени работници;
- реализирани обуки за работа при товарење, истовар и други постапки поврзани со ракување со опасни материи за 140 новопримени работници;
- во периодот април–мај 2025 година беа спроведени проверки на знаење и тактичко-показни вежби за гаснење пожари и ракување со противпожарни апарати за 1.322 вработени во сите организациони единици на „Макпетрол“ АД – Скопје;
- реализирани специјализирани обуки и тактичко-показни вежби за 110 вработени, спроведени во складовите за запаливи течности и гасови и на бензинските станици;

Теоретската обука беше реализирана од Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување, додека тактичко-показните вежби беа спроведени врз основа на однапред изготвени сценарија и постапки од страна на Секторот за безбедност.

- на 07.11.2025 година беше реализирана тактичко-показна вежба за пожар, евакуација и спасување во Административно-управната зграда на „Макпетрол“ АД, со цел проверка на функционалноста на системите за автоматско откривање и јавување на пожари, постапките за евакуација и подготвеноста на вработените.

Тактичко - показната вежба ја следеше претставник од Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување на Северна Македонија, а во активноста учествуваа 35 членови на екипите за евакуација и спасување, 3 пожарникари-обезбедувачи и 252 вработени, кои во моментот беа на работните места, во улога на евакуирани лица;

- на 20 мај 2025 година, по повод Денот на пожарникарите, на БС 142 Крива Паланка, беше реализирана тактичко-показна вежба за пожар на моторно возило, во соработка со ТТПЕ – Крива Паланка, Црвен крст и Министерството за внатрешни работи.

Активноста беше реализирана во рамки на координацијата со надворешни служби за итни интервенции. Со оваа вежба покажавме добар пример како можеме

заеднички вработените на бензинската станица и ТТПЕ - Крива Паланка да бидат координирани, да реагираат брзо и да се справат со ваков инцидент, а се со цел заштита на вработените, објектот, посетителите на бензинската станица како и жителите од поширокото подрачје околу бензинската станица;

Во 2025 година беше извршен преглед и беа дадени стручни мислења за 22 планови за заштита од пожари и експлозии при изведување активности од страна на изведувачи на работи во зоните со зголемена опасност од пожари и експлозии на бензинските станици и во складовите за запаливи течности и гасови.

Исто така, беа спроведени шест функционални проби (пролетни и есенски) на стабилните системи за гаснење и ладење во следните објекти:

- Склад за запаливи течности Илинден
- Полнилница за ТНГ Миладиновци
- Склад за ТНГ Гостивар

Извршена е изработка и ажурирање на планови и упатства, и тоа:

- Изработка и ажурирање во AutoCAD на планови (шеми) за евакуација на бензинските станици;
- Изработка во AutoCAD на планови (шеми) за евакуација за Хотел Макпетрол Струга;
- Ажурирање на упатствата за постапување во случај на пожар и неконтролирано истекување гас на бензинските станици и во складовите;
- Ажурирање на постапката при пожар и евакуација во Управната зграда.

Во текот на октомври 2025 година беше спроведено контролно гаѓање во Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи – Идризово, за 37 работници за приватно обезбедување кои поседуваат важечки дозволи за носење службено оружје и вршат обезбедување со службено огнено оружје во објектите на „Макпетрол“ АД. Контролното гаѓање го организираше Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување.

Во текот на 2025 година, „Макпетрол“ АД доби признанија од релевантни институции – Дирекцијата за заштита и спасување и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, за остварени резултати во областа на заштитата, спасувањето и приватното обезбедување.

Овие признанија претставуваат индикатор за континуирано унапредување и ефективност на воспоставениот систем.

Во рамки на своите обврски за управување со животната средина и во согласност со важечката законска регулатива на Република Северна Македонија, Групата редовно изготвува и доставува извештаи до надлежните институции.

Во текот на 2025 година, во согласност со барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола за Фабриката за производство на биодизел (бр. УП 1-11/3 бр. 281/2018 од 21.06.2019 година), издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, Групата изготвуваше и доставуваше известувања за годишниот извештај, како и редовни месечни известувања за функционалноста и работењето на Фабриката. Дополнително, изработени се Дневници на емисии во амбиентниот воздух од сите стационарни извори на „Макпетрол“ АД и истите се доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Сите наведени активности придонесуваат кон намалување на негативните влијанија врз животната средина, подобрување на еколошките перформанси и зајакнување на усогласеноста на Групата со ESG принципите.

Горивата кои се нудат во малопродажната мрежа – автоплин, метан и ULTRA Diesel Bio Power – претставуваат значаен сегмент во напорите за намалување на негативното влијание врз животната средина. Овие горива овозможуваат:

- значително намалување на емисиите на штетни гасови и честички,
- подобри експлоатациски карактеристики,
- придонес кон почист воздух и одржлив развој на заедницата.

Биодизел Б100, односно чистиот биодизел, кој учествува во составот на ULTRA Diesel Bio Power горивото, „Макпетрол“ АД го произведува во сопствена фабрика, преку стандардна технологија, односно добивање биодизел - метил естри на масни киселини (FAME) преку процес на трансестерификација на маслото добиено со цедење на семето од маслодајната репка. Произведениот биодизел го исполнува техничкиот европски стандард МКС ЕН 14214 што овозможува негово мешање со фосилното дизел гориво, според стандардот МКС ЕН 590.

„Макпетрол“ АД како општествено одговорна компанија со визија и мисија на пласирање и одржување на премиум квалитетот на производите – течните горива, маслата, мазивата и останатите течности кои се неопходни за нормално функционирање на моторните возила, во 2025 формира нова дирекција - Дирекција за контрола на квалитет, чија основна функција е правовремено и континуирано мониторирање на квалитетот на производите кои се дел од основната дејност на нашата компанија. Со тоа докажуваме дека квалитетот на производите кои ги пласираме на пазарот, се врвен приоритет за компанијата.

Макпетрол“ АД поседува персонал, средства и техника за on-field проверка на квалитетот на производите, како и најсовремена лабораторија акредитирана согласно ISO/IEC 17025, кои се насочени кон контрола на производите (нафтените деривати и средства за нормално функционирање на возилата), а кои се пласираат на нашите малопродажни и големопродажни објекти.

Континуирано се остварува тесна соработка со голем број на државни институции, како Институт за стандардизација, Институт за акредитација, Биро за метрологија, Пазарна инспекција и Царина, со цел обезбедување висок квалитет и целосна усогласеност со регулативата.

Преку обука на вработените и континуирано следење на новините во стандардните спецификации за горива, развој, валидација и имплементација на нови методи за тестирање, подобрување на техничките способности и обезбедување континуирана обука на персоналот, се овозможува подобрување на компетентноста, што како доказ се одличните перформанси во шемите за тестирање на компетентност - iis-Spijkenisse (Холандија).

„Макпетрол“ АД, како продавач на авиогориво, работи во согласност со меѓународните стандарди како што се стандардите „IATA“ и „JIG 1&2“ и со тоа во целост го гарантира квалитетот на авиогоривото и услугите што ги нуди. Сите процеси се целосно и континуирано контролирани од страна на официјални инспектори од носечките меѓународни инспекциски тела и трговските здруженија како „IATA International Fuel quality pool“ и други.

Во текот на 2025 година, на барање Министерството за одбрана на Р.С. Македонија, „Макпетрол“ АД, на пазарот овозможи пласирање нов вид на воено воздухопловно гориво JP-8 (Nato code F34), за потребите на Министерството за одбрана и NATO Air Policy, со што ја покажа својата спремност и одговорност за исполнување на највисоките светски стандарди.

Исто така, како компанија перманентно се залагаме за интегрирање на напредни современи технологии на градба на своите објекти, со позитивно влијание врз животната средина и општествениот интерес.

Со употребата на новата генерацијата на канали за одводнување, на објектите на „Макпетрол“ АД, поставуваме нови стандарди во областа на проектирањето, изградбата и ефикасноста на системите за одводнување.

„Макпетрол“ АД, има долга традиција во користењето на сепараторите за масла и горива, согласно нормата EN 858-2:2008.

Согласно Директивата на Европската Унија за заштита на површинските води како и Законот за водите на Република Северна Македонија, „Макпетрол“ АД, постојано ги следи и применува сите норми за заштита на површинските и подземните води. Секаде каде што е применливо на своите бензински станици и останати објекти, ги проектира, вградува и пушта во функција пречистителните станици за комунални отпадни води со различни капацитети во зависност од хидрауличкото и биолошко оптеретување на бензинската станица.

Од аспект на термотехника, една од низата индустриски области преку која директно може да се влијае на средината што нѐ опкружува, одговорните во „Макпетрол“ АД, континуирано работат на унапредување на старите и примена на нови енергетски ефикасни системи за ладење и греење.

Примената на системите со топлински пумпи за ладење и греење на своите објекти, овозможува намалување на трошоците што е секогаш интерес на една општествено одговорна компанија, а со тоа го зголемува и влијанието врз општествениот интерес.

Грижата и заштитата за животната средина се меѓу стратешките цели на „Макпетрол“ АД, и во текот на 2025 година, Групата презеде активности за постигнување и за остварување на „Зелената агенда“ – еколошки инвестиции на Групата, која беше вклучена во Годишниот план за 2025 година, а кои се однесуваат на:

- Проширување на мрежата за автоплин преку инвестирање во малопродажни објекти;
- Инсталирање опрема - полначи за батерии на електрични возила на осум до десет бензински станици;
- Инсталирање на соларни панели за производство на електрична енергија на повеќе објекти во сопственост на Групата.

Групата е влијателен учесник на енергетскиот пазар во Република Северна Македонија и во регионот и сметаме дека зголемувањето на енергетската ефикасност е најважниот механизам за намалување на потрошувачката на енергија и е еден од основните принципи на енергетската транзиција. Нашата основна заложба во управувањето со енергијата е да постигнеме подобрени енергетски перформанси и мерливи резултати поврзани со енергетската ефикасност, како и со користењето и потрошувачката на енергија. Континуирано го развиваме, одржуваме и го усогласуваме имплементираниот систем за управување со енергија со важечките законски и други барања поврзани со енергетскиот систем.

Управувањето со енергијата игра клучна улога во бизнисот и управувањето со нашите процеси, а со реновирање на бензинските станици и со вградување на современи уреди за греење и ладење во објектите се зголемува нивната енергетската ефикасност, а значително се зголемува заштедата на електрична енергија.

На малопродажните локации продолживме со активности поврзани со намалување на потрошувачката на енергија. Можностите за намалување на истите ги гледаме во реализација на брзи и едноставни проекти кои веднаш ќе ги прикажат резултатите. Од тие причини се одлучивме за замена на постојното осветлување со ЛЕД осветлување во некои објекти.

Во текот на 2025 година, извршена е реконструкција на фасадните површини, заедно со замена на сите прозори во Управната зграда на „Макпетрол“ АД, односно темелното обновување кое значително ќе ја намали испорачаната и финалната потрошувачка на енергија во зградата, споредено со нивоата пред реновирањето, што води до повисоки енергетски карактеристики и намалување на трошоците за греење и ладење.

Поради природата на својата дејност и бројот на локации, „Макпетрол“ АД е голем потрошувач на енергија, а истата зазема значителен дел од оперативните трошоци.

Вкупната просечна потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД изнесува околу 12.140.127 kWh, поради што сме фокусирани на одговорно користење на енергијата и посветени сме на постојано следење и подобрување на енергетските и на еколошките перформанси на сите објекти. Управувањето со енергијата се спроведува со континуиран мониторинг на потрошувачите на енергија во секоја организациона единица, придружен со конкретни инвестициски проекти насочени кон намалување на потрошувачката на енергија.

Применувајќи ја Директивата за енергетска ефикасност на Европската Унија, „Макпетрол“ АД е насочен и кон користење на алтернативни извори на енергија и досега има инвестирано во девет фотонапонски централи (капацитет => 79,3 kW + 63,14 kW + 89,1 kW + 150,15 kW + 120,96 kW + 45,2 kW + 79,1 kW + 170,63 kW+71,4 kW) или со вкупен капацитет од 868,98 kW, од кои во 2025 година, пуштена е во функција една фото-напонска централа и тоа:

- Фото-напонска централа со моќност од 71,4 kW, поставена на БС 010 Тетово;

Фото-напонските централи со вкупно предвидено производство од 846.382 kWh учествуваат со околу 9,6% во вкупната потрошувачка на „Макпетрол“ АД. Во текот на 2025 година, производството од обновливи извори на енергија од околу 590 илјади kWh изнесувало 4,86 % од вкупната потрошувачка на енергија на „Макпетрол“ АД.

Во понатамошните програмски активности, планирано е на уште четиринаесет наши објекти кои се поголеми потрошувачи на електрична енергија, како и на земјиштата кои се во сопственост на Групата, сукцесивно да се поставаат фото-напонски централи за производство на електрична енергија. Оваа енергија е наменета за сопствена потрошувачка, а вишокот од производството ќе се понуди на трети лица на пазарот. На овој начин ќе се постигнат финансиски заштеди, како и намалување на $CO_2$.

„Макпетрол“ АД на различни начини инвестира во заштита на околината. Со поставувањето на брзите полначи на широко распространета мрежа на бензински станици низ државата, успеваме да се приближиме поблиску до корисниците, што ќе придонесе во развојот на електромобилноста во земјава и ќе нè приближи до модерните форми на транспорт. Особено е значајно што овој проект во континуитет го реализираме партнерски, заедно со ЕВН Македонија. Ваквите соработки се исклучително значајни, ако не и пресудни, за реализирање на зелената иднина на Северна Македонија.

Па така, покрај поставените брзи полначи за електрични возила на БС 046 Гевгелија, БС 008 Визбегово, БС 013 Куманово и БС 164 Неготино кои може истовремено да опслужуваат две возила, во текот на 2025 година, во употреба беа пуштени брзи полначи за електрични возила на бензинските станици БС 163 Бучила, БС 016 Битола и БС 050 Струмица кои, исто така, можат истовремено да опслужуваат две возила. Овие уреди се први од десетте нови брзи полначи, што во партнерска соработка со ЕВН Македонија, ќе бидат поставени на фреквентни локации ширум Република Северна Македонија.

## VIII. ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

### А. Назив и седиште на правното лице како заинтересирана страна

„ОИЛКО“ КДА - Скопје, ул. „10“ бр. 152 с. Миладиновци, Општина Илинден;

### Б. Начин и постапка во која била одобрена зделката

По исполнување на условите од членот 457 и 460 од Законот за трговските друштва, зделката е одобрена со Одлука бр. 0201-31/5 за одобрување на зделка со заинтересирана страна, донесена на XXIX-тата Седница на Собранието на акционерите на „Макпетрол“ АД Скопје одржана на 20.5.2025 година. Пред донесување на Одлуката, а во целост постапувајќи согласно член 460-а од Законот за трговските друштва, до Собранието беше изготвен и доставен Извештај за ангажман за уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна на ОИЛКО КДА Скопје, изготвен од страна на овластен ревизор, Друштвото БЕНД ревизија и консалтинг ДОО Тетово, заведен под бр. 0302 - 1509/2 од 02.04.2025 година.

**I МАКПЕТРОЛ АД – Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**
**ОИЛКО КДА – Скопје како продавач на стоки и давател на услуги**

во денари без ДДВ

| П Р Е Д М Е Т | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2025 година |
|---|---|---|
| Транспортни услуги, закуп на транспортни средства и останати стоки и услуги | 720.000.000 | 594.170.385 |
| **ВКУПНО:** | **720.000.000** | **594.170.385** |

**II МАКПЕТРОЛ АД - Скопје како продавач на стоки и давател на услуги**
**ОИЛКО КДА – Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**

во денари без ДДВ

| П Р Е Д М Е Т | Одобрено со Одлука на Собрание | Остварено во 2025 година |
|---|---|---|
| Гориво за возила, резервни делови и потрошен материјал, услуги преку Верна картички и останати стоки и услуги | 230.000.000 | 131.726.294 |
| **ВКУПНО:** | **230.000.000** | **131.726.294** |

## IX. ИЗГЛЕДИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД СКОПЈЕ И ПОДРУЖНИЦИТЕ И НЕГОВИОТ ДЕЛОВЕН ПОТФАТ И АКТИВНОСТИТЕ ВО СФЕРАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ

Во 2026 година, „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците планираат повеќе деловни потфати и активности во сферата на сопствениот развој:

- Продолжување со дигитализација на процесите на работење во Групата;
- Инвестиции во складишен простор за нафтени деривати;
- Реконструкција на дел од постојните малопродажни објекти, согласно со Планот за работа во 2026 година;
- Зголемување на бројот на брзи полначи за електрични возила на бензинските станици;
- Ширење на мрежата на соларни панели за производство на електрична енергија и
- Инсталирање на батериски системи за складирање на електрична енергија на повеќе малопродажни објекти на Групата.

## X. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО СТЕКНУВАЊЕ СОПСТВЕНИ АКЦИИ

Во текот на 2025 и 2024 година „Макпетрол“ АД Скопје, како матично друштво на Групата, не се стекнало со дополнителни сопствени акции.

Во периодот од 25.8.2017 година до 02.10.2020 година „Макпетрол“ АД Скопје, како матично друштво на Групата, се стекна со вкупно 11.238 сопствени акции по просечна цена од 45.205 денари и истите учествуваат со 10% во основната главнина на Групата.

## XI. ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ГРУПАТА ОСТВАРЕНИ ВО 2025 ГОДИНА

Согласно одредбите од член 384 став 7 од ЗТД, Групата објавува дека:

- Во текот на 2025 година, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје, како матично друштво на Групата, оствариле нето-примања по основ на плата и надоместоци на плата, по основ на други права, дел од учество во добивка, како и по основ на награди во вкупен износ од 66.801.570 денари и
- Во текот на 2025 година, членовите на Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје, како матично друштво на Групата, по основ на награда, оствариле нето-примања во вкупен износ од 2.880.000 денари.

## XII. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУГИ ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГРУПАТА

Согласно Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, „Макпетрол“ АД Скопје информира дека Претседателот на Управниот одбор на Друштвото, Андреја Јосифовски е член на Надзорниот одбор на МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје Виена Иншуренс Груп и комплементар во ОИЛКО КДА Скопје.

Членови на Управниот одбор:

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
"МАКПЕТРОЛ"
СКОПЈЕ
10

1. Андреја Јосифовски ____________________
2. Марија Јосифовска Спасовска ____________________
3. Михајло Борозанов ____________________
4. Сашко Павловски ____________________
5. Сашо Бошковски ____________________

Врз основа на член 384-а, став 1 и став 2 од Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор на „Макпетрол“ АД - Скопје, ја даваат следната:

**ИЗЈАВА**

**за примена на Кодексот за корпоративно управување**

Ние, долупотпишаните членови на Управниот одбор на „Макпетрол” АД - Скопје, изјавуваме дека друштвото „Макпетрол” АД - Скопје, во своето работење во 2025 година, го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страницата на Берзата www.mse.mk.

„Макпетрол” АД - Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил„, преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците ќе бидат објавени во материјалот за XXX годишно Собрание на акционери на „Макпетрол” АД - Скопје и ќе бидат објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на „Макпетрол” АД – Скопје, во рокот пропишан со членот 40 став 1 од Правилата за котација на Македонската Берза за хартии од вредност, најдоцна до 31.5.2026 година, како и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на „Макпетрол” АД – Скопје, пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 26.03.2026 година

Изјавиле:
Членови на Управен одбор

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „МАКПЕТРОЛ“ СКОПЈЕ 10

1. Андреја Јосифовски ____________
2. Марија Јосифовска Спасовска ____________
3. Михајло Борозанов ____________
4. Сашко Павловски ____________
5. Сашо Бошковски ____________

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- /1-3**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членовите 35 и 103 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот извештај на Управниот одбор за работењето на Друштвото во 2025 година и на Годишниот извештај на Управниот одбор за консолидираните финансиски резултати на Друштвото во 2025 година**

### Член 1

Се усвојуваат:

- Годишниот извештај на Управниот одбор за работењето на Друштвото во деловната 2025 година; и
- Годишниот извештај на Управниот одбор за консолидираните финансиски резултати на Друштвото во 2025 година.

Годишните извештаи од ставот 1 на овој член, се составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

МАКПЕТРОЛ

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0102-1599/1
02-04-2026 20 год.
СКОПЈЕ 7




2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

## Содржина

1. Следење и контрола над управувањето и раководењето со Друштвото во 2025 година........................................................................................................... 3

2.Обем на контролата над управувањето и раководењето со Друштвото за 2025 година........................................................................................................... 4

3. Резултатите од испитувањата извршени од ревизорите на Годишната сметка и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година.................................... 7

Надзорниот одбор, согласно надлежностите определени со Законот за трговските друштва (понатаму во текстот: ЗТД) и Статутот на Макпетрол АД Скопје (понатаму во текстот: Статутот) како орган овластен да врши надзор врз работата на Управниот одбор, во текот на 2025 година работеше објективно и професионално, извршувајќи ги надлежностите, согласно одредбите на ЗТД и на Статутот, при што во целост и во континуитет ја следеше работата на Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје.

Во текот на 2025 година, согласно ЗТД и Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор функцијата ја остваруваше во состав од 4 члена, и тоа:

- Александар Спасовски – Претседател,
- Филип Чадиковски – независен член,
- Марина Веселинска – член и
- Саша Лекиќ – член.

Членовите на Надзорниот одбор на Друштвото се именувани со мандат од 6 (шест) години, со Одлука број 0201-26/4-2 од XXVII седница на Собранието на акционери одржано на 30.05.2023.

## 1. Следење и контрола над управувањето и раководењето со Друштвото во 2025 година

Надзорниот одбор, согласно овластувањата определени со ЗТД и со Статутот, редовно и целосно ја следеше работата на Управниот одбор, при што во целост и во континуитет беше во тек со секојдневното работење на Друштвото.

Надзорниот одбор е составен од членови кои се стручни и компетентни за одредени сегменти од работењето на Друштвото, што овозможи правилно и квалитетно следење на работата на Друштвото, односно раководењето и управувањето на Управниот одбор со Друштвото.

Во текот на работењето, Надзорниот одбор беше целосно и навремено информиран за работењето на Друштвото, преку периодични извештаи изготвени од стручните служби и од Управниот одбор.

Надзорниот одбор ги разгледуваше периодичните извештаи и ги анализираше од сите аспекти, притоа споредувајќи ги со резултатите од минатата година, како и со планираните резултати.

Во својата работа, Надзорниот одбор на Друштвото ја вршеше контролната функција и преку Секторот за внатрешна ревизија што е под директна надлежност на Надзорниот одбор. Годишниот извештај за 2025 година од Секторот за внатрешна ревизија е даден во прилог на овој Извештај.

## 2. Обем на контролата над управувањето и раководењето со Друштвото за 2025 година

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор одржа 11 (единаесет) седници на кои беше разгледувано управувањето со Друштвото од страна на Управниот одбор, при што носеше одлуки, даваше предлози и согласности на Управниот одбор, во рамките на своите овластувања, согласно ЗТД и Статутот.

Согласно добрите корпоративни практики, на седниците се водеа отворени дискусии, по однос на доставените материјали по точките од дневните редови, како и за значајни прашања кои се однесуваа на тековното работење на Друштвото, пришто се потврди ефективноста на Претседателот на надзорниот одбор и придонесот на секој член на одборот, во работата на надзорниот одбор.

На сите седници на Надзорниот одбор во текот на годината присуствуваа сите членови, со исклучок на дваесет и осмата и дваесет и деветтата седница на кои оправдано беше отсутна Марина Веселинска.

Во 2025 година, Секторот за внатрешна ревизија спроведе 7 (седум) редовни ревизорски прегледи и издаде вкупно 33 (триесет и три) препораки и активно ја следеше имплементацијата на издадените препораки.

Како генерален заклучок од спроведените постапки, Секторот за внатрешна ревизија издаде препораки до раководните лица за креирање процеси и за спроведување интерни контроли, чија доследна имплементација ќе овозможи зголемување на ефикасноста во работењето.

Полугодишниот извештај на Секторот за внатрешна ревизија во кој се презентирани активностите за периодот од јануари до јуни 2025 година, Надзорниот одбор го разгледа и утврди, со заедничка оценка на сите членови на Надзорниот одбор, дека Полугодишниот извештај е изработен согласно ЗТД и подзаконските акти.

Годишниот извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за 2025 година е разгледан и усвоен од страна на Надзорниот одбор на седницата одржана на 27.2.2026 година, со заедничка оценка на сите членови на Надзорниот одбор дека Годишниот извештај е изработен согласно ЗТД, подзаконските акти и Годишниот план за 2025 година.

Надзорниот одбор го разгледа Годишниот план за работа на Секторот за внатрешна ревизија за 2026 година и го одобри истиот.

Надзорниот одбор, констатира дека Управниот одбор континуирано го следеше финансиското и материјално работење, приливот и одливот на средствата и притоа правилно ги согледуваше тековните услови на стопанисување и правилно преземаше мерки за ублажување на влијанието на неповолните услови во економијата на Република Северна Македонија врз работењето на Друштвото.

Управниот одбор, навремено и во согласност со ЗТД, ги има доставено до Надзорниот одбор Годишната сметка и Финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година, Извештајот на независните ревизори заедно со нивното мислење за објективноста на финансиските извештаи за 2025 година, Годишниот извештај на Управниот одбор за работата на Друштвото во 2025 година, како и Предлог-одлуката за распоредување на добивката според Годишната сметка на Друштвото за 2025 година.

Надзорниот одбор ги разгледа доставените материјали од страна на Управниот одбор, ги усвои со едногласно донесени одлуки и е согласен да се доставаат до Собранието на акционери на Друштвото на разгледување и одлучување.

Исто така Надзорниот одбор ја разгледа и ја прифати Понудата од ревизорската куќа Grant Thornton Скопје за ревизорски услуги на финансиските извештаи на Друштвото во 2026 година и му предложи на Управниот одбор да подготви предлог-одлука за Собранието на акционери за определување на Grant Thornton Скопје за ревизор на финансиските извештаи на Друштвото во 2026 година.

На седницата одржана на 02.4.2026 година Надзорниот одбор го утврди овој текст на Годишен извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото во 2025 година.

Во 2025 година Друштвото работеше успешно и оствари добивка по оданочување во износ од 1,19 милијарди денари.

Друштвото оствари вкупен приход во износ од 31,3 милијарди денари, што е поголем во однос на минатогодишниот за 0,68%.

Растот на приходите, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на зголемените приходи на големо за 10,59%, а истите учествуваат со 12% во приходите од продажба. Главна причина за зголемувањето на приходите на големо е зголемувањето на извозот на млазно гориво за 24,36% и на продажба на природен гас за 20,99%. Наспроти нив приходите остварени на мало бележат пад од 0,6% поради падот на набавните цени на дериватите во текот на 2025 година, иако количествениот промет на деривати е зголемен за 2,97%. Во текот на 2025 година, Друштвото во согласност со стратегијата, а со цел задоволување на потребите на потрошувачите, го прошири малопродажниот асортиман кој се нуди на бензинските станици, а прометот со истиот се зголеми за 9,73%.

Остварени се расходи во износ од 29,99 милијарди денари, односно постои зголемување во однос на минатата година за 0,19%. Зголемувањето во најголем дел се должи на зголемените трошоци за вработени за 6,89% и на зголемената амортизација за 17,85%, поради промените во сметководствените политики, односно евидентирање на средства со право на користење. Набавната вредност останува да биде најголем расход на Друштвото и изнесува 26,12 милијарди МКД, а истата е намалена за 0,75% поради намалувањето на набавните цени на дериватите во споредба со минатата година.

Во текот на 2025 година Макпетрол АД Скопје го продолжи силниот инвестициски циклус и вложи преку 294 милиони денари, како во реконструкција, така и во изградба на нови малопродажни и големопродажни објекти.

Ликвидност и солвентност на Макпетрол АД Скопје во текот на 2025 година е стабилна и заклучно со крајот на 2025 година Друштвото користи краткорочни револвинг кредити со цел управување со оперативниот капитал и финансирање на оперативните активности. Дополнително во текот на 2025 година, како и минатата година, екстра ликвидноста со која располагаше Друштвото се инвестираше во долгорочни хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија кои имаат атрактивен принос.

Постигнатите финансиски резултати во услови на глобална нестабилност и криза се резултат на ангажманот на менаџерскиот тим, како и на сите вработени во Друштвото.

Остварената добивка по оданочување е поголема за 58,46 милиони или 5,16% од планираната, во најголем дел поради силните оперативни резултати, односно силниот раст на малопродажниот и големопродажниот сегмент.

Надзорниот одбор констатира дека во Годишниот извештај на Управниот одбор за работата на Друштвото во 2025 година, реално и објективно се дадени резултатите од работењето на Друштвото.

Надзорниот одбор, ценејќи ги условите за работење и дејствување на Управниот одбор во 2025 година, оценува дека Управниот одбор во целост ги исполни своите надлежности дадени со Статутот и со ЗТД и му предлага на Собранието на акционерите на Макпетрол АД Скопје да го одобри работењето на секој член поединечно.

Надзорниот одбор укажува дека конфликтот на Блискиот Исток, кој започна на почетокот на 2026 година, предизвика нестабилност на енергетските пазари и го изложи Друштвото на оперативни ризици. Управниот одбор соодветно управува со овие ризици и активно ги следи нивните ефекти врз профитните маржи, вредноста на средствата и кредитниот ризик кај клиентите. Иако точниот финансиски ефект сè уште не може прецизно да се процени, не се утврдени индикатори кои би го загрозиле непрекинатото работење на Друштвото.

## 3. Резултатите од испитувањата извршени од ревизорите на Годишната сметка и на Финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година

Имајќи ги предвид обврските кои произлегуваат од ЗТД и од Статутот, извршена е ревизија на финансиските извештаи[1] за 2025 година од страна на овластено, независно и реномирано друштво за ревизија „Grant Thornton “.

Ревизорите, преку своите извештаи, дадоа свое независно мислење за извршената ревизија на финансиските извештаи на Макпетрол АД Скопје, составени од Извештај за финансиската состојба на 31 декември 2025 година, и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што заврши во тој период, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени во Република Северна Македонија коишто бараат усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да биде планирана и извршувана на начин што ќе овозможи да се стекне разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува спроведување на процедури, со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од процената на ревизорот, и истите вклучуваат процена на ризиците од постоење на материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и за објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото, со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

Мислењето на ревизорите е дека финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2025 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што заврши во тој период, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на Годишен извештај за работењето[2] за 2025 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. При тоа одговорност на ревизорот е да изрази и мислење за

[1] Под „финансиски извештаи“ се подразбираат и Посебните финансиски извештаи на Макпетрол АД за 2025 година како Друштво и Консолидираните финансиски извештаи на Макпетрол АД за 2025 година како Група

[2] Под „Годишен извештај за работењето“ се подразбира и Годишниот извештај на Макпетрол АД за 2025 година и Годишниот извештај на Макпетрол АД и подружниците за 2025 година

конзистентноста на Годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка[3] и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Мислењето на ревизорот е дека, и историските финансиски информации изнесени во Годишниот извештај за работењето за 2025 година со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025.

**МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**

**Александар Спасовски**

Членови:

1. Саша Лекиќ ____________________
2. Марина Веселинска ____________________
3. Филип Чадиковски ____________________

независен член

[3] Под „годишна сметка“ се подразбира и Годишната сметка на Макпетрол АД за 2025 година како Друштво и Консолидираната годишна сметка на Макпетрол АД за 2025 година како Група

"М А К П Е Т Р О Л"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0302-928/1
25 FEB 2026 20 __ год.
СКОПЈЕ 1

МАКПЕТРОЛ АД

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## за работењето на Секторот за внатрешна ревизија

## 2 0 2 5

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I. | Поставеност и усогласеност на внатрешната ревизија со законската регулатива | 3 |
| II. | Опис на извршени ревизорски прегледи во 2025 година | 4 |
| III. | Статус на наоди и препораки на Секторот за внатрешна ревизија од спроведени редовни ревизорски прегледи во 2025 година | 5 |
| IV. | Статус на имплементација на издадени препораки од ревизорски прегледи со датум на доспевање до 31.12.2025 година | 5 |
| V. | Вонредни ревизорски прегледи | 6 |
| VI. | Оценка на реализација на поставените цели на Секторот за внатрешна ревизија во 2025 година | 6 |
| VII. | Оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешни контроли и општо мислење | 8 |
| VIII. | Дополнителни активности на внатрешната ревизија | 9 |

## I. Поставеност и усогласеност на внатрешната ревизија со законската регулатива

Организациската поставеност, правата и одговорностите на внатрешната ревизија се одредени од страна на Надзорниот Одбор на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје во согласност со член 415 - а од Законот за трговските друштва (Сл.весник на Р.М бр. 28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014;41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и Глобалните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, одредбите од Правилникот за начинот на вршење на внатрешната ревизија во „Макпетрол“ А.Д – Скопје, Повелбата за внатрешна ревизија и Статутот на Друштвото.

Годишниот извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија е изработен согласно член 415 - в од Законот за трговските друштва (Сл.весник на Р.М бр. 28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014;41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24).

Извештајот ќе се достави на разгледување до Надзорниот и Управниот Одбор на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје.

### I.I. Дефиниција и цел на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна и објективна активност на уверување и советување, дизајнирана да додаде вредност и да го подобри работењето на Друштвото. Внатрешната ревизија му помага на Друштвото да ги оствари своите цели, преку користење на систематски, дисциплиниран пристап за проценка и подобрување на ефективноста на управувањето со ризиците, контролите и процесите на раководење.

Дефиницијата на внатрешната ревизија ги наведува фундаменталните цели, природа и опфат на внатрешната ревизија.

Целта на внатрешната ревизија е навремена детекција, изолирање и елиминирање на идентификувани ризици, а како резултат на ефикасно функционирање на интерната ревизија, во значителна мера може да се подобри деловниот потфат на Друштвото.

## II. Опис на извршени ревизорски прегледи во 2025 година

Ревизорските прегледи во 2025 година беа извршени согласно Годишниот план за работа, одобрен од Надзорниот Одбор на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје.

Во 2025 година беа спроведени седум (7) редовни ревизорски прегледи и една (1) активност за ажурирање на интерните акти на Секторот за внатрешна ревизија. Ревизорските прегледи беа спроведени во следниве организациски единици прикажани во табеларниот преглед, подолу.

| Реден бр. | Назив на ревизија | Организацциска единица | Период на извршување | Бр. на препораки |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Управување со привилегии - право на пристап до информацискиот систем на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје“ | Дирекција за информатички технологии<br>Дирекција за правни и општи работи<br>Дирекција за стандардизација и екологија<br>Дирекција за човечки ресурси<br>Офицерот за заштита на личните податоци на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје | 22.02.2024 – 13.06.2024 година | 13<br>Одлука од НО со бр.0203-11/2 од 25.03.2025 година со која се прифаќа Конечниот извештај |
| 2. | „Управување со рекламации од купувачи во „Макпетрол“ А.Д. - Скопје“ | Дирекцијата за контрола на квалитет - Дирекција за стандардизација и екологија, Дирекција за малопродажба, Дирекција за големопродажба | 07.08.2024 – 20.11.2024 година | 7<br>Нацрт извештај 25.04.2025 година |
| 3. | „Пријавување и управување со инциденти во Макпетрол А.Д. – Скопје“ | Дирекција за информатички технологии, Дирекција за стандардизација и екологија | 18.09.2024 – 05.02.2025 година | 6<br>Нацрт извештај 25.04.2025 година |
| 4. | „Спречување на перење пари и финансирање тероризам“ | Дирекција за правни и општи работи<br>Сектор за право<br>Хонда Центар<br>Одделение за набавка, продажба и обука | 05.05.2025 – 22.05.2025 година | 1<br>Нацрт извештај 27.10.2025 година |
| 5. | „Напади и вооружени грабежи на малопродажни објекти“ | Дирекција за малопродажба<br>Дирекција за правни и општи работи<br>Дирекција за внатрешна контрола и безбедност<br>Дирекција за човечки ресурси<br>Дирекција за финансии | 05.05.2025 – 16.07.2025 година | 4<br>Одлука од НО со бр.0203-40/3 од 22.12.2025 година со која се прифаќа Конечниот извештај |

| Реден бр. | Назив на ревизија | Организациска единица | Период на извршување | Бр. на препораки |
|---|---|---|---|---|
| 6. | „Почитување и примена на Етичкиот кодекс на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје“ | „Макпетрол“ АД – Скопје | 20.08.2025 – 25.09.2025 година | 2<br>Нацрт извештај 25.09.2025 година |
| 7. | „Управување со системот за видео надзор на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје (Контролор)“ | Дирекција за правни и општи работи<br>Сектор за право<br>Одделение за правни работи и нормативa<br>Офицерот за заштита на личните податоци<br>Дирекција за внатрешна контрола и безбедност<br>Сектор за внатрешна контрола<br>Одделение за внатрешна контрола | 02.10.2025 - 11.12.2025 година | Нацрт извештај во фаза на изработка |
| 8. | Ажурирање на интерните акти Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија, Повелба за внатрешна ревизија и должностите одговорностите на вработените - Описите на работни задачи по работни места за вработените во ПЕ.909 Сектор за внатрешна ревизија | Сектор за внатрешна ревизија | 18.12.2024 – 25.04.2025 година | Предлог документи 25.04.2025 година |

## III. Статус на наоди и препораки на Секторот за внатрешна ревизија од спроведени редовни ревизорски прегледи во 2025 година

Секторот за внатрешна ревизија врз основа на наодите од спроведените ревизии издаде вкупно триесет и три (33) препораки за подобрување на работењето во организациските единици.

## IV. Статус на имплементација на издадени препораки од ревизорски прегледи со датум на доспевање до 31.12.2025 година

Вработените во Секторот континуирано ја следеа имплементацијата на издадените препораки од спроведените ревизорски прегледи во 2025 година и од активностите на ревидираните субјекти го утврди статусот на нивната имплементација. Внатрешната ревизија оценува дека раководните лица активно преземаат активности за имплементирање на издадените препораки.

## IV.I. Табеларен преглед на статус на наоди и препораки на Секторот за внатрешна ревизија со датум на доспевање до 31.12.2025 година

| Реден бр. | Организациона единица | Издадени | Имплементирани | Пролонгирани |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дирекција за правни и општи работи | 10 | 10 | / |
| 2 | Дирекција за малопродажба | 5 | 5 | / |
| 3 | Дирекција за големопродажба | 2 | 2 | / |
| 4 | Дирекција за набавка | 5 | 5 | / |
| 5 | Дирекција за финансии | 1 | 1 | / |
| 6 | Дирекција за информатички технологии | 1 | 1 | / |
| 7 | Дирекција за дополнителен асортиман | 1 | 1 | / |
| 8 | Дирекција за одржување | 1 | 1 | / |
| | Вкупно | 26 | 26 | / |

## V. Вонредни ревизорски прегледи

Секторот за внатрешна ревизија во текот на 2025 година не спроведе вонредни ревизорски прегледи.

## VI. Оценка на реализација на поставените цели на Секторот за внатрешна ревизија во 2025 година

Секторот за внатрешна ревизија во 2025 година реализираше седум (7) редовни ревизорски прегледи и за истите предаде два (2) Конечни извештаи, четири (4) Нацрт извештаи и еден (1) ревизорски преглед е во фаза на изработка.

### VI.I. Реализирани редовни ревизорски прегледи

Редовни ревизорски прегледи кои беа реализирани се: „Управување со привилегии - право на пристап до информацискиот систем на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје“, „Управување со рекламации од купувачи во Дирекцијата за контрола на квалитет - Дирекција за стандардизација квалитет и екологија, Дирекција за малопродажба и Дирекција за големопродажба“, „Пријавување и управување со инциденти во „Макпетрол А.Д. – Скопје“ - Дирекција за информатички технологии и Дирекција за стандардизација и екологија, „Спречување на перење пари и финансирање тероризам“ - Дирекција за правни и општи работи, Сектор за право, Хонда Центар - Одделение за набавка, продажба и обука, „Напади и вооружени грабежи на малопродажни објекти“ - Дирекција за малопродажба, Дирекција за правни и општи работи, Дирекција за внатрешна контрола и безбедност, Дирекција за човечки ресурси и Дирекција за финансии, „Почитување и примена на Етичкиот кодекс на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје“ - Дирекција за човечки ресурси и корпоративен секретар, „Управување со системот за видео надзор на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје (Контролор)“ - Дирекција за правни и општи работи, Сектор за право, Одделение за правни работи и нормативa, офицерот за заштита на личните податоци, Дирекција за внатрешна контрола и безбедност, Сектор за внатрешна контрола и Одделение за внатрешна контрола.

### VI.II. Полугодишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за период 01.01. - 30.06.2025 година

Секторот за внатрешна ревизија согласно Законот за трговските друштва член 415 - в и Правилникот за начинот на вршење на внатрешната ревизија член 14 изработи Полугодишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за период 01.01. - 30.06.2025 година и го достави на разгледување до Надзорниот Одбор со архивски бр.0302 – 3540/1 од 20.08.2025 година и до Управниот Одбор со архивски број 0302 - 4009/1 од 24.09.2025 година.

### VI.III. Оценка на планираното време за контрола и евентуално отстапување

Секторот за внатрешна ревизија со одредени отстапувања од планираното време успешно реализираше шест (6) редовни ревизорски прегледи и еден (1) е во фаза на изработка за време на доставување на Годишниот извештај. Имајќи ја предвид практиката и динамиката на реализација на ревизорските прегледи, генерална оценка е дека ги задоволува потребите на телото за надзор.

## VII. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешни контроли и општо мислење

Внатрешните контроли во „Макпетрол“ А.Д. - Скопје се делат на четири (4) категории, односно превентивни, детективни, директивни и корективни и истите функциниораат на високо, средно и ниско ниво.

Контролите на ниво на Друштво се препознаваат во организациската структура, воспоставените политики (планови, кодекс, прирачници, процедури, правилници, работни упатства, обрасци и записи), информациски систем, поделбата на должности, нивоа на одобрување и изборот на кадар.

Соодветноста на контролите резултира со навремена идентификација, мониторинг и управување со ризици.

При издавање на оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешни контроли, Секторот за внатрешна ревизија се придржуваше кон барањата на Глобалните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија и смета дека присуството на внатрешни контроли во стандардизираните процеси е во насока на исполнување на барањата и потребите на Друштвото.

Секторот за внатрешна ревизија нагласува дека реализирање на издадените препораки во целост од спроведените ревизорски извештаи во 2025 година ќе резултира со дополнително зајакнување на внатрешниот контролен систем на начин кој што ќе овозможи остварување на целта на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје.

### Општо мислење

**Внатрешната ревизија при спроведувањето на ревизиите во 2025 година беше фокусирана кон ефикасно остварување на целите настојувајќи да го задржи квалитетот на ревизорската работа и констатираше наоди и издаде препораки со цел усогласување на интерните акти, зајакнување на контролните механизми, испитување на резултатите во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста при користење на средствата, додавање вредност во Друштвото и подобрување на ревидираните работни процеси.**

**Општото мислење за спроведените редовни ревизорски прегледи е професионално расудување на Раководителот на Секторот за внатрешна ревизија и истото е издадено врз основа на извршените ревизорски прегледи во 2025 година.**

**При издавање на општото мислење се вклучија клучните резултати од работењето на Секторот за внатрешна ревизија кои го опфатија следново:**

- **усогласеност со законската регулатива;**
- **усогласеност со интерни акти;**
- **идентификација и проценка на ризици;**
- **идентификација и оцена на системот на внатрешни контроли;**
- **испитување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето;**

**− комплетност и точност на документација;**
**− рационално користење на ресурси.**

**Земајќи го предвид горенаведениот опфат, издадените препораки беа во насока на надоградба и унапредување преку изготвување на документирани постапки, измена на апликации од информацискиот систем кои ќе опфатат повеќе работни процеси, зајакнување на контролите за да се утврди внатрешна усогласеност со регулативата и интерните политики, ажурирање на документираните должности и одговорности, измена и дополнување на постоечки интерни акти согласно моменталниот начин на работа, документирање на протоколи при итни безбедносни инциденти поврзани со разбојништво и кражба, дефинирање на постапка за итни случаи во врска со инсталирање и начин на користење на копчиња за паника и преземање дополнителни мерки за заштита на имотот на двосменските бензински станици.**

## VIII. Дополнителни активности на внатрешната ревизија

Секторот за внатрешна ревизија во насока на исполнување на своите обврски пропишани согласно Глобалните стандарди за внатрешната ревизија ги ажурираше и достави на разглдеување и одобрување Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија, Повелбата на внатрешна ревизија и должностите и одговорностите на вработените се со цел усогласеност со стандардите. Претходно наведеното влева доверба во професијата внатрешна ревизија, создава етичка култура во рамки на функцијата на внатрешната ревизија и обезбедува основа за потпирање врз работата и расудувањето на вработените во Секторот за внатрешна ревизија

**СЕКТОР**
**ЗА**
**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
**Раководител,**

**Марјан Ивановски**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- /1-4-1**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е** **ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членовите 35 и 65 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за резултатите од контролата над управувањето и раководењето со Друштвото во 2025 година

### Член 1

Писмениот извештај на Надзорниот одбор за резултатите од контролата во кој ги соопштува:

1. Начинот на кој извршил контрола над управувањето и раководењето со Друштвото за 2025 година;
2. Обемот на контролата над управувањето и раководењето со Друштвото за 2025 година и
3. Резултатите од испитувањата извршени од ревизорите на годишните сметки за 2025 година,

**СЕ УСВОЈУВА.**

Извештајот од ставот 1 на овој член, е составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-     /1-4-2**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членовите 35 и 37 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

### за одобрување на работењето на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2025 година

### Член 1

**Се одобрува** работата и водењето на работењето на Друштвото во 2025 година на членовите на Управниот одбор на „Макпетрол” А.Д. – Скопје, поименично и поединечно овде наведени:

1. Јосифовски Андреја - претседател
2. Јосифовска Спасовска Марија - член,
3. Борозанов Михајло - член,
4. Бошковски Сашо - член,
5. Павловски Сашко - член,

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- /1-4-3**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е** **ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членовите 35 и 37 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за одобрување на работењето на членовите**
**на Надзорниот одбор на Друштвото во 2025 година**

**Член 1**

**Се одобрува** работата во 2025 година на членовите на Надзорниот одбор на „Макпетрол” А.Д. – Скопје, поименично и поединечно овде наведени:

1. Спасовски Александар - претседател
2. Веселинска Марина - член,
3. Лекиќ Саша - член,
4. Чадиковски Филип - независен член

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /2-1**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за враќање на износот од фондот за посебни резерви за купување на сопствени акции во акумулирана добивка на Друштвото

### Член 1

Износот од 300.000.000 денари што со Одлука на Собранието бр.0201-31/2-4 од 20.05.2025 година е распореден во дел за посебни резерви за стекнување сопствени акции со откуп, се враќа во акумулирана добивка поради негово неискористување.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-     /2-2**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за враќање на износ за инвестиции во акумулирана добивка на Друштвото

### Член 1

Неискористениот износ од 220.498.595 денари, како дел од износот од 400.000.000 денари, што со Одлука на Собранието бр.0201-31/2-2 од 20.5.2025 година е распореден во дел за инвестиции, се враќа во акумулираната добивка.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /2-3**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 384 и 483 од Законот за трговските друштва и членовите 35 и 105 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

### за распоредување на добивката по Годишна сметка на Друштвото за 2025 година

### Член 1

Тековната добивка за 2025 година во износ од 1.190.653.393 денари и акумулираната добивка од претходни години во износ од 1.597.695.689 денари, односно добивка во вкупен износ од 2.788.349.082 денари се распоредува на:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Дел за исплата на дивиденда | 467.285.280 | ден. |
| 2. | Дел за посебни резерви за стекнување сопствени акции со откуп | 300.000.000 | ден. |
| 3. | Дел за исплата на членовите на Управниот одбор | 42.970.206 | ден. |
| 4. | Дел за исплата на раководните лица | 16.030.913 | ден. |
| 5. | Дел за исплата на вработените | 195.000.000 | ден. |
| 6. | Дел за инвестиции | 400.000.000 | ден. |
| 7. | Дел за пренос на добивката во наредната година | 1.367.062.683 | ден. |

Се овластува Надзорниот одбор на Друштвото да ги утврди критериумите и поединечните износи за исплата на делот од добивката наменет за членовите на Управниот одбор.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да ги утврди критериумите и поединечните износи за исплата на делот од добивката наменет за раководните лица и вработените.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /2-4**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 487 и 490 од Законот за трговските друштва и членот 108 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

### за плаќање на дивиденда по Годишната сметка на Друштвото за 2025 година (Дивиденден календар)

**Член 1**

На акционерите на Макпетрол АД Скопје се одобрува плаќање на дивиденда во висина од **467.285.280** денари бруто, односно **4.620** денари бруто за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во пари.

**Член 2**

За **датум на пресек** на акционерската книга според која се определува листата на акционери кои имаат право на исплата на дивиденда се утврдува **16.6.2026 година**.

**Член 3**

За **последен ден** на тргување со право на дивиденда се утврдува **12.6.2026 година**.

**Член 4**

За **прв ден** на тргување без право на дивиденда се утврдува **15.6.2026 година**.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда ќе се изврши до **30.9.2026 година**.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /2-5**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 333 од Законот за трговските друштва и членот 17 од Статутот на „Макпетрол" А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол" А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за стекнување сопствени акции со откуп**

**Член 1**

Од распоредените средства за посебни резерви за купување на сопствени акции, во износ од 300.000.000 денари, се одобрува купување сопствени акции до висина од една десетина од основната главнина на Друштвото, по најниска просечна цена за една акција од 60.000 денари, а по највисока просечна цена за една акција од 200.000 денари.

**Член 2**

Купувањето на сопствените акции ќе се изврши на начин кој ќе биде во согласност со законските прописи, во корист на „Макпетрол" А.Д. – Скопје во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- /3**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 336 од Законот за трговските друштва и членот 18 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отуѓување сопствени акции**

**Член 1**

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на ,,Макпетрол” А.Д.-Скопје стекнати до денот на одржувањето на Годишното собрание на Друштвото на ден 26.5.2026 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно со Одлуката на Собрание на Друштвото за стекнување на сопствени акции со откуп, донесена на Годишното собрание на 26.5.2026 година.

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно важечките законски прописи.

**Член 2**

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на Друштвото и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на ,,Макпетрол” А.Д. - Скопје изнесува 511,29 Евра.

**Член 3**

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото.

**Член 4**

Купувачите на сопствени акции на ,,Макпетрол” А.Д.-Скопје, ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Согласно законските одредби и Статутот на Друштвото, обичните акции им даваат право на нивните сопственици:

1. Право на глас во Собранието на Друштвото;
2. Право на исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно од стечајната маса на Друштвото.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Управниот одбор на ,,Макпетрол" А.Д.- Скопје поблиску да го определи начинот на продажба, цената, која не може да биде пониска од 90.000 денари за една акција, и другите потребни активности и податоци утврдени во важечките законски прописи, како и да изврши измени и дополнување на оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д- СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Бр.0203-22/4**
**2.4.2026 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 67 од Статутот на „Макпетрол" А.Д. - Скопје и т.5.10 од Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза, а во врска со Понудата бр.0504-1546/1 од 1.4.2026 година, поднесена од ревизорската куќа Grant Thornton од Скопје, Надзорниот одбор на „Макпетрол" А.Д. - Скопје на 38.седница, одржана на 2.4.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Надзорниот одбор ја разгледа и ја прифати Понудата бр.0504-1546/1 од 1.4.2026 година, доставена од ревизорската куќа Grant Thornton од Скопје, за обезбедување ревизорски услуги на Макпетрол АД Скопје за 2026 година.

**Член 2**

Доколку Собранието на акционери на Друштвото ја донесе Одлуката за определување на Grant Thornton од Скопје, за ревизор на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година, да се овласти Михајло Борозанов, директор на Дирекцијата за финансии, да склучи договор со Grant Thornton од Скопје за обезбедување ревизорски услуги на "Макпетрол"АД Скопје за 2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.
Одлуката се доставува до Управниот одбор на Друштвото.

***О б р а з л о ж е н и е***

Надзорниот одбор на седницата одржана на 2.4.2026 година, ја разгледа доставената Понуда бр.0504-1546/1 од 1.4.2026 година од Grant Thornton од Скопје, за обезбедување ревизорски услуги на Макпетрол АД Скопје за 2026 година, при што ги ценеше реномето на ревизорската куќа, досегашното спроведување на високо квалитетната и ефикасна ревизија на нашите финансиски извештаи за изминатите години, поседувањето на потребното искуство и техничкиот капацитет да одговори на сите барања, применувајќи ја глобалната методологија за ревизија, поврзана со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија и кои бараат независниот надворешен ревизор да се придржува кон етичките барања и да ја планира и изврши ревизијата, за да добиеме разумно уверување за тоа, дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

Имајќи го во предвид длабокото разбирање за нашата деловна активност, ревизорот може да понуди силна комбинација на соодветни, квалитетни услуги и ефективна соработка за постигнување дополнителна вредност, како и сеопфатни професионални услуги за ревизија на финансиските извештаи.

Објективноста и независноста на ревизорот, транспарентноста во текот на целиот процес при досегашните спроведени ревизии, како и редовните средби и одличната комуникација, придонесоа и одиграа клучна улога, Надзорниот одбор на Друштвото, да ја прифати Понудата на Grant Thornton од Скопје, за вршење ревизија на финансиските извештаи на Макпетрол АД Скопје, за 2026 година.

Оваа Одлука се доставува до Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје, за подготвување, а во согласност со оваа Одлука, Предлог – одлука за определување ревизор на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година, заради одлучување на седницата на Годишното собрание на акционери на Друштвото во 2026 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**

**Александар Спасовски**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
"МАКПЕТРОЛ"
СКОПЈЕ
1

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /4**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 383 и 479 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол" А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол" А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување на ревизор на Финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година

### Член 1

За ревизор на Финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година се определува ревизорската куќа **Grant Thornton** од Скопје.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет
со нафта и нафтени деривати
Бр. 0202-5/1
19 FEB 2026 20 год.
СКОПЈЕ 1

**ДО**
**НАДЗОРЕН ОДБОР НА**
**„МАКПЕТРОЛ" А.Д. - СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Врз основа на членовите 457 и 459, а во врска со членот 349 од Законот за трговските друштва, ние членовите на Управниот одбор на „ Макпетрол " А.Д. - Скопје:

1. Андреја Јосифовски, Претседател

2. Марија Јосифовска Спасовска, член

го **ИЗВЕСТУВАМЕ** Надзорниот одбор на „Макпетрол" А.Д .- Скопје, дека секој од нас поединечно сме заинтересирана страна во зделката согласно членот 457 став 1 и став 2, точка 2 и 3 од Законот за трговските друштва и имаме интерес истата да се договори/склучи со ОИЛКО КДА - Скопје.
Ова од причина што Андреја Јосифовски е комплементар, Марија Јосифовска Спасовска има интерес да се склучи зделката.

**Подносители на Известувањето:**

1. Андреја Јосифовски, Претседател ____________

2. Марија Јосифовска Спасовска, член ____________

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
Бр. 0203-8/1
20-02-2026 20___год.
СКОПЈЕ 10

**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**
**„МАКПЕТРОЛ" А.Д.-СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Врз основа на членовите 457 и 459, а во врска со членот 349 од Законот за трговските друштва, ние членовите на Надзорниот одбор на „Макпетрол" А.Д. - Скопје:

1. Александар Спасовски, претседател
2. Марина Веселинска, член
3. Саша Лекиќ, член
4. Филип Чадиковски, независен член

го **ИЗВЕСТУВАМЕ** Собранието на „Макпетрол" А.Д. - Скопје дека секој од нас поединечно сме заинтересирана страна во зделката, согласно членот 457 од Законот за трговските друштва и имаме интерес да се склучи зделка за деловна соработка со ОИЛКО КДА Скопје.

**Подносители на Известувањето:**

1. Александар Спасовски, претседател ____________
2. Марина Веселинска, член ____________
3. Саша Лекиќ, член ____________
4. Филип Чадиковски, независен член ____________

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРСИРАНА СТРАНА НА МАКПЕТРОЛ АД Скопје

Март 2026

## СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|
| Изјава од овластениот ревизор | 3 |
| 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 4 |
| 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја – Предмет на зделката со заинтересирана страна | 4 |
| 1.2.Идентификување на критериумите според која е оценета предметната материја | 8 |
| 1.3. Методи на вреднување | 10 |
| 1.4. Инхерентни ограничувања | 11 |
| 1.6. Нашата независност и контрола на квалитетот | 12 |
| 1.6. Одговорност на менаџментот | 13 |
| 1.7. Одговорност на ревизорот | 14 |
| 1.8. Применети професионални стандарди | 15 |
| 1.9. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 | 15 |
| 1.10. Изјава дека фирмата чиј член е ревизорот го применува МС | 16 |
| 1.11. Изјава за усогласеност со барањата за независност и други етички барања од Кодексот на ОМСЕС и компетентност | 16 |
| 1.12. Информативно резиме на работата што е извршена како основа за заклучокот-мислењето за разумно уверување. | 17 |
| 1.13. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот | 18 |
| 1.14. Суштински прашања утврдени од  наша страна | 19 |
| 1.15. Фактори на ризик | 19 |
| 2. Заклучок | 20 |

Прилози:

- Предлог Одлука за зделка со заинтересирана страна “ОИЛКО” КДА Скопје
- Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката од одговорната страна.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

**Јас Апостоловски Душко, Овластен ревизор вработен во Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово, под полна (материјална, морална и кривична) одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со "МАКПЕТРОЛ" АД Скопје и дека во последните три години не сум давал консултантски услуги на "МАКПЕТРОЛ" АД Скопје во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.**

Изјавил:

Тетово 30.03.2026

Овластен ревизор: Душко Апостоловски

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА
И КОНСАЛТИНГ ДОО
Бр. 08-127/2
30.03.2026
ТЕТОВО



ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

**До**

**Собранието на акционери на**
**“МАКПЕТРОЛ” АД Скопје**

1. **Извештај на независниот ревизор за разумно уверување**

Ние бевме ангажирани од “МАКПЕТРОЛ” АД Скопје да извршиме Ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со одобрување на зделка со заинтересирана страна “ОИЛКО” КДА Скопје според Предлог Одлуката за Годишното собрание на акционери за 2026 година за одобрување на зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст – Зделката со заинтересирана страна).

**1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја – Предмет на зделката со заинтересирана страна**

Овој Извештај, е подготвен во согласност со барањата на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревозор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза ( Сл. Весник на РСМ 67/2013, 182/2015 и 91/2021), а се наведени во продолжение:

- Дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прписи во земјата,
- Дали зделката со заинтересирана страна е фер односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови,
- Дали постои несразмерност во заемните давања на страните,
- Дали постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,
- Дали во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- Дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од можна измама и манипулација,
- Да дадеме Препорака до малцинските акционери дали да ја подржат зделката со заинтересирана страна согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревозор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РСМ 182/2015 и 91/2021)

Барањата вклучени погоре со предметни прашања ги претставуваат оние прашања во Извештајот за кои е обезбедување разумно уверување.

Ние ја разбираме нашата одговорност според Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000 (Ревидиран), Ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации (ISAE 3000 (Ревидиран)) за да се осигураме дека се присутни сите предуслови за ангажманот за уверување, што вклучува дека основната тема е соодветна.

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
СКОПЈЕ 7
Примено: 31-03-2026
Орг. единица: 0302 Број: 1520 Прилог: 2 Вредност:
Арх. знак: Рок на чување: 20 год. Потпис:

Соглано со став А44 од ISAE 3000 (Ревидиран) при утврдувањето дали ангажманот ја покажува карактеристиката на соодветна основна тема, ние соодветно разгледавме дали информациите за аспектот за кој се бара од нас да известиме ги задоволуваат информативните потреби на наменетите корисници како група, а исто така и во однос на презентирањето и дистрибуирањето на информациите за предметната материја. Ние одговоривме на овие барања со преглед на процесот што го има воспоставено субјектот за да ги утврди избраните категории и избраните критериуми и методи, и се вклучени во Извештајот.

“Макпетрол“ АД Скопје остварува деловна соработка со “ОИЛКО” КДА Скопје при што “Макпетрол“ АД Скопје ќе користи услуги за транспорт во вредност од околу 584.000.000,00 денари, закуп на транспортни средства (вагон цистерни, цистерна и полуприколки ADRT PED SHMITZ CARGOBULL за транспортирање на батерии со боци за компримиран природен гас) во вредност од околу 40.000.000,00 денари и купување на други стоки и услуги во вредност од околу 5.000.000,00 денари или вкупно 629.000.000,00 денари.

“ОИЛКО” КДА Скопје се јавува како купувач на гориво за возила во износ од 180.000.000,00 денари, други стоки и услуги и тоа: резервни делови и потрошен материјал во вредност од околу 20.000.000,00 денари, услуги преку верна картичка во вредност од околу 5.000.000,00 денари и останати стоки и услуги во вредност од околу 25.000.000,00 денари или вкупна вредност од 230.000.000,00 денари.

Вкупната вредност на зделката изнесува 859.000.000,00 денари.

Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна според член 460а точка (1) од Законот за трговските друштва претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани зделки. Ова зделка според последните ревидирани годишни финансиски извештаи претставува 7,42% од вредноста на активата (имотот) на друштвото, значи не надминува 10% од активата.

● Забелешка: според ревидираните Финансиски извештаи на “Макпетрол“ АД Скопје износот на активата по Финансиските извештаи за 2025 година 11.571.678.061,00 денари.

Овој ангажман врз основа на претходното, претставува договорна ревизија согласно со член 4 точка 3 од Законот за ревизија (Службен весник на РСМ бр. 158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 , 192/15, 23/16, 83/18 и 122/21) каде што е наведено: **„ Договорна ревизија“** е незадолжително испитување, постапки, проверки и уверувања на годишната сметка, финансиските извештаи, консолидираната годишна сметка и на други финансиски информации, кои се вршат врз основа на договор во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија со цел да се изрази мислење, заклучок или уверување во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената и друга рамка за финансиско известување;

Временската точка за која се однесува оценката или мерењето на зделката е со датумот на Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна, а временскиот период на кој се однесува зделката е период од една година.

Според содржината оваа зделка претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната зделка со заинтересирана страна, која е предмет на одобрување содржи перспективни финанисиски информации предвидени со Планот на друштвото.

**Табеларниот преглед на зделката е во продолжение:**

| I “Макпетрол“ АД Скопје како купувач на стоки и услуги | Вредност 2026 | % |
|---|---|---|
| **1. Транспортни услуги** | **584,000,000** | **67.99%** |
| 1.1. Превоз на бензини и дизели | 433,587,141.00 | 50.48% |
| 1.2. Превоз на авио гориво | 39,015,275.00 | 4.54% |
| 1.3. Превоз на мазут | 1,697,000.00 | 0.20% |
| 1.4. Превоз на автоплин и ТНГ | 41,119,200.00 | 4.79% |
| 1.5. Превоз на Плински Боци | 30,182,400.00 | 3.51% |
| 1.6. Превоз на Метан во Матови | 5,669,500.00 | 0.66% |
| 1.7. Превоз на Масла и Мазива | 2,800,000.00 | 0.33% |
| 1.8. Превоз на Антифриз и Концентрат | 1,840,000.00 | 0.21% |
| 1.9. Останат превоз | 28,089,484.00 | 3.27% |
| **2. Закуп на транспортни средства** | **40,000,000.00** | **4.66%** |
| **3. Останати стоки и услуги** | **5,000,000.00** | **0.58%** |
| **Вкупно** | **629,000,000** | **73.22%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| **% од активата** | **5,44%** | |
| **II “Макпетрол“ АД Скопје како продавач на стоки и услуги** | **Вредност 2026** | **%** |
| 4. Гориво за возила | 180,000,000 | 20.95% |
| 5. Резервни делови и потрошен материјал | 20,000,000 | 2.33% |
| 6. Услуги преку верна картички | 5,000,000 | 0.58% |
| 7. Останати стоки и услуги | 25,000,000 | 2.91% |
| **Вкупно** | **230,000,000** | **26.78%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| **% од активата** | **1.99%** | |
| | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **859,000,000** | **100.00%** |
| | | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| | | |
| **% од активата** | **7,42%** | |

Во споредбениот преглед во продолжение се дадени остварените зделки помеѓу двете друштва во периодот 2022 до 2025 година на годишно ниво, како и планираните и остварени зделки по години, идентификуваните промени и нивниот процент во однос на активата на друштвото според ревидираните финансиски извештаи за претходните години.

**Преглед на остварените зделки помеѓу двете друштва во периодот 2022 до 2025 година.**

| **I „МАКПЕТРОЛ" АД како купувач на стоки и услуги** | **Остварено во 2022 година** | **Остварено во 2023 година** | **Остварено во 2024 година** | **Остварено во 2025 година** | **Планирано во 2026 година** |
|---|---|---|---|---|---|
| Транспортни услуги | 395,937,836 | 541,888,654 | 603,054,492 | 564,093,224 | 584,000,000 |
| Закуп на транспортни средства | 27,315,772 | 28,517,025 | 28,906,295 | 28,533,780 | 40,000,000 |
| Останати стоки и услуги | 999,794 | 962,901 | 1,223,517 | 1,543,381 | 5,000,000 |
| **Вкупно** | **424,253,402** | **571,368,580** | **633,184,304** | **594,170,385** | **629,000,000** |
| **II „МАКПЕТРОЛ" АД како продавач на стоки и услуги** | **Остварено во 2022 година** | **Остварено во 2023 година** | **Остварено во 2024 година** | **Остварено во 2025 година** | **Планирано во 2026 година** |
| Гориво за возила | 119,021,591 | 115,943,634 | 111,489,551 | 98,863,589 | 180,000,000 |
| Резервни делови и потрошен материјал | 10,213,050 | 14,333,284 | 8,570,239 | 11,273,137 | 20,000,000 |
| Услуги преку Верна картички | 2,814,926 | 2,748,058 | 2,779,264 | 2,649,363 | 5,000,000 |
| Останати стоки и услуги | 7,124,998 | 9,614,211 | 16,694,464 | 18,940,205 | 25,000,000 |
| **Вкупно** | **139,174,565** | **142,639,187** | **139,533,518** | **131,726,294** | **230,000,000** |
| **КУМУЛАТИВНА ВРЕДНОСТ НА ЗДЕЛКАТА** | **563,427,967** | **714,007,767** | **772,717,822** | **725,896,679** | **859,000,000** |
| ИМОТ (АКТИВА) | 9,108,649,596 | 9,209,675,999 | 10,867,556,868 | 11,571,678,061 | 11,571,678,061 |
| % НА ЗДЕЛКА ВО ОДНОС НА ИМОТ | 6.19% | 7.75% | 7.11% | 6.27% | 7.42% |
| КУМУЛАТИВНА ВРЕДНОСТ НА ЗДЕЛКА ПО ОДЛУКА | 589,724,000 | 816,000,000 | 772,717,822 | 725,896,679 | 859,000,000 |
| % НА ЗДЕЛКА РЕАЛИЗИРАНО ПЛАНИРАНО | 95.54% | 87.50% | 100.00% | 100.00% | 100.00% |
| % НА ЗДЕЛКА ПО ОДЛУКА | 6.47% | 8.86% | 7.11% | 6.27% | 7.42% |
| **I „МАКПЕТРОЛ" АД како купувач на стоки и услуги** | **Остварено во 2022 година** | **Остварено во 2024 година** | **Остварено во 2024 година** | **Остварено во 2025 година** | **Планирано во 2026 година** |
| Вкупен приход | 37,604,431,831 | 30,403,492,147 | 31,083,323,441 | 31,295,866,030 | 34,753,094,000 |
| % на учество во вкупен приход | 1.13% | 1.88% | 2.04% | 1.90% | 1.81% |
| Вкупни расходи | 36,195,819,909 | 29,571,457,476 | 29,928,129,500 | 29,985,831,068 | 33,408,081,000 |
| % на учество во вкупни расходи | 1.17% | 1.93% | 2.12% | 1.98% | 1.88% |
| **II „МАКПЕТРОЛ" АД како продавач на стоки и услуги** | **Остварено во 2022 година** | **Остварено во 2023 година** | **Остварено во 2024 година** | **Остварено во 2025 година** | **Планирано во 2026 година** |
| % на учество во вкупен приход | 0.37% | 0.47% | 0.45% | 0.42% | 0.66% |
| % на учество во вкупни расходи | 0.38% | 0.48% | 0.47% | 0.44% | 0.69% |
| % на учество на вкупната зделка во вкупен приход | 1.50% | 2.35% | 2.49% | 2.32% | 2.47% |
| % на учество на вкупната зделка во вкупни расходи | 1.56% | 2.41% | 2.58% | 2.42% | 2.57% |
| **Планирани вредности по години** | **Планирано во 2022 година** | **Планирано во 2023 година** | **Планирано во 2024 година** | **Планирано во 2025 година** | **Планирано во 2026 година** |
| Планиран вкупен приход | 26,844,150,000 | 39,426,474,000 | 32,307,854,000 | 32,405,418,000 | 34,753,094,000 |
| Планирани вкупни расходи | 26,215,251,000 | 38,550,375,000 | 31,363,267,000 | 31,175,638,000 | 33,408,081,000 |
| **Планирани вредности по години** | **% на зделка во однос на планирани вредности за 2022** | **% на зделка во однос на планирани вредности за 2023** | **% на зделка во однос на планирани вредности за 2024** | **% на зделка во однос на планирани вредности за 2025** | **% на зделка во однос на планирани вредности за 2026** |
| Во однос на Планиран вкупен приход | 2.197% | 2.070% | 2.392% | 2.240% | 2.472% |
| Во однос на Планирани вкупни расходи | 2.250% | 2.117% | 2.464% | 2.328% | 2.571% |

Нефинансиските информации, како што е техничката опременост на возилата, особено делот на мерните инструменти, изградениот систем за сведување на минимум на разликите при прием, потоа системот на централизирано следење на сите функции на возилата и полуприколки каде што се сместени дериватите, се предмет на поголеми инхерентни ограничувања отколку финансиските информации, и даваат повеќе квалитативни карактеристики на оваа постапка и методите за утврдување на вредноста на зделката.

## 1.2. Идентификување на критериумите според која е оценета предметната материја:

| I “Макпетрол“ АД Скопје како купувач на стоки и услуги | Вредност 2026 | % | Критериум |
|---|---|---|---|
| **1. Транспортни услуги** | **584,000,000** | **67.99%** | |
| 1.1. Превоз на бензини и дизели | 433,587,141.00 | 50.48% | Не повисоко од максимално утврдената цена од страна на Регулаторна комисија за енергетика |
| 1.2. Превоз на авио гориво | 39,015,275.00 | 4.54% | Не повисоко од максимално утврдената цена од страна на Регулаторна комисија за енергетика |
| 1.3. Превоз на мазут | 1,697,000.00 | 0.20% | Според утврдени тарифници и склучен договор со краен потрошувач |
| 1.4. Превоз на автоплин и ТНГ | 41,119,200.00 | 4.79% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| 1.5. Превоз на Плински Боци | 30,182,400.00 | 3.51% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| 1.6. Превоз на Метан во Матови | 5,669,500.00 | 0.66% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| 1.7. Превоз на Масла и Мазива | 2,800,000.00 | 0.33% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| 1.8. Превоз на Антифриз и Концентрат | 1,840,000.00 | 0.21% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| 1.9. Останат превоз | 28,089,484.00 | 3.27% | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| **2. Закуп на транспортни средства** | **40,000,000.00** | **4.66%** | Не повисоко од дадена понуда од оператор и квалитативни карактеристики |
| **3. Останати стоки и услуги** | **5,000,000.00** | **0.58%** | Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад |
| **Вкупно** | **629,000,000** | **73.22%** | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | | |
| **% од активата** | **5,44%** | | |

| II „ОИЛКО" КДА како купувач на стоки и услуги | Вредност 2026 | % | Критериум |
|---|---|---|---|
| 4. Гориво за возила | 180,000,000 | 20.95% | Не повисоко од максимално утврдената цена од страна на Регулаторна комисија за енергетика |
| 5. Резервни делови и потрошен материјал | 20,000,000 | 2.33% | Според калкулација на Макпетрол за утврдување на цени |
| 6. Услуги преку верна картички | 5,000,000 | 0.58% | Според калкулација на Макпетрол за утврдување на цени |
| 7. Останати стоки и услуги | 25,000,000 | 2.91% | Според калкулација на Макпетрол за утврдување на цени |
| **Вкупно** | **230,000,000** | **26.78%** | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | | |
| **% од активата** | **1.99%** | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **859,000,000** | **100.00%** | % на учество во остварените и планираните вкупни приходи и расходи, |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | | |
| **% од активата** | **7,42%** | | |

**Учеството на критериумите според која е оценета предметната материја:**

**2026**

| **КРИТЕРИУМ - УЧЕСТВО** | **%** | **Извор** |
|---|---|---|
| 1. Не повисоко од максимално утврдената цена од страна на Регулаторна комисија за енергетика. | 76.55% | Службен весник на РСМ |
| 2. Според утврдени тарифници и склучен договор со краен потрошувач. | 0.20% | Договори со крајни купувачи |
| **Регулирани цени** | **76.75%** | |
| 3. Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад. | 4.79% | Договори и тарифници со важност во 2026 година и податоци од МАКАМ ТРАНС |
| 4. Според утврдени тарифници и цена за авто ден и просечни цени за развоз до станица и склад. | 7.98% | -“- |
| 5. Не повисоко од дадена понуда од оператор и квалитативни карактеристики. | 4.66% | Понуда од оператор |
| **Пазарни цени - надворешни докази** | **17.43%** | |
| **Надворешни докази** | **94.18%** | |
| 6. Останати стоки и услуги - Договор и тарифници со важност во 2025 и 2026 година и изедначеност со други купувачи. | 2.91% | Договори и тарифници со важност 2026 година и изедначеност со други купувачи |
| 7. Резервни делови и потрошен материјал. Според калкулација на Макпетрол АД за утврдување на цени и изедначеност со други купувачи. | 2.33% | Калкулација на Макпетрол АД за утврдување на цени и изедначеност со други купувачи. |
| 8. Останати стоки и услуги - Според калкулација на Макпетрол АД за утврдување на цени и изедначеност со други купувачи и податоци од МАКАМ ТРАНС. | 0.58% | Калкулација на Макпетрол АД за утврдување на цени и изедначеност со други купувачи и податоци од МАКАМ ТРАНС. |
| **Останато - пазарни цени** | **5.82%** | |
| **СЕ ВКУПНО** | **100.00%** | |

Критериуми и карактеристиките (дадени се во методите на вреднување) се однесуваат само на елементите на деловите од оваа зделка и се наменети за корисниците за кој е наменет извештајот.

Критериумите и карактеристиките се дискутирани со комуникација по електронска пошта со малцинските акционери по метода на примерок.

### 1.3 Методи на вреднување

Во предлог одлуката на "Макпетрол" АД Скопје се користени анализи и извори на информации прикажани во точка 1.12. од овој Извештај и се употребени следните методи на вреднување:

| ОПИС НА МЕТОДОТ | ИЗНОС |
|---|---|
| 1) - метода на вреднување на трошоци плус согласно со Тарифни таблици како составен дел на Договорот за Деловна соработака. Со ваквиот пристап е добиена вредност од: | 859,000,000 |
| 2) - Метода на вреднување – Пакет и блок цени според типови на транспорт според релација и тоа едносмерна (полно во еден правец, а празно на враќање; Радијална релација - со кружно опслужување на повеќе пунктови и циклична релација - која се состои од една главна и повеќе помошни прстенести релации. Со ваквиот пристап е добиеана вредност од: | 858,999,584 |
| 3) - Метода на вреднување на % на учество на транспортни трошоци во однос на остварен вкупен приход и остварени вкупни расходи во изминатиот период применет на планираните износи во 2026 година. Со ваквиот пристап е добиена вредност од: | 834.781.842 |
| 4) - Метода на вреднување според просечни цени во однос на планираните количини во 2026 година. Со ваквиот пристап е добиена вредност од: | 859,000,254 |

**5)** Врз основа на користените методи на вреднување, добиената вредност за предвидените количини се движи помеѓу 834.781.842,00 и 859.000.254,00 денари.

6) Сите 4 употребени методи се значајни и релевантни, но заради можната флуктуација на цената на нафтените деривати крајниот износ на зделката е утврден согласно со точка 7 во продолжение.

7) За определување на крајниот износ е користен критериумот за утврдување на вредноста врз основа на Регулирани и споредливи цени со други купувачи според планираните количини за транспорт на нафтени деривати и природен гас во делот на транспорт, најсоодветен понудувач во делот на закуп на вагон цистерни и возила за транспорт на природен гас кога "Макпетрол" АД Скопје се наоѓа во улога на купувач и Регулирани и споредливи цени според калкулација на "Макпетрол" АД во услови кога "Макпетрол" АД Скопје се наоѓа во улога на продавач. Со ваквиот пристап вредностите на зделката се следни:

| I "Макпетрол" АД Скопје како купувач на стоки и услуги | Вредност 2026 | % |
|---|---|---|
| **1. Транспортни услуги** | **584,000,000** | **67.99%** |
| 1.1. Превоз на бензини и дизели | 433,587,141.00 | 50.48% |
| 1.2. Превоз на авио гориво | 39,015,275.00 | 4.54% |
| 1.3. Превоз на мазут | 1,697,000.00 | 0.20% |
| 1.4. Превоз на автоплин и ТНГ | 41,119,200.00 | 4.79% |
| 1.5. Превоз на Плински Боци | 30,182,400.00 | 3.51% |
| 1.6. Превоз на Метан во Матови | 5,669,500.00 | 0.66% |
| 1.7. Превоз на Масла и Мазива | 2,800,000.00 | 0.33% |
| 1.8. Превоз на Антифриз и Концентрат | 1,840,000.00 | 0.21% |
| 1.9. Останат превоз | 28,089,484.00 | 3.27% |
| **2. Закуп на транспортни средства** | **40,000,000.00** | **4.66%** |
| **3. Останати стоки и услуги** | **5,000,000.00** | **0.58%** |
| **Вкупно** | **629,000,000** | **73.22%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| **% од активата** | **5,44%** | |
| **II "Макпетрол" АД Скопје како продавач на стоки и услуги** | **Вредност 2026** | **%** |
| 4. Гориво за возила | 180,000,000 | 20.95% |
| 5. Резервни делови и потрошен материјал | 20,000,000 | 2.33% |
| 6. Услуги преку верна картички | 5,000,000 | 0.58% |
| 7. Останати стоки и услуги | 25,000,000 | 2.91% |
| **Вкупно** | **230,000,000** | **26.78%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| **% од активата** | **1,99%** | |
| **СЕ ВКУПНО** | **859,000,000** | **100.00%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2025** | **11.571.678.061** | |
| **% од активата** | **7,42%** | |

Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката се во прилог на овој извештај.

**1.4. Инхерентни ограничувања – ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент, техничките карактеристики и опременост на возила, ефективност на интерните контроли и слично.**

● *Отсутност на перфектен пазар,* воспоставена пракса за споредба за различни, но прифатливи техники за мерење може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.

● Според содржината оваа зделка претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. *Конкретната зделка со заинтересирана страна, која е предмет на одобрување содржи перспективни финанисиски информации* предвидени со Планот на друштвото. Заради ваквата состојба дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената зделка, сепак фактичките резулатит веројатно ќе се разликуваат од проекцијата бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува (флуктуација на цената на дериватите и физички обем на транспорт).

● *Флуктуација на цената* на дериватите во периодот 2020-2025 и на почетокот на 2026 година.

● *Воените дејствија во Украина и Иран*, како и санкциите во однос на Руската федерација силно влијаат на понудата и побарувачката како и на цената на нафтените деривати, заради што фактичките резулатите веројатно ќе се разликуваат од проекцијата, бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува. (флуктуација на цената на дериватите и физички обем на транспорт).

● *Субјективност во проценката на усогласеноста*: Проценката на усогласеноста со прописите и барањата согласно Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза, често вклучува квалитативни проценки и толкувања. И покрај напорите за воспоставување ригорозни критериуми и алатки за проценка, евалуацијата на усогласеноста може да биде предмет на субјективни пристрасности или различни толкувања.

● *Опсег на преглед на документи:* Тестирањето на точноста и автентичноста на избрани документи, вклучувајќи тврдења и тврдења од страна на менаџментот за неговата ефикасност во однос на одлуката за зделка со заинтересирана страна е спроведено преку интервјуа и прегледи на примероци на документи. Сепак, автентичноста на овие документи не е независно потврдена со контактирање на соодветните трети страни.

● *Доверба на доставени информации:* Прегледот ќе се потпира на информации доставени од регулираниот субјект. Иако ние спроведовме соодветни постапки за да ја потврдиме точноста на овие информации, не ги потврдивме независно податоците или доставените информации. Според тоа, заклучоците се базираат на претпоставката дека дадените информации се целосни и точни.

● *Надворешни фактори:* Ревизорот не може да предвиди или да се заштити од идните промени или фактори што ќе произлезат по датумот на прегледот, како што се промени во законодавството, регулаторен фокус или деловниот модел на регулираниот субјект.

● *Навременост на Извештајот:* Со оглед на брзото менување на природата на финансиските трансакции, наодите од овој преглед ја одразуваат ситуацијата во одреден временски момент. Проблеми со неусогласеност може да се појават или да се решат во периодот помеѓу Извештаите.

● *Човечка грешка и измама:* Секогаш постои вроден ризик од неоткривање на грешки, пропусти и измамнички дејствија, без оглед на темелноста на употребените процедури. Овој Извештај не може да обезбеди откривање или спречување на сите вакви проблеми.

## 1.5. Нашата независност и контрола на квалитетот

Ние се придржуваме кон независноста и сите други етички барања од Кодексот за етика за професионални сметководители на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (Делови А и Б), кој е заснован на основните принципи на интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување.
Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово го применува Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот 1 и соодветно одржува сеопфатен систем за контрола на квалитетот, вклучувајќи документирани политики и процедури во врска со усогласеноста со етичките барања, професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања.

## 1.6. Одговорност на менаџментот

Менаџментот на Друштвото е одговорен за изборот, подготовката и презентирањето на Зделката во согласност со критериумите, методите на вреднување и барањата како што е наведено погоре, и за обезбедување дека критериумите за известување во поддршка на исполнетост на барањата кои се предмет на уверување се достапни за корисниците на Извештајот.
Оваа одговорност вклучува идентификација на засегнатите страни и барањата на засегнатите страни, материјалните прашања, обврските во однос на перформансите за одржливост и дизајнот, имплементацијата и одржувањето на внатрешната контрола релевантна за подготовката на Одлуката за зделка со заинтересирана страна, која е ослободена од материјални грешки, без разлика дали е поради измама или грешка.
Менаџментот е исто така одговорен за утврдување на соодветноста на критериумите за мерење и известување во однос на наменетите корисници на избраните елементи на зделката и за обезбедување дека тие критериуми се јавно достапни за корисниците на Извештајот.

Менаџментот на "Макпетрол" АД Скопје е одговорен за подготовка на Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна во согласност со критериумите на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност а посебно дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови,
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните,
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,
- во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото, реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација,

Одговорноста вклучува и селекција и примена на соодветни методи и критериуми за подготовка на предлогот и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста вклучува и дизајнирање и имплементација на системи и процеси за подготовка на предлогот.

Страните корисници на зделката се обелоденети во Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Заинтересираните страни во зделката се обелоденети во Заклучокот на Надзорниот одбор бр. 0203-7/1 од 20.02.2026 година и Известувањето на Членовите на Надзорниот Одбор до Собранието на акционери бр. 0203.-8/1 од 20.02.2026 година, како и Заклучокот на Управниот одбор бр. 0202-4/2 од 19.02.2026 година и Известувањето на Управниот одбор до Надзорен одбор бр. 0202-5/1 од 19.02.2026 година, врз основа на Законот за трговските друштва.

### 1.7. Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да го извршиме нашиот ангажман за разумно уверување за да можеме да го изразиме нашето разумно уверување согласно со барањата на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза, дека Одлуката за Зделка со заинтересирана страна е подготвена, во сите материјални аспекти, во согласност со критериумите за известување на друштвото. Го спроведовме нашиот ангажман за уверување во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000 (Ревидиран), Ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации, издадени од Меѓународниот одбор за стандарди за ревизија и уверување. Овој стандард бара од нас да го планираме и извршиме нашиот ангажман за да добиеме разумно уверување за тоа дали Одлуката за Зделка со заинтересирана страна е ослободена од материјално погрешно прикажување и да дадеме Препорака до малцинските акционери дали да ја подржат зделката со заинтересирана страна согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РСМ 182/2015 и 91/2021).

Ангажманот за разумно уверување во согласност со ISAE 3000 (Ревидиран) вклучува извршување процедури за добивање докази за мерењето на Зделката со заинтересирана страна. Природата, времето и обемот на избраните процедури зависат од професионалната проценка на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на Зделката со заинтересирана страна, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Ангажманот вклучува извршување на горенаведените процедури, а посебно следниве постапки за тоа:

- Дали постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирање на мислењето ,на усвоените претпоставки и услови;
- Дали постојат било какви суштински прашања утврдени од страна на овластениот ревизор кои се однесуваат на конкретната зделка;
- Кои методи на вреднување се користени при формирањето на мислењето од страна на овластениот ревизор за соодветноста на цената/односно размената;
- Важноста доделена на секој користен метод на вреднување;
- Кои вредности се добиени при одделно користење на секој метод на вреднување;
- Врз основа на користените методи на вреднување во кој распон се движи добиената вредност, како и кои критериуми се користени за определување а крајниот износ;
- Кои извори се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа.

а посебно Заклучок (Мислење) за тоа дали:

- Зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи на земјата;
- Зделката со заинтересирана страна е фер, односно дека вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови во согласност со важечките прописи во земјата;
- Во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните;
- Во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета;

- Во досегашните финансиски извештаи на Друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни;
- Од согледаниот ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација.

Заклучокот задолжително содржи препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

При вршењето на тие проценки на ризикот, ја зедовме предвид внатрешната контрола релевантна за подготовката на Зделката со заинтересирана страна од страна на Друштвото. Ангажманот за разумно уверување, исто така, вклучува:
• Евалуација на соодветноста на методите за квантификација, политиките за известување и интерните упатства што се користат и разумноста на проценките направени од Друштвото.
• Евалуација на соодветноста во околностите на употребата на применливите критериуми од страна на Друштвото како основа за подготовка на избраните информации; и
• Евалуација на целокупната презентација на избраните информации за перформансите на Зделката со заинтересирана страна.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на “Макпетрол” АД Скопје да ја оценат валидноста на Предлог Одлуката во однос на одобрување на зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.
Овој извештај вклучувајќи го и заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност со рамката за трансакции со поврзани страни на “Макпетрол“ АД Скопје. Ние на прифаќаме или преземаме одговорност кон никој друг освен кон акционерите на “Макпетрол“ АД Скопје.

### 1.8. Применети професионални стандарди

Ангажманот за разумно уверување го извршивме врз основа на добиените податоци до 30.03.2026 година во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000 (Ревидиран), Ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации ISAE 3000 (Ревидиран), Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РСМ 182/2015 и 91/2021) и со почитување на одредбите од Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (МСАУ) 3400, Испитување на перспективни финансиски информации, со оглед на тоа што во Одлуката за одобрување на Зделка со заинтересирана страна се содржани перспективни финансиски информации.

### 1.9. **Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ** 3000 (Ревидиран),

Ангажманот за разумно уверување е усогласен со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000 (Ревидиран), Ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации ISAE 3000 (Ревидиран), Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РСМ 182/2015 и 91/2021) и одредбите на членот 455,456 став 6 и 460-а став 2 а в.в.со став 3 од Законот за трговските друштва, како и со почитување на одредбите од Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (МСАУ) 3400, Испитување на перспективни финансиски информации, со оглед на тоа што во Одлуката за одобрување на Зделка со заинтересирана страна се содржани перспективни финансиски информации.

Овој извештај се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна по однос на точката на дневниот ред на Годишното Собрание на акционери за 2026 година и не се однесува на работењето на Компанијата како целина.

## 1.10. Изјава дека фирмата чиј член е ревизорот го применува МСУК 1

Фирмата го применува Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 кој бара од фирмата да дизајнира, спроведе и работи со систем за управување со квалитетот вклучително и документирани политики или постапки во однос на усогласеност со етичките барања, професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања.

## 1.11. Изјава за усогласеност со барањата за независност и други етички барања од Кодексот на ОМСЕС и компетентност

Ние сме усогласени со барањата за независност и за другите барања за етика на Меѓународниот кодекс на етика професионални сметководители (вклучително и Меѓународните стандарди за независност) (кодексот на ОМСЕС) објавен од Одборот за меѓународни стандарди за етика на сметководители, кој се заснова на основните принципи за интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување.

Ние потврдуваме дека Ангажманот за разумно уверување го извршивме согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000 (Ревидиран), Ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации ISAE 3000 (Ревидиран).

## 1.12. Информативно резиме на работата што е извршена како основа за заклучокот-мислењето за разумно уверување.

Постапките кои се детално опишани во наредните пасуси имаат за цел исклучиво да ви помогнат во оценката на усогласеноста на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна со одредбите на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност и подзаконските акти

**Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа како основа за заклучокот за разумно уверување се како што следат:**

- Интервју со повисокиот менаџмент, одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Интервју со одговорните лица за одредени делови на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог Одлуката за зделката со заинтересирана страна.
- Утврдување на процент на износот на зделката со заинтересирана страна согласно со член 460а точка (1) од Законот за трговските друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.
- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните Финансиски извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни.
- Преглед и анализа на склучените договори и Тарифни таблици помеѓу друштвата учесници во зделката кои се релевантни за Зделката со заинтересирана страна која е предмет на одобрување.
- Утврдување на вредноста на Зделката со заинтересирана страна според утврдените критериуми, по делови и целосно врз основа на тестирање според метода на примерок согласно со член 460а од Законот за трговските друштва, бидејќи станува збор за кумулативни вредност на меѓусебно поврзани зделки.
- Увид и анализа на добиените податоци од деловниот план на “Макпетрол“ АД Скопје за 2026 година за вредноста на Зделката со заинтересирана страна според Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.
- Увид во постапка по јавен повик бр. 108 од 23.01.2026 година за услуга и закуп на вагон цистерни, полуприколки за сопствени потреби, за период од една (1) година за вршење на транспорт на светли и темни нафтени деривати, ТНГ и КПГ (компримиран природен гас).
- Увид и анализа на одлука на ТАРИФА по видови на приклучни возила изразени во евра без пресметан ДДВ како просечен износ на авто ден од МАКАМ ТРАНС Скопје.
- Комуникација преку електронска пошта со дел од малцинските акционери од 16.03.2026 до 20.03.2026 година по однос на критериумите, карактеристиките и вреднување на зделката.
- Увид и анализа на Записник од 20.02.2026 година на Надзорен одбор на “Макпетрол“ АД Скопје.
- Увид и анализа на Записник од 19.02.2026 година на Управниот одбор на “Макпетрол“ АД Скопје.

- Увид во Заклучокот на Надзорниот одбор бр. 0203-7/1 од 20.02.2026 година и Известувањето на Членовите на Надзорниот Одбор до Собранието на акционери бр. 0203.-8/1 од 20.02.2026 година, како и Заклучокот на Управниот одбор бр. 0202-4/2 од 19.02.2026 година и Известувањето на Управниот одбор до Надзорен одбор бр. 0202-5/1 од 19.02.2026 година, врз основа на Законот за трговските друштва.
- Спротивставување на трошоци за транспорт по години како износи од извршените одлуки за зделка со заинтересирана страна во однос на остварени приходи и расходи на друштвото.
- Увид во извештај на ревизорите на финансиските извештаи за 2024 и 2025 година
- Анализа на флуктуација на цената на дериватите за период од 2020-2025 година и почетокот на 2026 година според објавените податоци во Службен Весник на Република Северна Македонија.
- Аналитички и суштински постапки на проверка на податоците на остварените меѓусебни трансакции во 2024 и 2025 година.
- Увид во записници за извршена контрола од Министерство за финансии – Царинска Управа на Република Северна Македонија и Управа за јавни приходи – Дирекција за големи даночни обврзници, Даночен инспекторат ДГДО
- Увид во склучени договори за превоз на друштвото со други превозници.
- Конфирмација на меѓусебните побарувања и обврски
- Известување за непостоење на судски спорови во врска со зделката со заинтересирана страна

### 1.13. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот

Не постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирање на заклучокот

### 1.14. Суштински прашања утврдени од наша страна, кои се однесуваат на конкретната зделка:

- Во текот на нашата работа утврдивме дека во Република Северна Македонија е ограничена конкуренција во однос на постоење на други поединечни субјекти со можност за комплетно опслужување на Макпетрол АД Скопје со расположливи транспортни капацитети во делот на транспорт на нафтени деривати, авто плин и метан на околу 126 бензински станици и 10 складишни капацитети, опслужување на околу 3430 деловни партнери на Макпетрол АД Скопје, испорака на А/Ц е извршена кај 600 различни деловни партнери, при што превозник бил “ОИЛКО” КДА Скопје и испорака на екстра лесно масло на околу 280 клиенти од складовите на Макпетрол АД Скопје со вкупна количина од 2.281.337 литри.

- “ОИЛКО” КДА Скопје располага со 109 возила, кои се специјализирани за транспорт на светли и темни нафтени деривати, ТНГ и автоплин, боци со ТНГ и други стоки, компримиран природен гас и 55 вагон цистерни.

- За целите на обезбедување на услуга и закуп на вагон цистерни, полуприколки за сопствени потреби, за период од една (1) година за вршење на транспорт на светли и темни нафтени деривати, ТНГ и КПГ (компримиран природен гас) е спроведен јавен повик бр. 108 по решение бр. 0302-108/1 .од 12.01.2026 година. Јавниот повик е објавен во дневен весник на 23.01.2026 година и на интернет страницата на Макпетрол АД Скопје. По објавениот јавен повик, согласно со Извештајот за спроведена постапка и евалуација на понудите од страна на Комисијата за распишување на оглас за прибирање на понуди за обезбедување на услуга и закуп на вагон цистерни, полуприколки за

сопствени потреби, за период од една (1) година за вршење на транспорт на светли и темни нафтени деривати, ТНГ и КПГ (компримиран природен гас) е констатирано дека понудувачот "ОИЛКО" КДА Скопје како единствен понудувач ги исполнува сите критериуми по тендерската документација.

- Вреднувањето и цените на транспорт се условени од следните фактори:

- Товарните карактеристики на производот
- Ризикот во транспорт врз основа на видот и карактеристиките на производот.
- Должината на релацијата
- Степенот на искористеност на транспортното средства
- Бројот на линиите во транспортот
- Стабилност на товарот
- Начин на враќање на транспортното средство

- Поставените барања на Макпетрол АД Скопје за соодветна координација и неприфаќање на пореметувањето во координацијата во работата, чекањето, губење на работно време, зголемување на трошоците на производите и продажните цени.

- Набавка на гориво и потрошни материјали од мрежата на Макпетрол АД Скопје.

### 1.15. Фактори на ризик

Врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување во однос на зделката која е предмет на одобрување на Годишното Собрание на акционери за 2026 година на "Макпетрол" АД Скопје ние ги забележавме следните ризик фактори при реализиција на оваа зделка.

- Непостоење на перфектен пазар за транспорт на нафтени деривати и природен гас
- Ограничена конкуренција со соодветни транспортни капацитети во Република Северна Македонија
- Ограничен пристап на податоци во однос на % на учество на транспортните трошоци на други учесници на пазарот во прометот со нафтени деривати и природен гас.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот заклучок.

## 2. Заклучок

Според наше мислење врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување како што е опишано погоре, во однос на Предлог одлуката за зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното Собрание на акционери за 2026 година на "Макпетрол" АД Скопје базирана на тврдењето на одговорната страна, е објективно искажана во сите материјални аспекти и е во согласност со критериумите на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност, а особено што:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, кои се во согласност со важечките прописи во земјата
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните,
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,
- во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни, и ревизорите на финансиските извештаи изразиле мислење без резерва во однос на истите,
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација.

Врз основа на претходното ние даваме препорака до малцинските акционери на друштвото да ја поддржат зделката на седницата на Собранието на Акционери, која Одлука дополнително претставува услов за склучување на оваа зделка и делегирање на надлежностите за реализација на зделката на Менаџментот на Друштвото.

Препораката произлегува од погоре изнесеното, а во врска со одредбата од член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревозор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РСМ 182/2015 и 91/2021) и се изведува заклучок дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодавство и истата е фер утврдена според пазарните услови и дадени околности во сите материјални аспекти, посебно поради настанувањето на одложен услов – целосно спроведување на постапката за зделка со заинтересирана страна согласно со законските прописи, од кое одобрување зависи постоењето на целата зделка.

Овој заклучок со препорака ние го базираме не само раководејќи се од образложениeто на Менаџментот, туку посебно врз основа на критериумите за утврдување на вредноста на зделката и тоа посебно заради критериумот за утврдени цени за транспортни услуги на деривати од страна на Регулаторна комисија за енергетика и споредливите цени за извршени услуги и продажби на добра на други купувачи и фактот дека предметот на зделката е утврден и возможен и извршлив во услови на одобрување – потврдување на зделката, заради реализација на предметната зделка.

**Заклучок -продолжение**

Истовремено нашиот заклучок, без присуство на елементите на измама, заблуда и присила, а со цел да им послужи на акционерите за одлучување за одобрување на оваа зделка со заитересирана страна, произлегува од увид во последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото во кои се содржани врските и зделките со заинтересирани страни, и истите се реално прикажани, како и од спроведените суштински постапки по одредени делови од реализираните зделки со заинтересирана страна во 2024 и 2025 година.

**Нагласување на прашање**

Ние обрнуваме внимание на точка 1.1. од овој Извештај, Предмет на зделката со заинтересирана страна. Предлог одлуката за зделка со заинтересирана страна е подготвена користејќи збир на претпоставки кои вклучуваат хипотетички претпоставки за идните настани и дејствијата на раководството кои не мора да се очекува и да се случат, и според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани зделки, без да го менуваме заклучокот.

Тетово 30.03.2026
Овластен ревизор
Душко Апостоловски

БЕНД Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово
Управител
Ненад Апостоловски

**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-    /5**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членовите 457 и 460 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

### за одобрување на зделка со заинтересирана страна

### Член 1

Се одобрува зделка со заинтересирана страна ОИЛКО КДА Скопје, и тоа:

**I. ОИЛКО КДА Скопје како продавач на стоки и давател на услуги:**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| 1. Транспортни услуги | 584.000.000 | Пазарни |
| 2. Закуп на транспортни средства | 40.000.000 | Пазарни |
| 3. Останати стоки и услуги | 5.000.000 | Пазарни |
| **Вкупно :** | **629.000.000 денари** | |

Износот од **629.000.000** денари, претставува **5,44 %** од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **11.571.678.061** денари.

**II. ОИЛКО КДА Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| 1.Гориво за возила | 180.000.000 | Пазарни |
| 2. Резервни делови и потрошен материјал | 20.000.000 | Пазарни |
| 3. Услуги преку Верна картички | 5.000.000 | Пазарни |
| 4. Останати стоки и услуги | 25.000.000 | Пазарни |
| **Вкупно:** | **230.000.000 денари** | |

Износот од **230.000.000** денари, преставува **1,99 %** од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **11.571.678.061** денари.

Вредностите на зделката се изразени во денари, без пресметан ДДВ.

Вкупната вредност на деловната соработка изнесува **859.000.000** денари, без пресметан ДДВ, што преставува **7,42 %** од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **11.571.678.061** денари.

**Член 2**

Се овластуваат директорите на соодветните дирекции во Друштвото, заради реализацијата на деловната соработка опишана во членот 1 на оваа одлука, да склучат договори и анекси кон веќе склучените договори, со важност за период од најмалку 12 месеци од денот на нивното склучување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на склучувањето на договорите и анексите од членот 2 на оваа одлука.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

# 2026




**МАКПЕТРОЛ АД**
(Управна зграда)

Св. Кирил и Методиј 4
1000 Скопје
**+389 2 311 2144**

contact@makpetrol.com.mk